Светозар Наумоски

ПАРТИЈАТА УЧЕСТВО ВО ВЛАДИТЕ НА КРАЛСТВО НА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ЈУЖНИТЕ ОБЛАСТИ (1918-1941)

докторска дисертација

Скопје 1996

П Р Е Д Г О В О Р

Нашиот интерес за обработување на оваа тема, односно "напредното учителско движење во Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни (1918 - 1941) ", пред се се должи на фактот, што во оваа правење досега му се обрнувало многу малку или може да се рече скоро неприметливо внимание во македонската историска наука, а напредните учители со својата богата прогресивна и револуционерна активност, како дел од напредното работничко движење, што ја развиле на територијата на Вардарска Македонија, а која што се посетува и од малиот број на научни прилози и лични сеќавања, кои досега се објавени, заслужуваат еден поинаков , односно позитивен пристап, како во македонската и југословенската историографија, така и покатегоријата место во историјата на револуционерното работничко движење во Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни.

При тоа уште во почетоков на трудов истакнувме, дека во истиот при проучувањето на оваа правење (дејноста на напредното учителство) му припаѓаме од предметот на историската наука, (историографски) односно како дел од историјата на нашето револуционерно односно напредно работничко движење и нашата НОБ - меѓу двете светски војни, без претензии да се навлегува во правењето на историјата на педагогијата и другите педагошки дисциплини во истото ова време (период) во Вардарска Македонија.

Од изнесените податоци во трудов , што се резултат на нашите проучувања на револуционерните активности на напредното учителство во Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни, кој во најголем број на случаи биле поттикнати и координирани од КПЈ, особено од тридесетите години на минатиот век, се гледа дека е оправдано посветувањето на поголемо внимание,односно научен интерес

./...

на оваа и земање во македонската односно југословенската историска наука, со цел поцелосно и пообјективно да се даде еден историски приказ за револуционерниот придонес на напредното учителство, како составен дел на револуционерното работничко и комунистичко движење во овој период.

Во трудот привлекува љубноста на напредните учители, од кои многумина биле не само прогресивно настроени, туку и активни борци и членови на КПЈ, на полето на ширењето на современите педагошко - дидактички принципи во наставата и филантропското односување спрема учениците во рамките на училишната работа, така и за работата на тоа учителство во ширењето на своите напредни демократски и револуционерни идеи меѓу широките народни маси. Исто така, во трудот стануваше збор и за прогресивната односно револуционерна љубност на напредното учителство во правец на: националното и социјалното освестување на обесправениот македонски народ и народностите во Македонија; подигнување на културното ниво на населението во Македонија; здравствено просветување на населението; поттикнување на обесправените и експлоатирани народни маси во борбата против македонската колонијална политика и против националното угнетување, денационализацијата и безобзирната буржоаска експлоатација во стара Југославија; ширење на напредните социјалистички и антифашистички идеи и за бистината, односно резултатите од Октомвриската социјалистичка револуција во Русија и социјалистичката изградба во СССР; ширење на комунистичките идеи, односно идеологијата и платформата на КПЈ, во што особено предничело напредните учители.

Исто така, во трудов имаме осврт и на љубноста на овие учители во рамките на стручното - "југословенското учителско здружение", како во составот на српскојугословенското учителско здружение, така и во составот на "југословенското учителско здружение - секција за Вардарска бановина", и во скопските учителски здру-

./...

земјје на територијата на Вардарска Македонија, на полето на отбрана на учителските стручни права, како и за * здобивање на учителското со нови стручни придобивки во правец на подобрувањето на неговата материјално - социјална и правна положба, во тогашното југословенско општество.

Во трудов стануа збор и за активностите на напредното учителство во рамките на стручните учителски здруженија во правец на јачењето на напредните и револуционерни идеи и проширување на редовите на напредното учителство, како и збогатување, односно проширување пред целокупниот учителски кадар на тогашната училишна практика и наука, понапредни методско - дидактички и постигнувања во процесот на училишните практики.

Досега на оваа тема, односно за дејноста на напредното учителство во Вардарска Македонија многу малку светски појни, како што и изнесовме понапред, многу малку е пишувано, освен неколку прилози [1] што не наведе на заклучокот дека оваа тема не е доволно истражена. Тоа ни обврзува да македонската и воопшто југословенската историска наука да се зафати со проучување на оваа проблем, на што укажува во еден свој труд и напреди от учител Раде Јуковиќ, каде вели: "Во историјата на напредното работничко движење во Македонија, родољубивото напредно и прогресивно учителство испиша убави страници од македонската историја за свој период (С.Н. се мисли на периодот многу двете светски војни), со кои можат да се гордеат и денешните генерации на учителите. Сега тој бара свој историчар. Сигурно дека неговата работа нема да биде лесна, меѓутоа ќе биде многу благородна". [2]

При изработката на свој труд, користевме архивски материјали во Архивот на Југославија - Белград (фонд "Југословенско учителско удружење (ЈУУ)", фонд "Државна архива", фонд "министерство просвете Краљевине Југославије"), Архив на Македонија - Скопје

(Фонд "Министерство просвете Краљевине Југославије" (фотокопии), и друго, Историски архив - Битола ("онд "Школски надзорник за битолско - мариовски срез"), Историски архив - Прилеп (Фонд "Српско учителско удружење"), Историски архив - Скопје (Фонд "Учителот Милан Марковски од Јанковец" и други. Споменативе архивски фондови, најпосле ни овозможија да дојдеме до податоци за дејноста на напредните учители во Вардарска Македонија во рамките на нивните стручни здруженија, како и за осветлувањето на работата на напредните учители сред народот.

Исто така, при изработката на трудов, во недостаток на архивска документација обилно ги користевме како историски извори и мемоарските материјали, објавени во различни зборници, списанија, монографии и други публикации, меѓу кои посебно би го споменале зборникот "Учесници и сведоци", книга прва, друга и трета во кој опширно известување на делегати, како за работата на напредните учители во училиштата, така и за нивната работа сред народот во Вардарска Македонија. Ги користевме и необјавените мемоарски материјали, депонирани во Институтот за национална историја во Скопје, кои се и сеќавањата изнесени при лични разговори со дел од учителите, кои му припаѓале на напредното учителство, а кој и денеска живеат во Македонија, при теренски истражувања.

Трудот е поделен на повеќе делови ,во зависност од полето на револуционерното делување на напредното учителство, како и противмерките што ги преземал режимот, со цел да се разбие односно оневозможи нивната дејност.

Од практични причини, односно заради полесна прегледност на користените извори и литература фуснотите се групирани по делови, како што е поделен трудот и истите се поместени веднаш после текстот од соодветниот дел во трудот.

На крајот на трудот, како прилози додадени се: Кратенки,

./...

извори и литература и содржина.

При собирањето на податоци за обработка на оваа тема имавме на разбирање и помош од многу установи и поединци, за што на сите најсрдечно ни се заблагодаруваме.

Од установите, прво се ми должам благодарност на:Архивот на Југославија во Белград, Архивот на Македонија во Скопје, Институтот за национална историја во Скопје, Народната и универзитетската библиотека во Скопје, како и на архивите во внатрешноста на Македонија: Кичево, Битола, и Струга , кои ми овозможија да ги прегледам архивските и други материјали, потребни за обработка на темава.

Посебна благодарност му изразувам на мојот ментор проф. д-р Јованка Кузевски, за неговото несебично залагање и стручна помош, со што ми овозможи успешно да го изработам овој труд.

Исто така, благодарност и изразувам и на професорката Цветка Загановска, која што беше иницијатор, да се зафатам со обработка на оваа тема како докторска дисертација.

В О В И Д

Кога станува збор за лајноста на напредното учителство во Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни во рамките на втора Југославија, нетото нема да биде комплетно ако во него не стане збор и за револуционерната дејност на учителството во Македонија во периодот на турското ропство, од кога датираат и првите револуционерни активности на напредните учители, од кои многумина во свој период не само што му припаѓаа на преродбеничкото движење, туку и ним се приклучија и на национално-ослободителните борби на македонскиот народ, било како припадници на социјалистичката (група) организација или на оние на кои им беа блиски социјалистичките идеи, а не мал број од овие учители беа не само основоположувачи туку и раководители на Внатрешната Македонска револуционерна организација (ВМРО).

Водечката улога на напредниот народен учител во Македонија, датира уште од 70-тите години на XIX-от век па наваму, кога учителот како скоро единствен интелектуалец во Македонија, спроведувајќи ја својата просветна мисија, не можел да остане рамнодушен пред теророт и зверствата на турската власт над народот во Македонија.

Напредниот учител , потекнувајќи од младата македонска буржоазија, која во своја почетна етапа од својот развиток игра прогресивна улога, ќе поведе упорна борба за национално и социјално будење на македонскиот народ 1), постанувајќи на тој начин и главен организатор и раководител на национално-ослободителното движење на македонскиот народ, на крајот од XIX-от и почетокот на XX-от век.

Така, меѓу првите народни учители, организатори и водачи на национално-ослободителните борби од крајот на XIX-ти

./...

век во Македонија учителот Димитар Поп Георгиев од Берово, познат меѓу македонскиот народ како Димитар Беровски или Малешевски. Свој учител - револуционер, застанува на чело на Разловечкото востание од 1876 година, а по неговиот неуспех зема активно учество и е еден од раководителите на Кресненското востание од 1878 година [2].

Веќе примери на народни учители-револуционери, ќе станат уште побројни во подоцнежниот период, од националноослободителното движење на македонскиот народ, се формирањето и дејувањето на Внатрешната македонска револуционерна организација (ВМРО) во што ќе стане збор подолу.

Со цел да можат поуспешно да ја вршат својата просветна и револуционерна организаторска задача, во преродбеничкото и националноослободителното движење на македонскиот народ, по иницијатива на напредните народни учители во 1971 година ја организирале и одржале Првата учителска конференција во Македонија, на која што присуствувале 8 учители скоро од цела Македонија. Од какво значење била оваа Прва учителска конференција во Македонија, меѓу другото зборува и присуството на познати напредни - народни учители и преродбеници, како на пример: "Гигор Прличев и Кузман Капларев од Охрид, Константин Босилков и А. Свеќаров од Велес, Гигор Пишков од Ваташа, Иван Б.Мушков од Крушево, Јанол Аганп од Струга, В. Нејчев, Арсение Костенцов и Петар Мусев од Битола, Ристо Алексов од Радовиш и други" [3]. Меѓу поважните решенија, донесени на овој Прв учителски собир во Македонија, било и решението "желбата да се пристапи кон организирање на учителски здруженија, како легална форма за поуспешна револуционерна работа" [4], така што со одржувањето на оваа Прва учителска конференција во Македонија и донесувањето на одлуката за формирање на учителски здруженија во Македонија, можеме

./ ...

да речеме дека започнува историјата на стелошкото учителско организирање во Македонија.

Учеството на учителите - револуционери е големо и во редовите на Внатрешната организација (ВМРО) , кои што се засновачи и нејзини основачи. Така на пример, меѓу шестмина-та основачи и членови на првиот ЦК на ВМРО во 1893 година, петмина биле учители: Даме Груев, Петар Поп Арсов, Киро Хаџи Николов, Антон Димитров и Христо Батанџиев [5]. Учителот - комунист Илија Јанкулоски, осврнувајќи се во врска со правење-то во присуството на напредните учители - револуционери во редовите и револуционерните активности на Внатрешната органи-зација, во својот необјавен труд "Напредното учителство во Маке-ви во Македонија (1874 - 1941) " меѓу другото пишува: "Од основ„вањето на Револуционерната организација народниот учи-тел секој пат беше на прво место во организираната борба, како и во подготовките за вооружено востание. Тој се наоѓаше во сите раководства на Организацијата, од најниските па се до највисоките. Тој е истовремено учител со книга и перо и војво-да со пушка во рака" [6]. И самиот главен протагонист на нацио-нално ослободителното движење на Македонскиот народ од кра-јот на XIX-ти и почетокот на XX-ти век Гоце Делчев бил по професија учител-револуционер [7], покрај напредните учители - - револуционери: Пере Тошев, Ѓорче Петров, Никола Карев, Ѓорги Сугарев, Христо Узунов, Лазо Деров, Петар Анев, Лазар Димитров, Михаил Чаков, Мише Попо - Јорданов, Лазар Поп-Трајков Пандо Кланев, Анастас Лозанчев, Дино Хаџи Димов, Алексо Картулков, Арсенија Јовков, Метолија Патчев, Ефрем Чучков и други [8].

И по неуспехот на Илинденското востание, учителите револуционери биле меѓу првите кои започнале да ја обновуваат и ги средуваат редовите на Внатрешната органи-

./...

зација (Петар Поп Арсов, Христо Поп Кошев, Димитар Влахов, Пере Тошев, Ѓорче Петров, Дино Хаџи Лазов и други).

И во периодот на "Уредот", кога во Македонија дојде до воспоставување на минимална слобода од страна на младотурците, напредните народни учители - револуционери се наоѓаат на челните позиции на македонското национално - ослободително движење (Димитар Влахов, Анастас Митрев и други). Со цел да го одбијата бугарското влијание врз културниот и политичкиот живот во Македонија и воопшто да ја надградуваат, основата на македонското национално осознавање, народните учители - револуционери формираат и отаџенско - политичка организација "Учителски сојуз" со седиште во Солун, кој издавал и свој орган (весник) "Учителски глас". Оваа учителска отаџенско - политичка организација, ги обединувала во своите редови најголемиот број од напредните народни учители во Македонија во сво време и во својата програма се залагала за: воведување на бесплатно и задолжително основно образование на мајчин јазик, за одвојување на црквата од државата и друго, како и за непомирлива борба против сите странски пропаганди во Македонија.

Како со завршувањето на Балканските и Првата светска војна настануваат нови општествено - политички односно историски услови во Македонија како резултат на нејзината трајна поделба, резултирале и нови задачи и програмска поставеност како и изменети животни и работни услови на учителството во трите делови на Македонија, односно во Вардарска Македонија - за која ќе стануваме збор во трудов, односот на македонскиот народ према народниот учител не се променил.

Дејноста на напредните народни учители во Македонија, во периодот пред Првата светска војна влијаеле

...

во прв ред врз македонскиот народ да се создаде традиција на љубов кон народниот учител.

Доволно е да се проследат сеќавањата на напредните учители во Вардарска Македонија, во периодот меѓу двете светски војни, па да се добие претстава, како ги прифатил и каков однос имал според нив македонскиот народ. Во тие сеќавања се среќаваат примери на позитивен однос и чувствителна благодарност на месното население кон народните напредни учители, како од македонско, така и од немакедонско потекло, кои народот ги чувствувал како свои заштитници, ги засакал и најчесто со топло срце од нив се разделувал кога режимските власти поради нивната блискост со народот и слични "Грешки" ги преместувал или нафрлал од државна служба [11]. За вакviот однос на народот во Вардарска Македонија кон народните напредни учители, без разлика на нивната национално потекло, една напредна учителка во своите сеќавања пишува: "Македонците со раширена рака ги прима учителите Срби и Црногорци, кои ќе ја откријава вистината за тогашниот немарелен режим. Македонскиот човек високо ги цени и ги сакаше напредните народни учители и при напуштањето на службата во селото, тамошните учители ги испреќаше и старо и младо со солзи во очите, со желба повторно да им се вратат и да не ги заборават" [13], пишува во едно друго учителско сеќавање.

Вакviот однос на македонскиот народ и народностите во Вардарска Македонија спрема народниот учител, бил еден од главните услови кои што овозможиле на напредните учители во Вардарска Македонија, во периодот меѓу двете светски војни , да развијат богата прогресивна и револуционерна дејност, како на културно-просветното поле, така и на полето на националното и социјалистичко осознавање на македонскиот народ и народностите во Македонија, што ќе биде и предмет на проучување во овој труд.

ГЛАВА ПРВА

ЕКОНОМСКО-ПОЛИТИЧКИТЕ И ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛНИТЕ ПРИЛИКИ ВО ЗАРЛАРОКА
ВАКУ ОПИША И НИВНИОТ ОДРАЗ ВРЗ ЖИВОТИТЕ И РАБОТНИТЕ
УСЛОВИ НА УЧИТЕЛСКИОТ КАДАР

А. ПОЛИТИКАТА НА РАБОТ ПОСЕБНО ПРЕМА УЧИТЕЛИТЕ МАКЕДОНЦИ И МЕРКИТЕ ПРЕМА УЧИТЕЛСКИОТ КАДАР СО ПРОГРЕСИВНА ИЛЕЛНО ПОЛИТИЧКА ОРИЕНТАЦИЈА ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА

Имајќи ја во предвид огромната улога што наставничкиот кадар може да ја одигра во образовниот процес, а посебно во услови на денационализаторски училишен систем, каква што беше мисла образованието во Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни, буржоаските власти на стара Југославија посебно внимание обрнувале при изборот на наставничкиот кадар, кој што ќе биде ангажиран во училиштата во Вардарска Македонија, кој што поради специфичната улога на училишниот систем на ова подрачје, мораа да исполнува и посебни услови. Така, покрај поседување на школски квалификации, и неприпаѓање на комунистичкото движење, наставничкиот кадар во "Јужна Србија" мораа да биде составен од "проверени борци" на монистичкиот план. Ова посебно се однесувало на главните носители и организатори на денационализаторската просветна дејност - просветните инспектори и окружните училишни надзорници.

Иако во структурата на наставничкиот кадар ангажиран во Вардарска Македонија, биле застапени: постојани учители, привремени учители, врителите на должноста учители во основните училишта, професори, наставници и предметни учители во гимназиите. Од овој кадар најмногубројни биле учителите.

Во првите години по востановувањето на Кралството СХС, се чувствувало голем недостиг од учителски кадар во Вардарска Македонија. Така на пример, во учебната 1918/19 година само во Брегалничката област во одделни училишни окружја недостасувале: во Велешката училишна околија имало потреба уште од 12 учители; во Овчеполската училишна околија

./...

-27; во Штипската училишна околија -3; во Кавадарската училишна околија - 30 ; во Кочанска училишна околија - 10 ; во Неволеска училишна околија - 13 ;во Царевоселски околија -10; во Гевгелиската училишна околија - 1 ; и во Радовишка училишна околија уште 2 учители .[2] Ваквиот недостиг на учителски кадар во Вардарска Македонија , а арбитражно голем недостиг се чувствувал и во останатите краишта на Краљевството СХС [2], биле едно од главните причини да властите се одлучат, во просветниот систем да го вклучат односно прифатат и еден дел од егзархиските учители кој по Првата светска војна останал во Вардарска Македонија. На почеток било замислено да егзархистичкиот учителски кадар на биде ангажиран надвор од Македонија односно во Србија, бидејќи се чувствувал голем недостаток од учителски кадар во Македонија, меѓутоа билеј{и

било да училиштата станат најважните средишта и основно средство во денационализацијата и денационализацијата на македонскиот народ, односно посрбување. А главниот товар во спроведувањето на вакната просветна политика, требало да го понесат учителите.

На вакната улога на учителството во Вардарска Македонија, односно во "новоослободените краеви во Јужна Србија", Министерството за просвета на Кралството СХС укажувало и во повеќе свои дописи, циркуларни писма и други документи испратени до власта на територијата во Вардарска Македонија. Ќе наведеме неколи примери: Така на пример, во еден документ на Министерството за просвета од 31.VII.1930 година за улогата на учителот во деловите на Вардарската бановина јужно од Шар Планина, меѓу другото пишува:

"За да се постигне саканата цел во тие краеви (С.П.) се однесува на подрачјето јужно од Шар планина, односно на Вардарска Македонија), потребно е пред се да се има одбрано чиновништво за сите врети работи, без никакви предрасуди, кое што ќе му биде одано на кралот и државата.

Прите места меѓу чиновништвото ги заземаат народните учители [15]. Ваквите гледишта на Министерството за просвета, се поклопиле покрај другото и на фактот, што учителите и по природата на својот позив биле секојдневно во непосредлен допир со народот, ги познавале неговите добри и лоши особини. Бидејќи постојано се движеле меѓу селското население кое им ги имало доверено на воспитување своите деца, учителите биле во можност да ја придобијат народната доверба, и на тој начин да бидат во можност да влијаат на неговиот економски, политички и просветен развој. Тоа добро го знаел и владиниот режим во Вардарска Македонија, затоа настојувал секојпат да биде во можност да може да има целосна власт и контрола над учителскиот кадар, и неговите активности да ги усмерува

./...

во функција на својата асимилаторска просветна политика.

За улогата на учителот во спроведувањето на ваквата политика ќе наведеме еден документ на Министерството за јавни работи на Кралството СХС.

Тоа , по доверливото писмо број 9280л 4 април 1923 година на ова Министерство, испратено до Министерството за просвета, меѓу друго то пишува:

"За да се нормализираат приликите, во делот на левиот брег на Вардар оредат, не е доволно само да сезадуши лојноста на комитетите [5], туку е потребно овој калар да се воспита и национално освести и надвиши во оној д.х, во кој дише и Северна Србија.

Тоа култура и тоа воспитување во нашиот национален дух можат да го извршат првенствено и во најголем дел само добри (О.П. се мисли големосрпски ориентирани) учители."[6]

Улогата што наставничкиот кадар требало да ја игра во денационализаторската мисија во Вардарска Македонија, не се исцрпувала само со работата меѓу учениците во училиштето, туку неговата денационализаторска мисија требало да дојде до израз и преку неговата вонучилишна дејност. Тоа главно требало да се манифестира преку разните форми на општо-народното просветување. Тука спаѓало следните вонколски форми на просветни активности, како на пример: описменување преку аналфабетски курсеви, зајакнатиот училишта, одржување на популарни предавања за народот, отворање на библиотеки и читалишта, издавање и ширење на популарни книги за народот, формирање на културно - просветни друштва, соколски друштва и други. [7]

Важната улога на наставничкиот кадар, посебно на учителството што требало да ја одигра во Вардарска Македонија на полето на вонколската дејност, најдобро може да се

*/...

согледа од еден документ на Министерството за внатрешни работи од 1922 година (документот е без дата) испратен до Министерството за просвета на Кралството СХС, каде меѓудругото пишува:

"Работата на нашите учители во Јужна Србија надвор од училиштето има исто значење како и работата во самото училиште. Тој (учителот) е таму еден национален апостол и пионер на нашата национална државна мисла, покрај тоа што е воспитувач на децата. Тој е значи народен учител како што му зборува и самото име, а во исто време и пропагатор на редот и мирот и на државната идеја." 8)

Со цел денационализацијата, односно србизацијата на македонскиот народ да тече со побрзо темпо, било наредено непокорните просветни активности во Вардарска Македонија да се навадуваат на српски литературен јазик. Биле превземени строги мерки од страна на просветните инспектори против оние учители кои што им дозволувале нивните ученици во текот на наставата, па и надвор од училиштето, да го употребуваат мајчиниот-македонски јазик, односно оние децата не ги научиле да го зборуваат српскиот книжевен јазик.

Така на пример, училишниот надзорник за градот Битола Ѓорѓе Јовиќ, во овој извештај до Министерството за просвета од 30 јуни 1927 година , е обвинува учителките од Битола Јарина Керковиќ, и бара нејзино преместување од Вардарска Македонија во "старите краишта", бидејќи истата позволила децата за време на часовите да се служат со македонскиот јазик и истите не ги научила да зборуваат на српски книжевен јазик . 9)

Од досега изнесеното по однос на односот на власта за политиката на режимот према учителскиот кадар, кој бил со служба во Вардарска Македонија се гледа, дека режимот на

./...

на стара Југославија во учителскиот кадар гледал исклучиво само како на средство, со чија помош ќе се реализира денационализаторската просветна политика кон македонскиот народ на "новоослободените краишта".

Б. ОПШТЕСТВЕНО - ЕКОНОМСКАТА ПОЛОЖБА НА УЧИТЕЛСКИОТ КАДАР (НА НАПРЕДНИТЕ УЧИТЕЛИ) ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА

Општествено-економската положба во Вардарска Македонија, во периодот меѓу двете светски војни, била меѓу најтешките во стара Југославија. Основна најважна карактеристика, било режимското насилие над националноно непријателското македонско население, угнетеноста, незаштитеноста пред грубото насилие на властите, тешките материјални услови, честата несезонска сиромаштија, безработицата, личната несигурност, глодот, политичките притисоци, постојаните изборни манипулации, [10] и ред други беспарија и тешкотии со кои се соочува не само македонскиот народ, туку и албанската, турската и другите народности што живеат во Вардарска Македонија.

Токму поради сите тешки општествено-економски услови Вардарска Македонија била третирана како регија со потешки животни и работни услови. Ова било една од главните причини, што во периодот меѓу двете светски војни во Вардарска Македонија покрај испраќањето на учители кои биле "проверени борци на националенот план" (и кетите биле распоредени на служба во места кој се одликувале со подобри животни и работни услови), бил испраќан на служба и овој дел од југословенското учителство, кој бил во опозиција према режимот, и поради тоа по казна било преместувано во Вардарска Македонија, за да се "вразуми". Тоа биле веќе познатите напредните учители - - комунисти или блиски на комунистичката идеологија. Така во периодот меѓу двете светски војни а посебно во времето од

*/...

воведувањето на Монархофашистичката диктатура па до априлската војна (1929 - 1941).

2. Одраз на тешката економска положба на народот врз животните услови на учителскиот кадар

Кога станува збор за економската положба на населението, односно за селаните кои биле и најмногубројна категорија во стара Југославија, нивната положба била тешка насекаде, но тие тешкотии посебно се манифестирале кај селанството на територијата на Вардарска Македонија, каде животниот стандард бил кај најниските. За тешката положба на народот во Македонија, и како последица на тоа ниското животен стандард, сребавме податоци во голем број сеќавања на напредни учители , кои учителствувале во Вардарска Македонија и кои биле сведоци на вакваа положба, а кои учителски сеќавања во недостиг на архивски извори, иако истите претставуваат извори од втора рака, сепак сметаме дека се тоа автентични искажувања, кои ќе ни овозможат да ја согледаме тешката положба на народот во Вардарска Македонија, бидејќи учителот и по природата и по местото на работата бил врзан за народот, запознат со сите народни тешкотии и неволји, кои што и лично, односно емоционално ги доживувал и бил заинтересиран за нивното решавање.[11]

Така, во сеќавањето на напредниот учител Богиќ Гугиќ, кој учителствувал повеќе години во Македонија - во селото Латово (општина Македонски Брод, тогаш поречки срез) и во Куманово, [12] во врска со тешката економска положба на населението вели:

"Храната на село се состои воглавно од 'ржен леб, промид, ајдут, и житница; сол малку се употребува поради тоа

што по кајсиите на селаните е скапа за них. Можно ретко се фучува да се јаде варена пенца и да се употребува маст или масло. Народот можно често пости. Се смета дека во текот на годините имало и 250 поени денови."13)

Напредната учителка Драгица Јевтовиќ, која учителствувала во селото Богородица - Овчеполско, осврнувајќи се во своите сеќавања на тешката економска положба на населението од тој крај на Вардарска Македонија, меѓу другото истакнува:

"Зачитото притиснат од долгови, тешкиот селанец работеше неуморно од утро до мрак, живеејќи го својот мизерен и беден живот во колиби, покривени куќи од прачо и блато, во кои не постоеше ни еден од атрибутите на најмалку комфорт. Креветите во селските куќи беа направени од обични штици, преку кои се простираше слама,рипа и груби тиќани ќебиња. Во куќата постоеше само еден кревет, со големи димензии и на него поредени еден до друг спијаа сите домаќини. Тој кревет, една маса со две клупи го сочинуваа целиот намештај на селските куќи. Во куќата се наоѓаше огништето, околу кое се јадеше и една полица со садови." 14)

Уште еднаш ќе ова правило надрасна во своите спомени веќе цитираната учителка Драгица Јевтовиќ, која истакнува: "Дека болните и возрасните цај народот беа обична појава, лудото и стоката спијаа заедно, со цел заемнички да се топлат. Децата поради слабата исхрана беа закржлавени и рахитични." 15)

Тешката економска положба на населението во Вардарска Македонија немилосрдно влијаеше да биде тежок и животот на учителскиот кадар, посебно на оние учители кои што биле на служба (учителствувале) по селата во Вардарска Македонија. "Гладен народ, гладен и учител, како помошку би

можело да биде) [16] истакнува во своите сеќавања непреминот учител Радо Вуковиќ, кој учителствувал повеќе години во повеќе места во Вардарска Македонија - во селото Петровец-Скопско, во селото Дивле - во близина на Катлановска бања и во селото Кисура - Дебарско. [17]

Поради осиромашеноста на македонското село, учителот во голем број на случаи особено во забрдените сиромашни села, немал можности да се снабдува со прехранбени артикли во селото каде бил на служба, туку морал тоа да го чини на друго место, а најчесто во градот кој бил десетици километри оддалечен од неговото село каде бил на служба. Така, тешката економска положба на народот директно влијаела и на влошувањето на материјалната положба и животните услови на учителскиот кадар во оваа подрачја, како што истакнуваат во своите сеќавања повеќе напредни учители. [18]

Животните услови на учителскиот кадар во Вардарска Македонија биле меѓу најтешките во стара Југославија, меѓу другото и поради тоа што најголемиот дел од учителството во Вардарска Македонија го сочинувале почетници, [19] со најниски IX платни разред - со плата од 950 до 1.200 динари. Со овие најниски учителски плати, најголемиот дел на учителството во Вардарска Македонија, а особено оние кое учителствувало во сиромашните и беспатни села, било принудено едно јајце да го плаќа по 2 динари, често храни со црн или ченичарен леб, а во случај на болест да патува до најблискиот лекар на магаре или пешки и по 40 километри. [20] Иако цените на прехранбените намирници, односно животот во Вардарска Македонија бил и до 25% поскап во однос на другите бановини во стара Југославија, сепак учителскиот кадар бил платен по III разредна скалетија. [21]

+/...

Малите почетни плати на учителите - почетници во изразито тешките животни услови во Македонија, често пати биле не доволни за подмирување на животните трошкови на учителите, поради што тие биле принудени дури и да се задолжуваат. "Ретко можеше да се сретне млад учител, кој што немаше административна забрана на платата од страна на Банската управа поради долгови" ,[22] пишува во своите сеќавања напредниот учител Богољуб Ѓурѓиќ. Материјалната положба на учителите, се влошувала и поради немоќувањето на платата на учителките - мајки на учителки. [23]

Осврнувајќи се на тешките животни услови во Вардарска Македонија (Дебарско-Гостиварскиот крај, а слични биле скоро на секаде во Македонија), напредниот учител Михајло Јовановиќ во својот извештај до Министерството за просвета, за неговиот изразен увид во работата на училиштата во Дебарско - Гостиварскиот крај во учебната 1932/33 година, констатирал дека животот за мнозинството народ, вклучувајќи ги и учителите што биле на служба во овој крај "поставил вистинско мачење." [24] Истиот напреден учител, на друго место заклучува дека по својата положба, учителот во Вардарска бановина е сведен на степен на обичен беднин и вистински маченик. [25]

Поради тешките животни и други услови во Вардарска Македонија, доаѓало до осипување на учителскиот кадар, односно еден негов дел веднаш по пристигнувањето во Македонија и сочувајќи се со приликите што биле присутни во оние крајните се разочарувал и барал разни изговори да ги напушти оние крајните и да добие преместување, односно служба во некој други крај на Југославија, а во колку тоа не им успевало мнозина од учителскиот кадар дури ја напуштале учителската служба. Сочувајќи се со вакваата положба, Министерството за просвета било принудено, на повеќе пати, да донесува повеќе документи

•/...

со кои се давале извесни бенефиции на учителскиот кадар поради тешките услови за работа во Вардарска Македонија. Така на пример, Министерството за просвета со попис О.Н. број 39365 од 31.12.1919 година испратен до Окружната финансиска управа во Скопје, доставува одлука која важи само за територијата на стара Србија и Македонија, со која се исплаќало на учителите паричен доход за отежнати услови во износ од 25 динари месечно. 26) Покрај паричниот додаток, учителите и останатиот просветен кадар во "Јужна Србија", уживал и посебна бенефиција, која придонесувала да се добие поголем работен стаж. Така, за 8 месеци служба се признавале 12 месеци пензија. Оваа почнало да се применува од 1 јули 1920 година, па се до 1 септември 1923 година, кога бил донесен чиновничкиот закон, според кој за 1 година служба во "Јужна Србија" односно Вардарска Македонија се признавале две години пензиски стаж. 27)

Освен овие учителскиот кадат во Вардарска Македонија уживал и некои други бенефиции како на пример: станарина (ако во склоп на училиштето немало учителски стан), потоа бесплатен огрев, советување, на дури до извесен степен и сталност на должноста и друго . 28)

Меѓутоа,со сите овие бенефиции и минимални парични додатоци битно не се промемува тешката економска положба, односно тешките животни услови на учителскиот кадар во Вардарска Македонија. Во прилог на ваквата констатација зборуваат додатоците со кои се гледо дека и по донесувањето на одлуките за наведените бенефиции осиромашувањето на учителскиот кадар од Вардарска Македонија и понатаму продолжува, а донекаде учителскиот интерес за доаѓање на служба во Македонија бил сведен на минимум.

Причините за ваквата состојба, покрај тешките животни и работни услови за учителството се доведени и на

./...

несигурниот живот нарочито во источните погранични околии на Вардарска Македонија, поради делувањето на терористичките чети на однародената ВМРО на Тодор Александров, Александар Протогеров и Ванчо Михајлов, [29] кои често пати посегнувале и на учителските животи, нарочито на оние учители кои биле родум и дојдени од Србија.[30] Во прилог на оваа констатација, зборуваат повеќе документи од овој период. Така на пример, во Резолуцијата на Валандово-Гевгелиско околиско учителско здружение од 1 март 1924 година, во врска со горните прашања учителството од овие околии бара:

"Повеќе внимание да му се посветува на обезбедувањето и опстанокот на учителството во овие околии кое е изложено на најголеми тешкотии и особено е загрозена животната сигурност на учителите, за што сведочат и досегашните случаи на убиствa на неколку учители и учителки. Тоа е причина , што Гевгелиската околија која што би би требало да има преку 20 учителски сили, а во моментов има само четири(4)". [31]

Многу учители, многу брзо по нивното им пристигнување на служба во Вардарска Македонија брзо се "остинувале" кога не се соочеле со тешките прилики во кои живеел македонскиот народ, [32] а во кои прилики требало и тие да живеат, а кои прилики многумина од нив ги упоредувале со оние од XVI век. [33]

Небутов, скоро сите бенефиции на учителскиот кадар во Вардарска Банованине ќе бидат укинати со воведувањето на шестојануарската диктатура 1929 година, како и после неа кога настанил најцрн период за учителскиот кадар, односно сталеж во стара Југославија. Така на пример, во врска со оваа прашања, непродникот учител Раде Вуковиќ пишува: "Никогаш учителот во Југославија не бил во потешка , понеизвесна и

./...

во необесправена положба, како што се изразе во денозите од 1929 до 1935 година." [34] Овој период се карактеризира со понатамошно влошување на неговата материјална положба и разни казнувања на бројот на преместувањата, отпуштањето од учителска служба и други облици на малтретирање на учителскиот кадар [35], меѓу кои најголем број од "жртвите" биле од редовите на напредните учители од цела Југославија, а посебно од Вардарска Македонија. Така на пример, преку азбучните податоци објавени од Министерството за просвета, само во текот на трите години - 1933, 1934 и 1935 година па " потреба на службата" од Вардарска Македонија биле преместени вкупно 620 учители. Врз тој најголемиот дел на преместувањата на учителите бил врзан во зимските месеци, кога најтешко го погодувале учителството. [36]

Дека укинувањето на овие учителски бенефиции, со воведувањето на шестојануарската диктатура , па нивому тешко го погодиле учителскиот кадар во Вардарска Македонија, зборуваат и голем број на извештаи од работата на учителските здруженија во Вардарска Македонија, како на секциите на Југословенското учителско здружение (ЈУЗ) за Вардарска Македонија, така и на околиските учителски здруженија низ Македонија, од периодот 1929 - 1941 година. [37]

Во овој, како и од другите погоре изнесени податоци и констатации, може да се заклучи дека животните услови на учителскиот кадар во Вардарска Македонија - "Југословенскиот Сибир", како што ја викале напредните учители, биле најтешки од било кој друг крај на Југославија, за цело време од постоењето на стара Југославија, а тоа ќе биде покрај другото уште еден повод, да учителите "Вардарци" [38] како што во друго наше ги викале учителите во Вардарска Македонија, бидат синоними за учители-борци, учители-демократи

в/...

и учители-бунтовници, односно напредни учители кои не се помирувале со ладената ситуација и биле непомирливи противници на ненародниот режим на стара Југославија.

2. Тешки работни услови на учителскиот кадар и неговата правно - социјална положба

Како резултат на тешката економска положба, и стопанската и културната заостанатост која што во Вардарска Македонија била мету најголемите во стара Југославија, како и денационализаторскиот школски систем што упорно бил наметнуван и спроведуван од страна на големосрпската бужоазија, условил во Македонија да биле создадени работни услови за учителскиот кадар, како и најнеповолна да биле неговата правно-социјална положба.

Тешката економска положба на селаните и мизерните животни услови , кој биле својствени за многу села во Вардарска Македонија во овој период , директно се одразувале односно ги отежнувале и работните услови на учителстото, при нормалното наведување на наставата. За ова , срекаваме податоци во повеќе сеќавања на напредните учители во Вардарска Македонија, така на пример во сеќавањата на Богдан Јарановиќ, кој учителствувал во Струшкиот , кочанскиот и дебарскиот крај,[39] пишува: "Немаштијата , вошките , краставите и другите болести го нецрпувале и онака исцрпениот организам на потхранетите луѓе, а особено на децата".[40] (С.П. се однесува за дебарскиот крај).

Најтешки биле работните вклучувајќи ги и животните услови на оние учители, кои биле на служба во најпасивните краишта и најоддалечените села од градските центри во Вардарска Македонија, каде што за учителот не постоела никаква културна разонода, каде дневните штампа воопшто не стигнувала или доаѓа-

./...

Гала со 5 - 6 дена закаснување.[41] "Не претставува никакво задоволство да се живее и работи во тие беспатни и тешки краеви, каде школските згради личат на "стрчачари", и каде што населението живее во мали колиби куќарки наместо во пристојни станови, и каде учителот се судрува уште со стотини други специјални тешкотии" - се вели во едно годишен извештај на Секцијата на ЈУЗ (Југословенското учителско здружение) за Вардарска бановина.[42]

Работата на учителскиот кадар во Вардарска Македонија била многу отежнувана поради употребата на српскиот јазик во училиштата, кој бил неразбирлив за македонските деца, а уште повеќе за децата од албанската и турската народност. "Учителот мораше да вложи понрелно многу напори во работата од учениците, за децата да го научат српскиот јазик и да ја следат наставата,"[43] се вели во едно учителско собрание. Притоа, со цел денационализацијата да тече со побрзо темпо, просветните власти инсистираа, учителите во наставниот процес во Вардарска Македонија искључиво на го употребуваат српскиот литературен јазик, а исто така и учениците да се служат со тој јазик, како во училиштето така и надвор од него.[44] Против сите оние учители, кои не се придржуваа на горното, на предлог од школските надзорници, школските органи на чело со Министерството за просвета преземаа строги репресивни мерки.[45] Сето ова многу ги усложнуваше работните задачи, влошувајќи ги на тој начин до крајни граници работните и други услови на учителскиот кадар со служба во Вардарска Македонија. Особено многу, овие тешкотии дојдоа до израз во училиштата со деца од албанската и турската народност, каде што учителите се судруваа, покрај другото, и со изразито непросветени родителски средини, кои одбиваа да ги пуштаат своите деца на училиште, и кои со недоверба се однесуваа спрема учителите и училиштето.

./...

па тука во оваа средина било потребно алжурање на лодатни напори на учителот, за да четот се адобие со нивната доверба.

Следна причина која придонесувала за влошување на работните услови, за учителскиот кадар со служба во Вардарска Македонија, била неподеленоста на голем број основни училишта, така да секој учител работел со најмалку две одделенија просечно со 50 ученици.[48] Во некои званични извештаи на училишните власти за работата на основните училишта во Вардарска Македонија во овој период, се среќаваат податоци кои зборуваат, дека во голем број училишта еден учител изведувал настава и во четири или пет одделенија, со 60, 100 па дури и повеќе ученици, и кога при распределувањето и реализирањето на наставното градиво, немајќи ги притоа ни основните наставни средства, голем број млади учители паѓале во очајување, премногу психички се исцрпувале и доаѓале до границата на нервно растројство.[47]

Неможноста на добри училишни згради кои би одговарале на просветните потреби и учителски станови, биле исто така едни од причините, кои што придонесувале работните услови на учителскиот кадар во Вардарска Македонија да бидат полоши од било во кој друг крај на стара Југославија.

Најголем дел од училишните згради по селата во Вардарска Македонија бил со мали димензии, и по ништо не се разликувал од обичните селски куќи. "Во апсолутни најголем број на случаи училиштата се толку мали, што во нив учениците "се клун с клун" поради што на учителот му е онеможен пристап до поголемиот дел на учениците. Има голем број и на такви училишта во кои на секој ученик отпаѓа по 1 метар кубен воздух"[48] - се вели меѓу другото во еден службен извештај на школските власти во Вардарска Македонија. Во ваква состојба се наоѓале училишните згради по селата во Вардарска Македонија, во оваа време, најдобро ни ја прикажува во своите

./...

сеќавање најраниот учител во селата Горно и Долно Грегорци (Овчеполско поле) Драгослав Гурић, во кој се вели:

"Старата школска зграда и старата црква, една покрај друга, како во времето на егзархијата ги затекнав во ова село... училишната зграда беше без прозорци, без намештај и без настојани помалета. Подрумот на школската зграда, беше користен од страна на селскиот пандур, за затворање на говедата и останатата стока која ќе ја фатеше во штета. " 49)

Некомуналната на напредниот учител Милош Бабовиќ по однос на училишните згради и учителскиот "стан" во селото Селце - Дебарско, каде тој учителствувал од 1932 до 1936 години , се најмногу потресни, во кои меѓу другото се вели:

"Школската зграда ги немаше ни најпотребните услови за одржување на настојата. Еден најзад зид беше заедничок со црковниот звонарник и со коструниците во која лежеа полно човечки лобањи и коски. Имено, селаните немаа каде да ги погребуваат мртвите, затоа од грозовите ги вадеа коските на мртвите за да на нивно место закопуваат други. Останатите ѕидови беа од дрвени и кал-терасни плочи. Училиштето имаше три простории. Една служеше како канцеларија и "учителски стан", а другите две како училници. Кога во почетокот на 1932/33 години запишав 126 ученици и пак ај ручавето на преградата могу двете училници, сите дами не можа да се сместат. Затоа без принудни лепата ја ги поделам во две смени: така што со 76 ученици работев претпладне , а со 50 ученици работев после пладне. " 50)

Во однос на училишните згради и учителските станови најтешка беше положбата по селата со албанско и турско народност, каде во многу случаи поради не постоење на никакви училишни згради настојата се одвиваше во просториите на селските џамии.[51] Особено во овие села беше тешко да се обезбеди

*/...

учителски стан, билејќи во вароши и други побуни била исклучена можноста, да учителот станувал во приватен дом, затоа учителите во овие села биле принудени како "учителски станови" ги користат училишните канцеларии,[52] кои во најголем број не спречам биле со големина и по 4 м². површина.

Лоши положбата на училиштата зградите и учителските станови во Вардарска Македонија беше таква, зборува и податокот, дека во средината на ни триесеттите години во оваа бановина имало 1.201 училишни згради, во кои биле сместени 2.509 одделенија со околу 120.000 ученици. Од оваа бројка од 1.201 училишна згради, околу половината ги е доволувала минималне хигиенско - педагошките услови, додека 507 училишни згради биле скоро неупотребливи,[53] и како што се наведува во еден извештај на просветните власти "срамота е и што го носат името на школски згради."[54]

Покрај немањето на соодветни школски згради и учителски станови, работните услови на учителскиот кадар во Вардарска Македонија триесетите години биле отежнувани и поради немањето на соодветни наставни помагала во училиштата. Така на пример, во најголем број на училиштата ги немало ни основните училишни помагала: како училишната табла, ѕвучалка, карта, а за друго не стигувало ни збор. Така на пример, во селото Блешци (Дебарско) билејќи во училиштето немало дури ни табла, така да учителот бил принуден обработувањето на буквите и сите писмени операции да ги изведува на вратата од училиштата.[55] Исто така и останатиот училишен инвентар во најголем број училиштата во Вардарска Македонија бил стар и полуизкршен, а го немало и во доволен број, така да во многу училишта, во една клупа предвидена за две седеле и по четири ученици. Немањето на потребниот број од учениците, на тетратки, нежбеники и

./...

моливи [56], а особено учебници [57], кои што покрај другото и поради сиромаштијата родителите не можеле да им ги купат на своите деца.

Проблемот на финансирањето на основните училишта, во Вардарска Македонија како таква ги влошувал работните услови на учителскиот кадар. Според член 25 од Законот за народните училишта, средствата за издршка на основните училишта, односно школските буџети ги обезбедувале општинските одбори, [58] чии што членови најчесто не биле запознаени и немало разбирање за училишните потреби, поради што и не се залагале да се обезбедат доволно средства за задоволување на училишните потреби. Така, во многу случаи не биле обезбедувани парични средства за набавка на огрев за учителските станови, за одржувањето на зградите и други потреби. Имало случаи, кога учителите биле принудени сами да го чистат училиштето и да донесат дрва, бидејќи во нивното училиште немало служител. [59]

Кога станува збор за правно - социјалната положба на учителскиот кадар во Вардарска Македонија, тогаш може слободно да се рече дека што во сите области јавната власт претставникот учител во Галичник околија (село Сонце) Атанасија Јантовиќ вели "учителите како и целиот народ во оние краишта, биле општествено и политички тотално обесправени". [60] Положбата пред се на учителскиот кадар се влошила во цела Југославија, а посебно во Вардарска Македонија, после воведувањето на Шестојануарската диктатура 1929 година, со која основните училишта и учителите биле ставени под надзор на полицијата, со што околиските (срески) полициски началници добиле право да ги казнуваат учителите, покрај парични казни и да бараат од просветните власти нивно преместување. [61] Така, според официјалните извештаи на Министерството на просвета, само во текот на 1933, 1934 и 1935 години од Вардарска Македонија, "по потреба на

./...

службата" биле преместени 620 учители. [62] Посебно тешка била положбата на учителите - комунисти. На секој нивен отпор, веднаш биле приписувани политички бои, и тие биле немилосрдно прогонувани.

Постоеле повеќе форми на притисок од страна на режимот над учителскиот кадар. Така покрај преместувањата "по потреба на службата", било уште обично уште и привремено оддалечување од службата, отпуштање од служба, "конфинирање" во Банската управа во Скопје и друго. Притоа најчесто било користени казнените параграфи 104, 173 и 292 од Законот за државните чиновници. [63]

Од горе наведените податоци неспорно се наметнува заклучокот, дека животните и работните услови на учителскиот кадар во Вардарска Македонија како и неговата правно - социјална положба била на крајно невидливо ниво, која посебно се влошила по годините на шестојануарската диктатура, и по неа се до Априлската војна, (1929 - 1941). Во овој период , југословенското учителство морало да издржи силен притисок на диктатура и режимите , и да се бори за одбрана и проширување на своите стекнати придобивки; за својот (учителски) правно-социјален статус во тогашното општество; и за полобрување на животните и работните услови. А сите овие споменати елементи на учителскиот позив во овој период (во стара Југославија) биле најсериозно загрозени.

ГЛАВА ВТОРА

УЧИЛИШТАТА ВО ГРАДОТ ВО ЗАВРШНАТА ДЕКЕНИЈА И РАБОТАТА НА НАСТАВНИТЕ КАДРИ ВО НИВ

А. ОБЕДИНУВАЊЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО УЧИТЕЛСТВО ВО СТАЛЕШКА ОСНОВА

Откако обединувањето на југословенските народи во Кралството С.Х.С., се наметнало и прашањето за здружување на учителските здруженија во југословенските земји во единствено југословенско учителско стаческо здружение.

Во прилог на обединувањето на југословенското учителство - по завршувањето на првата светска војна му погодувала и револуционерната ситуација, што во Југославија била создадена под влијание на Октомвриската револуција во Русија. Во вртлогот на тој револуционерен бран, се нашле и учителските здруженија во југословенските земји, кои поттикнати прв пат од младите учители - комунисти, членови на СРМ (к), се повеќе го актуализирале прашањето, како за обединување на учителските здруженија кој што биле порано формирани[1] (уште од пред Првата светска војна), и кои по завршувањето на војната е обновиле својата дејност, во едно општојугословенско учителско здружение, така и за постанувањето на сосе ново формирано (општојугословенско) учителско здружение на синдикална основа, така што истото биле органски поврзано и да дејствува заедно со останатите синдикати на интелектуалните и физичките работници.[2]

Обединувањето на учителските здруженија од целата територија на Кралството СХС во една учителска стаческа организација било извршено во 1919 година [3], кога биле формирано "Здружението на југословенското учителство" на чело со Главен одбор, чие седиште било во Белград. Во составот на оваа единствена југословенска учителска стаческа организација, влегувале неколку покрајински учителски повереништва, кои што ги обединувале учителските здруженија од поедините подрачја на Кралството СХС, и кои што се јавувале во улога на координатори меѓу областите, односно околиските учителски здруженија и Главниот одбор на Здружението на југословенското учителство.[4]

*/...

Во периодот од создавањето па се до одржувањето на Првиот конгрес на Здружението на југословенското учителство, какој требало да биде свечено прогласено обединувањето на југословенското учителство во единствена стручна организација, учителските здруженија развиле широки активности околу правењето за обединувањето на учителските активности - сили во една економска стручна организација, како и определувањето на организациските форми на нејзиното идно дејствување. Така, во овој период, се повеќе во редовите на свесните учителски сили, како и е изнесено погоре, се вирело мислењето з формирање на учителски синдикат,[5] односно за реорганизирање на Здружението на југословенското учителство врз синдикална основа. Во голем број области, односно окружни учителски здруженија во Србија, Македонија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Војводина од страна на напредното и прогресивно учителство било поставено барањето за организирање на стручно здружение врз синдикални принципи. Воопшто, прогресивното учителствобарало учителската организација да се постави на класна основа, преку која учителството за своите стручни права ке се бори, а не да се моли, како и да има право, во случај на потреба да организира и штрајк.[6] Односно целта на прогресивното учителство била, истото да се здобие со можности за да може да ги користи сите легални синдикални форми за отпор против буржоаската експлоатација кои што ги дозволувале тогашните закони , и кои што биле користени од страна на работничките синдикати. При тоа се барало учителскиот синдикат да влезе во составот на "Синдикатот на намудените и интелектуалните работници."

За учителски синдикат се залагале и учителите - комунисти членови на СРПЈ (к) односно КПЈ, кои што барале поврзување на учителскиот стотеж со работничката класа, во заедничка борба против буржоаската експлоатација. Во врска со ова прашање, во весникот "Рад-

ничке новине" - органот на КПЈ, во статијата под наслов "Учителите", меѓудругото вели:

"Учителскиот сталеж ако сака да победи, тој мора да се бори заеднички со работничката класа, која што му е единствен пријател и со која има истоветни цели и идеали."[7]

Меѓутоа, и покрај јасното расположение на прогресивните и напредни учители од редовите на Југословенското учителство, на Првиот учителски конгрес, одржан во Белград на 18 јули 1920 година,[8] поради недоволна доследност, кусогледост, како и под влијание на буржоаската реакција кој дел од тогашните врвови на Југословенското учителско здружение, не дошло до реализацијата на идејата за организирање на Југословенското учителство врз синдикална основа, туку истото било организирано врз стручна основа, пред се поради притисокот на буржоаскиот режим, на кого не му одговарал учителскиот синдикат, во кој јасните гледале опасност по својата политика и класни интереси.

Буржоаскиот режим бил многу заинтересиран за Првиот учителски конгрес и правел различни мерки, со цел на Конгресот да му наметне донесување на одлуки, кои одговарале на реакционерната политика, а во прв ред, да не дозволи во никој случај да "Југословенското учителско здружение биде организирано на синдикална основа - и да истото ги користи облиците на класната (синдикална) борба, зошто во ова би се намалило ако не и анулирало влијанието на режимот да му е наметнува својата политика и боја на учителството. За да ја постигне таквата цел, меѓу другото биле ангажирани дури и окружните и околиските полиција, како и училишните надзорници, со задача да го спречат изборот на напредните учители во делегати на конгресот кои биле за формирање на учителски синдикат, па дури во крајни случаи и да ги апсат учителите - делегати на конгресот, кога овие патувале

./...

од своите места во Белград.[9] И целата работа на конгресот била во целост режирана од страна на власта. Колкав бил интересот на владеачките кругови за овој прв учителски конгрес, зборува и самото присуство на Конгресот на министерот за просвета Светозар Прибиќевиќ, кој што цело време ја претседаше и зоркост дирижираше со работата на Конгресот. Каква била атмосферата, и како се одвивале работата на овој прв учителски конгрес, најдобро ја илустрира весникот "Радничке новине" во својата статија под наслов "Учителски конгрес", каде меѓу другото пишува:

"Жалосно е да се земе перо во рака и да се пишува за овој Конгрес, бидејќи во паметот ми се враќа страшната слика на овој конгрес, која што со задоволство би сакале да ја избришите од вашите сеќавања...

Конгресот беше поделен на три дела: на мнозинството - составено од монархистички и бесрамни помпа, и на малцинство кое било составено од учители - комунисти и учители - републиканци. Последните две групи беа за синдикално организирање. Дури и старата управа на учителското друштво беше пред конгресот за учителски синдикат, па дури имаше спремено и проект - правила за синдикат. Сите делегати од Србија и Македонија, беа поделени со мандати за синдикат. Меѓутоа кога управата почувствува дека може да добие мнозинство за старо (стеленко) решение, (С.В. - се мисли на потоа̀шното организирање (пред Првата светска војна) на учителството во Кралството Србија)... се одрече од синдикатот и на брза рака изработи некакви правила кои му ги поднесе на Конгресот. Работата на конгресот беше така организирана, што на него ни делегатите од мнозинството не можеа во целост да ги кажат своите мислите, а за делегатите на малцинството тоа не беше ни дозволено".[10] Очигледно дека работата на конгресот била така "режирана" од страна на власта, да во секој случај учителската организација да биде организирана врз стеленска

основа.)[11]

На на првиот конгрес на југословенското учителство, било решено, учителската организација да биде организирана како стручно здружение, што ќе биде од пресудно значење за понатамошната борба на напредното учителство за зацврстување и проширување на стекнатите права, и ќе остави трајен белег во историјата на учителското движење во Југославија во периодот меѓу двете светски војни.

В. ДЕЈНОСТА НА ОКОЛИСКИТЕ УЧИТЕЛСКИ ЗДРУЖЕНИЈА ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА

1. Формирање на Околиски учителски здруженија и нивната улога во стручното организирање на учителството во Вардарска Македонија

Веднаш по формирање на Југословенското учителско здружение (ЈУЗ) во 1919 година,[12] кое значително до одржувањето на X годишно собрание 1930 година ќе се вика "Здружение на Југословенското учителство")[13], започнало стручното организирање на учителството околу Центарот Југославија, во духот на донесените од седниците на Извршниот (Главен) одбор на ова здружение одржани во октомври 1919 година во Белград,[14] и дополнети на Првиот конгрес на ЈУЗ одржан на 18 јуни 1920 година во Белград.[15]

Што се однесува за стручното организирање на учителството во Вардарска Македонија, тоа се одвивало во доста отежнати услови.

Меѓутоа и покрај големите тешки услови, што постоеле во Вардарска Македонија, од документацијата што се чува, веќе во 1920 година во Вардарска Македонија започнал процесот на учителското стручно организирање. Како прва форма на ова организирање била

./...

формирањето на окружните учителски здруженија, кои дејствувале во рамките на Југословенското учителско здружение (ЈУЗ).[16] Овие окружни учителски здруженија го опфаќале во своите редови учителството од територијата на Округот, како административна територијална единица, каков што во периодот непосредно по Првата светска војна ги имало седум во Вардарска Македонија и тоа: Битолско, Брегалничко, Кумановско, Охридско, Скопско, Тетовско, и Тиквешко, окружно учителско здружение.[17]

Овие окружни учителски здруженија во Вардарска Македонија биле организирани така што седиштето на здружението било во местата што биле административен центар на Округот, додека во помалите места - градови на Округот биле седиштата на секциите или одделенијата како што уште ги викале овие истурени делови на Окружните учителски здруженија.

Формирањето на првите околиски учителски здруженија во Вардарска Македонија во рамките на Југословенското учителско здружение, започнале кон крајот на 1920 година.

Така на пример, меѓу првите формирани окружни учителски здруженија во Вардарска Македонија било Скопското окружно учителско здружение, кое било формирано на 7 Ноември 1920 година со седиште во Скопје. Скопското окружно учителско здружение во својот состав имало и две секции (одделенија), и тоа во Велес и Качаник.[18] На територијата на Скопското окружно учителско здружение работела 209 учители и учителки.[19]

Од документацијата што е се види дека по крајот на 1920 година во Вардарска Македонија биле формирани уште две окружни учителски здруженија, и тоа: Битолското окружно учителско здружение кое било формирано, односно почнало да функционира од 18 Декември 1920 година,[20] со седиште во Битола, а во својот состав го обединувало учителството: од градот Битола и од околните Битолска, Мари-

*/...

виска и Прилепска, односно ова окружно учителско здружение било составено од четири секции - одделенија во кои работеле 283 учители и учителки.[21] Исто така, до крајот на 1920 година било формирано и Кумановското окружно учителско здружение, со седиште во Куманово, и со четурели одделенија, односно секции во: Крива Паланка, Кратово, Преспа и Куманово,[22] во кој округ во ова време работеле 149 учители и учителки.[23]

Кон крајот на 1920 година, на 9 декември, било формирано и Тетовското окружно учителско здружение со седиште во Тетово,[24] кое во својот состав имало три секции, и тоа за градот Тетово, тетовската околија (Среа Долно-полошки) и Кичевско - поречката околија.[25] Веќе в очи, во првите години по Првата светска војна, во поголемиот дел на Источна Македонија не ловело до формирање на учителски здруженија. Ова прав се се должело на терористичката активности на анархоидната ВМРО на Тодор Александров и Александар Протогеров, чии што терористички акции по крајни граници ги усложнувале политичките прилики во овој дел на Македонија,[26] онеспокојувајќи го во поедини места и нормалното одвивање на наставата, и загрозувајќи го дури и животот на учителскиот кадар. Затоа не бил редок случајот, на учителството од овие региони да поднесува и поединечни до Министерството за просвета протестни при тоа и со колективни оставки до колку истите не бидат заштитени од терористичките напади на четите на Александров и Протогеров.[27]

На 8 и 9 Јануари 1921 година, во Загреб било одржано Првото годишно собрание на Југословенското учителско здружение (ЈУЗ),[28] на кое биле донесени и нови правила за организационото устројство на Југословенското стручно учителско здружение, со кое било предвидено расформирање на Окружните, односно областите учителски здруженија, и формирање на околиски учителски здруженија. Веднаш по одржувањето на Првото годишно собрание на Југословенско-

./..

то учителско здружение, во духот на новоизнесените правила започнала реорганизација на окружните учителски здруженија, како и на целокупното југословенско учителско здружение. Како резултат на оваа реорганизација започнале низ цела Југославија да се формираат околиски учителски здруженија, меѓу кои и во Вардарска Македонија, за што сведочат голем број документи на Југословенското учителско здружение.. Од овие документи се гледа, дека веќе во почетокот на 1922 година биле формирани и започнале да функционираат првите околиски учителски здруженија. Меѓу првите формирани околиски учителски здруженија, спаѓа Чешинското околиско учителско здружение, формирано на 15.02.1922 година.[29] Потоа следува формирањето на Прилепското околиско учителско здружение, кое било формирано на 22.02.1922 година,[30] на 2 април 1922 година било формирано Крушевското околиско учителско здружение.[31] Наскоро потоа, во текот на 1922 година и 1923 година во Вардарска Македонија биле формирани: Неровското, Битолското, Мариовското, Кичевското, Кривопаланечкото, Кумановското околиско учителско здружение [32] и уште некои други, така што до крајот на 1923 година во Вардарска Македонија било формирани околу дваесет околиски учителски здруженија.

Сите околиски учителски здруженија од Вардарска Македонија, Србија и Црна Гора, биле поврзани со покрајинското повереништво на Југословенското учителско здружение во Белград, на чие чело стоел Главен одбор на повереништвото, преку кого околиските учителски здруженија контактирале со седиштето (Главен) одбор на Југословенското учителско здружение (ЈУЗ) .[33]

Веднаш по своето формирање, околиските учителски здруженија биле должни да донесат и свои правилници (Правила), во кои биле регулирани целокупната нивна дејност и стручните задачи, поради што и биле формирани овие учителски стручни здруженија. Како на пример: името и седиштето на седиштето на околиското учителско

./...

здружения, целта, средствата што му биле на располагање, условите под кои учителите можеле да стануваат негови членови, органите на управата - нивниот мандат , начин на избор и времетраење на работата, условите под кои престанувало да постои околиското учителско здружение, неговите односи односно задолженија према повисоките органи на Југословенското учителско здружение (како на пример:Повремените редовни (годишен) собор на Здружението што се одржувале во Белград) и друго.[34]

Од содржината на цитираните правила на Разловишкото околиско учителско здружение, во целост може да се согледаат целите односно задачите на овие здруженија,[35] кој и што се доста содржајни (стручно усовршување, унапредување, и одбрана на сталешките интереси, негување другарски односи, дури и поширок: морално и интелектуално издигање на својот народ), односно платформата што е нудела околиските учителски здруженија е доволно широка и содржајна за да ги опфати и задоволи скоро сите учителски сталешки потреби.

Правилата на Југословенското учителско здружение, како и Правилата на Околиските учителски здруженија, не предвидувале дека секој учител или учителка мора да стане член на здружението. Бидејќи , тие јасно се декларирале во своите правила, дека ќе се интересираат да ја развиваат сталешката свест и солидарност, и ќе настојуваат да ги придобијат во Здружението сите учители и учителки од својата околија. Спротивно го растекот на бројот на Околиските учителски здруженија и на нивните членови се забележува доста извесен број на учители и учителки од разни причини не станале членови на Околиските учителски здруженија, односно не биле сталешки ор-организирани. Така нивниот број во одредени временски периоди е различен. На пример: во 1932 година, во Охрид и Струга имало вкупно 45 учители - учителки, од кои 11 не биле членови на Охридско

./...

етрувкото околиско учителско здружение. Во Гевгелиската околија имало вкупно 47 учители - учителки, а од кои 20 не биле членови на Околиското учителско здружение. [36] и т.н.

Исто така, претходно истакнавме, дека и бројот на Околиските учителски здруженија во Вардарска Македонија варирал. Така, од податоците со кои располагаме се гледа, дека бројот на Околиските учителски здруженија бил најмал во почетокот на 20-те години, а најголем во средината на тридесетите години, што било резултат на само на стихийното "созревање" на учителството, кое се повеќе увидувало, дека учителските здруженија се и никогаш стихийни асоцијации, каде учителите можат да се чувствуваат сопијално и во друга смисла посигурни, и каде можат да ги обезбедуваат и задоволуваат и своите стручни барања, како и преку здружението да се борат за своите интереси. Исто така, бројот на учителите - членови на Околиските учителски здруженија се зголемувал и како резултат на делувањето на напредното учителство, кое што во Вардарска Македонија во овој период било и политогубрајно. Исто така, кон средината на тридесетите години во Македонија, дошло и до консолидација на партиските организации на КПЈ, кои што засилено придонеле и меѓу учителството. Така на пример, во 1934 година делувале на територијата на Вардарска Македонија 24 (дваесет и четири) Околиски учителски здруженија, со 1.208 членови. [37]

Од горниот преглед се гледа, дека во средината на тридесетите години, во периодот меѓу двете светски војни, целата територија на Вардарска Македонија била покриена со мрежа на Околиски учителски здруженија, кои што одиграле големи и прогресивни улоги.

Напредното учителство во периодот меѓу двете светски војни, биле концентрирани на територијата на Вардарска Македонија,

•/•••

и тоа на целата македонска територија. Како што , се спомнуваат во поголем или помал број скоро во сите делови на Македонија, во сите школи, односно школски учителски здруженија, покрај другото и заради тоа што тие секојдневно биле членови на учителската стручна организација, преку која можеле полесно да ги манифестираат и реализираат своите напредни идеи.[38]

2. Придонесот на напредните учители во стручната активност на школските учителски здруженија

Големо внимание школските учителски здруженија му посветувале на стручно- педагошкото усовршување на учителскиот кадар.

Така од правилата на работа на школските учителски здруженија се гледа дека главна цел на овие здруженија била "стручно усовршување на своите членови, унапредување и одбрана на сталешките интереси, негување на меѓусебните другарски односи и чување на учителскиот углед."[39]

Кога станува збор за ликот на учителот, на напредното учителство му било јасно дека, само со своето примерно држење, како во училиштето така и надвор од него, учителот ќе може успешно и во целост да ги остварн своите задачи, како на полето на своето педагошко дејствување пред учениците, така и во своето доближување до народот и културно - просветното дејствување на него. Токму поради вакво значење на ликот на учителот во остварувањето на неговата културно - просветна и национално - програмска и револуционерна мисија, ова прашање било со сета своја сериозност поставувано на собранијата и во програмите за работа на школските учителски здруженија, од страна на напредните учители. За ова прашање по

./...

своите сеќавања напредниот учител Богољуб Арокиќ, пишува:

"Б. состаноците (се мисли на школското учителско здружение Б.Н.) и во меѓусебните разговори често беше нагласувано дека пред своите селани учителот не смее ни еден момент да го заборави својот позив и углед. Се укажувало на штетното играње карти, пиење и други пороци: на корумпираност, примањето на мито и остатоци на регрецијата; на некултурен наглед, лоши и некултурно однесување, и на се што би можело да го наруши угледот на учителот во народот и да го оневозможи во работата. Здружението во текот на своја работа, поставувало на дискусија и предавања, како што се остатоците од некогашното плаќање на учителите во натура (реграција), играњето карти, лошот на работно време, пиењето, просјачкиот речник и слично."[40]

Стручно - педагошкото усовршување на учителството, било една од приоритетните задачи на школските учителски здруженија за ова сведочи и големиот број на одржани стручни предавања, преку кои се разработувала многу правања од педагошката практика во наставничкиот процес, како и од други области на стручното усовршување на учителството. Овие предавања биле одржувани во најголем број од страна на напредните учители, кои биле поставувани на дневен ред, во помал или поголем број на состаноците и годишните собранија, кај сите школски учителски здруженија во Вардарска Македонија, што зборува за ангажираноста на напредните учители и на стручен план, во работата на школските учителски здруженија.[41]

Од наслови и содржината на горенаведените предавања се гледа, дека наставните учители, се занимавале со разгледување и барање на најсоодветни решенија во наставниот процес преку разгледување на поширок круг на прашања. Тие прашања се однесувале не само од методиката во наставниот процес, туку и пошироко зафаќајќи ги и општествените мои кои имаат многу важни општествени атрибути

./...

кој го диктираат условите во наставниот процес разгледувајќи го при тоа социјалното потекло и неговото влијание во наставниот процес не само од стручно - методски туку и од политичка гледна точка.

Паралелно со одржувањето на теоретски предавања, на состаноците и годишните собранија на Околиските учителски здруженија биле одржувани и потредни наставни часови [42] пред учителското членство, одржувани од страна на поискусните учители. Така на пример, во еден документ кој се однесува на работата на учителите - членови на Долно - полошкото околиско учителско здружение за периодот на учебната 1933/1934 година, во спомнување потатокот "беше во текот на оваа учебна година Долно - полошкото учителско здружение одржа девет собранциски состаноци, на кои биле одржани девет (9) практични и девет (9) теоретски предавања".[43]

Во состаноците и собранијата на Околиските учителски здруженија во вардарска Македонија, во периодот меѓу двете светски војни, често пати било поставувано и прашањето за улогата на школските надзорници во основното образование, како и за нивниот придонес во стручното и педагошкото усовршување на учителскиот кадар.

Во панидеализаторскиот училишен систем, каков што воспоставиле големосрпските буржоазии во Вардарска Македонија, на училишните надзорници им била доделена улогата на инструктивни и контролни органи, во спроведувањето на просветната политика во Вардарска Македонија. Покрај стручно - педагошките норми за кандидатите кои се стекнувале со високата работна способност како во училиштето така и надвор од него, во практиката, во поголем број на случаи се отстапувало од овие норми. Вообичаено, на должноста училишен надзорник биле тоа често пати поставувани и лица кои ги немале потребните стручни квалификации, па дури и луѓе кои немале допрва никаков придонес во просветата(Мирија Јовановиќ,

•/•••

просветно - политичките прилики во Вардарска Македонија (191-1929), Скопје, 1983, стр. 151-153). Во овој случај таквите училишни надзорници биле вешници експоненти на буржоаските партии - кој моментално бил на власт, и својот надзорнички положај го користеле применувајќи често пати и вајгруби мерки, за спроведување на политиката на својата партија меѓу учителството. Сва нарочно доверли по цела во периодот на изборите, кога врз учителството бил често пати вршен и отворен притисок од страна училишните надзорници за истиот да гласаат за кандидатите на владините политички партии. Во такви случаи, често пати на предлог на такви училишни надзорници по изборите биле преместувани во потсиромашки места на службување сите учители, кои не гласале за владиното кандидатско листа. При тоа најчесто на удар биле учителите кои секојпат гласале за опозициската, често пати и по директива на М.В.[44]) Од расположивата документација се заклучува дека школското надзорништво како институција не било поставено и не ја вршело својата задача како треба, и во функција на понатамошното уназадување на системот на основното образование и на учителскиот кадар. Тоа најдобро се гледа од следните две резолуции, донесени од страна на школски и учителски здруженија во Кочани, Битола, Скопје и други.

Така на пример, во резолуцијата на Кочанското учителско здружение од 2 февруари 1926 година, меѓу другото пишува:

"Државните школски надзорници не се инструктори за настава, туку вешници од чиновници на Министерството за просвета за спроведување на расписи и собирање на статистички податоци.

Својот почеток на постапување на школските надзорници со одлука на господинот министер за просвета, му дава на школското надзорништво партиски карактер, и со тоа ги нарушува штетата на моралните интереси на школството и наставата."[46])

Очигледно кавгавено невадолопство, се сретнува и во Резолуцијата на Битолското школско учителско здружение од 5.12.

+/...

1926 година, во една своја изјава:

"Грижата на школскиот надзор не одитра на потребите на школството и учителството, ... Должен да исклучува инструктивната страна, која што му основната настава е најпотребна."47(

Од досега кажаното, во пленумот/заклучокот, дека околиските учителски здруженија на територијата на Вардарска Македонија, во врската со двата светски војни, развиле богата и широка активност на полето на стручното и педагошкото издигнување на учителскиот кадар, во што голем придонес дале напредните учители, особено во периодот на воспоставувањето на буржоаската (монархофашистичката диктатура (1930-1935 година). Преку околиските учителски здруженија, напредните учители преку своите реферати и дискусии, како и преку личните контакти за време на овие стручни собири влијаеле над учителството, за кое се заинтересираат како за проблемите во училиштето, така и за своето лично издигнување и политичка еркентација.48)

3. Околиските учителски здруженија - борбени трибини на напредните учители во нивната борба за стручен прием и подобрување на економско - социјалната положба

Покрај за стручно - педагошко образование на учителството, во рамките на околиските учителски здруженија, напредните учители развиле и широки активности, во прилог на одбрана на правата и интересите на учителството, подобрување на неговата економско - социјална положба, подобрувања на положбата на основното школство, како и во борбата за за решавање на уште други актуелни проблеми од животот и работата на учителскиот сталеж, претворајќи ги на тој начин околиското учителско здружение во борбена трибина.

./...

При тоа треба да се истакне, дека за многу од овие акции, во најголем број на случаи, напредните учители биле инспирирани од идеолошката платформа на КПЈ, која во некои случаи ќе се појави и како директен организатор и координатор на овие акции уште повеќе што меѓу напредните учители - учесници во поедини акции, имало и симпатизери и членови на КПЈ.

Борбите за одбрана и проширување на сталешките интереси од правна и економско - социјална природа го сочинуваат најголемиот дел од активностите на напредното учителство во редиците на Основните учителски здруженија во Вардарска Македонија. Тука, пред се, спаѓаат сталешките права и потреби, какви што се: сталеност на местото на службувањето, учителските стаорзни, учителските премостувања, изедначување на платите и останатите права на учителките со учителите, платните разреди,[48] финансирањето на основното школство, школскиот надзор, должината на учителскиот пензиски стаж, промени во [49] законот за основните школи и друго.[50] Сепак ја изнесеме содржината само на неколку поважни документи, во кои се содржани горенаведените сталешки интереси на учителството, од кои што поголемиот дел претставуваат Резолуции, донесени на седниците, односно годишните собранија на Основните учтески здруженија во Вардарска Македонија, во периодот меѓу двете светски војни.

Најпрво, како еден од најсодржајните документи, кој во својот текст ги содржи скоро сите позначајни сталешки барања на југословенското учителство во Кралството, па се разбира и на учителството од Вардарска бановина, ќе ја изнесеме Резолуцијата на Вевчанското основно учителско здружение, донесено на 11 февруари 1935 година, во која пишува:

"После сестрана дискусија за сталешките прашања, донесена е едногласно следната:

./...

за да тие со своите примања бидат изедначени со своите колеги - учи тели, бидејќи за иста работа треба да следува и иста награда.[54]

5. Да се поврати сталноста на учителите, во интерес на: школите, воспитувањето и останатите културно - просветни дејности...

6. Да се отстрани политичкото влијание на учителството и во школскиот живот. Сите оптужби против учителите да се сестрано проверат, па дури потоа да се превземат понатамошни мерки.

7. Да се престане со прекинувањето на учителите во текот на школската година....

8. На школскиот надзор да му се посвети поголемо внимание, и за школски надзорници да се поставуваат искусни, способни и по конкурс избрани учители.

49. Да се регулира вонаколешката работа на учителите и учителките...

10. Да се регулира при оценувањето на школскиот успех или неуспех, сестрано да се проучат сите околности, кои што

/...

Д Е К Л А Р А Ц И Я

на машинописи (машинописном) **на документе** (документах) **не оговорено** или **не** оговорено **на** документе (документах) **не** оговорено **ни** одной **машинописи** (машинописном) **документе**

придонесело да се постигне успех или неуспех.

11. Учителите и учителките да одат во полна пензија само со 32 годишен работен стаж, како што беше по поранешните закони

12. Да се уредат условите по кои учителите и учителките би се здобивале со 6 платен разред.[52]

13. За управители на школите да се поставуваат стални управители од редовите на способните учители и учителки и истите да се ослободат од работа во одделенија, ако школата има повеќе од 20 одделенија.

14. Да се донесе единствен план и програма за основните школи и при изработката на истите да учествуваат и учителските заедници...[53]

Оваа Резолуција да се достави до Господинот Министер за просвета, Господинот Бан на Зарјерска банованина и надлежниот одбор на ЈРЗ, како ќе би овие надлежствувале поставените барања во Резолуцијата да бидат озаконети по пат на финансиски закон за 1935/1936 година".[54]

Лека сите режими, односно владеачки во стара Југославија, воделе реакционерска политика према учителскиот сталеж и учителската организација во однос на загрозувањето на учителските сталешки интереси, зборувале и содржините на резолуциите на бројните учителски здруженија донесени пет години после резолуцијата на Зеленикото школско учителско здружение, во кои се среќаваат скоро истите учителски барања и отпори по однос на нивните загрозени сталешки придобивки. Како резултат на почетокот на Втората светска војна, која што во овој период (1940) се повеќе се приближува и до границите на Краљството Југославија, настанува поскапување на животните намирници и опаѓање на животниот стандард на населението. Во вакви новонастанати ситуација било погодено и учителството, како најбројно платен дел од чиновништвото во стара

Југославија. Токму и борбата во оваа резолуција се однесува на превземање мерки за заштита на учителскиот животен стандард. Поради вакната незавидна економско - социјална положба на учителство то истото ги кревало својот глас на протест преку околиските здружења - како негови состојби. Вакните активности на учителството се манифестирале во голем број резолуции на околиските учителски здруженија, меѓу кои како најкарактеристичен пример претставува Резолуцијата на Прилепското околиско учителско здружение од 9.02. 1940 година, во која Прилепското учителство остро се спротивставува на атакот на режимот врз учителството во загрозувањето на неговите с оцијални интереси и влошувањето на неговата економско - социјална положба, за што во Резолуцијата пишува:

"Учителството со години е запоставено и е под удари на многу непријатели. Разните преместувања без истрага и докажување на кривицата, чекање со години за добивање на група (се однесува на платени разреди О.П.) и подобро место поради семејни потреби, а во последно време и наглите поскапувања кои што и онака тешката материјална положба на учителството ја направија уште потешка, тоа се се тешкотии кои што на учителството не му дозволуваат со сите сили да се посвети на својот светол позив, за резултатите од неговата работа да ги задоволат народните очекувања."

За да му се врати на учителството спокојството и вербата во правичноста и исправноста и да му се загарантира полна слобода на воспитната работа во школото и меѓу народот, и да му се обезбеди минимум на услови за негова физичка и културна егзистенција, предлага да се превземат следниве најитни мерки:

1. Укинување на дискреционото право на Министерот за просвета, во поглед на отпуштањето, преместувањето и унапредувањето на учителите и учителките;

2. Врабување на учителството, стабилноста на службата;

3. Укинување на членот 258 од Законот на чиновниците, кој се однесува на унапредувањето на учителите и учителките во V положајна група (Т.Н. се однесува на V-ти пиетен разред),[55]

4. Издвојување на просветата од управната власт;

5. Материјално изедначување на службениците од обата пола врз принципот: за еднакви должности – еднакви и права;

6. Да се подели семеен додаток за скапотија, за сите членови на семејството;

7. Да се спречи несоодветното подигнување на цените на животните намирници;

8. Како прва помош на учителите и учителките да им се исплати 13-та плата;

9. Да се напаѓа во просторот на учителите и учителките кои имаат дете за школување и да им се доделат ведрени места кои ќе одговараат...

Оваа Резолуција да се достави до Извршниот одбор на ЈУЗ, за истиот понатаму да ја достави до надлежниот ресорен министер и до кралската влада."[56]

Учителските плати биле често на удар на разните "економски" мерки, што ги предизвикале непородните реакции на сетра Југославија. Дури секое редуцирање на платите на државните чиновници, прави на удар биле учителските плати, кои што мерки толку го погодувале учителството. Борбата против вакви мерки на режимот, спаѓа меѓу позначајните компоненти од активностите на учителството организирано во своите стручни основни учителски здруженија. Особено многу го погодила учителството владината "Уредба за сведување на приматежностите на државните чиновници", што била донесена во средината на 1935 година.[57] Ќе удар на оваа Уредба, во прв ред било изложено учителството. Тоа предизвикало остро реагирање на учителската стручна организација. И најголем дел од основните учителски

./...

здруженија во Вардарска Македонија се спротиставиле на јавната владина мерка, донесувајќи колективен број на резолуции во кои бараше укинување на новата уредба, бидејќи поради учителскиот статус бил економски најзагрозен. Во своите барања, изнесени во овие резолуции на околиските учителски здруженија, учителите укажувале:

- дека, платите на учителите - приврзаници се минимални и дека кетите во оваа Уредба ќе бидат катастрофално погодени, зошто нивните приходи биле веќе намалени и пред донесување на оваа Уредба;

- дека, многу ќе бидат погодени со оваа Уредба и учителските бракови, на кој што платите ќе им бидат намалени за 15-20%, бидејќи со член 4 од оваа Уредба се укинувал целиот личен додаток на учителите.

- дека, со член 7 од оваа Уредба се укинувал целиот семеен додаток за деца, што беше причина да се зголемат разводите на учителските бракови, и т.н.[58]

Дека, према учителскиот статус се водела дискриминаторска економска политика, за дело време од постоењето на стара Југославија, зборуваат изворите кои датираат уште од 1929 година, односно уште од самиот почеток на животот на оваа конвенционална држава. Во прилог на оваа наша констатација, ќе наведеме два документи, од кои се гледа дека во прилично поодамна година, по завршувањето на Првата светска војна, пред тешките услови за службување во Вардарска Македонија чиновничкиот и другиот државен апарат добивале специјален додаток на платата од 30%. Небитно, од оваа бенефиција биле исклучени единствено само учителите, иако според сите тогашни прописи и тие влегувале во категоријата на државни чиновници.

./...

Таков во врска со оваа правење, во барањето на тогашното Крива-паланечко обласно учителско здружение изнесено по знаењето преку Главниот одбор на Југословенско учителско здружение во Белград, меѓу другото пишува:

"Државната финансиска управа доби од Окружната финансиска управа од Скопје, со акт број 24505 налог за исплата 30% на сите чиновнички основи на учителите, бидејќи истите се сметаат за научково особје по решението М.П. бр. 104886.

Ве молиме во името на учителите и учителките од оваа околија, да процестирате до надлежното место за бързото толкување на одлуката на Министерскиот совет, У.б. бр. 19637."[59]

За истава проблематика стекнува збор и во вториот документ кој потекнува од обласното учителско здружение за Битола и околијата Демир-Хисарска, каде меѓу другото пишува:

"На својот состанок, одржан на 6.12.1920 година, ова Учителско здружение го донесе следното решение:

Да го замоли Главниот одбор на Југословенското учителско здружение да преземе мерки кај г.Министер за просвета, за да се добие додаток од 30% на сите приходи на учителите, бидејќи и тие се наоѓаат на територијата на која се наоѓаат останатите чиновници, кои го добиваат споменатиот додаток."[60] Имало и случаеви, поедини околиски учителски здруженија во Вардарска Македонија да се обраќаат со апели директно до кралот Александар и до претседателот на Владата д-р Милан Стојадиновиќ, барајќи позголемување на "Уредбата за спроведување на привилегиите на државните чиновници".[61] Таков на пример, во апелот на Демирхисарското (Сятовското околиско учителско здружение, меѓу другото пишува:

"Управата на Околиското учителско здружение за Демир - хисарска околија, која го претставуваат 120 членови на Југословен-

./...

ското учителско здружение, ве предупредува на судбоносните последици по повод редукцијата на платите. Досегашните плати одвај го задоволуваат животниот минимум..."[62]

Слично пишува и во телеграмата на Прилепското околиско учителско здружение, испратена до кнезот Павле Карађорђевиќ и претседателот на Владата д-р Милан Стојадиновиќ, во која пишува:

"Управниот одбор на Југословенското учителско здружение за Прилепска околија, во името на 110 свои членови моли "Уредбата за намалување на платите на државните службеници" да се повлечи и отстрани како штетна по однос на бракот и семејниот прираст на учителството".[63]

Поради својата бунтовност, учителите демократи неотпоени во стара Југославија, биле изложени и на други форми на притисок, меѓу кои, сите влади на стара Југославија ја применувале формата на притисок во вид на најчесто преместување на такените учители со службувањето од едно место во друго, обично од крајни со подобри животни услови во крајни по потешки животни односно работни услови, како што биле повеќе крајните во Бардарска Македонија. Во оваа форма на притисок, исто така биле изложени напредните учители, но исто така и учителите кои припаѓале на опозициските партии. Преместувањето се вршело масовно во времето на општинските и парламентарните избори. На сите притисоци на непародните режими, југословенското учителство потпомогнато од напредните учители остро се спротивставувало, преку околиските стручни учителски здруженија. Повеќе по оваа прашање ќе дадеме во посебно поглавје поопширно во трудов.

Со цел да можат полесно и поуспешно да се борат, за одбрана и промовирање на стручните интереси и други права на учителството, како и за добивање поголема моќност во мирење на класно - политичките платформа идеолозите на КПЈ, меѓу членството напредните учители настојувале да влегуваат во управите, па дури

и да бидат избрани на чело на школските учителски здруженија, што на тој начин, пак од другото, можеле поуспешно да се борат и против реакционерите и профашистите главни управи (главни одбори) на југословенското учителско здружение (ЈУЗ).[65]

Така на пример, скопското основно учителско здружение,[66] струмичкото основно учителско здружение,[67] кочанското основно учителско здружение,[68] радовишкото основно учителско здружение,[69] и други основни учителски здруженија во Вардарска Македонија, биле раководени во поголеми или помали периоди од страна на напредните учители.

Паралелно со организирањето предавања од областа на стручното и педагошкото воздигнување на учителскиот кадар, под влијание на напредното учителство, на состаноците, односно на собранијата на школските учителски здруженија, биле организирани предавања, чија што содржина го поттикнувала и политичкото осветување на учителското членство. Како предавачи на вакви предавања пред учителите - членовите на школските учителски здруженија се појавувале најчесто напредните учители, меѓу кои најголемиот дел биле симпатизери или членови на КПЈ, кои што преку свои предавања ги изразувале ставовите и гледиштата на КПЈ по одреден голем број прашања од стопанска и социјална проблематика, во даденот миг како и од политичкиот и економскиот живот, во стара Југославија.

Ќе наведеме неколку автори на познати и значајни предавачи и тоа: Раде Јуковиќ [70], Чоро Јакимовски [71], Димитрије Бајалица,[72] Здравко Шестиќ,[73] Јанко Јанев,[74] Михаило Јовановиќ,[75] Богољуб Пракиќ,[76] и други.

Паралелно со одржувањето на предавања во кои станувало збор за улогата, задачите и местото на жената во општеството, за проширување на акциите за емансипација на жената, на предлог во

./...

при ред на напредните учителки во некои околски учителски здруженија, како на пример во Струмичкото околско учителско здружение бил формиран "женски отсек", врху кое тело "другарките - учителки добиле најголемо поле за работа, врху кое ќе ги ломагаат на себеси, а и на другите".[77]

Исто така, на иницијатива на напредните учители, на состаноците на околските учителски здруженија, имало случаи да бидат организирани и дискусии (дебати) по различни актуелни прашања од различен карактер. Така на пример, на редовниот состанок на прочното околско учителско здружение, одржан на 13.X.1939 година[78] во Манастир-прот Ви . Богородица[79] темата на поширените дискусии гласела: "Религиозната настава во основните училишта".

Појавата на фашизмот во Европа и неговото прифаќање кон граѓаните на нашата земја било полоз, на состаноците и годишните собранија на околските учителски здруженија да бидат одржувани и предавања, врху чија содржина се укажувало на реакционерноста на фашистичката идеологија, и каква опасност за човештвото претставува фашизмот. Поучени од страна на КПЈ, напредните учители кои всушност биле иницијатори и предавачи на вакви предавања, укажувале на можностите за одбрана од фашизмот за време на војна, зошто било јасно дека војната нема да ја заобиколи Југославија. Вакви предавања биле одржувани во учителските здруженија на територијата на цела Југославија. Меѓу вакви предавања, одржани во Вардарска Македонија како најзначајни ги наведуваме: "Непријателот на воспитувањето", одржано во Зрењанин и "Значењето"[80] "Заштита на децата во војните",[81] "Како да им се спротиставиме на идеите на фашизмот во нашата земја",[82] "За расизмот и расната теорија",[83] "Гнев и разбирање",[84] и други.

Како лел на дејноста на учителските здруженија во нивната борба за социјални права и подобрување на материјалната

./...

положба на учителството, на иницијатива на напредното учителство во поедини околиски учителски здруженија биле формирани и "фондови за помош на учителите во невољи".[85] Такви "фондови за помош на учителите" биле формирани во Струмичката, Воденското, Кривопаланечкото околиско учителско здружение и на други места. Исто фонд бил формиран и на ниво на баповинските секции на ЈУЗ, вклучувајќи ја тука и секцијата на ЈУЗ во Вардарска баповина.[86]

4. Формирање на библиотеки на Околиските учителски здруженија и нивната улога

Напорите на напредната литература меѓу учителството биле едно од средствата и начините на дејствувањето на напредното учителство меѓу двете светски војни, не само во Вардарска Македонија туку и во цела тогашна Југославија. Сепе пред се се подразбира, интерес меѓу учителството за марксистичка литература, за литература од библиотеката "Културност", чиј што уредник бил напредниот учител Милош Б.Јанковиќ, потоа на дела на напредните писатели во тоа време како на пример: Августо Десарен,[87] Џек Лондон, Ремарк,[88] и други, потоа педагошка литература и посебно литературата која ја издавала културно - издавачката задруга "Бук Каревиќ"[89] и други.

Посебна грижа од страна на напредното учителство му била посветувана на списанијата. Така, покрај за стручните списанија и весниците какви што биле: "Учител," "Народна просвета", "Учителска стража", големо интересирање владеело за прогресивните списанија какви што биле: "Книжевне свесне", "Жарза", "Наша стварност", "Уметност и критика", "Печат", "Ден", "Жена денес", "Ново поколение", и други.[90] Исто така биле читана и клегалца литература на КПЈ,

./...

неко и нејзините органи "Комунист", "Пролетер" и други.[91]

Во овие околиски учителски здруженија, каде напредните учители биле побројни, а со цел поорганизирано да се шири напредната литература и стручните списанија, по иницијатива на напредните учители било формирани и библиотеки на околиските учителски здруженија. Поголему вакви библиотеки биле формирани и во Вардарска Македонија. Тие биле библиотеките на Дојранското[92] на Кавадаречкото [93] и Долно - полошкото (Тетовското) околиско учителско здружение,[94] а постојат податоци дека вакви библиотеки биле формирани и во Кушиновското [95], Прилепското [96] и некои други околиски учителски здруженија.

Формирањето на овие библиотеки било исклучиво на доброволна основа со поклони на книги, а како иницијатори за формирање и водење и организатори на работата на овие библиотеки биле напредните учители. За поефикасно користење на книгите, секое од овие библиотеки биле организирани врз принципот на движечки (покретни) библиотеки, така што целокупниот книжен фонд на овие библиотеки, бил разделен во повеќе делови, и се пренесувал по некоја ку - дневно задржување на едно место (школо) на друго.

Меѓу првите библиотеки на околиските учителски здруженија во Вардарска Македонија, била формирана од страна на Кавадаречкото околиско учителско здружение во 1932 година.[97]

Како била организирана работата на овие покретни библиотеки на околиските учителски здруженија и користењето на нивните книжни фондови, како и за можностите на читателите со свои сугестии да учествуваат во понатамошното усовршување на нивната работа, најдобро е илустрирано во соопштението на напредниот учител Јован Јовиќ, за работата на библиотеката на Кавадаречкото околиско учителско здружение, каде меѓу другото пишува:

•/...

"На крајот на секоја книга, беа залепени по три празни листови, на кои читателите по желба можеа да ги конесуваат своите впечатоци од прочитаната книга како и да укажуваат на некои други дела, кои што поради нивната добра содржина заслужуваат да бидат прочитани. Правилата на библиотеката го предвидуваат точниот ден на позајмувањето, задржувањето и враќањето на книгата. Поедини групи на книги, од еден до друг потцентар ги постапувала претходните училишта - кориснини. Потцентри беа оние училиштата кои беа во општинските центри и тие ги опфаќаа и останатите училишта од својата околија".98)

Во 1933 година, по иницијатива на напредните учители од Долно - полошкото (Тетовско) околиско здружение, беше формирана, библиотека на здружението, која што располагала со преку 240 книги.99)

Во иницијатива на напредните учители, во текот на 1939 година дошло до формирање на библиотека и на Дебречкото околиско учителско здружение. "Во сеќавањата на напредните учители во Дебрчје во она време, се гледа дека целосното формирање било изведено преку собирање на околу 20 доброволно поклонети книги во почетокот. Официјалното формирање на оваа библиотека било изведено на состанокот на Дебречкото околиско учителско здружение одржан во Октомври 1939 година.100)

Слични и слични активности, во полето на формирањето и работата на библиотеките, имало и во други Околиски учителски здруженија во Вардарска Македонија.

Читањето на литература и списанија со напредна содржина, било од обврските на педагогијата, стопанската борба, општествено - социјалната проблематика, научниот сознајавање, со која што литература и списанија располагале библиотеките на Околиските

+/...

учителски здруженија, и истите им ги отстапувале на користење и. своите членови, била од неоценливја корист и придонес на овие библиотеки, на полето на :

- перманентно стручно усовршување на учителите;
- марксистичко просветување;
- претворање на библиотеките во еден вид пунктови

Партијата за идејно - политичко издигнување на учителството во духот на програмата и идеологијата КПЈ

3. СЕКЦИЈА НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО УЧИТЕЛСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ВАРДАРСКА БАНОВИНА

1. Формирање на Секцијата за Вардарска бановина

Формирањето на Секциите во Југословенското учителско здружение, било резултат на одлуките за реорганизација на Југословенската стеловне учителска организација, донесена на јубилејното десетто годишно собрание на Југословенското учителско здружение одржано во Белград на 2' август 1939 година.[101])

Оваа реорганизација на Југословенското учителско здружение била резултат - одјек на воведената шестојануарска диктатура. Веднаш пред оваа реорганизација на Југословенското учителско здружение, југословенската буржоазија сакала да е подреди врз унитаристичка основа и учителската организација со цел и во нејзината организација, програма и дејноста да биде нагласено "Југословенството".

Знаејќи своја улога , во погледи на учителската организација, Краљот Александар и останатите експоненти на неговата диктатура, сметале дека ќе ја постигнат , ако ја уништат стерата

./...

поделба на "Здружението на југословенското учителство" на покрајински учителски здруженија на чело со Покрајински Повереништва кои што важеле од 1920 година кога било извршено обединување на југословенското учителство , а преку која поделба биле негирани племенската и националне - територијалната припадност на одделни делови на учителството. Така на пример, во составот на Белградската покрајинско повереништво на "Здружението на југословенското учителство" влегувало учителството од териториите: Србија, Вардарска Македонија (Јужна Србија), Црна Гора и Војводина; во составот на Загребското покрајинско повереништво : Хрватска, Славонија и Срем ; во Љубљанското покрајинско повереништво; Словенија; во Сарајевското покрајинско повереништво: Босна и Херцеговина; и во Сплитското покрајинско повереништво: Далмација.[102]

Со донесувањето на Законот од 3 октомври 1929 година со кој територијата на стара Југославија била поделена на девет бановини и на Управа на градот Белград, носителите на диктатурата сметале дека врз вакната административно - територијална поделба треба да се реорганизираат и сите стручни здруженија, вклучувајќи го и учителското здружение. Така да, место поранешната поделба на Покрајински повереништва сега учителското здружение да се дели на девет бановински секции и на Белградската секција како десетта.[103]

Вакото свое становиште, носителите на диктатурата успеале да го наметнат и на X (јубилејно) годишно собрание на Југословенското учителско здружение, кога било донесени и нови Правила за работа на Здружението ,кои меѓу другото предвидувале и "здружување на учителството по бановински секции".[104] Ова било конечно направено со донесувањето на Законот за чиновниците од 1 април 1931 година, со кој било пропишано "да еден чиновник

./..

ред (стеган) може да форми в само едно здружение, кое ќе биди за целата држава, а да неговите секции можат да бидат само бановински".[105] Наскоро по донесувањето на овој Закон, со кого биле усогласени новите Правила на ЈУЗ донесени на X годишно собрание на ЈУЗ, а истите во мај 1931 година биле одобрени од најзаконите инстанции, и стапиле во дејство.

"Бановинската " реорганизација на Југословенското учителско здружение во духот на горецитираниот Закон за чиновниците од 1 април 1931 година и новите Правила биле наведена под строга контрола на Главниот одбор на ЈУЗ (Комесарската управа) на чело со претседателот Даљељан Рашић, кој што одлучувал кога и во кое бановинско седиште ќе биде свикано Основачко собрание, ќе составувал дневниот ред на овие собранија, а претседателот на Главниот одбор на ЈУЗ Даљељан Рашић лично присуствувал на секое основачко собрание на Секциите, и притоа долувал да во управите на секциите бидат избрани луѓе кои што нему ќе одговарале за водење на неговата прорежимска политика во Југословенското стеганско здружение.[106]

Во духот на овва реорганизација на ЈУЗ по банозинаски секции, на 26 јуни 1931 година во Скопје било одржано Основачко собрание и била формирана Секцијата на ЈУЗ за Вардарска банозина.[107] За седиште на Секцијата бил определен градот Скопје, додека, пак, седиштето на Управата на Секцијата во почетокот бил во просториите на Скопското околиско учителско здружение, а по неколку месеци било пренесено во сутеренот на Основното училиште "Ѓуро Јакшиќ".[108]

На Основачкото собрание од 26 јуни 1931 година, во присуство на 25 делегати, испратени од Околиските учителски здруженија од територијата на Вардарска банозина, биле избрани

./...

и органи на управата на Секцијата за Вардарска бановина, и тоа: Управен одбор, Надзорен одбор и членови на Извршниот одбор на ЈУЗ на Секцијата за Вардарска бановина.[109]

Меѓу првите задачи на Управата на новоформираната секција за Вардарска бановина била да стапи во врска со сите околиски учителски здруженија на територијата на Вардарска бановина, кои што требало него така да се реорганизира според новите правила на ЈУЗ, кои биле донесени уште на јубилејното годишно собрание на ЈУЗ од 22.08.1930 година, а кој биле одобрени од Министерството за просвета и стапиле на снага од мај 1931 година, [110] а потоа да се регистрираат во членството на Секцијата за Вардарска бановина. Во врска со ова правење, од еден документ (Извештај на Управниот одбор на Секцијата за Вардарска бановина за 1931/32 година, стр. 78/238) се гледа дека во периодот од 1.09.1931 година до 31.03.1932 година, во Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина биле зачленети 33 околиски учителски здруже нија со 1.536 членови или 69% од вкупниот број (2.234) учители, а надвор од редиците на Секцијата за Вардарска бановина, како незачленети, останале пет околиски учителски здруженија.[110]

Од извештаите поднесени на годишните собранија на Секцијата за Вардарска бановина, во наредните години (до 1941 година) се гледа, дека бројот на околиските учителски здруженија како и бројот на зачленетите учители-ки е во постојан пораст. Така на пример, веќе во годишниот извештај на Секцијата за Вардарска бановина за 1933/34 година, се среќава податокот дека во оваа бановинска секција биле зачленети 34 околиски учителски здруженија со 1689 членови - учители-ки.[111]

Веќе во наредната 1935 година, во годишниот извештај на оваа бановинска секција се среќава податокот дека

./...

во неа биле вчлените 36 скопски учителски здруженија со 1866 членови-ки,[112] додека пак во 1939 година, од годишниот извештај на Секцијата за Вардарска бановина се гледа дека во оваа бановинска секција на ЈУЗ биле зачленети 38 околиски учителски здруженија со околу 1950 членови.[113]

Големиот зрел на зголемување на интересот на учителството за сталешко организирање и дејствување, пред се се должела на зголеменото дејствување на прогресивно - ориентираното односно напредно учителство во неговите редови. Големите активности на напредното учителство, досегаат посебно до израз во периодот 1935 - 1941 година, кога зајакнува и КПЈ, и истата постанува главен иницијатор и предводник на многу политички акции, давајќи им на истите револуционерско и антифашистичко обележје.[114] За спроведување на големите свои политички акции, Партијата ги користи разните легални организации и друштва, вклучувајќи е и учителската организација. Продирењето на Партијата, со својата програма и антифашистичка платформа меѓу учителството, најрочно досега до израз од 1937 година па навоаму , кога на чело на КПЈ доаѓа Јосип Броз Тито, и кога Партијата изградува нова тактика и стратегија на дејствување меѓу масите. Како резултат на сето ова, во овој период расте бројот на прогресивно и демократски расположеното учителство како никогаш дотогаш. Само така може да се објасни порастот на бројот на сталешко - организираното учителство, што е евидентно во горните прегледи, како и бројот на напредните учители.

Покрај изборот на органи на Управата на Секцијата за Вардарска бановина, на основачкото собрание што било одржано на 26 јули 1931 година, биле донесени и други одлуки, како на пример:

./...

1. Беше донесена одлука, да се формира фонд кој ќе послужи за финансирање на секциски печат, односно беше предвидено издавање на еден секциски учителски весник или списание. За постигнување на оваа цел, беше одлучено, да членовите на секцијата за Варварска бановина, покрај редовните членарини да плаќаат уште по 5 денари во овој фонд.

2. На основачкото собрание од 26 јуни 1951 година, беше донесена и одлука со која новоизбраниот Управен одбор на Секцијата за Вардарска бановина беше задолжен да ја продолжи акцијата за собирање на помош за изградба на Учителски дом во Скопје која што неколку години наназад ја започнало Основното учителско здружение за Чкопска и Кочанička околија.[115]

Истом така, треба да се напомене дека Управата на Секцијата за Вардарска бановина, Управниот одбор, Надзорниот одбор, членовите на Извршниот (Главен одбор) на ЈУГ, според правилата за работа на Секцијата, имале должност да се борат за остварување на стекнатите права на своите членови, а во извесни случаеви да интервенираат и кај органите на власта, како на пример, кај Просветното одделение за Вардарска бановина, кај Министерството за просвета,[116] и кај други органи, бранејќи ги интересите на своето членство, односно учителството во Вардарска бановина.

Небутово, а покрај тоа набргу во рамките на стекнатите здруженија демократски расположеното, антифашистичко и воопшто напредното учителство ќе поведе уште поупорна и поостварена борба за одбрана на учителските права односно стекнати интереси.

./...

3.2. БОРБАТА НА НАПРЕДНОТО УЧИТЕЛСТВО ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА ВО РАМКИТЕ НА СПИЈАЊАТА ЗА ВАРДАРСКА БАНОВИНА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СТАЛЕШКИ ПРАВА И ЗА ЗАДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНО-ПРАВНАТА ПОЛОЖБА

а) Загрозување на сталешките права на југословенското учителство (по воведувањето на монархо-фашистичката шестојануарска диктатура)

Воведувањето на монархо-фашистичка (шестојануарска) диктатура предизвикало губење на голем број на сталешки и социјално-економски придобивки кои југословенското учителство ги стекнало како резултат на долготрајната борба. Така вие пред воведувањето на диктатурата, учителството уживало извесни придобивки како на пример: покрај скромната учителска плата учителите имале право да користат поудобни школски станови, или ако ова го немало во училиштата, во тој случај добивале станарина, потоа добивале бесплатен огрев, осветлување, помошни службеници, имале право на стаж во местата на службување - учителствувањето, во одде лението можело да има максимум до 45 ученици,[117] како и други сталешки и социјално - економски придобивки.

Сите овие придобивки биле укинати, а голем број други придобивки биле загрозени со воведувањето на диктатурата, во 1929 година, како на пример: правото на патни и селидбени трошкови при преместувањата "по потреба на службата", и друго.[118] Така, школството, школското надзорништво и учителството во административен поглед потпаѓа под управа, надзор на Околиските началници. Дозволениот број на ученици во едно одделение, со новите законски

./...

прописи од 45 се наголемуваа и може да изнесува до 75 ученици. Исто така, се зголемуваа и бројот на годините за добивање на старосна пензија од 50 на 55 години работен стаж, а подека минималниот стаж за добивање на предвремена (инвалидска) односно нецелосна пензија се наголемуваа од 10 на 15 години работен стаж.[119]

Колку бил нехуман и ригорозен "Законот за народните школи" кој бил донесен по воведувањето на диктатурата, се гледа од следниот пример во некажувањето на напредниот учител Душан Кирјаковиќ, кој во својата статија "О стамбеним приликама нашег учитељства" објавена во списанието "Учитељски покрет" кто го издавале напредните учители во Вардарска Бановина меѓу другото пишува:

"-то да кажеме за параграфите во "Законот за народните школи", каде што се зборува за учителските станови и станарини, а кои параграфи јасносе погрешно се толкуваат, така на пример, ако учителот користи макар и една соба - па била тоа дури и колку кафез - вошколското зграда, му се зема како да користи цели стан, па поради тоа ја губи целата станарина".[120]

Со воведувањето на диктатурата, зградата положба на југословенското учителство била регулирана со "Уредбата за дисциплинската одговорност за школските надзорници и народните учители". Со оваа Уредба, на школските началници им се давало право да ги казнуваат учителите.[121] Сво законска моќност, школските начелници и обично ја користеле за вршење на груб притисок врз учителството, а особено на удар на школските началници биле демократски ориентираните и напредни учители, кој најмногубројни биле токму во Вардарска Македонија.

б) Присуството на напредното учителство во органите на власта на ЈРЗ во Вардарска бановина

./...

Целта што режимот сакаше да ја постигне со "бановинското" реорганизација на ЈУЗ, не успеа да ја реализира и учителската организација да ја претвори своите уверувања, како и да ја парализира активноста на демократски настроеното учителство. Најдобар пример за ова, претставува активноста на напредното учителство во редиците на секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина. Така што со формирањето на секцијата за Вардарска бановина при ЈУЗ (на 26 јуни 1931) учителството од територијата на Вардарска бановина добило уште една можност, преку свој нов повисок стручен форум да се бори за своите стручни права, како и за подобрување на општествено - економската и правната положба.

Секцијата за Вардарска бановина, во текот на долгогодишното постоење и дејствување (1931 - 1941), одиграла позитивна и улога во историјата на југословенското учителско стручно здружение во периодот меѓу двете светски војни, и тоа скоро на сите полиња од своето општествено дејствување. Заедно позитивна и револуционерна улога во историјата на учителското движење меѓу двете светски војни, Секцијата за Вардарска бановина ја остварила благодарение на присуството на голем број напредни учители, членови-учесници во органите на Секцијата (Управниот одбор) Надзорниот одбор и други, кој што со своето прогресивно и револуционерно дејствување, за што биле инспирирани од страна на КПЈ, ја усмерувале работата на Секцијата во правец на борбата за зачувување на стекнатите и за повраќање на изгубените права, во тогашното југословенско општество, при услови кога во него управувале монархистичките режими, и кои настојувале Учителското здружение да го стават во своја функција, за полесно остварување на своето класно владеење.

Присуството на напредното учителство во органите и

*/...

развиѓе тела на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, како и неговото прогресивно полуѓање и усовршување на работата на Секцијата во прогресивна насока, за што поконкретно ќе стане збор, во наредните делови на трудов, се забележува уште од самиот почеток од постоењето и полуѓањето на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина.

Така, при првиот избор на органите и разните тела, односно комисии во Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина за периодот 1931 - 1932 година во нивниот состав влегле следните напредни учители во Вардарска Македонија: Катерина Михаиловиќ учителка во Скопје, како прва потпретседател на Управниот одбор на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина; Јованчиќ М.Драгутин и Рукосав Јовиќ, учители во Сабоње, за членови на Управниот одбор на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, додека во останатите тела и комисии на Секцијата биле избрани напредните учители: Светозар Лебељак, учител во Скопје, Михајло Јованчиќ, учител во Скопје, Павле Бошковиќ, учител во Скопје, Драгутин Јоркозиќ, учител во Летово и Илија Јучелиќ, учител во Кочани.[122]

Во 1933 година, во поглед на застапеноста на напредното учителство во органите и телата на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, настанува целосен пресврт во корист на напредното учителство во Вардарска Македонија, кога скоро сите органи и тела на Секцијата се во рацете на напредните учители. Така, во Управниот одбор на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина влегуваат следните напредни учители: Марко Цветковиќ, учител и управник на школото "Св.Сава" во Скопје, како претседател на Управниот одбор на Секцијата, Светозар Лебељак, учител во Скопје и прв потпретседател на Управниот одбор на Секцијата, Матеј Митровиќ, учител во Скопје и секретар на Управниот одбор на Секцијата, Божидар Потпориќ, учител во Скопје, за член на

Управниот одбор , Цветорад Зечевиќ, учител во селото Велчишта – – Охридско, за член на Управниот одбор, Михајло Јовановиќ, учител во Скопје, за член на Управниот одбор, Јанко Ковачевиќ, учител во Скопје, за член на Управниот одбор и Војислав Филиќ, учител во Скопје, член на Управниот одбор на Секцијата, Спасоје Филиќ, учител во Скопје, за претседател на надзорниот одбор на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, Драгутин Марковиќ, учител во Летото, за секретар на Надзорниот одбор, Димитрије Јовановиќ, учител во село Рекотинци – Скопско, за член на Надзорниот одбор, Живко Зучевиќ , учител во Кочани и Ангелија Јанкиќ, учителка во Скопје, за член на Надзорниот одбор.[123])

Токму ваквиот состав на Управниот и Надзорниот одбор на Секцијата на Ј.У.У. за Вардарска бановина, во кој поголемиот број на членовите се од редовите на напредните учители, на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина ќе и овозможи токму оваа толку да развие широко дејноста на полето на образованието и просветувањето на стеченките права на учителството, како и ќе поведе одлучна борба против "комесарската управа", односно тогашниот Владин (“левзи) одбор на ЈУЗ на чие чело се наоѓал Данаан Рашиќ, а ќе дојде голем придонес за падањето на"комесарската управа" на Данаан Рашиќ.

За сите овие активности на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, која тоа игра најпрогресивна улога од било која бановинско секција на ЈУЗ во стара Југославија ќе стане збор во понатамошниот текст.

И во наредната 1934 година, покрај с бројот на напредните учители – членови во органите и телата на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, тоа на пример, претседателот на Управниот одбор на Секцијата е и понатаму Чарко Цветковиќ, а

+/...

полек« секретар на Управниот одбор е овој пат Марко Куковиќ, учител в Чкопје, поделе членови на Управниот одбор се: Божидар Потпорќ, учи ел во Скопје и Милош Јучевиќ кој вто 1934 година е преместен од Кочани во учител во Свети Николе. Кеко заменици на членови е на Управниот одбор на ЈУЗ за Вардарска бановина се избрани: Чогиќ Гукиќ , учител во Кушиново, Милорад Зечевиќ, учител во село Белчишта - Охридско [124] и Михаило Јовановиќ, учител во Скопје. Спасоје Шишиќ е избран за претседател на Надзорниот одбор на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, делеки Богдан Вранковиќ во тоа време учител во Дебар, за секретар на Надзорниот одбор, делеке за член на Надзорниот одбор е избран Димитрије Јовановиќ, учител во Чкопје, а за заменик на членовите на Надзорниот « одбор е избрана Ангелина Јошиќ, учителка во Чкопје.[125]

Во 1935 година, во органите и телата на Секцијата на ЈУЗ во Вардарска бановина се наоѓаат следните припадници на напредното учителство во Вардарска Македонија, и тоа: Марко Цветковиќ, учител и управител на школата "Св.Сава" во Скопје и поната му е избран за претседател на Управниот одбор на Секцијата а за Божидар Потпорќ, учител во Скопје, за член на Управниот одбор. Делеке за заменици на членовите на Управниот одбор се избрани: Чогиќ Гукиќ, учител во Кушиново, Милорад Зечевиќ, учител , овој пат преместен во Охрид (порано беше во Охридското село Белчишта) и Михаило Јовановиќ, учител во Чкопје. Во Надзорниот одбор на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, беше избран Спасоје Шишиќ, учител во Чкопје, за претседател, и Димитрије Јовановиќ, учител во село Гајретлии - Чкопско , за секретар на Надзорниот одбор, а делеке за чле ови на Надзорниот одбор беше избрани: Богдан Вранковиќ, учител во Дебар и Чиго-

./...

ника Јанић, учителка во Скопје.[126] Исто така во сегашните тела, односно комисии во Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина , во текот на 1935 година биле застапени учте Ђуро Губеринић, учител во селото Брезница, кај Катлановска бања, Павле Јовковић, учител во Скопје, Жикосав Јошкић, учител во Скопје, Живан Вучевић, учител во Свети Николе и други.[127]

Во 1936 година а понатаму воопшто и телата на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина се наоѓаат голем број на напредни учтеаи . Така, претседател на Управниот одбор на Секцијата е и понатаму Марко Цветковић, членка во органите и телата наСекцијата се наоѓаат: Стефан Јаревић, во тоа време учите во мијачките села, Светозар Дебељак , учител во Скопје, Велимир Обрадовић, учител во село Зелениково, Драгиња Јефтовић, учителка во село Горобинци - Свети Николе, Жикосав Јошкић, учител во Скопје, Богдан Јовановић, учител во Скрил, Миодраг Ч.Милосављевић, учител во Скопје и секретар на Управниот одбор на Секцијата и Ђорђе Симјанић , учител во Скопје.[128]

И во 1937 година, во органите и телата на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, биле избрани повеќе напредни учители во Вардарска бановина и тоа: Марко Цветковић, учител ве и претседател на Управниот одбор на Секцијата за Вардарска бановина, Жикосав Јошкић, учител во Скопје, прв потпретседател на Управниот одбор, Велимир Обрадовић, учител во село Зелениково - - Скопско, за член на Надзорниот одбор на ЈУЗ за Вардарска бановина, и Светозар Дебељак , учител во Скопје, кој бил избран за претседател на Финансискиот одбор на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина.[129]

Во 1938 година, на чело на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, како претседател на Управниот одбор на Секцијата и понатаму останува Марко Цветковић, а членка како потпретседате-

ни на Управниот одбор се избрани напредните учители Стефан Царевиќ и Милош Вучевиќ,[130] а во остенатите органи и тела на секциската управа на ЈУЗ за Вардарска бановина биле застапени напредните учители: Сашо Керамарковиќ, Рале Жуковиќ, Јуре Губериниќ, Јанко Марјановиќ, Вукајло Кужељ, Вукол Гостиќ, Младучки Пашиќовиќ, Карло Глезер и Христина Поповиќ, исте и учители во Скопје и Скопско, Драгољуб Мургешиќ, учител во село Ратино - Битолско, Богиќ Јукиќ, учител во Куманово, Димитрије Бајалица, учител во село Житоше - Кродска околија, Јолор Ангеловски, учител во село Газето - Битолско, и други.[131] 1938 година е година кога напредното учителство во Вардарска Македонија, остварува најголем пролор во органите на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина.[132] И на наредните 1939, 1940 година и почетокот на 1941 година (до априлската војна), во органите и телата на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина ќе бидат избрани и ќе дејствуваат голем број на напредни учители како: Стефан Царевиќ, Драгољуб Мургешиќ, Рале Жуковиќ, Јолор Ангеловски, Богиќ Јукиќ, Вукосава Јошиќ, Јанко Марјановиќ и други.[133]

а) Придонесот на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина за заштита и проширување на стекнатите права на учителството

Напредните учители, избрани во органите и телата на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина ќе развијат интензивна прогресивна дејност, за цело време од десет годишното постоење и дејствување на Секцијата за ЈУЗ за Вардарска бановина, претворувајќи ја Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина во еден од бастионите на Југословенското учителско здружение, за одбрана

+/...

на стаљежните и друга права научитељството во стара Југославија.

Во прилог на оваа констатација, зборуваат големиот број на претставки, резолуции, годишни извештаи и други документи упатени од страна на Секцијата за Вардарска бановина, а испратени до Главниот (Главниот) одбор на ЈУЗ, до управите на другите бановински секции, до бановата управа за Вардарска бановина, до Министерството за просвета, до Околиските учителски здруженија, како и до други органи и институции, преку кои Секцијата за Вардарска бановина се борела за заштита, возобновување и проширување на стаљежните права на учителството и подобрување на неговата економска и социјално правна положба во тогашното југословенско општество.

Дека, уште од почетокот од своето постоење, Секцијата за Вардарска бановина се ангажирала во одбрана на стаљежните и други права и предности на учителството, зборуваат податоците од првиот годишен извештај за работата на Секцијата за Вардарска бановина за периодот 1931 - 1932 година, поднесен на Првото годишно собрание на оваа Секција, одржано на 4 јуни 1932 година во Скопје. Во извештајот меѓу другото се наведува дека.

"Управниот одбор на оваа секција (се често пати интервенирање за многу свои другари, било кај Просветното одделение за Вардарска бановина, било кај Министерството за просвета преку Главниот (Главниот) одбор на Југословенското учителско здружение во Белград. Сите интервенции беа различни, меѓу кои имаше и за поголеми работи".(134)

Едно од централните места во борбата на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина за заштита на стаљежните права на учителството, било залагањето за возобновување на учителска стаљност на службување , за која југословенското учителство

./...

успеало да се назори во првите години по Првата светска војна. Небутова, во годините непосредно пред воведувањето на 6 јануарската диктатура, под ударите на реакционерните режими, постепено почнала да гасне, односно да не се почитува сета стаменска придобивка на учителството, за истата со воведувањето на диктатурата во 1929 година да биде и целосно укината.[135] По укинувањето на 6 јануарската диктатура во 1931 година југословенското учителство поттикнато пред се од напредните учители , започнало борба за повраќање односно обновување на сета стаменска придобивка.

За повторното здобивање на учителството со оваа како и со други стаменски придобивки, истите биле со сета своја сериозност поставени на дневен ред на Второто годишно собрание на ЈУЗ за Вардарска бановина , одржано во Скопје на 4 и 5 јули 1933 година, на кое покрај за учителската стаменост станало збор и за други стаменски барања на учителството како на пример:

- На оние учители, кои биле во служба во погранични реони и позабравените краишта , во кои работните и животните услови биле потешки, да им се додели посебен додаток;

- преместувањето на учителите да се врши само за време на школските распусти, а не и во текот на школската година, кога поради тоа преместување трпело наставата. Исто така, се бореле, преместувањата на учителството да се врши исклучиво по конкурс , а не "по потреба на службата", со што се давало можност на властите, да го малтретираат и прогонуваат во прв ред напредното учителство;

- да не се врши казнување и прогонување на учителите, без предходно испитување и покажување на кривната вина, од страна на компетентните власти, било тоа да се просветните или управните власти. Така на пример, имало полно случаи, кога учителите биле казнувани соскратување на личниот доход, само врз основа на

*/...

предлозите на учителските надзорници , без волење на постапка за докажување вината на учителите во овие случаи.

- Да се онезможи мешање во учителската работа, на ненадлежните власти, како на пример на полициските власти, школските началници и друг.

- На учителите опфатени за учители , да продолжи да им се дава додаток за станарина, која им беше укината во втората половина на 1933 година со финансискиот план за учебната 1933/34 година.

Накрајот од работата на ова (Второ) годишно собрание, беше донесена и резолуција, која беше испратена до Извршниот одбор на ЈУЗ, со барање истиот понатаму ова резолуција на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина да ја проследи до Министерството за просвета.[136])

И во наредната 1934 година, Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина,развива широки активности на полето на стеченките права на учителството, во кои не само што ги повторува гореназначените стечени барања (од 1933 година), туку пред Извршниот одбор на ЈУЗ поднесува со нови резолуции, кои содржат и нови стечени барања на учителството во Вардарска бановина инсистирајќи од Извршниот одбор да истите ги проследи до Министерството за просвета. Овие нови стечени барања се однесуваат на: изедначување на учителските плати со платите на останатото чиновништво од иста категорија; скалување на работниот стаж за напредување; при преместување на учителите , да се води сметка за оние учители кои подолго време провеле со службата во потешки места, за на истите бидат преместени во подобри места; редовна и навремена исплата на месечните приврзаности на учителството; предност во училиштата да им се довери на искусни учители;[137]

./...

бројот на учениците во едно одделение да не биде поголем од 50 кога е само едно одделение, а ако се две одделенија бројот на учениците да не биде поголем од 45 ученици во двете одделенија;[138] признавање во пензиски стаж на учителите големите поимати во Балканските и Првата светска војна;[139] да им се подари поголем "поврток за поспитување" на учителите на село од оние во градот; укинување на забраната за учителите, да истите не смеат да се одвлекуваат (да го напуштаат) од местото на службување, бидејќи тоа претставува укинување на слободата на движењето на слободниот човек,[140] и друго.

Исто така, Секцијата за Вардарска бановина редовно се обраќала до Управните власти во Вардарска бановина, како на пример до Банот на Вардарска бановина, потоа до Просветното одделение во Вардарска бановина и до други државни институции, барајќи дозвола за одржување на меѓуколешки учителски конференции и одобрување на други учителски манифестации, и остро реагирала ако нејзините барања не биле исполнувани односно одобрувани, така на пример, кога во 1936 година било одбиено барањето на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина за одржување на Меѓуколешка учителска конференција во Велес, на која требало да присуствуваат учители од осум школи во Вардарска Македонија и тоа: Прилепска, Штипска, Кавадаречка, Струмичка, Гевгелиска, Кочанска, Радовишка и Скопјанска школа, Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина остро реагирала до Главниот (Главниот) одбор на ЈУЗ во Белград и барала негова интервенција до Министерството за просвета на Кралството Југославија, со цел "господинот Министер барем во идина да не дозволи вакви постапки, со кои се онеможкува поспешната работа на учителските организации."[141]

+/...

Вакви и слични интервенции, Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, презимаше пред Министерството за просвета, банските власти за Вардарска бановина или до највисоките столешки органи на ЈУЗ, со кои барало да се поништи некоја одлука на Министерството за просвета или другите државни органи, за преместување на некои учители од Вардарска бановина на територијата на друга бановина, или пак при инатеренното разместување на територијата на Вардарска бановина. Притоа, да го напоменеме и тоа, дека кога станува збор за разместување на учителите, тука секогаш станува збор за напредното учителство, кое било разместрувано во потешките места на службување како една од формите на притисок, што режимот во стара Југославија ги применува сè за да го "вразуми" напредното учителство и да го оневозможи во неговата прогресивна и револуционерна дејност.

Ова е само дел од многубројните барања и акции поткренати од страна на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, за одбрана и проширување на столешките права на учителството.

За своите активности усмерени во правец на одбрана на столешките права и подобрување на социјално - економската и правна положба на учителството, Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина одела до таму, што се обраќала, односно интервенирала и до највисоките власти во Краљството Југославија, па дури и до Краљското семејство. Така на пример, во Архивот на Југославија во Белград, пронајдовме документ, односно апел со кој Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина се обраќа до кнезот Павле Карађорђевиќ,[142] и бара од него да делува во правец на поништување на "априлските" Уредба за учителските додатоци од 1935 година, со која тие додатоци за тешки услови на службување биле драстично намалени, а со тоа било многу погодено учителството.

./...

Дека Секцијата на ЈУЗ за Вардарска Бановина биле многу активни во борбата за одбрана и проширување на стеченките права на учителството, зборува и еден документ на Управниот одбор на ЈУЗ за Вардарска бановина од 11.XI.1934 година испратен до Главниот (Главен) одбор на ЈУЗ во Белград. Документот претставува воупшност приговор на Главниот (Главен) одбор на ЈУЗ до Управниот одбор на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, поради нејзиното големо ангажирање во остварувањето на различни права на своето членство и во кој документ се обвинува Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, дека се претворила во "Биро за поплаки". Во овој документ, покрај другото, се дава и одговор на Управниот одбор на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина,на важните обвинувања од страна на Главниот (Главен) одбор на ЈУЗ, а во кој меѓу другото стои:

"- Колколку се слагаме, дека учителското здружение не може да биде биро, меѓутоа сметаме дека при секое прекршување на законските прописи во правилата на Законот против учителите, потребно му е на нашиот член помош и заштита од нашата стручна организација.

- Исто така сметаме, дека нашата стручна организација има право да интервенира во прилог на учителството и кога се работи за прашања од поверлива природа, со цел да не се изложи на нашето членство по пат на поверливи синџирџии да му се чинат неправди, какви што случаеви во минатото имаме многу.

- Сметаме, дека учителската стручна организација треба да интервенира, и во случај на некои семејни потреби на учителите, како на пример кога се работи за болест во семејството (лечење), школување на децата, вработување на учители - сопружни-

./...

ќе во кое учителите к олачно. Тоа се сите семејни причини, за кои нивното здружение треба да интервенира до надлежните органи, во полза на своите членови. Во спротивно, би се создала забуна и незадоволство кај членството."[143]

"Со цел да се обезбеди социјална заштита на учителството во Вардарска бановина, Управниот одбор на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, дал иницијатива во почетокот на 1936 година, даде формира "Потпорен фонд" на Секцијата , со цел"да собира материјални средства за самопомош и помагање на организираното учителство, во тешките часови кои денес ме се така ретки за учителите и учителките."[144]

Исто така, во прилог на констатацијата, дека Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина била една од најактивните бановински секции на ЈУЗ во Краљството Југославија, на полето на одбраната и промовирањето на учителските стручни права, зборува и фактот, што во 1938 година од страна на Градската банска управа за Вардарска бановина бил водена нелисциплински суд, скоро целиот Управен одбор на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина [145] на чело со Претседателот на секцијата Марко Цветковиќ,[146] поради Годишниот извештај на Секцијата за Вардарска бановина за 1937/38 година.[147]

Во овој извештај многу реално била прикажана тешката положба на учителството во Вардарска Македонија, како резултат на непријателскиот однос на управните и просветните власти кое што може да се согледа низ следното:

- Учителството во Вардарска бановина е гонето и злоставувано, што е резултат на отпорот на учителството од оваа бановина, кој најчесто се јавува како резултат на непримената и кршењето на земјените законски прописи;

./...

- Управните и просветните власти не преземе никакви мерки, да ги испитаат причините кои довеле до незаинтересираност на учениците и нивните родители, за посетување на училиштата, во поедини подрачја на Вардарска бановина,[148] а како резултат на тоа дошло до затворање на повеќе училишта с поспо напредници;

- Грубо мешање на несоодветните управни власти во работата на училиштата. Така во извештајот е истакнато дека имало случаи околиските началници да ги посетуваат училиштата и врзале "некакви ревизија" на ученичкото знаење и успех;

- Преместување на "непослушните" учители [149] во потешки места на службување, само поради тоа штотоа се замерале на Управните власти. Така на пример, еден учител опозициски одборник бил преместен во место со потешки и работни услови, само поради тоа што не сакал да го потпише одборскиот записник;

- Во извештајот стонува збор и за други констатации во извештајот, во кои се разобличуваше политиката на притисок и терор над "непослушност" дел од учителскиот сталеж во Вардарска бановина.

Од вклучокот на реченото произлегува дека страна на Бапот за Вардарска бановина, по повод отпочнувањето пред Дисциплински суд на скоро целиот Управен одбор на Секцијата на ЈУЗ за Вардарски бановини (кој бил во тој момент составен од напредни учители кои на чело на Секцијата се наоѓаше скоро од 1935 година), каде стои дека членовите на Управниот одбор се изведени пред Дисциплински суд бидејќи "им предлагале на отворените и на власти разни мерки за подобрување на условите за работа на учителите и на училиштата" може да се извлече уште еден заклучок, за прогресивната улога на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина во периодот меѓу двете светски војни.[150]

./...

2. Улогата на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина во стручно - педагошкото и културното издигнување на учителството

Исто така, Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина развила активности и во полето на стручно - педагошко и културно издигнување на учителството, преку обработка и читање на реферати на Годишните собранија на Секцијата, кои како по правило се одржувале секоја година во почетокот на јуни во Скопје, а само едно Годишно собрание било одржано во Охрид. Меѓу поднесителите на рефератите на годишните собранија на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, се пејзажистот и напредните учители кои ја користат и оваа форма на јавно дејствување, за да ги изнесуваат своите напредни гледишта по многу прашања, кои биле актуелни во тоа време , за стручните интереси на учителските организации па и пошироко. Во врска со оваа форма на дејствување на напредното учителство во Вардарска бановина, еден од напредните учители во Вардарска Македонија и поднесител на реферат, описно учесник во работите на овие секциски годишни собранија, Раде Јуковиќ во своите мемоарски записи вели: "Беше тоа јака активност, не само за нивната афирмација и за афирмација на нивните стремежи, туку и настојувања на дневниот ред на годишните собранија да се поставаат сто повратливи стручни стремежи и општествено - политички прашања." 19)

Така, во оваа форма на активности на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, напредното учителство се вклучува веќе по формирањето на Секцијата во 1931 година, кога тие напредните повеќекратните истакнат на Второто годишно собрание, на кое напредниот учител во Тетово Крстутин Јарковиќ

./...

поднесол реферат на тема "Јасени под кои работи учителот во Вардарска бановина". Заумност овој реферат бил ситуација од нашто на број 2000 учители и учителки од Вардарска бановина против тогашната непарлодна политика на владата на буржоаска Југославија, и против целиот тогашен општествен систем, кој што бил причина за такваата тешка положба на учителството и воопшто на културното во Вардарска бановина.[152]

На ова собрание била поднесена и едногласно одлука рефератот на Драгутин Марковиќ да биде отпечатен заедно со собранската резолуција во посебна брошура, што било и реализирано во текот на 1934 година, кога брошурата била отпечатена во 1000 примероци.[153]

На Годишното собрание на Секцијата за Вардарска бановина на во 1936 година, кое било одржано во Охрид, биле поднесени два реферати од страна на напредни учители а тоа Недељко С.Милосављевиќ поднесол реферат на тема "За учителската стабилност", а Милена Богдан Зиновиќ поднел реферат на тема "За стапенката штампа".

Во првиот реферат "За учителската стабилност",[154] авторот се осврнува на овие стабилни придобивки на учителството во стара Југославија, кои што биле извојувани непосредно по првата светска војна. Како биле постојано загрозувани од страна на власта, особено за време на изборите и како форма на притисок врз напредното учителство, сепак, во извесна смисла била толерирана до воведувањето на шестојануарската диктатура во 1929 година, кога биле целосно укинати. Барањето за повторното воведување на учителската стабилност, напредното учителство во Вардарска бановина постојано ќе го актуелизира скоро на сите годишни секциски собранија, како и на проширените "претседателски

./...

конференцијата на Главниот одбор на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина со претседателите на Околиските учителски здруженија во Вардарска бановина.

По вториот реферат "За стопанските штетници"[155], авторот се осврнува на улогата што требало учителските ученици и списанија да ја играат во заштитата на стопанските права, како и за стручно-педагошкото образование и информирање на учителството, осврнувајќи се притоа со критички тон на работата на некои учителски здруженија, кои биле пререгистрирани и не ги застапувале интересите на учителскиот кадровск.

На Годишното собрание на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина во 1937 година, реферат поднесе наставникот учител Раде Јуновиќ на тема[156] "Социјалното згрижување на децата и младината". Во овој реферат авторот се осврнува на големата социјална поврзаност на подготовката на населението од рејоните на работничката класа и сеќалноста и на тешкиот живот на нивните деца, кој што неповолно директно се одразува и на успехот на тие деца во училиштето. Во свој реферат, меѓу другото, авторот вклучува по важноста , да во буџетите на училиштата се обезбедат и средства за набавка на книги и други наставни помагала за бедните ученици, потоа формирање во училиштата фондови за бедни ученици, бесплатна храна за бедните ученици во учениците кујни и друго.[157]

На седмото собрание на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина во 1938 година, реферати поднесе наставникот учителот : Душајко Јуновиќ на тема "Детската и младинската литература". За содржината и квалитетот што овој реферат го остварил на присутните дадените за ова големо собрание на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, наставникот учител и

./...

присутен делегат на Секциското годишно собрание Богиќ уќиќ во своите сеќавања пишува:

"Учителот и доволно шпиц Вукајло Вукалј отпрвин во својот реферат еден нов пат кон децата и младината, пат кој беше блиско кон науката на реалните живот и општествените односи на вистинската уметност и и убавина на животот, културата, едукацијата на нашите и на човечките раце. Овој остро и убедливо ја критикуваше стандардната школска лектира и шунд - литературата, ни скренуваше вниманиве на сите нас на водење сметка за тоа што им препорачуваме на учениците да читаат, што ли ни купуваат родителите, кои книги треба школото да ги дава поклон на најдобрите ученици и друго".[158]

На ова Годишно собрание на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина Драгобуб Мургаќиќ настапи на тема: "Земеделското школување" [159]. Читањето на двата реферати побудило голем интерес кај присутните на Собранието и двата реферати биле оценети како успешни, а посебно рефератот на Вукајло Вукалј, по кој авторот се осврнува на улогата и задачите на Учителското здружение како легална трибина за остварување на учителските интереси.

На Годишното собрание на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина за 1938 година, напредниот учител Стеван Царевиќ поднел реферат на тема : "Учителот во пензионерите"[160]. Во овој реферат авторот се осврнува на лошата положба на учителството и на децата во тогашна Југославија, иако положбата најтешка била во Вардарска Македонија. Оконкретно за неговата содржина напредниот учител Богиќ уќиќ во своите сеќавања пишува:

"За неговото предавање владеело големо интересирање. Тој беше,како што ние мислевме,политички зрел и напредно човек.

./...

и по се напоредно. Кирилов во своето реферат, најдиво навреди апелира на тогашното учителство од сок и големата полоша на тој-ките народни маси • до каква апелза, потврдена со статистички податоци, Кирилов ја осветли и долошата на детето, во тогашните општествени односи и живеачки услови... Аргументите беше и остро, но дипломатски, во големата често пати повторувана фраза: "Учителот треба да ги учи децата, а политичарите нек ја зовнат".[161]

Значењето на овие реферати, на покрајинските учители во Дарданска Аутономија, поврзани со секојдневните големи собра-нија, имаа за дарданско општество за стручно - педагошкото образование, едејното и стручното надградување на учителството во дарданска Аутономија огромно дело, ако се земе во предвид и фактот што дел од овие реферати беше отпечатен во вид на брошури, а сеа дел во вид на циркулари беше испратен до Околиското учителска здружение, а тоа постојувани на многу дел и обработувани на околиските учителски собранија. Со тоа беше создадена можност да се создаваат во овие реферати, беше запознат и најширокиот учителски аудиториум во дарданска Аутоно-мија, а во сето делокругот на големите дежелски собранија, со што овие трудови на напредните учители во дарданска Аутономија ја достигнуваа целта за која беа и напишани.

До полетот на стручното организирање на учителството во дарданска Аутономија во периодот меѓу двете светски војни, како составен дел на движењето на југословенското учителство - кое од 1921 година во јавното југословенско учителско здружение, споменатите факти зборуваат за огромната улога на стручната (учителска) организација во тој период во развојот на стручно-педагошката борба на учителството, и потоа во прерастот во борбени

•/...

трибини и во кои напредните учители ке развијат богата активност на полето за подобрување на општествено - економската положба - односно општествениот статус на учителството.

Во историјата на борбата , која ое водело демократско - прогресивно ориентираното учителство во стара Југославија во рамките на Југословенското учителско здружение (ЈУЗ) во периодот 1931 - 1941 година (кога била извршена "бановинска" реорганизација на ЈУЗ) , секако дека истакнато место и припаѓа на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина. Во нејзините рамки дејувало и напредното учителство во Вардарска Македонија ,кои популарно меѓу напредното југословенско учителство било викано "Вардарци" кои уживало симпатии и доверба на целокупното демократско , рамнодушно и борбено учителство на Југославија. Во текот на своето десетгодишно дејување Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина ке се јави како координатор на активноста на Школските учителски здруженија и ке развие богата прогресивна дејност за одбрана на учителските сталешки права и за подобрување на економско - социјалната и правната положба на југословенското учителство. Таквата активност на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина се согледува низ многубројни нејзини документи, како: бројни резулуции, големи извештаи за работата на Секцијата, и разни други званични акти, кои тие преставуваат непобитни сведоци, за борбата на една учителска генерација, која живеела и работела во Македнија, и која заедно со народот, со работниците и селаните се борела против тиранијата, узурпаторите и угнетувачите - носителе на монархофашистичката диктатура, која ито во отворена или прикрпена форма се спроведувала во целиот период од 1929 до 1941 година, а нејзината острица посебно доаѓала до израз во Вардарска Македонија.

ГЛАВА ТРЕТА

МЕЃУНАРОДНИ УЧИТЕЛСКИ КОНФЕРЕНЦИИ ВО БАЛКАНСКА МАКЕДОНИЈА И УЧЕСТВОТО НА НАПРЕДНИТЕ УЧИТЕЛИ ВО НИВНАТА РАБОТА

1. МЕЃУОПШТИНСКИТЕ УЧИТЕЛСКИ КОНФЕРЕНЦИИ КАКО ФОРМА ЗА ДЕЛУВАЊЕ НА НАПРЕДНОТО УЧИТЕЛСТВО

На напредното учителство во Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни му било јасно дека за успешно изведување на својата прогресивна дејност во училиштето и меѓу народот, како и одбрана на своите стекнати права и подобрување на својата социјално - економска и општествена положба, не е доволно да се обединиме и цврсто да се поврзат само напредните учителски сили од својата околија, во рамките на Околиските учителски здруженија, туку дека е потребна соработка и поврзување на сите сили кои делуваат на територијата на Вардарска Македонија, како и пошироко на територијата на цела Југославија. При тоа, се сметало не само на соработка и поврзување со напредните учители, туку и со остенатите напредни интелектуалци, работници и други прогресивни и демократски определени сили во тогашното југословенско општество.

За постигнување на овие прогресивни цели, напредното учителство во Вардарска Македонија користеше повеќе форми, како: јавни настани на одделни другари, писма, односно преписка меѓу другарите со служба во различни места, односно околии и пријателство на илегални состаноци кои ги организираше КПЈ, заедничко учествување во екскурзии, заеднички летувања, подготовки подолги и друго.[1]

Меѓу најпогодните форми за поврзување и соработка со напредното учителство и другите напредни сили на еден пошироко простор од повеќе околии, беше меѓуопштинските учителски конференции, кои што ќе стрела на напредното учителство во Вардарска Македонија почнале да се кристат од 1935 година па наваму по априлската војна. Ова е период, кога буржоаската (монархофашистичката) диктатура ослабнува, а во исто време доаѓа и до консолидирање на редовите на КПЈ - кое особено се манифестирало во Вардарска Македонија.

./...

Меѓу двете светски војни, во Вардарска Македонија на иницијатива на напредните учители биле одржани повеќе меѓуоколиски учителски конференции, кои одиграле големо позитивна улога, не само на полето на меѓусебното поврзување и соработка на напредните учители, туку имале големо значење и за развојот на педагошкиот искуство.

Само одржување на овие меѓуоколиски учителски конференции истакнува во своите спомени напредниот учител и учесник на овие собири Илија Јанкуловски, "претставуваат доказ за зголемување на бројноста и влијанието на напредното учителство.

Овие конференции не биле ограничени да се одржат само во околиските учителски здруженија од каде што биле учесниците на овие конференции не постоеле поголеми или помалку јадра на борбените напредни наставници". 2)

За историското значење на овие меѓуоколиските учителски конференции, во нивното и практичната реализација на револуционерните поставки на напредното учителство меѓу двете светски војни во Вардарска Македонија и пошироко во цела Југославија, Илија Јанкуловски понатаму во своите сеќавања заклучува:

"Овие конференции, покрај нивниот широк одглас во редовите на јавноста и учителите, беа од голема корист и на младите напредни учители во нивната борба против реакцијата во сопствените редови.

Таа реакција односно на најназадните општествени слоеви, беше разбивач на учителското единство и често противник на напредните стремежи и во школото, и во здруженијата, и во училиштето, и во општеството." 3)

Понатаму во своите сеќавања за важноста на Околиските учителски конференции во напредното учителско движење во Вардарска Македонија, Илија Јанкуловски вели: "На тие воедлички конференции се читаа реферати, кои го мобилизираа напредното учителство на

./...

натрае во борбата против реакцијата."[4] мислејќи пред се на свој дел на учителството, кој бил прогресивно ориентиран, и претставува продолжение рака на режимот, во спроведувањето на владејната политика во учителските стручни организации (здруженија). Учителите прогресивно ориентирани ним како што биле викани од страна на напредните учители, "режимски", играле и улога на главно оружје на немарксистичкиот режим, во неговата пресметка со напредното учителство, односно во спречувањето на неговата прогресивна дејност, која што била криминализирана и реконтрирана од страна на КПЈ, чија што идејно - политичка платформа од средината на тридесетите години била се по и натаму моќу напредното учителство.

Токму и заради тоа и одржувањето на југословенските учителски собири во Вардарска Македонија се најдало свој период (средината на тридесетите години на минатиот) кога доаѓа до консолидирање на КПЈ, и кога Партијата прави успешни пробори меѓу прогресивно и антифашистички ориентиран дел на тогашното југословенско општество, вклучувајќи го и напредното југословенско учителство како во Вардарска Македонија, така и во цела Југославија.

Врзките создадени општествено- историски предуслови објективно, на одржаните југословенски учителски собири односно конференции во Вардарска Македонија на кои присуствува значителен дел од учителството во Македонија, да бидат искористени од страна на напредните учители како трибини за манифестирање и ширење на идеите прогресивни идеи.

2. Кумановската југословенска учителска конференција

Една од првите југословенски учителски конференции, одржани на територијата на Вардарска Македонија, одржана е во

од/ 3 стат

учительство что учительницы во время • что истинный • за ним идут

всегда за своими ученицами на работу и жизнь со школой ее средства

и школьники при работах на улице • ". 7) со дня на день

выполнили план на 1935 год на • 5) Он много сил на помощь

Кузнецово, на много на 1935 годы • 5) Он много сил на помощь

вел во својот реферат учителот Милутин Станковиќ, не биле само од објективна природа, пол што се подразбираше тешките економско - - социјални услови, што биле присутни во скоро сеќое тогашно село, туку учителот на село се среќавал и со голем број потешкотии од субјективна природа, што му ги создавале на селскиот учител тогашните непријатни впечатоци, преку рабните органи и извршителите, како: Кметовите, општинските - полицајците, училишните инспектори, поверениците на поедини политички партии, и други.

Напредниот учител во Брвеник Васа Лукин Лепиќиќ, настапил со реферат на тема "Проблеми околу рабо" [8], во кој се осврнува, покрај другото, и на слабата опременост на тогашните училишта со настојни помагала, што претставувало големи потешкотија, како за нормалното работење, така и за постигнување на поголем успех кај учениците и заинтересираност во наставата.

На Кумановската међуоколиска учителска конферен-

./...

ња бил одржано и неголем наставен час од наставната програма на еден од предметите што се изучувале во основните четирикласни училиште од страна на напредниот учител во село Метејче Кондрат С. Малоснабденик.[9]

Иако ниеден друг подготвителен состанок не се случил во работата на оваа прва меѓуопштинска учителска конференција одржана во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни, сепак на крајот можеме да заклучиме дека со тоа значајна и постигнала извесни резултати во запознавањето и размислувањето на наставата меѓу учителството во Општинските учителски здруженија што учествувало на оваа конференција, посебно за напредните учители.

Тоа зазема значајно место во историјата на учителските дејности во Вардарска Македонија во овој период (меѓу двете светски војни), меѓу другото и поради фактот, што тоа претставува прв потолем учителски собир, на кој присуствувале поголем број учители и од помали општини. Преку оваа форма на собирање на учителството, како што била Кумановската меѓуопштинска учителска конференција, учителството (напредното учителство) постигнало поголема ефикасност на своето делување и на стручен и на политички план, како врз членството така и врз општеството односно јавноста, кое што ја особено право да се манифестира на следните меѓуопштински учителски конференции.

3. Битолска меѓуопштинска учителска конференција

Втората меѓуопштинска учителска конференција во Вардарска Македонија, одржана е во Битола, од 31.09.1937 година до 1 октомври 1937 година. Одржувањето на оваа конференција, стана по по предлог од Општинското учителско здружение во Битолска околија,

./...

поточна за прилиг на напредниот учител во село Гавато - Битолско Тодор Ангелевски. 10)

На оваа конференција било организирано да присуствуваат учители од четири околии, и тоа: Битолска, Ресенска, Кичевска и Прилепска. За реализирање на овие замисли бил склучен договорен состанок меѓу управите на околиските учителски здруженија од споменатите околии, на кој била одредена датата и местото на одржувањето на конференцијата. Водени пред, напредните учители, меѓу кои имало и членови на КПЈ , започнале со припреми, кои што биле многу интензивни особено за време на летниот распуст во текот на 1936 година, кога тие ја корнистеле секоја средба меѓусебе од споменатите околии за договор за присуство на конференцијата. 11)

За работата на оваа конференција, еден од најзаслужните учесници - напредниот учител Илија Јанкулевски во своите сеќавања вели:

"На дневен ред на оваа конференција беа поставени неколку актуелни организациски и други идејно - политички и стручни прашања, како и еден фељтон на Тодор Ангелевски, во кој реалистично беше прикажан тешкиот живот на македонскиот селанец.

На конференцијата присуствуваа голем број учители од сите споменати четири околии.

Тоа беше импозантен и импресивен собир на просветни работници, кои што, увидувајќи ја својата тешка положба, како и тешката положба на народот воопшто време, дојдоа на свој чобир да го покинат својот глас против тиранијата и неправдата." 12)

Особено голем интерес меѓу присутните на Битолската меѓуоколиска конференција предизвикал рефератот на напредниот учител Тодор Ангелевски, на тема: "За тешкиот живот на македонскиот селанец", во кој авторот на еден најреалистичен начин ја прикажува експлоатацијата и теророт, кој над македонскиот народ го спроведуваа

тогашните непародни и реакционерни режими.[13] Овој свој реферат, Тодор Ангелоски го читал на македонски јазик,[14] што претставувало извесна смелост, зошто тоа било правено во услови на национална обесправеност на македонскиот народ. Ова предизвикало голема возбуденост меѓу присутните на конференцијата, како кај оние од Македонија, така и кај оние напредни учители кои биле од другите крајпи на Југославија. Вакното истапување на напредниот учител и во тоа време симпатизер, а нешто подоцна и член на КПЈ, Тодор Ангелоски, било меѓу другото и резултат на правилниот став на КПЈ по македонското национално прашање, кое што преку конспирирањето на партиските организации во Македонија позитивно се одразило односно манифестирало и праксу придонот на Партијата во радењето на напредното учителство. Токму поради ова , вакното истапување на Тодор Ангелоски пред присутните учители, било повод на конференцијата да се разви како што се вели во забелешките на современиците "дискусија и коментар полни со револуционерен жар, темперамент, младешка смелост и политичка и револуционерна зрелост." [15] Ова било резултат на учеството на напредните учители во работата на оваа меѓународна учителска конференција, на која што револуционерни и напредни идеи конспирирани од Програмата на КПЈ, доминираше во цело време на овој собир.

Одржувањето на Виенската меѓународна конференција е значајно, покрај другото и во тоа, што тоа придонесе уште повеќе да се зацврстат врските, да се обединат силите, да се прошират редовите на напредното учителство во споменатите четири земји, од каде биле учесниците на овој учителски собир, како и за определувањето на заедничката тактика и стратегија, на напредните учители во заедничката борба против реакционерните вакизувања врз слободата на народот, врз прогресивните идеи и врз работата на напредните учители во училиштето и врз народот.

х/...

4. Прилепска међуоколиска учителска конференција

На 5 и 6 мај 1939 година [16] во Соколскиот дом во Прилеп, по иницијатива на Околиското учителско здружение од Лерин, биле одржана међуоколиска учителска конференција, трета по ред во Вардарска Македонија, со присуство на учители од: Прилепска, Н"речки Крушевска, Битолска, Кичевска и Преспанска околија, како и некои членови на КПЈ од Прилеп и неколку студенти од филозофскиот факултет во Скопје. Најмногу присутни учители на Прилепскиот међуоколиски учителски собир имало од редовните на напредните учители во околиите: Прилепска, Леречка и Крушевска.

Така, од Леречка околија на овој учителски собир биле присутни напредните учители Димитрије Бајалиш и Здравко Вестник, првиот учител во Битоле, а вториот учител во селото Брешово.[17] Покрај нив уште присутни биле: Богољуб Кренић, учител во с.Лажани, Боро Мокловски, учител во село Вир, Ацо Радуловиќ, учител во село Волче, Јован Петровиќ, учител во селото Растен, Милош Митровиќ, учител во селото Могилица, Шкемир Николиќ, учител во село Брвеница, Михајло Јовановски, учител во селото Добрите,[18] и други напредни учители од овие околија.

Од Крушевската околија, исто така имало присутни повеќе напредни учители на Прилепскиот међуоколиски учителски собир, како Драгослав Гркалиќ, учител во селото Бучин, Гаврило Суботиќ, учител во село Пуста Река, Илија Стрбовиќ, учител во село Горно Лисјани, Нада Пашиќ, учителка во с. Бела Црква и други.[19]

Од Прилепска околија на овој учителски собир присуствуваа напредните учители: Спаско Јаковиќ, учител во с.Тополчани, Стеван Живуновиќ, учител во Прилеп, Трајче Поповски, учител во Прилеп, Леса Бадерабе, учителка во селото Алинци, Кеван Зулевиќ, учител во Прилеп,[20] и други напредни учители.

в/...

Од Битолска околија беше присутни исто така повеќе нај-
предни учители, меѓу кои Коста Цукиќ, учител во село Средно Егри,
Илија Јанкулоски [21] учител во село Гавато, како и други напредни
учители од останатите околии.[22]

Иако, оваа меѓуоколиска учителска конференција се
одржувала во Прилеп , присуството на прилепското учителство не
било на високо, што се должело на специфичните односи што владееле
во Прилепското околиско учителско здружение,создадени како резултат
на реакционерското дејствување на режимски настроените учители - чле-
нови на ова Здружение. Имено, скоро време пред одржувањето на При-
лепскиот меѓуоколиски учителски собир, во Прилепското околиско
учителско здружение беше спроведен избор и беше избрана нова
Управа на Здружението составена главно од напредни учители.

Меѓутоа , старата и реакционерна управа на Здружението
во која што повеќето членови биле "режимлии" на чело со Кауи Гиевиќ
потпомогната и помагана од реакционерниот дел на позиционите форми на
Југословенското учителско здружение, како и од полициите, не сака-
ше да ја предаде должноста на новоизбраната управа, со цел да го
спречи одржувањето на меѓуоколискиот учителски конференција во
Прилеп.[23]

Настојувањето на властите, старата реакционерна управа
на Прилепското околиско учителско здружение да ја искористат како
своја продолжена рака за да го спречат одржувањето на овој меѓуоко
лиски учителски собир, се должело пред се на нејасните сознанија
за наставувањето на напредните учители на конференцијата.[24] Меѓу тие
под притисок напредното учителство на Конференцијата,
старата управа уште во почетокот на собирот мораше да се повлече,
без апсолутно да ја предаде должноста на новата управа. Со тоа биле
создадени можности за почеток во работа на конференцијата. Членови-
те на новата управа на Прилепското околиско учителско здружение,

./...

си ги зазеде своите места во работното "претседателство на овој Собир, што било пропратено со бурни аплауз на присутното учителство. Потоа работното "претседателство го предложило следниот дневен ред, по кој работела оваа конференција:

1. "Улогата на трудот во развитокот на човечкото општество", реферат на Димитрије Бајалица, учител во село Житорађе, Пречка околија;

2. "За расната теорија", реферат на Здравко Костић, учител во село Дреновац, Пречка околија;

3. " ", фрагменти од учителскиот живот - референт Драгослав Вељковић, учител во село Бучин, Крушевска околија;

4. "Улогата на учителот во напредувањето на националната свест кај младинците", реферат на Ацо Костић, учител во селото Крушје, Пречка околија.[25]

Од дневниот ред на оваа матуколанско учителска конференција се гледа, дека скоро сите предавачи (референти) освен четвртиот предавач Ацо Костић кој бил "режисија" (тоа можа впрочем да се види и од насловот на неговото предавање) биле од редовите на напредните учители.

Од насловите и содржината на рефератите на напредните учители (за кои подоцну ставаше збор) исто така се гледа, дека нивната содржина (критичка на капиталистичкото општество, разобличување на фашистичката расна теорија и укажување каква опасност за човештвото преставува фашизмот) научност преставува дел од антифашистичката платформа и акциона програма на КПЈ во овој период, кога се назрел почетокот на втората светска војна. Сва пак од своја страна зборува, за големиот продор што КПЈ го остварила во редовите на југословенското учителство, по повикувањето на Josip Broz Tito на чело

./...

на КПЈ и вклучувањето во партијата.

За претседавач на конференцијата бил избран Душан Милованов, напреден учител во Крушево, а за секретар Боро Петковски, учител во село Пир, Поречко скопје.[26]

Пра на конференцијата настапил Димитрије Бајалиќ, со својот реферат на тема "Улогата на трудот во развитокот на човечкото општество".

За содржината на рефератот на Димитрије Бајалиќ, еден од присутните на оваа Кратовска учителска конференција, напредниот учител Благој Кондарко, во своите сеќавања запишал: "Авторот, во својот реферат го започнал со најреволуционерниот акт во природата - со оспособувањето на раката, кое човекот го направи да биде човек, за понатаму неговиот развиток да го проследи низ сите етапи од човечкото општество: од живеењето во ревурени чопори, пра комунизмот, робството, феудализмот, капитализмот, па се до општеството со индивидуални производни средства."[27]

Читањето на рефератот на Димитрие Бајалиќ, било праќано со големо внимание и одобрување на присутното напредно учителство. Во моментот, кога Димитрие Бајалиќ започнал да го чита делот од рефератот во кој се зборувало за неминовноста од промената на капитализмот и неговата замена со социјалистичко општество, при што остро го критикувал капиталистичкиот систем во тогашна Југославија, остро реагирал полициското лице кое како претставник на властите дошол да прати работата на конференцијата, со намера да го оневозможи понатамошното читање на рефератот и истиот да го запише. Настана ова, во салата настанала "неелектрифицирана" атмосфера. За сето ова, во сеќавањата на еден од најдобрите синдикати, напредниот учител Богомуб Арсиќ пишува:

"Читањето на трудот на Димитрије Бајалиќ, почна и беше следен со фреквентни аплаузи. Кога уште во почетниот дел на рефера-

тот Димитрије Бајбакић, опртувајќи ја неповолната експлататорска политика на работничкиот народ во тогашна Југославија, мисли на малку-важење на причините кои во развојот на општеството довеле до таква положба, како и на укажувањето на патот да се излезе од неа, во работата на собирот се вклучил полициското писар кој беше присутен како комесар на собирот. Кој присутни кои говорниците, читајќи рефератот и "во името на законот" ја забранил натамошната работа на собирот...

Во преполнетата сала настапи драматичен момент полн со возбудување, разлут и немирност.

Референтот се спротиставил. Го приклеча кон себе рефератот, кој се обидувале од рано да му го отргне полициското писар и одговори дека "единствено присутните читатели можат да одлучат дали може да се чита трудот или не и дали да се прекине понатамошната работа на собирот". Салата се тресела од викотници и скандирање "да се чита, да се чита"... Претседавачот се консултира со собирот дали да продолжи читањето или не. Кнојќи собирот се изјасни за читање, тој енергично настапи и објави: "Колешки и колеги, завето барање се прифаќа и ја продолжуваме работата". Иритиран и збунет, полициското писар сигурно не ни забележа кога рацето му се оддалечи од рефератот, се извлечи в поразен слоев од сцената. Рефератот беше прочитан до крај."28)

По рефератот на Димитрије Бајбакић се развиле бурни дискусии. Кеќу дискутантите имало и неколку "кралски" учители од "лесничите", кои се обидело со своите дискусии да го оцрнат рефератот, но не со аргументи, туку со шовинистички фрази, оквалификувајќи го рефератот како атак против кралот, татковината и народот. На ваквите критики одговориле повеќе напредни учители кои ја разобличиле неискреноста и од позициите на големосрпскиот хегемонизам, дискусија на "режимските".29)

.../...

К вторниот реферат "Односот к расните теории", што го поднел Здравко Шестиќ, бил посветен од присутните со големо внимание.

Во овој реферат, Здравко Шестиќ, си поставил за задача, да го разобличи фашизмот и неговите идејни основи, неговите агресивни намери кој било од светска размера, и како нивој потпал го загрозувале светскиот мир, демократијата и слободата на народите.[30] Има јасната содржина на рефератот, посебно преку поимот "Ке ја браниме земјата" односот се манифестира тогашниот курс односно политичка активност на КПЈ, на полето на одбраната на независноста на Југославија, пред фашистичката опасност. Истакнувајќи ја паролата "Ке е браниме земјата", комунистите се залагале за спроведување на внатрешно демократски промени во тогашното југословенско буржоаско општество како единствен однапред основни услов за зајакнување на одбранбената способност на земјата.[31]

Голем интерес меѓу присутните на конференцијата, побудил и репортажата " " ("Земја непозната") од Драгослав Јовковиќ, во која авторот дава приказ за тешките работни и животни услови на учителите во планинските краишта во Вардарска Македонија, како и за теророт што жандармите, полициските пиќари и другите претставници на полициската и управната власт ги вршело над учителството во време на изборите со цел истите да ги онеспособат да гласаат за опозицијата.[32]

Според сеќавањата на напредниот учител и учесник на оваа конференција Богомуб Арокиќ, во дискусијата по повод рефератите што зеле голем број нај млади учители, кои во своите дискусии ќе дале поддршк на горенаведените реферати и уште повеќе осветлиле и прошириле одделни теми во рефератите " в меѓу нив биле: К.Гушиќ, Г.Суботиќ, Б.Јовиќ, Г.Здравковски и Јованчуловски, С.Миџуновиќ, С.Јоновиќ, Б.Јанковска, Ц. Крстиќ, Д.Јовковиќ, Г.Јарчевски, К.Југовиќ, Ид Дуловиќ и други."[33]

Четвртото реферат "Улогата на учителот во изградувањето националната свест кај учениците", од учителот Александар Костиќ, кој бил прочитан експресивно, скоро никој од присутните на конференцијата не го ни испушел, ниту пак имало некакви дискусије по него, бидејќи овој реферат со својот националистички и шовинистички карактер бил во сенка на првите три реферати.[34]

Според сеќавањата на присутните на оваа конференција, овој учителски собир траел два дена,[35] и со неговото одржување напредните учителство постигнало големи резултати, така што одлуката на Прилепската меѓународна конференција ги минувал границите на Вардарска Македонија. Сепите нејзини актери тврдат, дека резултатите што напредното учителство ги постигнало на оваа конференција биле повеќе од очекуваните,[36] додека во колективниот труд на напредните учители "О једној, учитељској генерацији", тие запишале:

"Во атмосферата на Прилепскиот учителски собир имаше нешто ново, блиско во секој чесен поштен човек и на секој вистински патриот. Тоа возбудување и неостварено отварање широки видици, уважување на задачите што стоеја пред напредните учители и поттикнување по акција."[37]

Напредниот учител и учесник на прилепскиот учителски меѓународен собир Илија Јанкулоски, своите сеќавања за оваа конференција ги завршува со следните заклучоци: "На конференцијата, меѓу другото, се зборуваше и за улогата на напредниот учител како борец за национални права во борбата за национална и економска слобода, се-когаш на страната на народот, за разлика од напредните учители, кои на прво место го поставуваа својот личен интерес, готови да прелажат се што имаа човечко во себе, за да се понизат што подобро на владејачката клика, а не штета на народот и неговите интереси."[38]

Од досега изнесеното неспорно се наметнува заклучокот, дека Прилепската меѓународна учителска конференција, со својата

+/...

работа и постигнати резултати даде непроценливи придонеси во покатамошното разбистрување и проширување на редовите на напредното учителство во Вардарска Македонија и негово нераскинливо врзување за Програмата на КПЈ.

5. Гостиварската међуопштинска учителска конференција

Само неделя дена после прилепската међуопштинска учителска конференција, односно кон крајот на Мај 1939 година, во Гостивар во соколскиот дом била одржана Гостиварската међуопштинска учителска конференција, која траела два дена. На неа присуствувале учителите од Гостиварска, Тетовска, Галичка, Кичевска, и Дебречка околија.[39] И овој пат, најбројни меѓу отстинатите учители, присутни на оваа конференција, најмногубројни биле напредните учители, како Димитрије [redacted] Здравко Шестиќ, Богодуб Проникѓ, Аџо Радуловиќ, Боро Пенавски, Милиен Толоровиќ и други.[40]

Гостиварската међуопштинска учителска конференција била свикана по иницијатива на Гостиварското околиско учителско здружение на чие чело како претседател бил напредниот учител Сарџо Иососки, кој бил избран и за претседавач на оваа конференција,[41] односно претседател на работното претседателство.

Дневниот ред на оваа међуопштинска учителска конференција бил следниов:

1. "Местото и улогата на учителот во физичкото воспитување на младината", реферат на напредниот учител Сарџо Иососки;

2. "Морално - правната и материјалната положба на напредните учители", реферат на напредниот учител Милкан Толоровиќ, секретар на Тетовското околиско учителско здружение;

3. "За расната теорија", реферат на напредниотучител од Дебречката околија, Здравко Шестиќ.[42]

Како и обично, и на оваа учителска конференција, бил присутен околискот началник и полициската власт. Пред на конференцијата зборувал околискот началник, кој ја поздравил конференцијата во името на Банот, со следните зборови: "Господинот Бан ме замоли да ви ги пренесам неговите поздрави и желби за успешна работа на вашиот собир, со тоа што, поради определени причини, не сметал никого да зборувате, прво, за материјално - правната состојба на учителите, второ, за надворешната политика на Југославија и трето, за внатрешните политички прилики во Југославија".[43] Од овие зборови околискот началник, се гледа намерата на властите, да работата на конференцијата ја усмерат само на полето на стручно-педагошката работа на учителството, а уште во самиот почеток да ја онеспособат и одвлечат секоја мисла на напредното учителство во правец на критикувањето и зајакнувањето на незадоволството против режимот. Набрзо, текот на работата на конференцијата, ќе покаже дека властите не успеале во секаква своја намера, односно не успеале да ги спречат напредните учители, да ги манифестираат своите прогресивни и револуционерни идеи.

Читањето на првиот реферат, "Местото и улогата на учителот во физичкото воспитување на младината" од Марко Ивошки, поминало нормално без некои пречки. Набрзо, при читањето на вториот реферат "Морално - правната и материјалната положба на напредните учители" од Милкин Болоровиќ, реагирал полицискиот инвер и барал рефератот да му се предаде "за потпис да му го предаде на "Господинот" Бан на Врховната банската управа, да види со што се занимаваат неговите учители"[44] Полициското инвер го забранил читањето на рефератот на Милкин Болоровиќ во оној момент, кога авторот во својот труд го читал делот во кој остро го напаѓал режимот за неговото безобзирно прогонување на учителството, посебно на напредното про-

в/...

грешивно учителство:

"Стручтавето на учителите од служба без никакви претходни напедувања и напишувања на акти, претставуа најтешка и најгруба повреда на моралне - правните интереси на учителството. Тоа е врв на безаконие и самоволие... учителите се преместуваат од еден крај на државата на друг, по неколку пати во текот на една година. Класичен е примерот на еден наш колега, кој е преместуван седум пати едно по друго, не успевајќи да се задржи во едно место ни полни двесет и четири часа..."[45]

Небутов, наредбата за п акти на затворање, од полициски-от писар, предизвикала голем револт кај присутните од редовите на напредното учителство. Тоа го принудило полицискиот писарот да се откаже од својата намера за да го прекине собирот. Рефератот сепак бил прочитан до крај.[46]

И при читањето на третиот реферат "О расној теорији" од Здр ико Вестик, полициискиот писар повремено се "Невбудувал" и претел дека ќе го прекине читањето, небутов до тоа не дошло.

"Сеа читањето на рефератите се разивна бурна дискусија во која учествувало не само напредните туку и реакционерните прорежимски настроени учители. За дискусијата на напредните учители, во сеќавањата Илија Јанкуловски, пишува: "Во текот на дискусијата многу моменти, кога другарите Вајсилиа, Вестик и Ацо Радуловиќ, мораа ла се мачуваат в на стожови и во една загрижена атмосфера да ги бранат напредните ставови по многу прашања, изнесени во рефератот "За расната теорија".[47]

Давајќи оценка за историското значење на Гостиварската небуоколиска учителска конференција, за напредното учителско движење во Вардарска Македонија небу дваете светски војни, можеме да констатираме, дека напредното учителство на Гостиварската небуоколиска учителска конференција преку своето учество односно

./...

правилна дискусија во работата на конференцијата, успеало на своја страна да придобие и голем број на учители кои дотогаш имале колеблив став по однос на многу прогресивни идеи и залагања на напредното учителство.[48] На тој начин, и на оваа меѓуопштинска учителска конференција , напредното учителство однело уште една победа, над реакционерно оријентираните учители ("реалистите") , создавајќи со тоа уште поповолни услови за ширење на своите прогресивни идеи.

Гостиварската меѓуопштинска учителска конференција, ја завршила работата вториот ден во попладневните часови. На предлог на напредните учители од Гостиварска околија, напредните учители - учесници на конференцијата од другите општини веднаш го напуштиле Гостивар, и отпатувале во своите места, бидејќи се очекувало предавање на противмарка и акција на власта од страна на полицијата. Јавните стрекувања се покажале сосема оправдани, бидејќи уште следниот ден, околискиот началник ги повикал на сослушување повеќето напредни учители - учесници на конференцијата од Гостиварската околија и со распрашувал за некои напредни учители од другите општини. Меѓутоа, во текот на тие сослушувања, околискиот началник добил телеграма со која бил смењет воново место на службување, на благодарение на ова, целиот свој случај бил отфрлен "од акта".[49]

Покрај одржувањето на наведените четири меѓуопштински учителски конференции, за кои погоре стана збор, напредното учителство во Вардарска Македонија, преку Општинските учителски здруженија и преку Југословенското учителско здружение - Секција за Вардарска бановина, покренувало иницијативи за одржување и на други меѓуопштински учителски конференции.[50]

Меѓутоа, на одржување на вакви учителски собири, не погодувало расположението кај властите, бидејќи праксата покажала, дека напредното учителство кое што во овој период (средината на тридесеттите години на минатиот) било под силно влијание на КПЈ ,ги користело овие

о/...

собири како трајни куќе го критикува и разобличува капиталниот режим и неговите експлоататорска суштина. Затоа властите настојувале да го оневозможат одржувањето на овие учителски собири, примењувајќи притоа разни форми на притисок, како на пример контролирање и непуштање на дневните редови и отфрлање на оние точки преку кои постоела најмала можност да биде критикуван и разобличуван режимот , поготово ако во таа точка од дневниот ред требало да настапи некој од напредните учители, кој му бил добро познат на режимот во своите слободарски идеи. Во кругот на оваа, сепак и законската обврска, пред одржувањето на секој учителски собир свикувачот да ја извести власта, во само за денот и местото на одржувањето, туку и за дневниот ред на собирот.

Во многу случаеви власта реагирала и со забрана на одржување на собирот. Во периодот меѓу двете светски војни, од страна на власта било забрането одржувањето на повеќе меѓуколониски учителски собири. Таков бил случајот со Зеленикот меѓуколониски учителски собир, кој што по иницијатива на Југословенското учителско здружение - Секција за Вардарска бановина требало да се одржи на 9 и 10 мај 1936 година во Дебар, во присуство на учителствата од девет околии, од централна и источна Македонија.[91] За одржување на оваа конференција, Југословенското учителство здружение - Секција за Вардарска бановина се обратила со писмо бр. 824/36 до Јавната бановинска управа во Скопје за одобрение. Меѓутоа, овој барање било одбиено среде тоа што, во дневниот ред за оваа конференција било предвидено читање на реферати со "воинствена содржина", меѓу кои се наоѓал и рефератот на наставникот учител во Грабенската школа во Дебарско Драгослав Големовиќ, за кого Јавната управа на Вардарска бановина на тријата барања од Министерството за просвета, истиот "поради политички причини" да биде преместен

+/...

мнозор од тетитеријата на Вардарска бановина. На крајот, во овој документ на Кралската бановска управа се заклучува"дека сосема природно, важното нивно барање (се мисли на Југословенското учителско здружение - Дивизија за Вардарска бановина О.И.) не можело да биде усвоено и остварено во одржан."52)

Во крајот би заклучиле, дека одржувањето на међуокружните учителски конференции во Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни кое што се одвивало во временскиот интервал од средината на тридесетите години па наваму (до априлската војна) претставува нова форма на дејствување на учителството во Вардарска Македонија, во рамките на учителските стручни организации. Главни иницијатори за одржување на овие међуокружни учителски конференции во Вардарска Македонија, биле напредните учителски кадри, кои што во поголем број случаи успеале да остварат доминација на овие учителски собири, и да настапат како главни референти, опфаќајќи ги во своите реферати не само стручните барања, кои се однесувале на најактуелните учителски интереси, туку поставувале и правења во духот на народнофронтовската и антифашистичка платформа, што ја водеше К.Ј во свој напред особено по 1937 година, кога на чело на КПЈ дојде Јосип Броз Тито. Напредното учителство во Вардарска Македонија, овие одржани међуокружни учителски собири успеало да ги претвори во борбени трибини, ~~кои~~ за проширување со стручни настројките дел од југословенското учителство во Вардарска Македонија и со напредниот печат.

ГЛАВА ЧЕТВРТА

А. УЧЕСТВО НА НАПРЕДНИТЕ УЧИТЕЛИ ОД ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА ВО НАПРЕДНИОТ УЧИТЕЛСКИ ПЕЧАТ

1. Јописи во дневниот печат и во учителските и други списанија

Меѓу користените форми за делување на напредното учителство во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни преставува неговото учество со дописи во дневниот печат и во учителските и други списанија и весници, кои излегувале не сам во Вардарска Македонија , туку и во земјата.

Преку своите дописи вопечатот, напредните учители со служба во Вардарска Македонија придонесувале тогашната југословенска јавност да биде запозната со тешката положба на учителството во Вардарска Македонија, односно тогашната Вардарска бановина, разобличувајќи ја на тој начин пред јавноста денационализаторската политика на големосрпската буржоазија во Македонија.

Од содржината на учителскиот и другиот дневен и периодичен печат, меѓу двете светски војни, се гледа дека напредните учители во Вардарска Македонија раководени од КПЈ , како и оние кои биле под влијание на демократските идеи, се служеле со печатот за разобличување на денародната и експлоататорска политика на тогашните управувачи.

а) Јописи во весници и списанија кои излегувале меѓу двете светски војни во Вардарска Македонија

Денационализаторските стремежи на големосрпската буржоазија во Вардарска Македонија, во периодот меѓу двете светски војни, кои посебно доаѓале до израз на полето на просветата и кои биле една од главните причини да Вардарска Македонија во споредба со другите краишта на Југославија остане со најнеразвиен печат. 1) Меѓутоа, и

./...

и покрај вакаата политика на режимот, сепак во периодот меѓу двете светски војни во Вардарска Македонија повремено излегувале неколку весници и списанија, кои што со исклучок само на неколкумина биле воглавно гласила на политичките партии или на установи кои целосно биле во функција на режимот. Во некои од нив, кои биле демократски ориентирани како соработници со свои прилози се јавуваат и напредните учители.

Така на пример, напредните учители и учителите комунисти во Вардарска Македонија, имајќи ги првите гласила за објавување на своите дописи, започнале да го користат весникот "Социјалистичка Зора" што од 1.02.1920 година започна да излегува во Скопје, [2] како орган на Обласното партиско раководство на Социјалистичката работничка партија на Југославија (комунисти) за територијата на Македонија и стара Србија. [3]

Весникот "Социјалистичка Зора", напредните учители и учителите комунисти во Вардарска Македонија, го претвориле во борбена трибина, за ширење на комунистичките идеи меѓу учителството.

Во прилог на вакаата констатација, зборуваат и статиите на учителите - комунисти објавени на страниците на овој весник, чија што содржина преставува прилог кон објаснувањето пред широката јавност на програмата на КПЈ, во легалниот период од нејзиното делување (1919 - 1920 година). Така, во периодот кога се вршеле последните подготовки за обединување на работничкото движење во Југословенските земји и кога комунистите ширум Југославија вршеа агитација за формирање на комунистички партиски организации, како и за учество на првите избори во Уставотворното СНС, таква агитација вршеа и учителите комунисти во Вардарска Македонија, што се гледа и од дописот под наслов "До учителите комунисти" објавен во "Социјалистичка Зора" број 24 од 14.04.1920 година, потпишан со псевдонимот "Учител - комунист" каде меѓу другото пишува:

"Ние без лавумење мораме и ведниш да станиме во редовите на пролетерите, во Комунистичката партија. И таму не смееме да

-/...

бидеме инертни, прости посматрачи и исправувајќи на желби и симпатии, но бестрашни борци, ние мораме да ги прибатиме комунистичките организации во градовите и селата и да вложиме многу труд. потребата е голема. Може да има и жртви, но тие нас не смеат да не поколебаат. Тие мораат да ни дадат импулс за нови борби. само со ваква работа на нашата комунистичка партија можеме да и дадеме комунистичка содржина. Напред другари![4]

Авторот на написот "До учителите - комунисти" во својот повик до учителите, за истите да влегуваат во редовите на Комунистичката партија, укажува покрај другото и на класниот карактер на образованието и воспитувањето во буржоаското општество и за положбата на учителот во тоа општество, за што пишува: "Народната школа и народното воспитание, се долока постои буржоаското општество, ќе имаат класен буржоаски карактер и учителот секогаш ќе биде последна грижа на сиромашто од овој свет. слободна школа и школа на трудот во буржоаското општество се пусто зборови."[5]

Еден од напредните учители и социјалистички активисти од турската народност во Македонија Керим Бајрам, бил уредник на турското издание на "Социјалистичка Зора".[6] Тој со својата неуморна социјалистичка дејност, дал голем придонес , за пропагирањето на напредните идеи меѓу учителството од турската народност, како и меѓу сета турска народност во Македонија,[7] и за нивно прифаќање на линија на КПЈ.

Уплашена од големите успеси на КПЈ, што истата ги постигна на општинските и парламентарните избори во 1920 година , буржоазијата се одлучува да и западне одлучен удар како на КПЈ така и на целокупната југословенско работничко движење преку "Обзнаната" што била донесена пред 20 и 30 декември 1920 година.[8]

Буржоаскиот терор со посебна острина се манифестирал на територијата на Вардарска Македонија, каде што дошло скоро до целосен слом на партиските организации на КПЈ, и каде што најостро

./...

било забрането манифестирање на слободоумните односно прогресивни мисли. Неку другото најстрого бил цензуриран печатот. [9] Тоа било една од причините што наскоро по донесувањето на "обвиницата" престанал да излегува и "Социјалистичка Зора", гласила каде што другите сорабо-тувало и чии страници ги користеле за искажување на своите мисли и ставови, по многу општествени прашања и напредните учители и други интелектуалци од Вардарска Македонија.[10]

Во вакви општествени услови во Вардарска Македонија создадени со лажниот ~~иди~~ парламентаризам , немало никакви услови за излегување на некој прогресивен весник во кој би сорабо-тувале прогресивните сили во Вардарска Македонија, вклучувајќи ги и напредните учители. Туку со заслабнување на диктатурата (монархо-фашистичка) во 1935 и 1934 година биле создадени можности за издавање на учителската списанија "Учителски покрет" [11] кое го издавале напредните учители во Вардарска Македонија - припадници на "Третата учителска група" за што поопширно ќе стане збор). Набрзо , консолидацијата на Партијата ќе настанува во втората половина на четиресетите години , кога на чело на КПЈ доаѓа Јосип Броз Тито и кога настанува консолидација на КПЈ, кое посебно се осетило во Вардарска Македонија, каде во овој период со помош на Н.О. КПЈ била обновена работата на Покраинскиот комитет и до извесен степен настанала консолидација на Македонската партиска организација со што биле создадени погодни услови и за излегување на легален орган [12] на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија, каков што бил весникот Наша реч .

Со основањето на весникот "Наша реч", кој почнал да излегува во Скопје на 25.IV.1939 година, Југословенскиот дел на Македонија, односно Вардарска Македонија, се здоби со напредна трибина која ги изнесуваше социјалните и националните интереси и стремежи на македонскиот народ и народностите во Македонија. Всушност, весникот "Наша реч" бил организиран и раководен од тогашниот Покраински комитет за КПЈ за Македонија, а и самата редакција била наполно во рацете на

./...

комунистите и симпатизерите на партијата.[17] Весникот "Наша реч" бил исто така обилно користен и од страна на напредните учители во Вардарска Македонија, особено од учителите комунисти и симпатизери на КПЈ кои беа припадници на таканаречената "трета учителска група", кои биле нејзините најверодостојните соработници во весникот.

За нивниот придонес во "Наша реч", уредникот на весникот Ѓорѓи Алексиќ, во своите сеќавања меѓу другото пишува;

"Редакцијата на "Наша реч" во оваа група на напредни учители (се мисли на напредните учители С.П.) имаше активни соработници и блиски соработници на нив, весникот беше во положба навремено да пишува и за состојбата на македонското село и за тешките услови во кои живеат работните селани. Преку овие учители "Наша реч" е растурена и читана по македонските села во кои тие беа на служба. Тие пишуваа за состојбата на просветата на македонското село, за неписмените, за општествената состојба особено на селските деца и младината, како и за другите општествени проблеми на нашето село. Меѓу овие учители имаше доста членови на партијата, па тие во селата водеа како општествено-политички работници, и работеа на културно - просветното издигнување на селото и неговото население...

Оваа група на напредни учители многу придонесе да се остварат линијата и програмата на КПЈ на село".[14]

Меѓу, поголемиот број на прилози на напредните учители во "Наша реч", ќе ги спомнеме само следниве прилози на Јаше Зуковиќ - учител во скопското село Петровец, кој објавил повеќе прилози со општествено-социјална тематика.[15]

Во прилогот "Раса и морталитет" авторот се осврнува на здравствената состојба на децата во неколку села во скопска околија, нагласувајќи при тоа поразителни податоци за високата смртност на децата во оваа подрачје.

Во другиот прилог "Нашите деца во светлоста на општествената политика" (Наша деца у светлости општествене политике), авторот

./...

исто така пишува за положбата на децата, само овој пат оваа правење го разгледува на едно пошироко подрачје во Македонија, кое се протега на 15 општини во Македонија.

Во прилогот "Учителот пред се треба да биде социолог" (Учител пре свега треба бити социолог), дава драгоцени податоци за животот и состојбата на македонските селани, посебно за нивната здравствена состојба. Во овој прилог, авторот исто така се осврнува и на улогата и работата на учителот на село, односно за неговиот пристап кон обавувањето на положбата во македонското село, и за неговата должност да помогне за подобрување на условите за извршување на просветната задача на основните училишта на село. За ова, во овој прилог покрај другото пишува:

"За учителот е неопходно социолошко испитување и познавање на селот. Учителот пред се мора да биде социолог ."[16]

Јунајде Јукиќ, учител во село Козле, исто така објавил позаќе прилози во весникот "Наша реч", во кое пишува за тешката економска положба што владее во македонското село и безмилосната експлоатација на која се изложени земјоделските работници. Ваквата положба авторот сликовито ја прикажува во прилогот [17] "Три копачи) (Три ратаре) Поголем прилози на Јукиќ биле посветени, односно претставувале приказ на поодделни дела од напредни писатели, кои во тоа време се печателе во тогашна Југославија, како на пример делата на Максим Горки и други.

Александар Радуловиќ, учител во село Козле, отпечатил повеќе прилози во вид на репортажи со литературна вредност, кои се посветени на тешкиот живот на македонскиот селанец, во кои прилози често пати дијалогот е пренесен на македонски јазик. [18]

Други соработници од редовите на напредните учители во Вардарска Македонија, во весникот "Наша реч" биле: Теодор Ангеловски, учител во селото Чавато - Битолско, Сима Карамарковиќ, учител во селото на Скопска Црна Гора, Љубица Јаковиќ, учителка во селата на

./...

Скопска Црна Гора, Јанко Марјановиќ, учител во училиштето за дефектни деца во Скопје, Стјепан Марјановиќ, учител во село Матламово - Скопско Поле, Трајковиќ, учител во селата на Скопска Црна Гора, Тодор Јосифовски, учител во Кавадарско, Михајло Јовановиќ, учител во Скопје, Трајко Павловиќ, учител во селата на Скопска Црна Гора, Никола Минчев учител во селата во Мариовска околија, Јенко Зеравковски учител во селата на Преспанска околија, Илија Јанкулоски, учител во селото Јанката - Битолско, [18] Ѓуро Ѓуберинић, учител во селото Врезица, Тодор Трајковиќ, учител во селата на Скопска Црна Гора и други. [20]

Од страна на напредните учители во Вардарска Македонија бил коментиран и хумористичниот весник "Смешан дел". Меѓу повеќето прилози на напредните учители во овој весник, заслужува посебно внимание прилогот на Јенко Зеравковски "Мудрување на преспанските отци" во кој на еден алегоричен начин ги изнесува махинациите на непријателските елементи од преспанскиот крај во врска со народните интереси. [21]

Освен во споменатите весници и списанија што излегувале меѓу двете светски војни во Вардарска Македонија, напредните учители објавувале свои прилози и во весникот "Скопски гласник" чиј што уредник бил Вук Ивановиќ кој бил симпатизер и прогресивно настроен. Меѓу повеќето прилози во овој весник како најзначаен ќе го споменеме прилогот на Радо Вуковиќ "Раѓање и умирање на децата од Скопското блато" (Рађање и умирање деце Скопског блата), [22] кој е со социјална тематика, преку податоците односно прилозите што ги објавиле во весниците и списанијата во Вардарска Македонија, напредните учители успеале пред тогашната јавност да ги разоткријат и разобличат ропската положба и непријателската и грабачка политика на тогашните управувачи во Македонија. [23]

б) Прилози во весници и списанија кои излегувале во Кралството Југославија (надвор од Вардарска Македонија)

Користејќи ги создадените можности за објавување

прилози во печатот , преку кои ја жигосуваа ненародната и експлоататорската политика на тогашните режими спрема Македонија, напредните учители во Вардарска Македонија своите прилози ги објавуваа и во голем број учителски - стручни и други весници и списанија кои излегуваа надвор од Македонија, како на пример во : "Учителска искра , "Учителска стража", "Југословенски учителски глас", "Савремена школа" , "Учитељ", "Народна просвета", "Народни подмладок", "Слободна мисао" и други.

Меѓу правите учителски гласила кои излегувале надвор од Македонија, односно Вардарска бановина, а во кои како соработници се појавиваат со свои прилози напредните учители со служба во Македонија, било учителското списание за просветно - школски прашања "Учителска искра" , која во 1924 година започнала да излегува во Крагуевац. Ова списание, наскоро по излегувањето на првите броеви постанало борбена трибина на напредното учителство во Кралството СХС. Меѓу неговите соработници спаѓаат и голем број на напредни учители со служба во Македонија, кои преку своите бројни прилози на страниците на "Учителска искра" ја запознавале тогашната јавност со темните просветни односно општествени прилики во Македонија. На ова место ќе ги наведеме само поважните прилози на напредните учители од Македонија објавени во ова учителско списание:

- Јака, меѓу првите објавени прилози, спага прилогот на Љубрат В.Матиќ под наслов "Благослов рада и проклетство ропства". 24) Во овој прилог се укажува на големите социјални разлики што се карактеристични за буржоаското општество, а посебно се нагласува нивното влијание врз успехот на учениците со осврт на темните последици за децата на работниците и селаните, како припадници на социјално загрозената класа во ова општество. Подметнувањето на нашиот детски труд во буржоаското општество, многу негативно се одразува на младата генерација, не само по однос на успехот, туку и по однос на

./...

здравјето, [21]

Врз основа на тешките материјални услови на работничките и селанските деца, и експлоатацијата на детскиот наемен труд, а со цел и тие деца да можат на ги остват предностите што ги пружа училиштето, авторот на прилогот ги повикува учителите да обрнат посебно внимание во работата со овие ученици, со примена на посебни педагошки методски форми.[25]

- Во прилогот на Душица З.Петровиќ "Психологија на еден тип" (Психологија једног типа) [23] се опишува печовечкиот однос на школскиот надзорник во Гевгелија Велимир Јакшиќ. Преку опишувањето на нехуманите постапки на овој школски надзорник во Гевгелија, авторот на прилогот всушност ја прикажува положбата на школскиот систем во Вардарска бановина (а таков бил случајот и во останатите краишта на стара Југославија) кој е поставен во функција на владеачките режими, при што се кршат и основните норми на човечкото однесување.

- Во прилогот на Вера М.Петровиќ "На фронтот на сиротата" (На фронту сирота), [27] авторот пишува за теророт на качачките банди во Македонија, кои што го тероризирале не само народот, туку и учителите по селата. Во овој прилог, конкретно станува збор за нападот на вакитe банди на селата Рајчилце и Волковија. Самиот автор бил очевидец на качачкиот напад во селото Волковија извршен на 17.X.1924 година, кале и самиот бил на мушка.[21]

Во прилогот на Р.Пантелејевиќ "Учителството и народната просвета" (учителство и народна просвета) [29] авторот ја прикажува тешката материјална положба на школите во Вардарска Македонија, и за потребата на властите да тие истите снабдат со најнеопходни потреби, како на пример со помошни наставници, со огрев и други потреби. Така што често пати самите учители биле ангажирани и како одржувачи на хигиената, а во многу случаи, заедно со учениците, оделе во планините да сечат дрва за да го снабдат школото со огрев.

./...

- Во прилогот на Раде Петровиќ "Народното училиште во Јужна Србија" (Народна школа у Јужној Србији),[30] авторот уште еднаш ја слика тешката положба на школството во Јужарска Македонија, осврнувајќи се на прашањето на неадекватноста на школскиот простор, истакнувајќи го при тоа случајот со школото во село Волкомија, за кое меѓу другото пишува: "Ја ја земам за пример мојата Волкоѕска школа. Површината на нејзината училишна канцеларија 45,40 м2., а кубатурата 110 м3. Во неја се учат 72 ученици, што значи на секој ученик му припаѓа по 0,60 м2. простор или 1,52 м3. воздух. А што се однесува за школското двориште, нагласот за тоа е многу дека двориштето скоро и нема. Новата школа, површината на двориштето изнесува 75 м2 што значи да на секој ученик му припаѓа по 1 м2."[31]

- Учителот во село Гари - Дебарско, Драгослав Б. Кучалица на својот тежок учителски патот му поспатува една ода под наслов "Глас на патувачот во пустина" (Глас вапијућег у пустињи),[32] преку чија што содржина ги прикажува тешките школски прилики во Дебарско - Кичевскиот регион во 30-тите години, кои што се карактеризираат со терор на качачките банди, со недоволен број на учителски кадар, несоодветните школски згради, одговорите на напредното учителство кое што пружало отпор на донесувањето на "Обзнаната" и друго.[33]

- Во прилогот на Јованчовиќ "Народните училиштата во Дебарска околија" (Народне школе у дебарском срезу),[34] авторот кој бил учител во Дебарското село Осоница меѓу едниот се пријавуваат тешките просветни, а заедно со нив и економски прилики во Дебарскиот крај. Во свој прилог, авторот укажува и на прашањето за неопфатеноста на децата во основното задолжително образование, кое било многу актуелно во Дебарскиот крај, каде на 50 од децата доаѓани даучилиште не посетувал училиште, туку биле ангажирани во земјоделски работи, па дури како малолетници оделе на печалба со родителите.

./...

- Во прилогот на Бранимир М.Станковиќ "Насилство над учителите" (Насиље над учитељима),[35] авторот го прикажува прогонот и малтретирањето на напредните учители од страна на буржоаскиот режим. Поводи за прогони на напредното учителство имало многу. Доволно било само напредните учители да не припаѓало на политичката партија, која во моментот била на власт, и тогаш тие да бидат не само преместени "по потреба на службата", туку и физички малтретирани. Во овој прилог, конкретно станува збор на учителот во Кривопаланечкото село Петралинци Бранко Стаменковиќ, кој бил претепан од страна на претседателот на општината и пандурите во присуство на полициското началник. Поатаму во овој прилог, авторот кој бил учител во селото Оревци - Кривопаланечко, дава приказ на притисокот над учителите од страна на режимот за време на изборите.

Меѓу вредните прилози на напредное учителство во списанието "Учителска искра" би ги спомнале големиот број на прилози на Панило Милановиќ, меѓу кои пошо познати ќе ги издвоиме следните: "Учителот и политиката (учитељ и политика)[36] "Училишни надзорници - - партизани" (Школски надзорници - партизани)[37] "Две резолуции" (Две резолуције),[38] и други, во кои авторот се осврнува на потребата учителството да се бори за своите сталешки права, како и против неправилниот однос и нестручноста на школските инспектори, што придонесува уште повеќе да се влошат и онака лошите школски прилики во Вардарска бановина.

Кога во 1931 година во Белград започна да излегува учителскиот весник под име "Југословенски учителски глас- просветно сталешки лист", на неговите страници се појавија поголем број на прилози на напредни учители во Вардарска Македонија, во кои беа истакнувани различни проблеми од областа на просветата, сталешките учителски и други прашања. Како најзначајни прилози ќе гинстакнеме следните:

./...

- прилогот на Душан Т.Марковиќ "За што треба да се расправа на состаноците на околиските учителски друштва" (О чему треба расправљати на састанцима срески учитељских друштава),[39] укажува на потребата од организирано здружување на учителите во свои сталешки организации какви што се околиските учителски друштва, како основни клетки на Југословенската учителска организација, преку кои учителството најефикасно може да се бори за своите права.

- Во прилозите на Ј. Јуровиќ "Општото учителско собрание на Секцијата на Вардарска бановина" (Општа учитељска скупштина Секције за Вардарску бановину),[40] на Ј. Исаиловиќ "Работите да се постават на своето место" (Да се ствари поставе на своје место),[41] како и во прилозите: "Резолуции на Југословенското учителство од Вардарска бановина" (Резолуције југословенског учитељства Вардарске бановине),[42] "На Главниот одбор на Југословенското учителско здружение" (Главном одбору Југословенског учитељског удружења),[43] чии што потписници се Управата на Југословенската учителска организација - Секција на Вардарска бановина, стануваа збор за отпорот на учителството во Вардарска бановина против "Банарската управа" во Југословенската учителска организација на чело со Душан Јанић. Во наведените прилози, објавени се и многу значајни документи од борбата на учителството во Вардарска бановина за проширени сталешки права и демократизација во југословенската учителска организација, како на пример "Резолуцијата на Југословенското учителство во Вардарска бановина"[44] донесена на Општото собрание на Југословенската учителска организација - Секција за Вардарска бановина, одржано на 9 и 10 април 1933 година во Скопје, како и резолуциите на повеќе околиски учителски друштва во Вардарска Македонија, и тоа на: Скопје,[45] Куманово,[46] Охрид,[47] Тетово,[48] Неваларци,[49] Ресен,[50] и други.

Во редовната рубрика "Од учителските организации" на овој весник, редовно се објавуваат прилози од работата на околиските

./...

учителски здруженија во Македонија, преку кое може да се согледа активноста на овие учителски организации, а посебно работата на напредните учители во нив.

Кога во 1935 година, во Крагуевац започнала да излегува "Учителска стража - лист за просветно школска и културна питања" во кого соработувале демократско настроените учители, меѓу соработниците на овој весник ќе се најдат и повеќе напредни учители во Вардарска Македонија, како на пример: Михајло Јовановиќ, Вукајло Кукољ, Ђуро Губериниќ, Вељко Дугашевиќ, Милорад В. Матиќ, Тодор Ангеловски, Вогиќ Гукиќ и други.

- Меѓу најактивните соработници на "Учителска стража" од редовите на напредното учителство во Вардарска Македонија спаѓа Михајло Јовановиќ, кој објавил повеќе прилози, меѓу кои најважни се следните: "Тавор крај Вардар" (Тавор крај Вардара),[51] "Во Галата под Шара" (У Галату испод Шаре),[52] "Покрај Радика и Црни" (поред Радике и Црнима),[53] "Гари" (Гари),[54] и други. Во сите овие прилози ја слика тешката економска положба на македонското село и неграмата на буржоаскиот режим да се поправи ваквата положба, а која имала одраз и на просветните прилики на животните услови на учителите во македонските села.

- Вукајло Кукољ исто така е автор на повеќе прилози во "Учитељска стража", од кои ние ќе споменеме само две најзначајни, и тоа: "Кои сме и што сакаме" (Ко смо и шта хоћемо),[55] и "Потреба од ширење на педагошките книги во народот" (Потреба ширења педагошких књига у народ),[56]

Првиот прилог е посветен на сталешките прашања на Југословенската учителска организација, а додека вториот прилог се однесува на ширењето на педагошката култура меѓу народот.

- Ђуро Губериниќ, кој е еден од уредниците на "Учителска стража" [55] на нејзините страници се јавува со голем број прилози од кои најважни ќе ги споменеме: "Лајање на месецот" (Лајање

./...

на месец),[58] и "Главни етапи во развитокот на советското училиште" (Главне етапе развитка совјетске школе),[59] И во двата овие прилози авторот се осврнува на развитокот на школскиот систем во СССР во услови на социјалистичко општество.

Напредните учители во Вардарска Македонија, исто така соработувале и објавувале свои прилози и во органот во Министерството за просвета на Кралството Југославија "Народна просвета". Меѓу најплодните соработници во овој весник спаѓа Раде Вуковиќ, кој објавил повеќе прилози, во чија што содржина воглавно обработува социјална тематика, односно положбата на децата од социјално загрозените слоеви во едно буржоаско општество - работничките како и селаните. Меѓу најважните прилози на Раде Вуковиќ спаѓаат: "Циганските деца" (Циганска деца),[60] "Проблеми при заштита на децата" (Проблеми дечје заштите),[61] "Заштита на училишната младина" (Заштита школске младине) [62] и други.

И весникот "Народни појилацак" што излегуваше кон крајот на триесеттите години во Белград, имаше свои соработници меѓу напредните учители во Вардарска Македонија. Меѓу најзначајните прилози во Македонија во овој весник ќе ги споменеме прилозите на Раде Вуковиќ, и тоа: "Станбената положба на циганските деца" (Станбене прилике циганске деце)[63] и "Прехранување на циганските деца" (Исхрана циганске деце),[64] И во овие прилози, авторот обработува социјална тематика, за која погоре стана збор.

Со свои прилози напредните учители во Вардарска Македонија се јавуваа и во други учителски и други весници и списанија низ цела Југославија, како на пример во списанието "Слободна мисао" [65] што излегувало во Ниш и други.

Исто така напредните учители во Вардарска Македонија ги користеа и дневните весници за објавување на прилози кои излегувале надвор од Македонија, како на пример весникот "Политика". Во неговата рубрика "Из наше земље" , многу често објавувале свои прилози напред-

./...

ните учители Михајло Јовановиќ, Стефан Царевиќ, Тодор Ангеловски, Раде Вуковиќ и други , во кои ја изнесувало тешката положба на народните маси особено во македонското село, како и положбата на школите во Македонија.[66]

Покрај објавувањето на прилози во весници и списанија, некои напредни учители во Вардарска Македонија пишуваа и за книги, во кои пишувале за поедини состојби од тогашната македонска стварност. Меѓу најзначајните монографии на напредни учители во Вардарска Македонија, спаѓаат книгите на Михајло Јовановиќ "Помеѓу Шар Планина и Осогово"(Између Шар Планине и Осогова) и на Трагутин Марковиќ "Услови во кои работи народниот учител во Вардарска бановина"(Услови под којима ради народни учитељ у Вардарској бановини).

Од изнесените податоци се гледа дека најголемиот дел од напредните учители во Вардарска Македонија - соработници во весниците и списанија за кои претходно стана збор, не биле по потекло од Македонија(Вукајло Кукаљ, Раде Вуковиќ, Михајло Јовановиќ - Врала, Стефан Царевиќ, Миодраг В.Матиќ, Урош Губериниќ и други) туку од Србија Црна Гора, Хрватска и други југословенски краеви. Меѓутоа , тоа не им сметало на овие учители да заземаат правилен став во оценувањето на општествено - економската положба и социјалните прилики кој во она време биле присутни на македонскиот простор, и истите реално да ги прикажуваат во своите дописи, статии и книги, со една единствена цел - запознавање на јавноста со македонската стварност. Секако , дека вакви активности на напредните учители на ова поле, биле поттикнувани и усмерувани од страна на КПЈ. Во прилог на вакваа констатација, зборува и фактот, што до засилени активности на напредните учители на овој план доаѓа дури по 1931 година, односно во периодот кога заснаб нала буржоаската (монархофашистичката) диктатура, а во исто време постепено но сигурно доаѓа до консолидирање на КПЈ , и до дефинитивно дооформување на нејзиниот правилен став по однос на националното прашање во Југославија, вклучувајќи го и македонското национално прашање,

./...

што секако имало одјек и врз дејноста на напредните учители, особено на оние кои биле симпатизери или членови на КПЈ.

Понатаму во трудов ќе стане збор за единственото списание кое го издавале напредните учители во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни, а тоа е списанието "Учителски покрет".

2. Списанието "Учителски покрет" (1933 - 1934) - трибина на напредното учителство

Скоро за цело време, од формирањето на стара Југославија, од 1918 година па се до 1933 година, кога во Вардарска Македонија било покренато излегувањето на првото вистинско учителско списание меѓу напредното учителство во Вардарска Македонија,[67] се чувствувала потреба од постоење на едно учителско гласило, на чии што страници би се пишувало за сталешките учителски прашања, за педагошко-методските проблеми во наставата, како и за специфичните услови во кои живее и работи учителот во Вардарска Македонија. Ваквата потреба од излегување на учителско гласило во Вардарска Македонија уште повеќе се актуелизирала по укинувањето на постојануарската диктатура во 1931 година, за што како резултат на дојдното воведување дошло до влошување не само на просветните прилики во Вардарска Македнија, туку и на работните и животните услови на Учителството во Вардарска Македнија, и кои биле намалени нивните сталешки права. Шестојануарската диктатура посебно со својата острица се нафрлила на напредниот учителски печат , поради што голем број учителски гласила со напредна содржина, кои до тогаш претставувале еден вид трибини на напредната учителска мисла, како на пример "Учителска искра", во кои соработувале повеќе напредни учители во Вардарска Македнија,[68] Ваквата положба, придонела уште повеќе да се чувствува празнина, односно потреба од покренување на учителско гласило во Вардарска Македонија. Со самопрегорно

./...

залагање на напредното учителство во Вардарска Македонија, во почетокот на 1933 година, во Скопје, ќе дојде до излегувањето на учителското списание "Учителски покрет", и истото ќе излегува до средината на 1934 година, кога поради материјални тешкотии престанало да излегува не стигнувајќи за ова да извести ни своите читатели.[69]

а) Напредните учители во Вардарска Македонија основачи на списанието "Учителски покрет

Идејата за издавање на учителското списание "Учителски покрет", се родила кај група на напредни учители кои учителствувале во Скопје и неговата околина, некаде во почетокот на учебната 1932/1933 година. За оваа идеја во сеќавањата на напредниот учител и претседател во оваа време на Околиското учителско друштво во Скопје Лукан Т.Марковиќ, кој е и еден од идејните творци на списанието, пишува:

"Првите разговори за покренување на списанието, колку што се сеќавам, ги започнавме помеѓу стан во училиштето во Прачево Митар П.Митровиќ и јас. Се согласивме, дека на учителството во Македонија му е неопходно гласило, на чии што страници учителството би можело да говори за своите проблеми. Директен повод за овој разговор беше политичкиот прогрес, што тие денови беше извршен кај еден наш колега во Катлаиово. За оваа идеја, ние разговаравме уште и со неколку другари во Скопје и Скопска околија, па со овој предлог наскоро излеговме и пред Околиското учителско здружение."[70]

Мегутоа , на состаноците на Околиското учителско здружение за Скопска околија, одржани на 3 ноември [71] и во почетокот на декември 1932 година, предлогот на неколкуте напредни учители - - иницијатори за покренување на списанието "учителски покрет", истото да започне да излегува под патронатот, односно како издавач да се појави Скопското околиско учителско здружение, со што списанието

./...

би обезбедило и легалитет, бил одбиен. Против овој предлог гласале поголем дел од постарите учители во Скопска околија, кои што биле пререформски настроени. И вторпот обид на иницијаторите за покренување на списанието "Учителски покрет", истото да излегува под патронат, односно како издавач да биде Југословенското учителско здружение-Секција за Вардарска бановина, исто така пропадна".[72]

Паралелно со барањето издавач, иницијаторите за покренување на списанието, развиле и широка активност меѓу учителството и преку печатот, за запознавање на широката јавност со својата идеја за покренување на списанието.[73]

Почетните тешкотии околу покренувањето на списанието не ги обесхрабриле напредните учители - иницијатори, кои покренуваат нова акција. Тие испраќаат повици до најголем број напредни учители во Скопска околија како и до неколку свои колеги - сомишленици од други места на Вардарска Македонија, со апел истите да го помогнат финансиски и да бидат соработници на списанието како и негови основачи. На овој апел на покренувачите на Списанието се одзвале 13 напредни учители.[74]

Во првите денови на јануари 1933 година, групата напредни учители - иницијатори за покренување на Списанието се состанала во Скопје и го определиле називот на Списанието, и одлучила кои материјали ќе бидат печатени во првиот број. Покрај другото било одлучено на овој состанок, Списанието да носи назив "Учителски покрет", а првиот број на Списанието да излезе како двоброј за месеците јануари, февруари 1933 година. Конечно по сите извршени подготовки, првиот двоброј на Списанието се појавил во првите денови на февруари 1933 година, а уредници на Списанието потпишал Душан Т.Марковиќ.[75]

Излегувањето на првиот број на Списанието "Учителски покрет" наишло на добар прием во напредната учителска јавност во стара Југославија. Така "Југословенски учителски глас" пишува:

"Една симпатична група на млади учители од Вардарска

./...

бановина, најпосле ја оствари својата замисла: Списанието "Учителски покрет" се појави, богато со содржина, добро опремено и кое многу ветува... После првиот број на "Учителски покрет", се наоѓаме пред јасна ситуација: Скопје, како центар на кој треба безусловно да му се обрнува се поголемо внимание, беше долго време без учителско гласило. Со појавата на "Учителски покрет" оваа празнина е пополнета. "Учителски покрет" покажа дека во Вардарска бановина има многу учители кои се интелигентни и спремни организатори. А основачите на Списанието, заслужуваат на нив со гордост да се покаже. И не само тоа, туку тие го заслужуваат и она реалното и овој пат поважното: да бидат материјално поткрепени со прилози и претплата. Бидејќи тоа е единствен начин, основачите кои се истовремено и кредитори да истраја во својата работа и да Вардарска бановина не биде лишена од ова свое репрезентативно гласило."[76]

Списанието "Учителски покрет" било растурено од страна на напредните учители низ цела Вардарска Македонија и пошироко. Неговото излегување напрекинато траело до јуни 1934 година, и истото располагало со широк круг на соработници, кои што биле не само од редовите на напредните учители, туку и напредни професори и студенти на Скопскиот филозофски факултет, како и други напредни интелектуалци во Вардарска Македонија, како на пример: Драгутин М.Михаиловиќ, Михајло М.Јовановиќ, Вукајло Кукаљ, Душан Поповиќ, Илија Грбиќ, Милутин Тодоровиќ, Ђуро Губеринаќ, Јанко Марјановиќ, Д-р Душан Недељковиќ, Живојин Исаиловиќ, Вуко Пазиќенаќ, Радован Теодосиќ, Милорад Матиќ, Голуб Јакшевиќ, Милан Јакшевиќ, Павле Франковиќ, Петар Тодоровиќ, Светозар Чебељак, Стефан Миладиновиќ, Раде Вуковиќ, Д-р Благоје Марковиќ, Д-р Миленко Филиповиќ, Д-р Јован Хаџи - Васиљевиќ, Д-р Ѓорѓи Сланкаменац, Д-р Никола Поповиќ, Радован Зоговиќ, Јован Ристиќ и други.[77]

./...

б) Прашања за кои се осврнува на своите страници списанието "Учителски покрет"

Во текот на своето повеќегодишно постоење, списанието "Учителски покрет" на своите страници актуелизира повеќе прашања од областа на просветата, како на пример: педагошката теорија и практика, материјалната положба на учителството и неговите стручни проблеми, влијанието на социјалната положба на детето во Вардарска Македонија врз неговиот успех, односите меѓу родителите и училиштето, разни општествено - политички прашања актуелни во тоа време во Вардарска Македонија и пошироко, за научните достигнувања на педагошката наука во овој период, потоа рецензии и прикази на книги со напредна содржина, како на пример едициите од библиотеката "Будућност" и друго.

Исто така, вреден е да се спомне фактот, дека низ страниците на овие броеви на списанието провејува марксистичката мисла и народно фронтовска ориентација, односно горенаведените прашања се согледани и интерпретирани низ призмата на марксистичкото учење за развојот на општеството и класната борба, укажувајќи секојпат на историската потреба експлоатираната класа да се бори против експлоатацијата во буржоаското општество, алудирајќи притоа отворено дека такво општество е и Краљевото Југославија.

Прашањата за кои се осврнува на своите страници списанието , според проучувањата на еден од неговите уредници и соработници Радо Вуковиќ, можат да се групираат во седум групи,[78] и тоа:

1. Педагошка теорија и практика;
2. Школски прилики во Вардарска Македонија;
3. Материјалната, правната и моралната положба на учителството во Вардарска Македонија;
4. Положбата на детето во Вардарска Македонија;
5. Историјата на школството и педагогијата;

./...

6. Сталешките проблеми на учителството; и

7. Актуелни општествено - политички прашања во Вардарска Македонија и воопшто во Кралството Југославија.

Најголем дел од статиите објавени на страниците на Списанието спаѓаат во областа на педагошката теорија и практика. Според проблемите што ги обработуваат статиите од оваа област, тие можат да се групираат понатаму во четири дела, и тоа:

1. Класен карактер на педагогијата и школото;[79]

2. Прашањето за односот на школо со религијата.[80]

3. Влијанието на социјалниот момент во успехот на учениците,[81]

4. Учителското образование како предуслов за квалитетна настава.[82]

Списанието "Учителски покрет" низ статиите објавени по однос на педагошката теорија и практика недвосмислено го истакнува класниот карактер на педагогијата и школството, односно воспитанието и воспитанието во класните општества, давајќи со тоа прилог во разобличувањето на буржоаската школа и нејзината педагогија, односно постоечкиот систем во Кралството Југославија.

Осврнувајќи се на своите страници на школските прилики во Вардарска Македонија,[83] Списанието "Учителски покрет" реално ја претставува во јавноста тешката положба на школството во Македонија, во поглед на недостиг на училишни згради, зашто и оние што биле во употреба, биле стари и трошни најголем дел од нив биле изградени уште во времето на турското ропство, и условите за изведување на настава во нив не биле ништо подобри од затворските уколи како што изјавува еден учител на страниците на Списанието.[84]

Во прилог на веќната тешка положба на училишните згради, зборува и податокот, дека од 39 школски згради во Кочанската и Гевгелиската околија, само 9 биле во добра и исправна состојба, 4-5 школски

./...

згради биле во поднослива состојба, а подека сите останати биле вистинска беда и смешно било истите да го носат името школски згради.[85] Списанието "Учителски покрет" отворено го критикувало начинот на финансирањето на школите кое што според тогашние прописи било од Општинските одбори, кои што поради тешката општествено-економска ситуација не биле во состојба да ги обезбојат им најнеопходните буџетски средства, потребни за задоволување на основните потреби на школите, како на пример за школски намештај, наставни средства, така што имало полно случаи самите учители од своите и онака мизерни плати да одделуваат средства за купување на неопходниот канцелариски материјал.[86]

Доста голем простор на своите страници, Списанието "Учителски покрет" му посветува на материјалната, правната и моралната положба на учителството во Вардарска Македонија,[87] Посебно внимание "Учителски покрет" му посветува на правењето на преместувањата на учителите "по потреба на службата", за што било воглавно изложено напредното учителство во Вардарска Македонија. Овие "премистувања по потреба на службата" всушност претставувале еден атак врз прогресивните учители од страна на буржоаскиот режим, поради имплата "непослушност" кои што преместувања по најголем број на случаи биле вршени пред изборите . Така на пример, непосредно пред јајските избори во 1935 година во Кралството Југославија биле преместени 520 учители , од кои 58,2% отпаѓало на учителските преместувања во Македонија.[88]

Материјалната положба на учителите во Вардарска Македонија била најтешка во Југославија. Со учителската плата, која што кај учителите почетници се движела од 950 до 1200 динари, во тешките општествени односно животни услови во Македонија, "по својата положба учителот личел на обичен јадник и вистинскимаченик", пишува во своите страници "Учителски покрет".[89]

./...

Посебно "била тешка и незавидна положбата на учителите-Македонци. На секој нивни чекор полиран му била пропушувана политичка боја и на тој начин бил оневозможуван секаков облик на легална борба против насилието кое што било спроведувано и преку школите."[90]

Повеќе статии во "Учителски покрет" се посветени на прикажување тешката положба на детето во Вардарска Македонија,[91] во услови на ропската положба создадена со безумната експлоатација и национална обесправеност на македонскиот народ од страна на големосрпската буржоазија. Својот прилог кон прикажување на тешката положба на детето во Македонија, напредните учители - автори на статиите во "Учителски покрет" посветени на ова прашање го користат за разобличување на експлоататорската суштина на буржоаското општество и на ненародните режими во стара Југославија, истакнувајќи "дека детското прашање е пред се социјално на дури потоа педагошко прашање,"[92] за на крајот да дојдат до заклучокот дека "Гладните деца се неспособни за наставен воспитување."[93] Исто така, на страниците на "Учителски покрет" посветени на ова прашање, понатаму се даваат податоци за искористеноста на детскиот наемен труд од страна на буржоазијата во Македонија.[94]

Неколку статии во "Учителски покрет" се посветени на проучувањето на историјата на школството и педагогијата.[95]

Излегувањето на списанието "Учителски покрет" било овозможено благодарение на материјалните доброволни вложувања на учителите - осниватели, кои што во почетокот вложиле по 400 динари (тоа биле 30-40% од нивните месечни примања) како почетен капитал за да се овозможи печатењето. На авторите на статиите објавени во весникот не им бил исплаќан хонорар.[96] Меѓутоа, во втората година од излегувањето на Списанието (1934) финансиските проблеми се намножиле. Истите година (1934) бил направен обид , да излегувањето на Списанието полнадне под покровителство , односно истото да стане

./...

орган на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина. Видејќи на годишното собрание на Секцијата кое било одржано во почетокот на јули 1934 година, не била донесена таква одлука, Списанието престанало да излегува со двобројот 5-6 за 1934 година.[97]

Периодот во кој што излегувало списанието "Учителски покрет" 1933/1934 година, во историјата на Југословенското учителско здружение познат е како период на "Комесарска управа", кога на чело на Југословенската учителска организација биле доведени луѓе кои не биле избрани од учителството, туку било присилно наметнати од страна на власта, и кои што својата функција во учителската организација ја имале сведено во улога на полициски агенти, кои што својата положба во Учителската организација ја користеле за денонцирање на честото и борбено учителство пред режимските власти. Периодот на "Комесарската управа" кога на чело на Југословенската учителска организација се наоѓа Дањан Рашиќ, според заклучокот на напредниот учител во Вардарска Македонија и еден од уредниците на "Учителски покрет" Ѓаро Куколиќ "претставува најмрачен период во историјата на југословенското учителство меѓу двете светски војни.[98]

Доаѓањето на "Комесарската управа" на чело на Југословенското учителско здружение, било повод да се појават кастоки полемики меѓу неа од една и борбеното и напредното југолсовенско учителство од друга страна. Напредното учителство од Македонија во тоа борба против "комесарската управа" за зачувување на своите стателешки права одиграло пионерска улога. Напредните учители од Македонија , викани "Вардарци" биле главни покренувачи и први носители на борбата на напредното југословенско учителство. Вакаата улога, што напредните учители "Вардарци" од Македонија ја одиграле во борбата против "комесарската управа" на Југословенското учителско здружение, во која тие настапувале преку својата организација - Секцијата на Југословенското учителско здружение за Вардарска бановина, борејќи се за своите стателешки права и за подобрување на својата многу тешка положба и воопшто на целото

./...

учителство во тогашното југословенско општество, нашло место и на страниците на списанието "Учителски покрет",[99] известувајќи ја на тој начин тогашната Југословенска јавност за настаните во Југословенската учителска организација, а во кои подоцнежно се зборува во вториот дел на трудов.

Како списание, кое се декларирало како демократско, народнофронтовско и антифашистичко оријентирано, "Учителски покрет" не можел да остане на страна а да не ги искаже на своите страници ставовите по однос на актуелните општествено - политички прашања во периодот на своето излегување , како на подрачјето на Македонија така и пошироко на целото подрачје на тогашна Југославија.[100] Со своите прилози, по однос на поедини тогашни актуелни општествено-политички прашања "Учителски покрет" дава голем придонес во расчистувањето на ненаучните гледиштата на буржоаските идеологии по однос на повеќе прашања, како на пример: за положбата на жената во општеството, потоа во разоткривањето на вистинското лице на фашистичката идеологија на третиот Рајх, како и за други прашања актуелни во 40-тите години на нашиот век.

И околу десетина подготвени списанија колку што во триесетите години излегувало во стара Југославија, "Учителски покрет" било едно од ретките списанија кое што во разгледувањето односно актуелизирањето како на учителските така и на останатите прашања од тогашната општествена (југословенска) стварност, им пријдувало од социјалдемократски и марксистички позиции, повикувајќи се при тоа често така на Маркс и Енгелс, и пишувајќи за прашања и личности, за кои останатите списанија не се осудувало на пишување.[101]

Како заклучок за местото и улогата на списанието "Учителски покрет" во историјата на појавата на напредното учителство могу двете советски војни, ќе се послужиме со зборовите изнесени во една монографијата на легалното гласило на Покрајинскиот комитет на КПЈ за Македонија "Наша реч", каде меѓу другото пишува: "Кога говори-

/

но за списанијата во Македонија меѓу двете светски војни, посебно внимание треба да му се обрне на списанието "Учителски покрет" како "Педагошко - социјално списание", кое го издаваше група на напредни учители, подоцна најактивни во работата на третата група напредни учители, во која активно работеа многу членови на Партијата на СКОЈ..! 102).

Од претходно изнесеното во ова заглавие на трудов, се гледа, дека напредното учителство во Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни а особено по 1931 година , кога заслабнала буржоаската диктатура и дошло до извесно консолидирање на Партиската организација на КПЈ развило широки активности преку дневниот печат а нарочито преку педагошките и други стручни учителски списанија, во запознавањето на тогашната југословенска општествена јавност со положбата во Вардарска Македонија , како училишните прилики така и социјално - економската положба на широките народни маси - посебно на оние од селото. На ова поле, напредните учители воВардарска Македонија, придувало не само на страниците на весниците и списанијата кои излегувале на територијата на Вардарска Македонија ("Социјалистичка Зора", "Наше реч", "Општествен јек", "Скопски гласник" и други), туку и во весници и списанија кои излегувале надвор од Вардарска Македонија односно на територијата на Југославија ("Учителска искра", "Југословенски учителски глас", "Учитељска стража" , "Народна просвета", "Народни подмладок", "Учителски покрет", "Слободна мисао", "Политика" и други) и на тој начин многу успешно известувајќи и и пошироката југолсовенска јавност со приликите во Македонија, и нудејќи во големи број на случаи и решенија за санирање на таквата положба.

Преку своите написи и статии во погоре споменатите весници и списанија, напредните учители во Вардарска Македонија дале виден придонес , и во актуелизирањето на низа стручни прашања од поширок интерес на учителството , како и за организирањето и работата

./...

на Југословенското учителскоздружение. Јакните активности на напредното учителство во Вардарска Македонија, биле резулат и на неговата идејно - политичка изграденост и современост, кои што посебно дошле до израз во годините пред априлската војна.

Б. БИБЛИОТЕКАТА "БУДУЌНОСТ", ЈЕДНОГОДИШНО ИЗДАНИЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО НАПРЕДНО УЧИТЕЛСТВО И ЈАЗИЧНОТО ПРАШАЊЕ ВО НЕЈЗИНОТО УЧИТЕЛСТВО ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА

Библиотеката "Будуќност" започнал да ја излаза напредниот учител "Милош Б.Јанковиќ" [103] во 1933 година, во кое време бил учител во село Кобиља, оддалечено 25 километри од Петровец на Млави.[104]

За нејзината специфичност, усмереност и напредно влијание меѓу учителството, нејзиниот основач и уредник Милош Б.Јанковиќ во своите сеќавања нагласува:

"По зафатеноста на крајот во кој што е покренато нејзиното излегување, по спроведувањето на нејзиниот уредник и издавач, по времето кога започнала да се печати, по траењето на нејзиното излегување, по бројот на книгите кои што ги издала, по својата социјалистичка и марксистичка и ленинистичка усмереност, по големото влијание кое што таа го врши во учениците на учителските школи, на младите учители и воопшто на просветните работници не само во Србија, туку и во цела Југославија, библиотеката "Будуќност" е единствена марксистичка педагошка библиотека, не само кај нас, туку и во светот."[105]

Меѓу првите соработници на библиотеката "Будуќност" од нејзиното покренување, биле најистакнатите учители - социјалисти во тогашна Србија, кој што покасно биле комунистички кандидати на првите избори во 1920 година, како Петар Јаснић, Милан Григоријевиќ, Ратко Јовиќ, Никола Ковачевиќ и други.[106]

Која подоцна по своето работење, започнала да и

./...

обрнува големо внимание на библиотеката "Будућност" , не само во периодот до "Обзнаната", односно нејзината забрана, туку и после кога КПЈ преминала во илегалност. Тогаш најголемиот број на нејзини соработници и повереници - дистрибутери на нејзините изданија биле напредните учители членови и симпатизери на КПЈ, кои што не само книгите од библиотеката "Будућност" ги користеле за своето личномарксистичко и педагошко издигнување, туку овие книги ги ширеле и пласирале меѓу народните маси. Правењата што ги обработувале овие книги, биле чести теми на состаноците на Околиските учителски здруженија или биле читани во читалиштата што ги отварале напредните учители во своите места на учиеслствување.

Издавачкиот план на библиотеката "Будућност" е доста широк и зафаќа повеќе области од општествениот живот. Самиот нејзин автор, односно издавач Милош Б.Јанковиќ, издавачката дејност на библиотеката "Будућност" ја резимира со следните зборови:

"Библиотеката најпрво ги поставувала педагошките барања на Втората интернационала во областа на школските реформа, а после (нејзината издавачка дејност - С.П.) беше марш на педагошките и општествено - политичките становишта на КПЈ. Педагошките мисли на библиотеката "Будућност" се движеа по линиjата на развитокот на марксистичката педагогија во светот и општествено - политичките идеи во земјата. Библиотеката ја шрела педагошката идеја на работничката класа и со движење во рамките и правците на педагошките идеи и струи на најнапредните општествени движења, бидејќи се појасно се гледаше дека работничката класа е единствен борец за демократско народно воспитување и социјалистичка школска реформа."[107]

Од содржината на издавачката дејност на библиотеката "Будућност" ќе ги наведеме повеќите книги по области:

- Библиотеката издала неколку свески од областа на световноста на наставата, каде било третирано прашањето за одвојување

./...

на училиштата од црквата, и тоа:"Училиште без господ" (Школа без бога) "Против христијанските заблуди во народното училиште", (Против хришћанских заблуда у народној школи), Зошто бараме световност во наставата" (Зашто тражимо световност наставе),"Кој бара световност во наставата"(Ко тражи световност наставе),"Религија и училиште " (Религија и школа),"Реформа за укинување на религиозната настава" (Реформа за укидање религијске наставе), "Против клерикализмот" (Против клерикализма) и други.[108]

- За цело време од своето излегување, библиотеката "Будућност" ги запознавала своите читатели со учењето на Карл Маркс и Владимир Илич Ленин дека работата во школата, односно теориската настава треба да биде споена со производството и дека само тесната врска на школското образование со производниот труд може да се измени класниот карактер на школскиот систем. Во врска со ова прашање библиотеката "Будућност" ги објавила следните списи: "Рачната работа како основа за хармонично образование и воспитување" (Ручни рад као подлога хармонског образовања и васпитања), од Р.Сајпел, "Училиштето на иднината - училиште на трудот" (Школа будућности - школа рада) исто така од Р.Сајпел, "Единствено работно училиште" (Јединствена радна школа) од Босер, "Училиште на трудот" (Школа рада) од Милош Б.Јанковиќ и други списи.

- Библиотеката "Будућност" прва кај нас објавила повеќе книги за прашањето, како треба родителите да ги воспитуваат своите деца во социјалистички дух, меѓу кои најзначајни се: "Мајката како воспитувачка - прилози за пролетерското домашно воспитување" (Мајка као васпитачица - прилози пролетерским домаћем васпитању) од Хануш Шулц, "Воспитување на малите деца"(Васпитање мале деце) од Вера Штаји, "Ги разбираат ли родителите секојпат своите деца" (Разумеју ли родитељи увек своју децу) од Аркин и други.[109]

Особено голем придонес во дистрибуирањето на изданијата

./...

на библиотеката "Будућност" во разните краишта на Југославија, вклучувајќи е тука и територијата на Вардарска Македонија, имаат напредните учители "Буковци" - како што ги викале учителите - членови на културно - издавачката учителска задруга "Вук Караџиќ",[110] кои што за време на разните свои собири , како "педагошки недели " и друго, се снабдувале со изданијата на библиотеката "Будућност" и потоа ги растурале по врќавјето во своите места каде биле со учителската служба. Меѓу нив , голем е бројот на напредните учители "Буковци" во Вардарска Македонија, меѓи кои спагало: Јуро Губерињиќ, Вукајло Кукаљ, Здравко Шестиќ, Лодо Ангелоски, Марко Зрењанин-Учо и други.[111] Овие напредни учители во Вардарска Македонија , не се јавуваат само во улога на листибутори, туку и во улога на соработници на библиотеката "Будућност". Во сеќавањата на напредните учители многу често се среќава податокот, кој зборува дека напредните - учителите во Вардарска Македонија е користеле секоја прилика кога ќе патувале во Белград, покрај другото да се снабдат со најновите е полезни свески на библиотеката "Будућност".[112] Исто така, напредните учители, "Буковци" изданијата на библиотеката "Будућност" ги обработуваше и за време на летувањата на напредните учители , во учителските колонии во Ивањица, Косјерић и Сијеринска бања.

Токму поради своите напредни содржини изданијата на библиотеката "Будућност" биле многу присутни во Вардарска Македонија како составен дел на приватните и јавните библиотеки на напредните учители, потоа школските и читалишните библиотеки во местата на учителствувањето на напредните учители во Вардарска Македонија, како и во библиотеките на некои Околиски учителски здруженија во кои мнозинството учители биле припадници на напредното учителско движење,[119] како на пример во Бродското, Радовишкото, Скопското и други Околиски учителски здруженија во Вардарска Македонија. Како многу популарна литература меѓу напредното учителство во Вардарска Македонија,

./...

изданијата на библиотеката "Будућност" биле составен дел на подвижната библиотека "Рукзак", и каде била пренесувана до местата каде учителствувале напредните учители во Вардарска Македонија.[114]

Водејќи од тактот, дека содржинските изданијата на Библиотеката "Будућност" за цело време од нивното излегување, му остан-але верни на учењето на Маркс, Енгелс и Ленин, односно по своите заземени ставови и искажани гледишта биле на страната на работничката класа ги раскринкувале стремежите на империјализмот, и ги популаризирале современите текови на педагошката наука и практика,[110] со што со својата присутност меѓу напредното учителство како во Вардарска Македонија така и пошироко во цела Југославија , дале непроценлив придонес во ширењето на марксистичката мисла и поглед на свет меѓу учителството. Резултатите од вакво благородно делување на Библиотеката "Будућност" меѓу учителството, посебно биле видливи во Вардарска Македонија.

В. КУЛТУРНО - ПРОСВЕТНАТА УЛОГА НА ЗАДРУГАТА "ВУК КАРАЏИЌ" СО ОСВРТ НА ПРОСВЕТАРСКА ДЕЈНОСТ МЕЃУ НАПРЕДНОТО УЧИТЕЛСТВО ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА

1. Формирање и цел на Културно - просветната учителска задруга "Вук Караџиќ"

Учителското културно - просветно движење "Вук Караџиќ" се појавува во еден значен период во историјата на нашите народи. Тоа е периодот кога на чело на КПЈ доаѓа ново партиско раководство на чело со Јосип Броз Тито, кое што презема мерки за зацврстување на партијата, преку чистење на партијата од сите колеблливи и фракциони-рачки елементи, формирање на нови партиски организации низ Југославија, заземање на јасен став по само по однос на националното туку

./...

другите значајни прашања, од животот на југословенските народи и народности. Во ова време следејќи ги одлуките на VII конгрес на Коминтерната, КПЈ пристапува кон формирање на Народниот фронт, со цел да ги обедини околу себе сите демократски сили во Југославија, и да ги истите и усмери во борба за национално и социјално ослободување, како и да ги припреми за успешна одбрана од фашистичката опасност, која се повеќе ја загрозува Европа и се приближува до нашите граници.

Во услови на ваква засилена и широка револуционерна активност на КПЈ, понастрана од границите на револуционерниот дострел на партијата не можело да остане ни југословенското учителско здружение.

Токму поради вакви создадени општествени и револуционерни услови, кон крајот на 1937 година, се пристапи кон формирање на еден вид Учителско културно - просветно движење, кое ако, поради тоа што настана во времето кога се прославуваше јубилејот "Стогодишнината од раѓањето на Вук Караџиќ" го доби и неговото име. Меѓу тоа, и покрај полетот на работничкото и антифашистичкото движење во втората половина на четириесеттите години во Југославија, со кое раководеше партијата, условите беа такви што не овозможуваа приликите во стара Југославија кои што народи стекнаа под непарадните режими, вакво напредно учителско движење повнаку да се легализира освен под името "Задруга".[115]

Културно - просветните учителски задруги, како форма на политичко дејствување на југословенското напредно учителство, биле користени и пред 1937 година, со цел да овозможуваат на напредното движење меѓу учителските редови. Ама, и пред 1937 година веќе биле формирани културно - просветни учителски задруги во Загреб и Љубљана, кои успешно дејствале меѓу напредното учителство на подрачјата на Хрватска и Словенија.

Културно - просветните учителски задруги исто така се

./...

покажале како добра борба и за потврдување на [illegible] меѓу напредното учителство, што особено ќе дојде до израз во работата на Културно-просветната учителска задруга "Вук Караџиќ".

Години наназад, во [illegible], на иницијатива на повеќето напредни учители, членови и симпатизери на КПЈ од Србија, Македонија, Црна Гора и Војводина, во почетокот на јануари 1937 година, во Белград е формирана Културно - просветна учителска задруга "Вук Караџиќ".[116]

Иницијативниот одбор за формирање на Задругата го сочинувала група од 17 учители и професори, меѓу кои биле и трајца учители што учителствувале во Вардарска Македонија: Јуре Губерински, Трајкуб Мургашиќ и Тихомир Ристиќ.[117]

Иницијативниот одбор го подготвил и свикал основачкото собрание, кое било одржано на 7 јануари 1937 година , во Белград, во зградата на Основното училиште на улица Чегинска .[118] На ова основачко собрание присуствувал и потпретседателот на Југословенското учителско здружение Тодор Димитријевиќ и околу педесет напредни учители, главно од Србија, Војводина и Македонија.[119]

На ова основачко собрание била избрана и управа на Задругата, со која раководел Управен одбор од 7 членови. За претседател на Управниот одбор, односно на Културно - просветната задруга "Вук Караџиќ" бил избран напредниот учител Милисав Мијушковиќ.[120] Исто така, на ова Основачко собрание бил донесен и Правилникот на Културно - просветната задруга "Вук Караџиќ", формулиран во следниве точки, кои истовремено претставуваат и основни задачи на оваа Задруга:

1. За издавање и пропаганда списанија, стручно - педагошка и друга литература;

2. За изработување наставни нагледни помагала и учебници за осовременување на наставата во училиштата;

./...

3. Да основа читалишта, книжарници, подвижни библиотеки и да го помага стручното и културното издигнување на своите членови;и

4. Да организира предавања, курсеви, екскурзии, феријални колонии, планинарско - туристички секции, музички и фото секции, како и други секции од интерес на своите членови.[121]

Од поставените задачи во правилникот може да се извлече заклучокот дека основната цел на културно - просветната учителска задруга "Вук Караџиќ" била "создавање на можности за легално општествено и политичко дејствување во редовите на учителството и во сталешките учителски и други нивни организации, како и надвор од нив меѓу народот."[122] И не само тоа, туку културно - просветната учителска задруга "Вук Караџиќ" требало да стане и една одлегалните форми за дејствување на КПЈ меѓу напредното југословенско учителство, а преку него и меѓу широките народни маси. Преку напредните учители симпатизери и членови на партијата и воопшто и членови на културно - просветната учителска задруга "Вук Караџиќ", КПЈ започна поуспешно да продира во селото, меѓу народот.

За улогата на учителите - комунисти, како на КПЈ, во борбата и дејствувањето на културно - просветната задруга "Вук Караџиќ" еден од напредните учители комунисти и меѓу првите нејзини членови и издавач на библиотеката "Културност" Милош Б.Јанковиќ, пишува:

"Откако бројот на нашите учители - комунисти прилично нарасна, тие во Декември 1937 година, формираа Учителска културно-просветна задруга "Вук Караџиќ", задругата е основана за да живеат една легална организација преку која би можело колку толку несметано да работаат и да би можеле околу нея да ги приберат напредните учители задругата "Вук Караџиќ" одигра значајна улога во собирањето, повраувањето и политичкото активирање на младото напредно учителство. Во Учителската културно - просветна задруга "Вук Караџиќ" влегуваа скоро сите напредни учители од Србија, Македонија и Војводина, претставу-

./...

вајќи ја есушноста дејноста на напредно учителство"[123]

Пеќа до формирањето на Учителската културно - просветна задруга "Вук Караџиќ" дошло по иницијатива на КПЈ, свеќочат и сеќавањата на напредната учителка Анѓа Шапкоски, во кои меѓу другото пишува "Пеќа во склоп на масовувањето на напредното учителство, КПЈ покрај другото издава и директиви за формирање на културно - просветните задруги "Вук Караџиќ" ."[124]

Буржоаскиот режим на Стара Југославија не бил рамнодушен кон дејноста на напредното учителство од Србија, Македонија и Војводина за формирање на "Културно - просветна задруга "Вук Караџиќ". Таквиот став на буржоаскиот режим покрај другото се манифестира при одолговлекувањето на регистрирањето на задругата "Вук Караџиќ", чие што регистрирање е извршено скоро пет години после одржувањето на Основачкото собрание, односно на 7 април 1938 година, како член на Сојузот на набавувачките задруги на државните службеници.

На 4 јануари 1937 година Учителската културно - просветна задруга го одржала првото свое годишно собрание во Белград, во присуство на преку 70 членови на задругата и тоа воглавно напредни учители од Србија, Македонија и Војводина. На ова прво Годишно собрание задругата добила и ново званично име. Пеќа, таа дотогаш се викала "Културно - просветна задруга "Вук Караџиќ", а оттогаш добила нов званичен назив и се викала "Културно - издавачка задруга Вук Караџиќ",[125] кое име го задржала до крајот на своето постоење, односно до Априлската војна и пропаста на Стара Југославија во Април 1941 година.

2. Формирање на "Културно - издавачката учителска задруга "Вук Караџиќ" и учеството на напредните учители во Јужна Македонија

Паралелно со своето формирање, Културно - издавачката задруга "Вук Караџиќ" ќе развие интензивна и широка дејност, која

што ќе се манифестира низ повеќе форми на делување, како: издавачка дејност, дописничка соработка со голем број како учителски - сталешки така и во други весници, организирање на заеднички летувања на членовите на Задругата и на нејзините симпатизери, организирање на педагошки недели за време на зимските школски одмори.[125] одржување на марксистички илегални курсеви, организирање на учителски конференции на кои се читале реферати и разменувале педагошки искуства,[127] раширување на весникот "Учителска страна" и на изданијата на библиотеката "Будућност", како и на други учителски весници и списанија.[128] Добар дел од овие активности Културно - издавачката задруга "Вук Караџиќ" ги остварувала и на територијата на Вардарска Македонија.

Целта, која што се сакала да се постигне преку овие форми на делување на Културно - издавачната дејност "Вук Караџиќ" најдобро е илустрирана преку следниве зборови од сеќавањата на еден од нејзините членови, во кои пишува:

"Сакавме, преку предавањата и курсевите, со непосредниот допир за време на екскурзиите и летувањата да опфатиме што повеќе учители, да создадеме меѓу нив една нова атмосфера на интимно другарство, да се издигнуваме да станеме нови луѓе. Сакавме да создадеме културен учител, учител кој штоќе може да се снајде во тогашниот сплет на економски, општествено - политички и училишно-просветни прашања, кој ќе биде во состојба да ги протолкува. Сакавме да постигнеме уште повеќе: во тогашната општествена динамика, во тогашните остри политички борби учителот да се снајде и да го земе своето вистинско место: во првите редови на борците за поголема и посреќна иднина на нашите народи - како што тогаш зборувавме, да постане и политички и културно - просветен работник меѓу народот, да постане учител - борец, учител-комунист. "[129].

Освен издавачката дејност [130] сите останати други форми на делување на оваа Задруга, биле проширени и на територијата

./...

на Вардарска Македонија, во кои, во помал или поголем број зеле учество и напредните учители во Вардарска Македонија,[131]

а) Организирање групни летувања на напредните учители

Една од првите и најзначајни форми на активност на Културно - издавачката задруга "Вук Караџиќ", преставувало организирање групни летувања (детски колонии) кај напредните учители - членови на Задругата (Куковци). Вакните летувања биле организирани во текот на летниот месеци во живописни планински краеви, покрај реките и езерата, а летувалиште биле сместувани во училишните згради или покрај нив каде што учителствувал некој од напредните учители - членови на Задругата и каде што биле поволни условите за сместување и исхрана. Во овие летувалишни учителски колонии, членовите на Културно - издавачката задруга "Вук Караџиќ" развивале под влијанието, помошта и директивите на КПЈ широка, не само културна и стручно-педагошка активност, туку и револуционерно - илеолошко - политичко изградување преку учествување на партиски курсеви, читање на марксистичка и друга напредна литература, на партиски материјали и илегални партиски весници, и други активности што ги преземале напредните учители - Куковци за време на летувањето, како средби со населението преку организирање на приредби за населението во местото на летувањето и друго.

Преку вакната форма на активност Културно - издавачката учителска задруга "Вук Караџиќ" многу се придонесувало за меѓусебното запознавање на напредните учители, за развивање меѓу нив на топло и искрено другарство, без разлика на нивната национална припадност, за формирање меѓу нив на она толку потребно и многу корисно чувство кај човекот дека не е сам, туку дека зад него стои група, колектив , движење.[132]

./...

Во текот на своето постоење, Културно - издавачката учителска задруга "Вук Караџиќ" организирала три летувања за своите членови, и тоа: 1938 година во Ивањица, 1939 година во Асамати крај Преспанското езеро и во 1946 година во Смедеревска бања, близу до Лесковац.[133] Во сите три организирани летувања учествувале и напредни учители - членови на Културно - издавачката задруга "Вук Караџиќ" - Срби, Црногорци и Македонци кои учителствувале во Вардарска Македонија, при што пројавиле и забележителна активност.

1. Летување во Ивањица

Првото летување, организирано од страна Културно-издавачката учителска задруга "Вук Караџиќ" било изведено за време на летниот училишен распуст - крајот на јуни и во текот на јули 1938 година во Ивањица. На ова прво летување зеле учество околу 40 учители и учителки од Македонија, Србија, Војводина, Босна и Херцеговина и Црна Гора .[134] Летувалиште биле сместени во неколку дрвени бараки, покрај реката Моравица. Јука во летувалишната колонија, за време на едномесечниот престој бил организиран богат културно - просветен живот, а проучувањето на марксистичката литература заземала прво место.[135]

Посебен и најзначаен облик на работа на напредните учители - летувалци во Ивањица било организирањето на дискусии за општествената, правната и материјалната положба на учителството во стара Југославија, потоа, за актуелни прашања од марксизмот - ленинизмот, како и за низа неразрешени стручни прашања, кои тогаш го притискале учителството. Во текот на овие дискусии, биле изнесени актуелни моменти од животот и работата на напредните учители, како и за теророт што над нив бил вршен од страна на буржоаскиот режим, како на пример: за интернирањето на напредните учители за време на

./...

изборите во 1938 година, кога околу 30 учители од повеќе скопски општини на денот на одржувањето на изборите биле повикани и задржани цел ден во Скопје во канцеларијата на школскиот надзорник, потоа за насилното затворање на 35 учители, исто така во канцеларијата на школскиот надзорник на денот на прославувањето на кралскиот роденден. Исто така, бил читан и еден акт на скопскиот полициски началник , со кој се известувале жандармериските станици и општинските кметови (претседатели), да истите добро внимаваат со кого се дружат и разговараат напредните учители. Станало збор на овие дискусии и за полициската наредба на напредниот учител Ђуро Губеринић, со која на истиот му било забрането без знаење на жандармериската станица да го напушти селото. Исто така, станало збор и за забраната на учителите што учителствувале по селата да одат в град, за бедните учителски плати, за тешките услови на живот и работа на учителите на село, и друго.[136]

Голем дел од наведените активности на напредните учители летувалци во Ивањица ми припаѓа и на напредните учители од Македонија.

За време на овој едномесечен престој во Ивањица, напредните учители стапиле во контакт со повеќе членови на КПЈ од тој крај, како на пример со Петар Стамболиќ, Слободан Јеновиќ - Фрчун, Миле Ивковиќ и други. Така на пример, за време на изведувањето на излетот на планината Мучањ, кон групата учители - излетници се приклучил и Петар Стамболиќ, кој е искористил оваа средба да на групата напредни учители им даде упатства за нивното понатамошно делување в рамките на платформата на КПЈ .[137]

На крајот од своите сеќавања, за летувањето на напредните учители во Ивањица, Илија Јанкуловски заклучува: "Искуството од оваа Колонија придонесе другите две летувања да бидат уште подобро организирани и во нив да се развие уште поголема идејно - политичка работа."[138]

./...

2. Летување во Асамати

Второто летување за самите членови, Културно-издавачка та задруга "Вук Караџиќ" го организира летото 1939 година во селото Асамати, на брегот на Преспанското езеро. За тоа како дошло до избор на Асамати за летување на напредните учители - членови на Културно-издавачката задруга "Вук Караџиќ", пишува напредни учители и учесници на ова летување во своите сеќавања, објавени во книгата "Во една учителска генерација" пишуваат:

"Изборот на Асамати, изборот на Македонија, како место заната летување не беше случаен. Зад тоа, не играше некоја голема улога контролната убавина на Преспа, туку повеќе играа улога нашите длабоки симпатии спрема македонскиот народ, чувствувањето љубов спрема народот кој беше угнетен, кој немаше право на свое име, на својата култура, на својот јазик. Сакавме во неговата средина да го поминеме својот одмор, да го запознаеме подобро, а истотака и тој нас подобро наше запознае."[139]

На ова второ летување на напредните учителе, во организација на Културно - издавачката учителска задруга "Вук Караџиќ" биле присутни околу 60 учители од Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Македонија.[140]

Летувањето во селото Асамати било изведено во времето од 1 до 30 јули 1939 година.

На ова второ летување на напредните учители во Асамати, учество ќе земат и напредните учители од Вардарска Македонија, како на пример: Панко Здравковски, Илија Јанкуловски, Здравко Шестиќ, Рошо Ангеловски, Вукајло Кукаљ, Драгољуб Вуранишиќ, Коста Гукиќ, Јанче Јосифоски, Ђуро Губеринић, Мила Орданов-Бајалица, Спасоје Вукашиновиќ Михаило Петровиќ-Жингој и други.[141]

./...

Уште првиот ден од своето пристигнување во Асамати, учителите - задругари направиле програма за нивната работа во наредните 30 дена од нивниот летувалишен престој во Асамати, во која програма, покрај рекреативна дејност, била предвидена и богата културно-просветна и идеолошко - политичка работа, која што ќе биде реализирана во целост, и се состоела од следните форми:

- Од книгите, кои ги понеле напредните учители - летувалици со себе, била формирана летувалишна библиотека, која содржела не само книги на напредни писатели, туку и марксистичка и друга забранета литература, потоа книшки од библиотеката "Будућност", учителското списание "Учителска страна" и многу други, како на пример: "Педагошка поема", и "Знамиња на кулите" (Застава на кулама)од Макаренко, "Мајка" од Горки, "Како се калене челиќот" од Островорски, "Жена и социјализам" од Бебел, "На запад ништо ново" од Ремарк, потоа следната Марксистичка литература: "Чекор напред, два чекори назад" и "Теорија на аграрното прашање" од Ленин, "Анти Дюринг" и "Потекло на семејството" од Енгелс, "Основи на Ленинизмот" од Сталин и други.[142] Во библиотеката имаше и еден примерок на Историјата на СКП (б) на руски јазик, која дел по дел била преведена од страна на напредната учителка Брана Аксентијевиќ.[143]

- Како друга форма на работа, на напредните учители-задругари за време на летувањето во Асамати, била формирањето и работата на читачките групи,кои што ги имало повеќе и секоја од нив се занимавала со читање, проучување и разработка на литература и прашања од различни области, како на пример: обработување на марксистичка литература, потоа читање литература и дискусии од областа на педагогијата, психологијата и методиката, како и на книги со напредна литература, како и поединни статии од учителските весници и списанија. Бројот на читачките групи како и нивната големина зависела од интересот на поединци за определена материја.[144] Со посебно внимание

./...

една од тие читачки групи е разработувала Историјата на СКЈ (6) - - глава по глава.[145]

- Како трета и најплодна форма за идејно - политичко и стручно - педагошко издигнување и покренување за решавање на разни прашања од областа на сталешката борба, биле вечерните состаноци на кои се воделе богати дискусии по однос на наведените прашања, по доцна во ноќта. За ваквата форма на работа на учителите во летувалишната колонија во Асамати, во сеќавањата објавени во книгата "О бедној учитељској генерацији" пишува:

"Најплодни и најкорисни ни беа вечерните состаноци. По завршената вечера, после пропетките, одбојаната или играните пред "патерот", се собиравме во "салата" - обичен школски ходник и започнувавме дискусија за разни прашања и задачи кои што не очекуваа. По длабоко во ноќта расправавме за различни проблеми: школски, просветни и политички.

Ретко кога имаше однапред припремени реферати. По некој пат, некој од другарите ќе рекне само неколку уводни зборови или ќе прочиташе поглавје од некоја книга или пак статија од некое списание и веднаш ќе потече жива и отворена дискусија."

Најбурни беа дискусиите за работата и задачите на учителите, за учителската организација, за Третата учителска група,[146] за нејзиниот став према поедини актуелни проблеми и за нејзините идни задачи. Тука се изградуваше нашата свест, за што поголемо залагање во самото училиште, за што поактивна работа во самиот народ, за формите на нашата културно - просветна и општествена работа. Тука се прочистуваа нашите сфаќања за местото и улогата на Учителската организација, за групите и струењата во неа, за струењата во нашата сопствена Трета група. Сите дискусии беа наши работни договори за тоа како ќе го преземе Школското учителско здружение, кои се нашите должности на баловинските и на главните учителски собранија,

./...

како што повеќе да дојдеме до израз во сталешката (учителската) штампа, што подобро да се припремиме за следната педагошка недела".[147]

На овие состаноци исто така се дискутираше и за положбата на школското дете во тогашниот школско - просветен систем за организирање на училишни кујни и ученички задруги, за економската положба на широките народни маси, како и за патиштата на неговото културно издигнување.[148]

- Како четврта форма на делување на напредните учители - задругари - летувалци, било воспоставувањето на контакти и соработка со Студенската колонија во Охрид, со преспанските рибари и воопшто со населението од овој крај.

Како резултат на воспоставените контакти на напредните учители со напредните студенти од Студенската колонија во Охрид, меѓу кои биле Кузман Јосифоски -Питу, Кирче Ацев, Страшо Пинџур, Лејан Алексиќ и други, напредните учители-задругари-летувалци во втората половина на Јули 1939 година и направиле двонеделна посета на Студенската колонија. Тука, воСтуденската колонија во Охрид, напредните учители не само од Македонија, туку и од цела Југославија, стапиле во контакти и подолги разговори со македонските напредни студенти-комунисти и нивните водачи на востанието во Македонија против фашистичките окупатори, како Кузман Јосифоски - Питу, Кирче Ацев, Страшо Пинџур и други. Во чест на напредните учители - Буковци, напредните студенти приредиле богата културно - забавна програма, која имала и политичка содржина.[149]

Во текот на едномесечниот престој во Асамати напредните учители, меѓу кои главен иницијатор бил напредниот учител-комунист Гуро Губеринић, стапиле во конатакт и со повеќе преспански рибари, со кои често пати учествувале во лов и воделе долги разговори за експлоататорскиот режим настара Југославија, за формите на отпор и организирање на работничката класа, влијаејќи на тој начин вр

./...

нивното класно освестување. Разговори на слични теми биле изведувани и со селани од околните места, кои биле чести гости во летувалиштето нудејќи прехранбени артикли.[150]

За цело време од едномесечниот престој во Асамати , напредните учители биле постојано под присмотра на власта и жандармите биле чести "гости" во летувалиштето, така што материјалите и забранетите книги, како Историјата на СК (б) и други, често пати морале да бидат сокривани и надвор одлетувалиштето, за да не паднат во рацете на полицијата.[151]

Летувањето, односно заедничкиот престој на учителите - Вуковци во Асамати било од голема полза за помладите учители - членови на Културно - просветната учителска задруга "Вук Караџиќ" кои не присуствувале во Ивањица и немале дотогаш пошироки контакти со напредното учителство, односно со Третата учителска група. Овде, за време на едномесечниот престој воАсамати, низ разни форми на идеолошко - политичко и стручно - педагошкото образование, учителите се вооружале со нови знаења за борбата и целите на напредното учителство, кои што ги применувале по враќањето во своите места на учителствување. [152]

Најголема заслуга за успешното организирање за летувањето на напредните учители во Асамати, имаат нивните идејни и политички приврзеници - колеги од Вардарска Македонија за што во сеќавањата на Илија Јанкуловски пишува:

"Голема е заслугата на напредните учители од Македнија за организирањето на Втората учителска колонија, која беше организирана во с.Асаматы- преспанско, посебно на другарот Ленко Здравковски (во тоа време беше учител во село Грнчари - Преспанско) и на учителите Теодор Ангеловски и Илија Јанкуловски (и двајцата тогаш учители во село Гавато - Битолско). Во соработка со уште неколи учители, организатори на Првата учителска колонија во Ивањица, тие придонесоа оваа да биде подобро организирано и да им даде на просветните работ-

./...

ници - учесници во нея, како подобар поим, така и поорганизирана и поинтензивна идејно - политичка и стручна работа."[155]

Едномесечниот (летувалишен) собир на напредните учители во Асамати, бил од големо значење како форма за ширење на идеите на КПЈ и за придобивање на нови членови односно проширувањето на редовите на напредното учителство, како и за идејно и стручно доформирање на неговите членови.

3. Летување и учество на партиски курс во Сијеринска бања

Под непосредно раководство на КПЈ, а под покровителство на Културно - издавачката учителска задруга "Вук Караџиќ", во летото 1940 година било организирано третото летување на напредните учители - Вуковци во Сијеринската бања, во близина на Лесковац. На ова трето летување биле присутни вкупно 71 учители од Србија, Македонија, Босна и Херцеговина и Црна Гора.[154] Меѓу нив имало и поголем број присутни учители од Вардарска Македонија, како Македонци, така и Срби и Црногорци, кои учителствувале во Македонија, како: Алексије Јевтовиќ, Димитрије Бајалица, Драгица Јевтовиќ, Михајло Ѓоровиќ, Славко Недељковиќ, Михаило Петровиќ - Мингеј, Илија Јанкулоски, Ѓорги Иваноски, Благоја Кондарко, Вујајло Вукаљ, Здравко Шестиќ, Ђуро Губеринић, Петар Здравковски и други.[155]

Иако ова трето летување на напредните учители во Сијеринска бања било организирано непосредно под раководство на КПЈ, зборува и фактот што околу непосредните припреми за организирањето на ова летување, покрај функционерите на Културно - издавачката учителска задруга "Вук Караџиќ", биле ангажирани и истакнати комунисти и партиски раководители, какви што биле Марко Зрењанин, Светозар Вукмановиќ-Темпо, Моша Марковиќ и други.[156] Исто така, летувалишната колонија во Сијеринска бања била посетена и од истакнатиот комунист

./...

и партиски раководител Веселин Наслева.[157]

Уште од првиот ден на пристигнувањето учителите - Вуковци во летувалишната колонија во Сијеринска бања, била направена и усвоена Програма за работа, при чија што реализација летувалците биле ангажирани преку цел ден - од 9,00 часот наутре до 22,00 часот навечер. Како една од главните задачи Програмата за работа предвидувала одржување на партиски курс под раководство на Светозар Вукмановиќ - Темпо, покрај партискиот курс биле предвидени и други форми на активности, како на пример: учење на странски јазици (руски) , видни весници, спорт и рекреација (гимнастички вежби, одбојка, капење во потокот во близина на Колонијата) заеднички конференции и друго.

Уште од првиот ден од престојот во летувалишната учителска колонија во Сијеринска бања присутните увиделе дека ова летување по својата програма заработка, ќе се реализира од првите две - во Иванјица и Асамати.

Организирањето на партискиот курс меѓу напредните учители во Учителската колонија во Сијеринска бања е уште еден сведоштво колкаво големо внимание му обрнуваше КПЈ на напредното учителско движење. Исто така, успешното одржување на партискиот курс во Сијеринска бања докажува и колку била присутна идеологијата на КПЈ меѓу напредното учителство во стара Југославија.

Како што е познатото погоре, организирањето на Партискиот курс била приоритетна задача на летувалците во Сијеринска бања.

Партискиот курс под непосредно раководство на Светозар Вукмановиќ - - Темпо бил организиран и започнал со работа уште вториот ден од пристигнувањето на членовите на летувалишната колонија. Во курсот биле опфатени скоро сите летувалци, кои биле членови или симпатизери на КПЈ, освен неколкумина. Слушателите на курсот биле поделени во групи од по 6 до 7 другари, и на чело на секоја група стоел раково-

./...

дител. На курсот, по групи, биле обработени следните материјали: "Краток курс Историја СКП (б)", со која што раководството на курсот располагало во 16 примероци, потоа "Економските статии од 1905 година", усмени реферати на Светозар Вукмановиќ - Темпо за практичната работа на комунистите на село, рефератот на Бранко Ранкиќ "Учител и Вардутар" поднесен на првата педагошка недела во 1939 година и уште некои реферати објавени во "Учителска стража" во броевите од 1940 година, 158)

Работата на курсот, што се одвивала по групи, лично ја надгледувал Светозар Вукмановиќ - Темпо, и помагал со совети за поефикасно совладување на материјалот, затоа еден од слушателите на курсот Љубомир Стојановиќ, во своите сеќавања пишува:

"Секој кружок имаше по една книга "Краток курс на историјата на СКП (б)". Секој слушател на курсот мораше добро да ги научи обработените глави на Историјата на СКП (б). Светозар Вукмановиќ секој ден со раководството на курсот ги обработуваше одредените глави од Историјата. Потоа ги посетуваше кружоците и не испитуваше за прајдениот материјал".159)

Овој партиски курс во Сијеринска бања траел триесет и пет дена. На него биле успешно обработени прилично партиски материјали, меѓу кои најголемиот дел од времето на траењето на курсот бил посветен на изучувањето на Историјата на СКП (б).160)

Иако работата на партискиот курс била прилично напорна, на одржаниот состанок на партиската ќелија, составена од учители-комунисти присутни во Учителската колонија во Сијеринска бања, било оценето дека истиот бил успешен.161)

Како втора по важност форма на дејствување на напредните учители во летувалиштето учителска колонија во Сијеринска бања биле конференциите на кои што присуствувале сите летувалци. На нив се водела жива дискусија за повеќе актуелни прашања од тогашниот општествен живот на стара Југославија, како на пример: распојувањето на селото

./...

и тешката положба на сопаните безземјаци; за животот и работата на учителите на село; за формите на проникнување на Партијата меѓу селските маси; за националното прашање, меѓународната ситуација за религијата и друго.[162]

На една од овие конференции, одржана при крајот на партискиот курс, Светозар Вукмановиќ - Темпо, како искусен комунист, ги подучувал напредните учители - комунисти, кандидати за членови на Партијата и нејзини симпатизери како треба да се истите држат пред класниот непријател, особено пред полицијата, укажувајќи притоа и на храброто држење на Георги Димитров на лајпцишкиот процес.[163]

Преку сите горе наведени форми на активности на напредните учители - членови на Културно - издавачката учителска задруга "Вук Караџиќ", биле постигнати високи резултати на полето на ширењето на идеологијата, платформата и програмите на КПЈ, на полето на ширењето на братството и единството меѓу сите југословенски народи, на полето на ширењето (понатамошното ширење) на идеите и збогатување на револуционерната трибина на ослободителната борба на Југословенското напредно учителство и друго.

На крајот од едномесечната работа и престој во Сиџе́ринска бања, учителите - членови на Културно - издавачката задруга "Вук Караџиќ" донесле и една резолуција, која ја испратиле до Акционот одбор на државните и самоуправните службеници[164] (при која асоцијација била и регистрирана Културно - издавачката задруга "Вук Караџиќ") во Белград, преку која се барало подобрување на животните услови и општествениот третман на учителството во стара Југославија.

б) Учителски недели

Покрај учителските летни колонии, Културно - издавачката задруга "Вук Караџиќ", како форма за идеолошко - политичко и стручно

педагошко издигнување на своите членови, организирала и "Педагошки недели". Оваа форма на активност, задругата ја организирала за време на летниот училишен распуст и биле одржувани во Белград. Во периодот од 1939 година, кога била организирана првата педагошка недела, па се до априлската војна 1941 година, било организирани три "педагошки недели" кои што биле масовно посетени од напредното учителство од Србија, Македонија, Босна и Херцеговина и од други краеви од нашата земја. "Педагошките недели", како што истакнува учителот - припадник на "Третата учителска група и неуморен борец за учителски права Драгутин Л.Грекић, претставувале" единствена прилика да се види духовната формација на **нашата** младото и напредно учителство ангажирано околу заедничка работа, од сите краеви на Југославија."[166]

Овие групни односно заеднички летувања на напредните учители, во организација на Културно - издавачката учителска задруга "Вук Караџић" заземаат истакнато место во активностите на напредното учителство во Југославија, во периодот меѓу двете светски војни. Овие летувања односно летни учителски колонии, многу допринеле за развиток на колективната свест меѓу напредното учителство. Тие биле исполнети со богата содржина, која не била само културно рекреативна (плажа, песни, ноќни огнови, спортски активности), туку и стручно - педагошка (преку размена на искуства меѓу учителите од нивната настан на практика, и што е многу значајно, на овие летни колонии било користено и за идеолошко - политичко образование на напредното учителство, преку разработување на марксистичка и друга напредна литература. Од посебно значење за учителите - летувалци било партиските курсеви, кружоци, и други форми на работа, на кои биле разработувани односно проучувани партиски материјали, преку кои напредните учители се запознавале со програмата на КПЈ, за посебно на овој план голем успех бил постигнат на партискиот курс во Смедеревска бања. Само кратко време по неговото одржување сите негови слушатели станале

./...

и членови на КПЈ и СКОЈ учествувале како борци и раководители во Народноослободителната војна и Народната револуција.[165]

1. Прва педагошка недела.

Првата педагошка недела била одржана за време на зимскиот училишен распуст 1936 година во Белград, во времето од 2 до 5 јануари. Одзивот на напредните учители - Вуковци бил поголем од очекувањето на раководството на организаторот на овој значаен собир на напредното учителство - Радичиќ - издавачката учителска задруга "Вук Караџиќ". На оваа прва "педагошка недела" присуствувале околу 250 учители од разни краишта на нашата земја,[167] чиј што престој во Белград бил на нивни сопствен трошок.

Според сеќавањата на учесниците и современиците на овој стручно - педагошки собир на напредното учителство зеле учество и поголем број на напредни учители во Вардарска Македонија, така, за ова прашање во сеќавањата на Илија Јанкилоски пишува:

Напредното учителство во Македонија, беше застапено со голем број свои претставници и на оваа борба за идеолошко-политичко издигање. Тие не можеа да ги спречат ни далечините, ни тешките материјални прилики во кои се наоѓаа поголемиот дел да земат учество на овие големички собири, каде што младите учители, и не само-тие стекнуваа нови знаења и се збогуваа со поголемо искуство за успешна работа, како во училиштето со своите ученици, така и меѓу народот."[168]

Некои од напредните учители во Вардарска Македонија се појавуваат на првата педагошка недела во улога на референтни, и со своите трудови многу ќе придонесат во збогатување на програмските содржини на оваа манифестација. Такви е примерот со Рапе Вуковиќ, во тоа време учител во село Петровец - Скопско,[169] кој потпишува

./...

реферат на тема "Детето денес и патиште за решавање на неговата тешка положба,"[170]

Иако според првобитните замисли се предвидувало оваа "педагошка недела" да трае полоно, односно недела дена, сепак тоа не пресметало во текот на нејзината четиридневна работа да биде успешно реализирана една богата програма, со учество не само на напредните учители, туку и на познати и напредни професори на Белградскиот универзитет, како Ѓ-р М.Ѓурић и Ѓ-р Драмисав Стефановић.[171]

Главно прашање за кое се расправало во работата на првата педагошка недела било детето, а посебно школското дете. Така да и најголем дел од поднесените реферати се однесувале на проблемите што го тиштеле школското дете во време на стара Југославија. Иако некои педагози дваесеттиот век го имале проглесено за "век на детето" [172] вистинската положба на малиот труд на градскиот пролеторијат и селската сиромаштија била многу тешка. Ова била и главната причина организаторите на првата педагошка недела посебно внимание да посветат на школското дете и школската младина. Во прилог на ова прашање биле посветени и рефератите на: Ѓ-р М.Ѓурић, "Испитување на односите на социјалната положба на децата и напредокот на учењето", и Милисав Живковић "Детето во рамките на селската стварност денеска". Исто така, на ова прашање бил посветен и горецитираниот реферат на напредниот учител од Јужарска Македонија Раде Јовановић.[173] За овој реферат Драгутин Ѓурић во своите сеќавања ја запишал следната критика: "Авторот на рефератот е на висина на поставената задача. Неговите констатации за правата положба на децата се поразни и точни, убедливи и болни. Ласкавите мислења на гласовитите педагози, утописти, лажните сонувачи за децата - ангели , кои безбрижно го преведуваат својот живот, ги демантира суровата стварност на животот, Неѓутева , предавањето не остава впечаток на потпуност, дезинтересираност и дезигнираност. Напротив, дискусијата која по ова прашање се водеше беше не само интересна, туку и

/

предизвикана со доза на оптимизам и вера во човекот, кој е во состојба да го совлада сите тешкотии и да го победи злото, само е потребно тој да се исправи и јасно работите да ги види."[174]

На овој собир, присутните со големо внимание го прослушале и излагањето на професорот Љ. Љубислав Стефановиќ, на тема "За интелигенцијата."[175] Стекнатото сознание од оваа предавање било од голема корист за учителите, при остварувањето на интелигенцијата на децата во нивното секојдневна наставна - педагошка практика.

На првата педагошка недела станало збор и за други прашања, како на пример положбата на учителките во училишно-просветниот систем на стара Југославија. На оваа тема биле поднесени два реферати од напредните учителки Загорка Драгошиќ на тема "Активирање на учителките во културната борба" и на Анѓа Јелиќевиќ, кој имал сол наслов: "Учителките во сталешката борба вчера, денес, и утре."[176]

На крајот на првата педагошка недела, по сите поднесени реферати к покренати прашања, се водела богата дискусија, во која ете видно учество зеле и напредните учители во Вардарска Македонија.

2. Втора педагошка недела

Втората педагошка недела била одржана во времето од 15 до 21 декември 1940 година, исто така во Белград. И оваа втора педагошка недела била организирана од страна на Културно - педагошката учителска задруга "Ук Караџиќ" и оваа како и претходната била масовно посетена од страна на напредното учителство. За нејзината шестодневна работа учествувало околу 500 учители од сите крајните на нашата земја,[177] меѓу кои имало и повеќе присутни напредни учители во Вардарска Македонија.

./...

Главна тема, околу која преокупација која доминирала во работата на Втората педагошка недела, било задругарството и улогата и учеството на напредните учители во задружното движење, посебно на село. За важната определеност во работата на Втората педагошка недела, во сфаќањата на групата напредни учители и учесници во работата на оваа педагошка недела, објавени во книгата "Од једној учитељској генерацији", изјавуваат:

Втората педагошка недела започна со дискусии за задругарството, за неговите цели и проблеми. Во дискусијата беше сосема јасно укажано дека постојните услови, и тоа многу штетни и опасни, бе рушењата дека само со помош на задругарството и задружното движење може да се изврши темелно преродување на општеството. Покрај ова, беше дадена сосема јасна слика на положбата во задругарството тогаш, за различните влијанија на кои е изложено задружното движење, како и за местото и улогата на учителот во него и во задругата на село. Претворање на селските задруги во економски, а и културно - просветни и политички центри, во борбата против богаташите на село, во чии раце се наоѓале поголем број од задругите, борба против реакционерните елементи во задружното движење - беше најистакнат на целата дискусија и сре на незаминаните задачи.[170]

Меѓу младите учители учесници на Втората педагошка недела имало и такви кои пореткнувале секаква улога на задругарството, и во присуство на полициски агент отворено повикувале на насилно рушење на капиталистичкото општество во стара Југославија.[170]

Во текот на работата на Втората педагошка недела биле поднесени и повеќе реферати, и тоа: Мита Васта Грубешиќ, реферат со наслов "Општество и воспитување", Драна Анастасијевиќ на тема "За резултатите на нашата анкета за посетата, стапувањето и облекувањето на школското дете", Мила Суланов - Зајаллица на тема "За појата на село Младен Матиќ на тема "Биолошко - психолошки и социолошки причини за говорните пореметувања кај децата", Вера Илиевиќ на тема "За уредувањето на описменските подрачни- со основни елементи на гратба и

шилика.[190]

Меѓу референтите на Втората педагошка недела беше и напредниот учител во Вардарска Македонија Кузман Шапкарев, во тоа време учител во село Врзале, во близината на Кочанската бања,[190] кој што поднесе реферат под наслов "За детската литература". За содржината на неговиот реферат, напредните учители и учесници на оваа педагошка недела во своите сеќавања објавени во книгата "Од јадниот учителски генерации" нагласуваат:

"Кузман Шапкарев, учител и поет, опфати на широко, даде сажет преглед на развитокот на детската литература кај нас, истакнувајќи при тоа дека во нашата постојната литература никој не го достигнал Јаше и оттаму се наѓори на читавата низа на слаби детски писатели, нарочно на оние современите, кои што лажно ја претставуваат вистинската стварност на милиони деца.[191]

Втората педагошка недела оставила длабок впечаток на сите напредни учители кои учествувале во нејзината повеќедневна работа. Голем придонес во нејзините работи дале и напредните учители во Вардарска Македонија.

5. Трета педагошка недела

За време на зимскиот распуст одмор во учебната 1940/41 година, Културно - просветната задруга "Кук Караџиќ" го организираше одржувањето на Третата педагошка недела. И покрај големото невреме, како што кажуваат современиците, бидејќи во зимата 1940/41 година врнело голем снег во целата земја, што предизвикало лоши атмосферски прилики и на железничкиот сообраќај, на оваа педагошка недела присуството на учителите - Куковци било уште помасовно отколку на првите две педагошки недели, а меѓу присутните имало и голем број учители што биле на служба во Вардарска Македонија.

./...

Како резултат на дотогашните успеси на напредните учители во сталешката борба и во раскринкувањето на експлоататорската суштина на ненародните режими на стара Југославија и обидите на режимот да ја потчини Југословенската учителска организација, што посебно дојде до израз на Бањалучкиот учителски конгрес во 1939 година, полициските и другите режимски власти с ѝ го следеја секој чекор на напредното учителство и правеа сè повеќе мерки за оневозможување на неговата прогресивна и револуционерна дејност. Ова беше повод полицијата да го забрани одржувањето, на Шестата педагошка недела.[182]

Набрзо, и покрај полициската забрана, напредните учители, всушност, и оваа Шеста педагошка недела ја одржале во просториите на Учителскиот дом во Белград, на улица "Краља Милутина", број 50 каде што тие биле отсекнати. Тука, во Учителскиот дом, поделени во неколку групи, по спалните расправале за различни прашања од учителскиот живот и од борбата и работата на напредното учителство,[183] како на пример: работата и проблемите на Југословенското учителско здружение и на бановинските и околиските (срески) учителски здруженија, за задачите на напредните учители во сталешката, политичката и културно - просветната борба и друго.[184]

Исто така, на некои од овие состаноци на поедини групи, во кои било неголемо присуството на напредните учители - комунисти, биле обработувани и прашања од областа на партиско - политичката работа.[185]

Шестата педагошка недела бил последен собир на Југословенското напредно учителство од овој вид во периодот пред Втората светска војна.

Одржувањето на овие три педагошки недели претставуваат нови моменти во напредното југословенско учителско движење во периодот меѓу двете светски војни. Тие претставуваат збогатување на прогресивната и револуционерна борба на напредното учителство со

./...

ната една нова форма на делување. Заедничка оценка на значењето на педагошките недели во историјата на напредното учителство могу дваесет светски војни, член од најредните учители и учесник на овие учителски собири Илија Јанкуловски, заклучува:

"На наше педагошко наследство се поставуваше разни училишно - просветни - педагошки прашања. Тие се третираа на тој начин што придонесуваа за развивање на политичката свест кај младите и напредните учители и за проширување на нивното марксистичко образование."[166]

Учителското културно - просветно здружение "Вук Караџиќ" се појавува во еден значаен период од историјата на работничкото движење во Југославија. Тоа е 1937 година, кога во чело на КПЈ доаѓа Јосип Броз Тито, и кога започнува една нова пролетна етапа во историјата на КПЈ и нашето работничко револуционерно движење, која се карактеризира со понатамошно ѕ јакнење на револуционерните и прогресивните сили, како и со формирање на широк антифашистички народен фронт на југословенските народи и народности. Како резултат на вакавиот полет на југословенското работничко движење кое тие години настанува ново прегрупирање и диференцирање на прогресивните сили во тогашното југословенско општество настанува и создавањето на културно - просветната здружение "Вук Караџиќ", кое уште во текот на тридесетите години почнува да дејствува, ке развие богата прогресивна дејност, која се манифестира на разни полиња, и тоа: наставничкото, стручно - педагошкото, библиотекарско, рекреативно, стопанско - учителско, идеолошко - политичко образование на членовите врз основа на партиската платформа и програмата на КПЈ и друго. Ова Учителско културно - просветно здружение преку разните форми на активности (учителска колонија, педагошка недела и друго) ке одигра значајна улога во собирањето, поврзувањето и политичкото активирање како и просветувањето на членовите на напредното млado учителство. Најзначајната основна задача, за која тоа и било формирано од страна на КПЈ - организирање на напредното учителство тоа е

./...

исполнила во целост , давајќи со тоа непроценливи придонеси во историјата на напредното учителство и борбите во историјата на револуционерното движење во Југославија меѓу двете светски војни.

4. Работник на Изпълнителя, ангажиран по изпълнението на настоящия договор, е длъжен да спазва всички изисквания на Възложителя, свързани с изпълнението на договора, както и правилата за вътрешния трудов ред, пропускателния режим, охраната на труда и противопожарната безопасност.

ПРОГРАМИРАНЕ И ПРОГРАМНИ СИСТЕМИ

Работна програма за изпълнение на учебната дисциплина

Специалност: Информационни технологии

Професионално направление: 4.6. Информатика и компютърни науки

Образователно-квалификационна степен: Бакалавър

Форма на обучение: редовна

Учебна година: 2020/2021

Семестър: III

Брой часове общо: 60 часа

Лекции: 30 часа

Упражнения: 30 часа

Брой кредити: 4

Изготвил: гл. ас. д-р Мария Стоянова

Дата: 15.09.2020 г.

بتاريخ ١٤ يناير ١٩٥٥

حضرة صاحب السعادة المستشار القانوني لوزارة الخارجية المحترم

تحية طيبة وبعد،

أتشرف بإحاطة سعادتكم بأن الحكومة المصرية قد قررت تعيين السيد/ أحمد فؤاد الشريف سفيراً فوق العادة ومفوضاً لدى جلالة ملك المملكة العربية السعودية.

وأرجو التكرم بالعمل على إصدار مرسوم جمهوري بهذا التعيين.

وتفضلوا بقبول فائق الاحترام،

وزير الخارجية

ملاحظة: يرجى مراعاة أن هذا الكتاب سري للغاية.

- организирање на културно-забавни активности како: драмски и школски приредби, музички оркестри и друго;
- држење на предавања пред народните маси од различни области од општествениот живот, како на пример: актуелните политички прашања и светски настани, националното прашање и други;
- толкување на народот разни судски решенија и законски прописи;
- разни други активности на напредните учители, во прилог на културно-просветното издигнување и националното осознавање на народот во Вардарска Македонија ; [1)]

При тоа треба да се истакне, дека најголем дел од овие активности или најголеми успех во овие активности , напредните учители во Вардарска Македонија постигнале во втората деценија (1931 - 1941) од периодот меѓу двете светски војни, кога ослабнала диктатурата, нарочито од 1937 година наваму, кога зајакнала и КПЈ кога истата била во можност да ги организира односно насочува вакви активности на учителството.

На сите споменати полиња од работењето меѓу народот во Вардарска Македонија напредните учители постигнале големи резултати , благодарение на следните карактеристични квалитети во нивната работа според народот, и тоа:

1. Совесна и искрена педагошка, просветна и културна работа, а не режимска и каконерска работа во училиштето и меѓу народот;

2. Засакување и коректен однос према селото;

3. Злобивање со народната доверба . [2)]

Со својата работа меѓу народот, напредните учители толку многу се приближиле до народните маси, да како што се изразува учителката во село Горобинци - Овчеполско и во село Оки - - Полиополошко - Тетовско Драгица Јевтовиќ: "Учителот (С.П.се односува на напредното учителство) станување и мајка и татко и заштитник и советодавец и правник и другар и пријател и како

./...

врховен израз на почитувањето и признавањето, и кум на голем број на месни деца".[5]

Целокупната богата прогресивна дејност на напредното учителство во Бардарска Македонија меѓу народот, за која претходно стана збор, ќе ја групираме и поопшто ќе ја разгледуваме во неколку подзаглавија:

1. Организирање курсеви за описменување на населението и отворање на библиотеки и читалишта

Работата на полето на народното просветување, била една од важните компоненти од делувањето на напредното учителство меѓу народот. Оваа благородна активност меѓу народот, напредните учители ја извеduвале преку повеќе форми, кај што биле изведувани на српски јазик како: организирање на аналфабетски курсеви, формирање на народни библиотеки, читалишта, читачки групи, разни курсеви по домаќинство и друго.

Иако организирањето на аналфабетските курсеви, формирањето на библиотеките, читалиштата и другите облици (форми) на народното просветување, било изведено исклучиво со одобрение на властите, и нивното формирање следело не само по иницијатива на напредните учители туку во голем број на случаи и на иницијатива на властите, кои овие форми односно облици на народно просветување имале единствено за цел да ги искористат за денационализаторски цел - за ширење на српската писменост и книжевност меѓу народот во Македонија. Токму и заради тоа, изведувањето на овие облици бил дозволен исклучиво на српски јазик. За реализација на вакватa цел, целосно и со "душата и со телото" биле ангажирани учителите - "режимлии", додека со напредните учители на било така. Тие и покрај тоа, што како напредните учители Македонија така и оние што биле Срби , Црногорци овие форми на народно просветување

ги изведувале на српски јазик, нивната цел не била обавена денационализаторска, туку да му помогнат (" да му ги отворат очите") на народот да го подигнат неговото културно ниво , и не само тоа . Оние борци односно облици на народно просветување напредните учители ги користеле и како можности да се приближат до народот, нарочито до младината во кои средини и ги ширеле своите напредни идеи и делувале идејно - политички.

Како прва и најважна форма од работата на напредните учители на полето на народното просветување, биле анал фабетските курсеви за неписменото селско население, кое што во Вардарска Македонија било многубројно и изнесувало во поедини околии и до 90 %. [4]

На работата на напредните учители на полето на опи мекувањето на населението во Вардарска Македонија, властите не гледале со одобрување и воодушевеност, бидејќи основната цел на нивната политичка стратегија во Вардарска Македонија била што подолго и во што поголем број народот да го држат во мрак и незнаење, за да можат полесно национално и социјално да го угнетуваат.

Најилустративен пример кој зборува во прилог на ваквата констатација се зборовите на околискиот началник за Струмичка околија д-р Карчиќ, искажани пред Здравко Шестиќ при една негова посета на с.Лажани:

"Јас знам за секогаш треба да сватите: додека ќе бидат неписмени, дотогаш и ќе владееме со нив, кога ќе се описменат жтотово е со нашето владеење".[5] Спрема ваквиот став на непријателскиот режим, напредните учители, работејќи на ова поле, се судирале со голем број тешкотии. Над нив, од страна на властите дури и се вршел отворен притисок да се откажат од ваквата своја работа ("да се мане корава посла") [6] Така, по

./...

однос на ова прашање, учителката во Тетовското село Зајас Јелица Кетковиќ, осврнувајќи се во своите сеќавања на работата на напредните учители во Тетовска Околија и на односот на властите спрема вакните нивни активности, меѓу другото пишува: "Во неколку села се почнати со работа на описменување на неписмените. Меѓутоа, не сметаме ла формираме и да работиме со поголеми групи за описменување, бидејќи властите тоа тешко го одобруваа, зашто во сето тоа гледаа некаков антидржавен гест. Поради тоа, бевме принудени да формираме групи за описменување само од два-трѝца во едно село. Со неколку неписмени работевме дури и поединечно." [7] Исто така, од сеќавањата на учителката Јелица Кетковиќ, може да се види дека во Тетовскиот регион од страна на напредните учители само во текот на учебната 1939/40 и 1940/41 година биле формирани и работеле курсеви за описменување во повеќе села, како на пример: во селото Зајас, каде работеле учителките Јелица Кетковиќ и Цветанка Спиркоска, во селото Непроштено, каде работеле учителите Милкан Тодоровиќ и Благородна Јичкова, во село Орли учителите Драгица Јевтовиќ и Милан Јевтовиќ-Мра, [8] во селото Боговиње учителот Средоје Урошевиќ [9] и други.

Големи активности на полето на описменувањето напредните учители развиле и во Бродската околија (денес Македонски Брод). Така на пример, учителот во село Креново Здравко Вестиќ описменувањето на неписмените селани од албанската народност го вршел во својот стан, кој што го претворил во собиралиште на селаните. Неговиот стан бил многу посетуван од страна на селаните .Креновчани во есенските и зимските вечери. Сите посети учителот Здравко Вестиќ ги користел за различни прашања, информации и разговори по различни прашања, меѓу кои и за културно-просветна и описменувачка дејност. За вакваа форма на дејствување на учителот Здравко Вестиќ, учителот во село Лакави Богољуб Јрокиќ вели: "Под влијание на тие состаноци сите селани кои беа

./...

писмени се заинтересираа за книга која што внимателно ја читаа, а додека оние селани кои што беа неписмени ги совладуваа основните елементи на писменоста.[10]

Во Источниот дел на Вардарска Македонија, исто така, имало голем број напредни учители, чиј што составен дел на нивната работа меѓу народот било организирањето на анализабетски курсеви. Така на пример, учителот во селата Горни и Долни Трегорци (Овчеполска околија) Драгослав Гуриќ, за време на своето тригодишно учителствување во оваа село (1929 - 1932) година организирал самоиницијативно неколку анализабетски курсеви, преку кои успеал да описмени преку 40 неписмени селани и тоа предимно млади луѓе.[11] Слична работа на оваа поле извршил и учителот во село Никоман - Штипска околија, Петар Татар, за време на своето петгодишно учителствување во ова село (1928 - 1933) година , каде успеал да описмени повеќе десетини неписмени селани не само од селото Никоман, туку и од соседните му села Калопетровци и Ченавардија, кои што сочинувале една училишна околија .[12]

Вакви активности на полето на организирање на анализабетски курсеви и други форми на описменување на народот во Вардарска Македонија, напредните учители развиле и во другите краишта во Македонија, и тоа не само во селата во македонско население, туку и во селата населени со припадници на албанската и турската народност. Најдобар пример за тоа е работата на учител от Димитрије Вајалица во селото Житоше, населено со припадници на албанската народност,[13] или пак , работата на учителот Петар Татар во селото Ченавардија [14] населено со припадници на турската народност и други многубројни примери.

Како форма на делување што била користена од страна на напредните учители во нивната прогресивна работа сред народот, била основањето и на мали селски библиотеки и читалишта. Ова форма на работа била многу погодна за воспитување на контак-

./...

ти и соработка со широките народни маси, во прв ред со селската младина, преку која форма напредните учители најчесто припадниците на такканаречената "третаучителска група" непосредно ги ширеле своите напредни и револуционерни идеи, засновани врз програмата на КПЈ и платформата на народниот фронт. [15] Ќе наведеме неколку примери на напредни учители, кои како форма на делување сред народот, покрај другото ги користеле и библиотеките и училиштето. Така на пример, напредниот учител во село Долно и Горно Драгорци - Овчеполско, а потоа во село Соколарци - Кочанска околија Драгослав Урик, покрај формирањето на аналфабетски курс, за описменување, за што погоре стана збор за време на учителстувањето во село Соколарци, формирал народна библиотека со читалиште, чиј што библиотечен фонд располагал со приличен број на стручни книги од областа на земјоделството и здравственото просветување. Позајмувањето на овие книги од библиотеката од страна на селаните било пропратено со давање на совети за тоа како прочитаното од книгата, селаните можат да го применат во практиката. За вакватa своја активност сред народот Напредниот учител Драгослав Урик во своите сеќавања пишува:

"Во оваа народна средина брзу се спријателив со народот, ги посетував нивните домови, учествував во нивните радости и во нивниот бол. Така го придобив нивното доверие, а потоа се зафатив полесно. За времето од три години, колку ги провелов во ова село, основав народна библиотека со читалиште и организирав и одржав аналфабетски курс, кој беше посетен од околу 40 посетители.

Библиотеката располагаше со околу 300 книги, првенствено од областа на земјоделството, сточарството и здравственото воспитување. Книгите се издаваа и враќаа во недела..." [16]

Слични активности на полето на прогресивната работа сред народот во Кочанскиот регион, развиле и други напред-

./...

ни учители, како на пример: Ѓорѓе Тодоровиќ, учител во село Б ели, Љубомир Ивиќ учителот во село Трнаље, Мира Вуковиќ учителка во село Баљи, Добривоје Ивиќ учител во село Опанчево и други. [17]

Оваа форма на работа меѓу народот , напредните учители ја применувале и во голем број други околии во Вардарска Македонија .

Видни активности на ова подрачје прејавиле повеќе напредни учители во Тетовиса (тогаш викана Полнополошка) околија. Меѓу најактивните спаѓа учителскиот брачен пар во селото Оџи Драгица и Милан Јевтовиќ - Ора, кои учителствувало во ова село во периодот од 1939 до 1941 година, односно до априлската војна. Милан Јевтовиќ - Ора не само што и припаѓал на "Третата учителска група", туку бил и член на КПЈ. Овие двајца учители развиле широка прогресивна дејност во ова село населено со албанско население, каде стекнале големи симпатии меѓу селаните. Меѓу другите активности, учителскиот брачен пар Драгица и Милан Јевтовиќ -Ора формирале и народна библиотека. Вакви активности прејавиле и други напредни учители во Тетовскиот (Полнополошкиот) регион , [18] како и во останатите краишта во Вардарска Македонија, како на пример: учителите во Кочечка околија (денес Македонски Брод) Богољуб Јовиќ, Благој Кондарко, Здравко Пестиќ, Димитрије Бајалиц и други, во Битолска околијаКоста Јукиќ, Тодор Ангеловски и други, во Неваларечка околија Стефан Царевиќ, Димитар Ангелов - Таборот и други, [19] во Преспанска околија Јонко Здравковски, Ѓорги Иванов ски, Милан Марковиќи, [20] и други, во Радовишка околија Обрад Јиљил, Јанко Јауновиќ и други, во Кочанска околија Драгослав Вељковиќ и други, во Скопска околија Раде Миловановиќ, Раде Вуковиќ, Сима Караманковиќ, Ђуро Губеринаќ, и други, во Кумановска околија Богиќ Јукиќ и други, во Овчеполска околија Драговлав Ђурић и Драго Јучалица и т.н. [21]

/

Меѓутоа, вакавите активности на напредните учители не само во Тетовско, туку и во цела Вардарска Македонија меѓу народот, на полѕе на формирањето на библиотеки и читалишта наидувале на отпор на власта, која што настојувала да ги онеповозмини ќе активностите на напредните учители, преку орворањето на народните библиотеки и читалишта, зашто напредните учители истите ги користеле како еден вид прибини каде ги манифестирале и ширеле своите напредни идеи сред народот. И не само тоа , туку властите вршеле и директен притисок на напредните учители, истите да се откажат од таквите свои иницијативи и активности, како и на народот да не ги слуша вакаите напредни учители. Најилустративно вакаиот однос на властите ќи е прикажан во сеќавањата на учителот во село Боговиње (Тетовска околија) во периодот 1940 - 1941 година Средоје Урошевиќ, во кое меѓу другото се вели:

"Приметив дека селаните, нарочито младината се интересира за книга. Обавив со нив разговор за можностите во живото село (С.И. се однесува за село Боговиње) да формираме селска библиотека со читалиште. Идејата ја прифатија и се загреаја за неа. Не чекајќи долго, се обратив до професорот Јика Поповиќ, кај работеше во Шабац, за да ми ги објасни "Правилата за основање на селските библиотеки и читалишта и нивната работа". Така дознав, дека за основање на библиотека потребен е Иницијативен одбор и 40 потписници и...." Првото реагирање на власта, беше тоа што сите потписници еден ден беа повикани во жандармериската станица во соседното село Џрвеж. Таму им запретиле, да се откажат од тоа барање, зошто воспротивно ќе дојдат во сукоб со власта. Беа вознемирени и заплашени, меѓутоа успеав да ги смирам објаснувајќи им дека не правам ништо што би се косило со законот и поредокот. Набрзо и самиот беа повикан на разговор, но не во жандармериската станица, туку во Околиското начелство во Тетово, кај околискиот началник Јреа Петковиќ. Разговорот се сведе на сомничење и пака-

./...

нување, да се откажам од оваа иницијатива за формирање на библиотека со читалиште. Кога на тој начин не го изгуби моето отстапување од оваа иницијатива, ми беше речено дека никој пат нема да добијам дозвола за основање на библиотека со читалиште во селото Боговиње. Така и беше, времето минуваше, а дозвола не добивме. Неуспех, ние и покрај тоа се собиравме и читавме. [22]

Имало многу случаи во Вардарска Македонија, во периодот меѓу двете светски војни, кога поради непостоење други простории, напредните учители ги претворале своите учителски станови во читалишта, во кои овие учители на различни начини ја организирале работата. Така на пример, некои учители, сближувајќи се со народот, го користеле присуството на селаните во нив ред на младинката во нивниот стан, за истите да ги заинтересираат за книгата, и воедно да ги одвикнат селаните од некои лоши навики, како на пример: играње карти, пиење и престој во кафеани и друго. [23]

Напредните учители во своите акции на полето на формирањето на библиотеки и читалишта, не се ограничувале само во во селата , туку во зависност од условите вакви иницијативи презеле и во градовите. Најдобар пример на активноста на напредните учители на полето на формирањето на библиотеки и читалишта во градовите, претставува активноста на учителот Обрад Цицмил во Раловиш, во периодот 1934 - 1941 година . [24] Имено, на иницијатива на учителот Обрад Цицмил, кој бил и член на КПЈ, бил формиран Иницијативен одбор за отворање на градско читалиште во Раловиш. За кратко време по формирањето, градското читалиште станало центар во кој се собирале работници, трговци, занаетчии, а неговата работа се одвивала низ две форми и тоа:

1. Организирање на јавни предавања за граѓанството, кои слично како народен универзитет; и

2. Издавање неуспеани новини (весници). [25]

./...

то се однесува за првата форма на рабоа на читалиштето во Радовиш, односно на организирањето на јавни предавања, за нивната содржина и карактер, во сеќавањата на самиот нејзин организатор на учителот во Радовиш Обрад Цицмил пишува: "Јавните предавања ги организиравме сами, настојувајќи при тоа истите да бидат што поинтересни и секогаш да содржат елементи на известување и тоа за оние настани за кои кај луѓето има посебен интерес, односно се животно заинтересирани. Од тука целата оваа работа имајќи ја во предвид општата политичка ситуација кај нас и во светот, имаше несомнено изразито политички карактер."[25] Оваа несомнеост се гледа и од самите наслови на предавањата, од кои ќе споменеме само неколку заедно со своите предавачи, напомнувајќи дека како предавачи за поедини предавања биле ангажирани луѓе и тогашни професори на Филозофскиот факултет во Скопје:

1. Обрад М.Цицмил, "Причини за војните во современиот свет";

2. Борис Андев, "Улогата на народите и оправданоста на нејзиното постоење";

3. Проф. Јован Сланкаменац - професор на Филозофски от факултет во Скопје, "Знаењето и неговото практично применување" и други предавања.[27]

Втората форма на делување на Радовишкото читалиште сред народот под раководството на учителот Обрад Цицмил, биле усмените новини. Главен иницијатор за застапување на оваа форма на делување бил учителот Обрад Цицмил за што сведочат неговите сеќавања, по кои по овој повод пишува: "Тогаш јас прв пат слушнав за белградските усмени новини, и ние во Радовиш набрзо во читалиштето организиравме издавање на такви новини (весници), земајќи ги како урнек оние белградските."[28] Овие активности на Обрад Цицмил, во организирањето и раководењето со радовишкото

./...

(градско) читалиште, многу придонесле за ширење на идеологијата на Партијата и Народниот фронт на прогресивните сили во Радовишкиот крај, за што во сеќавањето на еден младинец - член на читалиштето се вели: "Ова читалиште допринесе доста, нарочно нашата генерација да земе еден правилен правец во својот живот".[29]

Покрај работата на културно - просветното поле меѓу народот на учителот Обрад Цицмил, во Радовишка околија на ова поле делувал и учителот во село Сразоци - Радовишко Живко Јауновиќ со неговата брачна другарка учителката Милка Газепова - Јауновиќ. Нивниот времениски престој во Радовишко, скоро се поклопува со престојот на учителот Обрад Цицмил. Живко Јауновиќ, кој бил член и на Културно - просветната задруга "Вук Караџиќ", успеал заедно со својата другарка, да формира и раководи со две читачки групи, [30] на чии што состаноци обработувал разна напредна литература, како на пример книгата "Постанокот на човекот" [31] и друга литература од библиотеката "Будућност", давајќи со тоа голем придонес во културно - просветното издигнување на населението, посебно на младината во Радовишко.

Повеќе библиотеки - читалишта или само читалиште биле отворени и работеле во составот на задругите што по иницијатива и под раководство на напредните учители, биле формирани и работеле во многу села во Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни.

2. Покренување и раководење со акции за изградба на училишни згради

Работата на учителскиот кадар во Вардарска Македонија била многу отежнувана, покрај другото и поради немањето на соодветен училишен простор, односно училишни згради (за кое прашање веќе стана збор). Вакватa положба, меѓудругото била резултат

-/...

и на потрошката на режимот на Стара Југославија да се подобрат просветните и други услови во Вардарска Македонија.

Вакавиот однос и потрошка на големосрпската буржоазија, за подобрување на просветните прилики во Вардарска Македонија била многу рано согледана од страна на напредните учители, кои развиваат активности меѓу народот - предавувајќи иницијативи и организирајќи акции за изградба на училишни згради со помош на месното население. Од расположивите извори може да се дојде до заклучокот, дека тогаш вакви иницијативи и акции на напредните учители во Вардарска Македонија континуирано биле присутни.

Така на пример, учителот во село Чокарене (Тетовска околија) Тодор Петровиќ, уште во 1922 година по негова иницијатива и раководство селаните изградиле училишна зграда, во која што покрај што се изведувале наставата, биле сместени уште и библиотеката со читалната, што по иницијатива на учителот Тодор Петровиќ биле отворени односно започнале со работа уште во 1927 година .[32]

Карактеристичен за првите години по Првата светска војна е случајот со учителот во село Требатиниште - Дојранско Димитар Пуповски . По негова иницијатива, во учебната 1920/21 година започнала изградба на училишна зграда во ова село.[33]

Напредниот учител Радомир Михаиловиќ,[34] кој што скоро целото време меѓу двете светски војни го провел со служба во Вардарска Македонија, каде бил преместен со донесувањето на Обзнаната во 1920 година, а останал до 1939 година, кога бил пензиониран, службувал во повеќе места, и тоа во Прилеп, Скопје и Струга. Во времето од 1929 година до 1939 година, учителот Радомир Михаиловиќ работел на должноста школски надзорник за околиите Скопска и Качаничка. Овој период (1929 - 1939) е многу значаен во неговата прогресивна дејност во Вардарска Македонија

и тоа најповеќе на полето на давање иницијативни и долелување на наменски средства за подигнување на училишни згради во многу села во Скопска и Качаничка околија. Ваквата прогресивна дејност на напредниот учител Радомир Михаиловиќ, неговиот хроничар (напредниот учител Драгутин Грозиќ) вака ја резимира:

" Од 1929 година, Радомир работеше на должност школски надзорник за Скопска и Качаничка околија.....Неговата главна преокупација како школски надзорник беше подигнување и отворање на што повеќе училишта. Отворање и подигнување плански училишни згради секаде каде што беше возможно, без разлика на националната припадност на населението во тие села и градови. Некои тогашни функционери во Скопје му замерувале поради подигнувањето на училишни згради во населбите со население со албанската народност (Бојане, Раиче и др.) и со турска народност (Долно Коњаре и др.). Важниот свој став во бранење со следните зборови: "И Албанците и Турците се наши граѓани, за да нивната младина може утре да живее, работи и лебот да си го заработува по нашата заедница, треба да им се отворат очите". Додека беше школски надзорник , во неговите околии беа подигнати околу 20 плански училишни згради со станови и за учителите."[35]

Учителот во село Горобинци (Овчеполско) Милан Јевтовиќ, кој во ова село учителствувал заедно со својата сопруга исто така учителка Драгица Јевтовиќ, во времето од 1930-1939 година разви богата прогресивна дејност меѓу народот, која што се манифестирала на повеќе полиња. Една од првите и поважни акции на овој ќе учителски пар во селото Горобинци, била покренувањето на изградбата на училишната зграда во ова село населено со мешано население, кое во најголем дел било од турската народност, а само неколку доселени фамилии во овој период биле македонски.[36] По тогаш, односно до доаѓањето , како учител, на Милан Јевтовиќ и неговата сопруга, не постоела училишна зграда, туку наставата

./...

се изведувала во селската џамија. На оваа акција, за изградба на училишната зграда во селото учителот Милан Јевтовиќ целосно и се посветил во текот на цели 5 години колку што траела градбата, земајќи дури и непосредно учество покрај другите и со физичка работа, влошувајќи го целото слободно време, вклучувајќи го и летниот училишен распуст. [29])

На спомен - плочата на училиштето во Горобинци, во кое и денеска се одржува настава, подигната во чест на напредниот учителот Милан Јевтовиќ - Ора, го пишува следниот текст, со кој му се оддава заслужената признание за неговата прогресивна дејност:

"Спомен плоча,
Во ова училиште полни 9 години
(1930-1931) неуморно работеше
не само како просветен работник
туку и како носител на напредните
идеи, братството и единството,
слободата и рамноправноста на
југословенските народи
Милан Јевтовиќ - Ора.

25.II.1967 год. Од неговите
с. Горобинци ученици и соработници. [30])

Исто така, еден од покарактеристичните случаи на покренување на иницијатива и учество на напредните учители за изградба на училишни згради, преставува и акцијата на учителот во село Зиќ (тогашна Пореčка околија, а денес Македонски Брод) Боро Јаковски, во периодот 1938 - 1940 година, овој напреден учител исто така развил богата активност во работата меѓу народот, меѓу кои видно место зазема и неговата иницијатива и дирек-

./...

тно учество во изградбата на училишната зграда во она село, во кое дотогаш не постоела училишна зграда, а училиштето работело во тремот на селската црква, кој што им служел на селаните покрај другото, за склонување во случај на невреме за време на црковните прослави.[39]

Покрај своите иницијативи и активности, како на пример изградба на училишни згради, напредните учители ги користеле за тоа повеќе да се приближат до народот. Во прилог на ова, многу илустративно зборувасвидетелот дел од сеќавањата на напредниот учител Боро Чекелски, каде се вели:

"Од тој ден (С.П. се мисли од денот кога започнала изградбата на училишната зграда) моето собче од учителскиот стан се претвори во собиралиште на селаните.... Тоа беше и згодна прилика за да на селаните им соопштуваме и информации за настаните во светот, како и да разговарам со нив за некои актуални политички и општествени проблеми.[40]

Вакви примери на ангажирање на напредните учители во Вардарска Македонија многу дваесетти војни има многу, со што овие учители докажувале на дело дека се вистински народни учители и борци за сестрано подобрување на неговата положба.

Имало и многу случаи во Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни, кога некои учители поради својата иницијатива за изградба на училишни згради во селото каде службувале, да бивале земени на одговорност и преместувани со службата во потешки места. Таков бил случајот со учителот во село Зовчани - Струшко Јован Цветиќ, кој поради својата иницијатива за изградба на нова училишна зграда, остро го критикувал режимот поради необезбедување на средства за изградба на училишна зграда во селото, поради што бил премесен во беспатното планинско село Лакав во југата (Струшка) околија.[41]

Сва правање, за подигнување на училишни згради во

./...

селата каде воспите ги немало, често пати било поставувано по иницијатива на напредните учители и на дневен ред на состаноците на околиските учителски здруженија во Вардарска Македонија, и тоа особено во оние околии каде овие учители биле побројни. Најдобар пример за ова, претставува Резолуцијата на Прилепското околиско учителско здружение од 4 април 1925 година, во која категорично се бара изградбата на училишните згради, учителските станови, како и целосната изградба на училиштата па ја зоне во свои раце државата, а не како дотогаш населбите без училишни згради да ги остави на нивната судбина, препуштајќи и го ова прашање сами да го решаваат како знаат и умеат. [42]

7. Формирање на задруги

Една од многу погодните форми на делување на напредните учители во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни, преку која тие многу успешно делувале меѓу народот, вклучувајќи ги своите напредни идеи биле задругите.

Од страна на овие учители, во Вардарска Македонија биле формирани и делувале повеќе видови на задруги и тоа: набавно-продажни, земјоделски, лозарски и здравствени. Овие видови на задруги ги формирале самите напредни учители во селата каде што учителствувале, освен здравствените задруги кои биле формирани во градовите. Во овој период, во Вардарска Македонија биле формирани, од страна на учителството и други видови на задруги, како на пример: учителски задруги, [43] кредитни задруги, [44] меѓутоа тие биле подалеку од доменот на дејноста на напредните учители, бидејќи нивното формирање и дејноста биле ограничени во рамките на сталешките околиски учителски здруженија.

Од истражувањата се гледа дека скоро зад сите акции за формирање на задруги од страна на напредните учители,

./...

во Вардарска Македонија стојат учителите симпатизери и членови на КПЈ, односно припадници на "Третата учителска група". Заедно наша констатација ја потврдуваме и со фактот, што и времетраењето период, кога во најголем број се формирани овие задруги, се протега од средината на 30-тите години па се до априлската војна, односно се поклопува со периодот кога се појавува "Третата учителска група", во југословенското работничко движење, и кога доаѓа до среднување и зајакнување на редовите и организацијата на КПЈ во Вардарска Македонија и пошироко во Југославија.

Кога станува збор за користење на задругите од страна на напредните учители, како форма на прогресивно и револуционерно дејствување, се наметнува заклучокот - дека преку нив овие учители во својата прогресивно - револуционерна работа постигнувале повеќе цели, и тоа:

- задругите биле користени како легални места за собирање и масовна агитација сред народот во популаризирањето на КПЈ и нејзината програма;

- задругите биле користени како институции за економска заштита на населението, од ограбувањата на месарите и други трговци, лихвари и други;

- задружните домови во селата каде службувале напредните учители биеле користени и како места каде по иницијатива и под раководство на овие учители биле организирана богата културно - просветна дејност, преку формирање и работа на библиотеки, читалишта, соколски друштва, аналфабетски курсеви, дилетантски групи, разни предавања и друго.

Најмногубројни од задругите во Вардарска Македонија, што биле формирани и работеле подд раководството на напредните учители, биле набавно - продажните задруги по селата. Дека напредните учители преку задругите развивале богати активности сред народот, и придонесувале за неговото национално и социјално

освестување и културно - просветно издигнување, најилустративно сведочи примерот со активностите на ова поле на учителите во село авато - Битолско Тодор Ангелевски и Илија Јанкулоски, [45] кои во ова село во 1939 година формирале набавно - продавна задруга. Овие напредни учители, формираната задруга по нивна иницијатива во село авато, најрационално ја искористиле како легално место за собирање на народот и агитација и популаризација на идеологијата и програмата на КПЈ сред народните маси, посебно меѓу младината, за што во сеќавањата на Илија Јанкулоски, меѓу другото, пишува:

"Иако во почетокот имавме отпор кај селаните, ние учителите водејќи ја успешно агитацијата, успавме да организираме задруга со читалиште. Во рок од една година успеавме да ги зачлениме сите селани во задругата, во која за магационер беше назначен еден од членовите на КПЈ од самото село...За поголема агитација меѓу народот, за привлекување на селаните во читалиштето беше набавен и радио апарат. Задружното читалиште беше полно со младинци, а во него ние учителите дежуравме секој ден. Во составот на задружното читалиште работеа и неколку воспитни групи, раководени од нас учителите. Покрај другото, таму се обработуваа и некои наши партиски материјали. Ова истовремено служеше и како форма на работа, преку која напредните учители ја започнуваа политичката работа, читајќи и дискутирајќи со насобраниот народ во читалиштето." [46]

Учителот во село Подмочани (Преспанско) Јаков Згравоски, кој во ова село служувал од 1936 година па се до почетокот на 1941 година, формирал набавно- продавна задруга, раководена од овој учител, на кого во 1939 година му помагал и учителот Горги Ивановски, кој бил преместен од таа година за учител во ова село, развиле широка и богата активност меѓу работните маси. За придонесот на овие двајца напредни учители преку

./...

задругата на полето на ширењето на идеологијата на КПЈ и на идеолошко - политичкото образование и национално осознавање на народностаси, во сеќавањата на Горги Ивановски, иего другото пи-шува:

"Во основањето на задругата учествуваа најсвесните активисти во селото, некои од нивалегов и во управата на задруга-та, а подоцна постанаа и членови на партиската организација во селото Подмочани.

Основањето на задругата, на нас учителите многу ни помогна да ги собереме селаните на едно место, каде што ќе можеме почесто да се состануваме и да работиме политички и да ја популаризираме КПЈ. Во тоа успеавме, без да го привлечеме на себе вниманието на власта...

Младинците беа редовни посетители во задругата, каде што читаа весници и ги коментираа политичките настани кај нас и во светот."[47]

Врску набавно - продажната задруга во село Подмочани, напредните учители во ова село Ленко Зографовски и Горги Ивановски покрај успехот на полето на собирањето на народните маси и ши-рењето на идеологијата на КПЈ и на дискусиите по разни политички прашања, исто така, големи успеси постигнале и на полето на економската заштита на народот од ограбувањето на месните трговци и разни закупци и лихвари.[48]

Во овој период - непосредно пред Втората светска војна, во Струмица биле формирани и работеле повеќе вакви задруги, а самиот Ленко Зографовски во своите сеќавања ја наведува бројката од 17 задруги.[49]

Во селото Средни Лаги (Кариовско) учителствувал учителот Константин (Коста) Лукиќ. По негова иницијатива во ова село била формирана набавно - продажна задруга. Целта на нејзино-то формирање и содржината на нејзината работа, најдобро ја

./...

илустрираат следните зборови на учителот Константин Џукиќ: "Не само сол, газја и брашно во Задругата, туку и разговори со задругарите и народот, работа, што повеќе политичка работа со нашите ."[50] За периодот меѓу двете светски војни, во Вардарска Македонија имало и други случаи на формирање на набавно - продажби задруги од страна на напредни учители, како на пример: учителот во село Канатларци (Прилепско) во 1937 - 1938 година, населено со припадници на турска народност Марко Зрењанин, за чиј што авторитет кај жителите на селото, стекнат меѓу другото и преку неговата работа во формирањето од него набавно - продажна задруга, во сеќавањата на еден негов современик пишува: "Марко и овде успева да ги раздвижи напредните народни маси и ја придобива љубовта и довербата на народот.

За неуспешна работа, организира и набавно - продажна таму задруга. Неговиот авторитет во народот брзо расте. Секој селанец со почит и со свесна послушност се однесуваше према него, цврсто уверен дека и тој заштитник на неговите права и интереси. А во тоа и не се лажеше. Марко беше навистина таков."[51]

Големосрпската буржоазија во периодот меѓу двете светски војни во Вардарска Македонија при примечувала и разни форми на економска и експлоатација. Една од тие форми на експлоатација и ограбување била вршена врз тутунот производувачите. Напредните учители кога ќе се соочеле со вакви случаи во своите села каде службувале, не останувале рамнодушни, туку развивале активности во правец на организирање на селаните на отпор, и на изнаоѓување на начини за заштита на селаните од откупувачите на тутунот и разните шпекуланти.

Така учителот во селото Војшите-Битолско Тошка Радованоќиќ, по сугестија на напредниот учител Константин Џукиќ, во 1938 година формира Набавно - продажна задруга, преку која се обидувал да ги заштити селаните не само од селскиот трговец -

./...

чорбаџии, туку и од тутунските "колџии" и откупувачите на тутунот. 52)

Посебно заслужува внимание работата на полето на формирање на задруги на учителот Благоја Кондарко, кој во текот на 1938 година и 1939 година бил учител во селото Црешново - - Македонски Брод. По негова иницијатива, во селото Црешново била формирана набавно - продажна задруга. Преку Задругата и читалиштето, што било исто така од него формирано и сместено во училиштето, а делумно и во неговиот учителски стан, Благој Кондарко успеал не само да ги придобие селаните, туку истите и да ги одвикне од многу лоши навики, како на пример : играње карти, пијанчење и друго. 53)

Заслужува внимание и работата на полето на формирањето на задруги од страна на напредниот учител во село Горобинци (Овчеполско) Милан Јевтовиќ, кој во ова село учителствувал во времето од 1936 - 1939 година дури формирал две задруги и тоа: Земјоделска и Лозарска задруга, со што многу придонел за подигнување на практичните знаења на населението во областа на земјоделството, сточарството и лозарството. 54)

Во периодот меѓу двете светски војни, во Вардарска Македонија по иницијатива и раководство на напредниот учител и директор на Граѓанската школа во Радовиш Обрад Цицмил, била формирана и Здравствена задруга во Радовиш, под име "Околиска здравствена задруга во Радовиш". 55) По ваква идеја, напредниот учител Обрад Цицмил дошол во 1938 година , откако властите го затвориле Градското читалиште во Радовиш, кое што било формирано и работело под негово раководство. За цело време од постоењето на ова здравствена задруга, а таа постоела од формирањето во 1938 година до априлската војна 1941 година, на чело на нејзиниот управен одбор, кое тело раководело со задругата, како претседател се наоѓал учителот Обрад Цицмил. Ова Здравствена задруга многу

./...

придонела да се подобри здравствената заштита и состојба на народот од Радовишкиот крај, за што бил најповеќе заслужен напредниот учител и член на КПЈ Обрад Цицмил .[56]

Прогресивното делување на напредните учители преку задружното организирање, барало од нив макотрпна работа и голема жртва. Зошто, вакватa јавна дејност била онеовозможувана односно задушувана, како од власта така исто и од месниот селски чорбаџиски елемент. Спротивставувањето на селскиот чорбаџиски елемент на задружните активности, се должи пред се на факторот што задругите од страна на напредните учители не биле користени само како пунктови за политичка агитација, туку и како трибини за водење и поттикнување на класната борба против експлоататорите на селската и остатата буржоазија. Токму и затоа ова и не случајно , организирањето и делувањето на вакватe задруги, формирани од страна на напредните учители, биле подупирани пред се во прв ред од селската сиромаштија, и не само селската туку и градската сиромаштија (случајот со здравствената задруга во Радовиш).

Така, може да се заклучи, дека самото здравство во стара Југославија како процес на организирање односно задружување има несомнено класен карактер , а истовремено главна цел била заштита на широките слоеви народот од трговско - зеленашките ограбувања и разни други форми на експлоатација. Самиот факт да организирањето на задругарството станало дел и од прогресивната дејност односно било прифатено од страна на напредното учителство, се должи не само на демократските и социјалистичната определба на голем дел од југословенското учителство, туку и на делувањето на КПЈ, која преку задругите со помош на учителите кој биле нејзини симпатизери и членови, како и со помошта на останатите членови на Партијата, настојувала, а како што видовме од горните примери

./...

во многу случаи и успевале задругите да ги претворат во свои пунктови на делување меѓу народот.

4. Упатување на селаните во напредното земјоделство

Општествено-економската и културната заостанатост во Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни, која што била најголема во првите години по првата светска војна, а подоцна подоцна ситуацијата иако се подобрила, меѓу другото се манифестирала и на полето на земјоделството, кое што се карактеризирало со висок степен на екстензивност, односно заостанатост. Тоа го забележувале и напредните учители кои биле преместувани по "потреба на службата" во Вардарска Македонија. Овие учители по доаѓањето во Македонија, во составот на својата прогресивна работа меѓу народот, ги вклучувале и своите знаења од областа на земјоделството, ставајќи ги истите во функција на подучување на селаните како подобро да ја обработуваат земјата, како подобро да ги калемата дрвата и подигнуваат современи овошни насади, како да го оплеменуваат сточарството со одгледување, односно со оплодување со подобри раси и друго.

Напредните учители својата благородна дејност на полето на упатувањето на селаните во напредното земјоделство во Вардарска Македонија, ја изведувале преку различни форми и од различни области на земјоделството. Поради тоа ќе наведеме неколку покарактеристични примери од работата на овие учители на ова поле од нивната дејност меѓу народот.

- Еден од најкарактеристичните примери за широка и многу плодна активност на напреден учител на полето на упатувањето на селаните во тајните на напредното земјоделство, претставува активноста на учителот во селото Горобинци (Овчеполско)

Милан Левтовиќ, кој што ги подучувал селаните, не само во областа на земјоделството, туку и во сточарството, лозарството, позедувањето на земјоделската механизација, задругарството и друго.[57]

Широки и плодни активности на полето на земјоделското просветување на народот развил и учителот во село Јанковец - Ресенско односно Преспанско, Милан Марковски, кој во ова село учителствувал од 1922 до 1941 година.[58] Во овој долг период на учителствување во ова село Милан Марковски развил богати активности во работата, покрај во училиштето и сред народот, а посебно се значајни неговите активности на полето на земјоделското просветување, кои се одвивале во повеќе области на земјоделската дејност и тоа: во овоштарството, лозарството, сиџиларството.

- Активностите на напредниот учител Милан Марковски во областа на овоштарството се многу значајни, не само за селото Јанковец, туку и за Преспанскиот крај, па луѓи и пошироко, бидејќи Милан Марковски го создал првиот модерен овоштарски расадник во Преспанскиот крај, со што станал многу заслужен, што овој крај прераснува во еден од најголемите овоштарски реони во Македонија. Во областа на овоштарството напредниот учител Милан Марковски, паралелно со работата на создавањето и одгледувањето на првиот модерен расадник, тој ги подучува селаните како да ги оплеменуваат дивите овошки преку калемење. Така, самиот тој презема една широка акција за калемење на дивите крушки-горшки, во која акција самиот успеал да калеми околу 350 диви овошки од овој вид во атарот на селото Јанковец и пошироко.[59] Воопшто земено, со својата активност на подучувањето на народот во областа на овоштарството, учителот Милан Марковски му влеал љубов на народот од преспанскиот крај кон овоштарството, за чие одгледување постојат природно-географски предиспозиции во овој крај.

- Во областа на сиџиларството, придонесот на

./...

учителот Милан Марковски се согледува не само во ширењето и препорачувањето на селаните да ги одгледуваат поблагородните раси на свињи, тој и самиот тоа го чинел во своето домаќинство, туку и дури ги подучувал селаните како да ги заштитат свињите од разни болести или како што пишува во своите белешки "дури пронајдов и лек со пеницилин против свинска куга. Така да, спасив околу 300 свињи." 60)

Во работата и во своето прогресивно влијание среѓ народот учителот Милан Марковски служел за пример како народен учител, меѓу другото, и по начинот како убаво го уредил училишниот двор и дворот за својата куќа, претварајќи ги истите во вистински цветни паркови, за што во неговиот оценувачки лист за учебната 1937 - 1938 година, училишниот надзорник запишал: "Учителот Милан е одличен не само педагог, туку и земјоделец, така што неговата куќа со својата уредност може да послужи како огледно стопанство." 61)

Слично како учителот Милан Марковски, активни на полето на подучувањето на учениците и селаните во областа на земјоделството, преземале и други напредни учители во Вардарска Македонија.

Така, учителот од село Орсоч Кол (Житовелешко) Светислав Ивановиќ, кој во ова село учителствувал во периодот 1939 - 1940 година, запустеното пространо училишно двориште го засадил со овошки, претворајќи го во овоштарник, кој што ги поттикнал селаните да и тие засадат овоштарници и ги одгледуваат по примерот на училишниот. Учителот Светислав Ивановиќ, во составот на своите активности на полето на земјоделското просветување на народот, правел и обиколки на полето, посетувајќи ги селаните и нивните ниви, давајќи им непосредни практични совети на земјоделците. 62) Покрај вакви своите активности, напредниот учител Светислав Ивановиќ, познат меѓу народот како Свето "Шапчалецот" (бидејќи бил родум од Шабац), стекнал голем авторитет среѓ народот, како што во своите забавања вели неговиот современик Стоилко Ива-

./...

новски - "постана селски трибун без кого, речиси, не можеше да се замисли животот во селото." 63)

Слични активности на полето на земјоделското просветување на народот развил и напредниот учител во селото Кумановце (Кумановско) во периодот од 1936 до 1939 година Саво Симиќ, за што во своите сеќавања пишува: "На едно дел од школското земјиште обработував училишна бавча со овошарник и цвекарник во кој калемев рожи. Своето знаење за одгледување на градинарски култури, им го препесував практично на учениците, на нивните родители и останатите селани..." 64)

Вакви активности на полето на практичното пренесување на знаење од областа на земјоделството, преземал и учителот во село Црешниово Благој Кондарко, кој во ова село учителствувал во периодот 1938 - 1939 година. Овој учител организирал работни акции заедно со учениците и селаните, за садење на овошки и винова лоза, при што на истите им кажувал практични совети околу садењето. 65)

Поедини напредни учители, како на пример учителот во село Пожаране - Тетовско Тодор Петровиќ, ги упатувале селаните во тајните на пчеларството. Самиот учител Петар Петровиќ, кој од 1928 година започнал активно да се занимава со пчеларење, во школското дворите одгледувал преку 50 саќести пчели, на кои и практично им ги манифестирал своите знаења од областа на пчеларството и на учениците и на селаните, со што влијаел и многу селани да започнат да се занимаваат со пчеларство. 66)

Големата светска економска криза, како и другите стопански кризи кои го потресувале македонското село и пошироко во периодот меѓу двете светски војни влијаеле македонскиот селанец често пати да врши промени во видот на одгледувањето на земјоделските култури и да се ориентира на производство на индустриски култури, кој што во одредени моменти биле подоходовни, а за чие пак одгледување и производство селаните немале стекнато познавања и

./...

и искуства. И во такви случаи доаѓало до израз, готовноста и несебичноста на напредните учители, да како вистински народни учители му помагаат на народот, ставајќи ги во функција своите често пати скромни практични знаења. Најубедлив пример за такво помош на овие учители на селаните, претставува акцијата на учителот Ванко Здравковски, кој развива широки активности во Преспанскиот крај, за да им помогне и практично покаже на селаните од тој крај, како се сади и калаени тутунот, која што индустриска култура започнала многумина да сеаѓаат во Преспа, по избувнувањето на големата светска економска криза, која што многу ги погодила печалбарите во Америка, кои ги имало од овој крај многу. За своите свои активности учителот Ванко Здравковски, се осврнува во своите сеќавања, каде што другото вели:

"Јас одев на садење, на шикање во тие куќи, а особено на калапење и тутунирување. Селаните не знаеја да го пушуваат тутунот. Затоа први бали почнав јас да им правам на селаните. И така тие полека учеа да го обработуваат тутунот. Колку што тоа беше економска помош, многу повеќе тоа беше масовна политичка работа него масите."[57])

Напредните учители ги користеле училиштите и селските библиотеки, во кои имало стручна литература од областа на земјоделството, која ја давале на читање на селаните, давајќи притоа и совети на кои прашања во книгата да обрне внимание читателот. Така постапувал напредниот учител во селото Соколарци (Кочанско) Драгослав Јурик.[58]) Подека пак, учителот во село Живојно (Кичевско) Михаило Петровиќ - Мишеј , кој учителствувал во ова село во периодот 1927 - 1928 година, го користел формираното од него читалиште, кое работело во училиштето, и пред тој "аудиториум" обработувал теми од областа на земјоделското просветување.[59])

Слично постапувал и учителот во граѓанската школа во Радовиш, Обрад Шишмиш. Тој во Радовиш формирал, покрај библиотека, и здравствена задруга и "народен универзитет" (откако властите ја

затвориле библиотеката). Тука, во рамките на "народниот универзитет" биле одржувани од страна на овој учител, предавања од областа на земјоделството, политички предавања, како и предавања од областа на земјоделството и здравството. Ова се случувало во 1938 година .[70] #

Несомнено дека активностите односно работата на напредните учители сред народот, на полето на земјоделското просветување, уште повеќе го зголемиле нивниот авторитет кај народот во Вардарска Македонија.Вакните активности на напредните учители, особено во годините пред Втората светска војна, биле инспирирани и усмерувани и од страна на КПЈ, односно Партијата преку својата широка Народно - фронтовска платформа на дејствување, се повеќе се свртува и му обрнува внимание на селското односно аграрното прашање. Затоа и не случајно, главни носители на вакните активности од редовите на напредното учителство, биле всушност учителите - симпатизери и членови на КПЈ.

5. Здравствено просветување на народот

Како резултат на општествено - економската заостанатост во Вардарска Македонија следувало и културна заостанатото. Покрај другите причини, културната заостанатост на населението придонесувала да истото живее, покрај во сиромаштија, и во многу нехигиенски услови, кој што најизразито се манифестирале во македонското село. Таквата положба на македонското село, најдобро ја илустира во еден свој дописи, од санитетскиот референт во Кратово, весникот "Наша реч", со следните зборови:

"Хигиенските прилики на селото се бедни, во повеќе случаи народот живее заедно со својот добиток во темни одаи. Поради овој нехигиенски начин на живеење, народот многу страда,особено страдаат децата и тоа најмногу од туберкулоза. Куќите се

./...

нездрави, повеќето со едно одделение, каде се готви и спие, а во многу од нив и добитокот престојува во зимско време. Полни со чад, што не може да се дише, бидејќи немаат одаци."[71]

Ваквата тешка економско- социјално - здравствена положба во ова време во Вардарска Македонија, и ја потврдуваат во своите сеќавања и голем број напредни учители, кој во овој период службувале во Вардарска Македонија, Така во сеќавањата на напредната учителка Драгица Јевтовиќ, за ова прашање пишува:

"Вечито притиснат со долгови, тачниот селанец работеше неуморно од утро до мрак, живеејќи го својот макотрпен и бедан живот во мали накривени куќички од пратови и блато, во кои не постоеше ни под од штици, а камоли мебел... Во куќата постоеше само еден кревет, со големи димензии, и на него поредени еден до друг спиеја сите домаќини... Во кујната се наоѓаше огништето, скиија на која се јадеше и полица со малку садови. Во такви услови не можеше ни да стане збор за хигиена. Земјаниот под беше легло на бубаи и други инсекти... Белите вошки беа обична појава. Јаката на учителите доѓаа вошливи, па не беше редок случајот и учителот да се вошкоса. убрето го исфрлаа пред куќата, бидејќи во зима и убрето и стоката живееја заедно, со цел заедничките да се затоплуваат. Непроветрените и загушливи простории, преку денот полни со муви, беа легла на разни заразни болести."[72]

Поради ваквите нехигиенски прилики, селата во Вардарска Македонија, биле честа мета на разни епидемии, од кои најповеќе била присутна маларијата, од која штонајмногу заболувале децата на училишна возраст, поради што тие често отсуствуале од настава, кое што отсуствување според сеќавањата на учителот во село Сраовник - Радовишко, Јанко Јаунович "било најголемо во пролет, кога се случувало да поради маларична треска и повеќе од една третина од ученици да не присуствуале на наставата."[73]

Среќавајќи се со ваквата состојба во Вардарска

./...

Македонија напредните учители не можеле да примират преку таквата состојба, а ја не се обидат да му помогнат на народот, преку давање совети и превземање на практични чекори во правец на неговото хигиено - здравствено просветување, кои што активности преставуваат една од компонентите од работата на напредните учители сред народот. Во прилог на ваквата констатација зборуваат голем број примери на ангажирање на голем број напредни учители во Вардарска Македонија во периодот кога пате светски војни, на полето на хигиено - здравственото просветување на народот, во селата каде тие учителствувале, без разлика на националната припадност на населението.

Многу напредни учители за хигиената и нејзиното значење за здравјето на луѓето, им зборувале како на учениците во текот на наставата, така и на нивните родители, за што најмногу биле користени родителските средби во училиштето, на кои овие учители одржувале вистински предавања, објаснувајќи им на родителите зошто нивните деца многу боледуваат од маларијата, како и од другите болести, и што треба родителите да сторат за да во расположивите услови на живеење состојбата се подобри.[74]

Од страна на напредните учители биле користени и други можности за хигиено - здравствено просветување на народот, како на пример читалиштата, поединечните разговори со луѓето, состаноците на задругарите во кои биле формирани задруги по иницијатива на напредните учители и т.н.[75]

Некои напредни учители во поедини села во Вардарска Македонија, со цел да се подобри хигиенската култура на месното население, превземале обиколки - "хигиенски посети" низ селото, укажувајќи му на секое семејство што треба конкретно да презема за да се подобри домашната хигиена и да се спречи ширењето на разни болести. Најилустративен пример за ваквите акции на напредните учители во Вардарска Македонија многу многуте, претставу-

ва работата на учителот во селото Левце (Пребарско) Тодор Мијатовиќ, кој од 1920 до 1933 година учителствувал во ова село населено со албанска народност. Настојувал да ги наговорам селаните да ги варосуваат куќите, кои порано не ги варосувале, и им објаснувал од какво значење е тоа за нивното здравје.[76] се вели многу другото во сеќавањата на учителот Тодор Мијатовиќ, за неговата работа на ова поле во селото Левце.

Имало многу случаи во Вардарска Македонија, каде училиштето се наоѓало во непосредна близина или во составот на комплексот на селската црква со селските гробишта. Често пати таквите училишта немале и училишно дворите, и учениците за време на паузите - одморите и цел почетокот на часовите си играле низ селските гробишта. За време на дождливите денови површинската вода од гробиштата се сливала во училиштето. Честото ѕвонење на црковните ѕвона за време на погребите и лелеците на народот го одземале вниманието на учениците. Се разбира дека во вакви случаи не можело да стане збор ниту за некоја хигиена во училиштето и околу него, ниту за некои други услови за изведување на нормална настава. Токму поради ова, во оние места каде била ваква положбата напредните учители во тие села преземале мерки да се измени горенаведената положба, во прилог на подобрување на хигиенско - здравствените услови и подобрување на условите за изведување на наставата и престој на учениците, преку повеќе можни начини, и тоа: преку давање на иницијативи на селаните за подигнување на нови училишни згради на друго место (локации) или пак преку преместувањето на селските гробишта на друго место во селото, каков што бил случајот во селото Бонища (Битолско) каде учителствувал учителот Тома Радовановиќ.[77] Овој учител покренал акција за преселување на селските гробишта од училишното дворите за што ја добил поддршката на селаните - зајдругари и од школскиот лекар и неговата упорност

./...

се исплатиле. Селските гробишта биле преместени на ѓубрето над селото, а училиштето добило дворните заучениците. Успешното завршување на оваа акција била уште една победа на овој учител во селото Бонита, покрај формирањето на Набавно - продажната задруга. [78]

Во оние места, каде по иницијатива и под раководство на напредните учители биле формирани и работеле народни библиотеки со читалиштата, а во библиотечните фондови имало по некоја книга од областа на здравственот воспитување, во тие случаи напредните учители ги упатувале читателите да ја читаат таа литература. [79]

Слична била положбата и во селото Соколарци (Кочанско) каде учителствувал учителот Драгослав Јурик. Во ова село, училиштето и црквата се наоѓале во исто двориште. [80]

Уште тоа, напредните учители му укажувале на народот за бескорисноста на лекувањето од страна на надрилекарите со нивното бајање, како и некорисноста од читањето на попските молитви на болните, го советувале народот да бара помош од лекарите за лечење на болните, а не од поповите и надрилекарите, раскринкувајќи ја на тој начин нивната лажна улога. [81]

Напредните учители по најразвиените села во Вардарска Македонија, каде што лекарската здравствена заштита не можела на допре, во не мал број на случаи со своите рачни училишни аптеки, и во придружба со школскиот слугител, ги посетувале заболените деца, па и возрасните и им ја пружале првата помош.

Најдобар пример за ваквата активност на напредните учители, претставува работата на учителот во селата Долни и Горни Трогерци (Овчеполска околија) Драгослав Јурик, кој во врска со ова прашање во своите спомени пишува: "Често пати ме повикуваа да укажам помош не само на децата, туку и на возрасните, обиколувајќи ги болните им давав упатства и лекови од мојата аптека, а во некои

./...

случаи го користел и народното искуство.[82] Понатаму во своите сеќавање, овој учител наведува еден тежок случај со една селска девојка, која имала тешка повредена и отечена нога. На предлог на учителот Драгослав Урмќ, болната девојка да ја одведат на лекар во Штип или Кочани, бидејќи претела опасност да настани гангрена, нејзиниот татко одговорил дека нема пари за такво нешто, обраќајќи се до учителот со зборовите дека "на земјата останува уште тој (учителот) да и помогне, а после него само господ."[83] Тогаш го сватил родителот вели во своите сеќавања овој учител, иегутова помислив и на одговорноста која ја примам врз себе. Сепак одлучив да и укажам помош. Го знаел составот на мевлемите, кои што ни ги правеле бабаки кога не лечеле од набој во Уиице и така помешав: пчелин восок, темјан и цветови од требата спорш. Таа смеса ја намачкав на крпа и ја превржав болната нога. Кога отекот се излил од раната истече гној во зачудувачка количина. Со чистење на раната и со неколку нови превржувања со крпи намачкани од мевлемот, отекот понеколку дека спадна и ногата целосно заздрави.[84] Ова е само еден пример од многуте ситуации и улоги во кои се наоѓале и ги одигрувале напредните учители во Вардарска Македонија во периодот когу двете светски војни на полето на здравственото просветување на народот.

6. Делувањето на напредните учители когу народот преку Соколската организација

Една од формите што напредното учителство ги користело за делување когу народните маси, преку кои овие учители можело легално да ја шират својата прогресивна дејност, била нивната работа во Соколската организација.

Инаку, Организацијата Сокол била всушност организа-

./...

ција - Друштво за физичко воспитување на младината, која што водела потекло од Чехословачка, каде зачетоците на Соколското движење датирале уште од деновите на револуционерната 1848 година. [85] Уште во периодот пред Првата светска војна, Соколското движење се проширило не само во Југославија која била во составот на Хабзбуршката монархија (во чиј состав се наоѓала и Чехословачка) туку и во Србија. Во првата светска војна Соколското движење станало многу популарно во стара Југославија, и по формирање на соколски друштва дошло скоро во сите делови на нашата земја.

Меѓутоа, во стара Југославија во услови на владеење на ненародни режими, соколската организација се повеќе ја губела улогата на организација за физичко односно телесно воспитување и се повеќе почнала да има улога на режимска организација, [86] а во поедини делови на нашата земја, како на пример во Вардарска Македонија, соколската организација добила улога да го помага спроведувањето на денационализаторската политика на големосрпската буржоазија, во србизацијата на македонскиот народ. [87]

Вакватa улога на соколската организација, како спроведувач на режимската политика на стара Југославија, било отворено дефинирана во периодот на шестојануарската диктатура, кога бил донесен "Законот за соколите во Кралството Југославија. [88]

Постоењето и работата на соколската организација - соколските чети, што биле формирани во голем број села било исто така погодни средини, каде напредните учители би можело да ги шират своите прогресивни идеи. Ова била една од основните причини, што многу учители увидувајќи го ова, по својата иницијатива влегувале во селските соколски друштва, користејќи ги истите како форма за ширење на своите идеи меѓу народот. Поедини напредни учители, како на пример Милан Јевтовиќ-бра учител во село Горобинци (Овчеполска околија) , како во нивното село на

./...

постоела соколска организација, тој по својата иницијатива ја формира, користејќи ја истата како легално место, каде можел несметано од власта да работи со младината.[99])

Оваа форма за легално ширење на напредните идеи, од страна на напредното учителство во Вардарска Македонија, најповеќе била користена во периодот по укинувањето на Монархофашистичката диктатура, а нарочито во последната година пред Априлската војна, во кој период на само ова било најбројно напредното учителство тука и зајакната партиската организација на КПЈ, која била во состојба успешно да ги насочува односно координира вакиите активности на напредните учители.

Во рамите на соколската организација каде што успеале да продрат напредните учители развивало најразлични активности, кои што ги маскирало со разни "соколски витешки вештини", а покрај ниѕ развивало и уште други разни форми на работа меѓу младината, како на пример: организирање на читачки и дебатни групи, организирање предавања и разговори за актуелни политички прашања во земјата и во светот, организирање на игранки - матинеа, организирање на натпревари во соколски вештини пред селаните, организирање на културно - уметнички приредби и други форми на работа со младината, преку кои напредните учители можеле да стапат во контакт со младината и народот, и да ги шират меѓу ниѕ своите напредни идеи, засновани врз платформата на Народниот фронт и линијата на КПЈ.

Како можела во поедини народни средини да биде ефектна работата на учителите преку соколските друштва меѓу народот, најдобро може да се согледа од следното искажување на еден учител:

"Соколската чета иако на никого не беше пријавена, ниту званично регистрирана, сепак одлично послужи за собирање на младината. Скоро секоја недела или на другите празници, пред училиштето

./...

се собирал по околу тридесет младинци. Беа организирани десетини, а десетари беа млади луѓе кои во војската беа поставени капларе. Започнавме со престројувања и со командите "на лево", "на десно", "налево круг", "напред марш" и др. Сето тоа за нив беше забавно, а исто така знаеја дека тоа ќе им биде потребно во војска, па поради тоа беа внимателни и се трудеа да научат. После вежбањето се водеа разговори... Во тек на тие разговори започнува да добиваат се поширока содржина, како на пример: за животот на село, за сиромаштвото и тешкотиите со кои се бори народот, за положбата политичка и економска во Кралството Југославија, за политичките партии и нивното лажно востување, за положбата во светот и намерата на големите сили, за Советскиот сојуз и неговото уредување и друго. 90)

За големиот придонес и значење на користењето на соколските организации од страна на напредните учители во Вардарска Македонија, како борби на нивна прогресивна работа меѓу народот, во периодот меѓу двете светски војни, ќе ги изнесеме сеќавањата на двете учителки во овој период во Вардарска Македонија, Драгица Јевтовиќ, учителка во село Горобинци и Милка Гавеповиќ-Јануовиќ, учителка во село Сравени (Радовишко).

Така , давајќи осврт во своите сеќавања, за работата на учителот комунист и нејзиниот сопруг Милан Јевтовиќ - ра, на полето на работата со народот, преку користењето на соколската организација за таа цел, Драгица Јевтовиќ пишува:

"За се работи на просветувањето на народот во ова време, не беше ни малку лесно. Пречките беа големи, а отпорот жесток. Од една страна, заостанатиот и сиромашен селанец, а од друга страна ненародниот режим. Требаше да се изнајдуваат соодветни борби за работа со народот. Мојот другар Милан (С.Н. се однесува на нејзиниот сопруг напредниот учител Милан Јевтовиќ-ра), дојде

./...

до идеја да ја собира младината под знамето на селската соколска чета. Тоа беше одлично и практично решение, а освен тоа и законски допуштено. Цвеќето најдобри младинци од селото, собрани во селската соколска чета, желни за знаење и вистина, секоја вечер после работата доаѓаа во училиштето кало читаа или слушаа како други им чита. 91)

Напредната учителка Милка Гавенова - Лауновиќ дава во своите сеќавања еден убав пример, како напредните учители по поедини места во Вардарска Македонија ја користеле соколската организација, како средина за прогресивно делување меѓу младината. Осушност на ова место во нејзините сеќавања , таа се осврнува на користењето на селската соколска чета во селото Оравица, од страна на напредниот учител - комунист Живко Лауновиќ - нејзиниот сопруг, како и од самата нея, како форма за нивното делување меѓу народот , пишува:

"Сметам дека треба за тој период (С.П. се мисли на периодот меѓу двете светски војни) да се спомне работата на соколската организација во нашето место. Кај нас соколското друштво одигра голема и позитивна улога, зашто успеавме да ја собереме во него целата младина, и преку културно - уметничкото друштво, кое делувало во рамките на соколската организација, се даваа на репертоар најнапредни работи. Така на пример, се сеќавам дека се даваше "Покојник" од Бранислав Нушиќ, кој што во тоа време беше забранет. Преку соколското друштво ги организиравме и нашите матинеа, на кои што манифестиравме разни револуционерни истапи..." 92

Од изнесените примери се гледа, дека оваа форма на делување на напредните учители сред народот преку Соколските организации, била користена од страна на ова учителство и во Вардарска Македонија. Го зголемување на бројот на напредните учители, кои соколската организација ќе ја користат како "камуфлажа" за

./...

ширење на своите прогресивни идеи меѓу народот, ке дојде по конституирањето на партиската организација, како во Вардарска Македонија, така и во цела Југославија после 1937 година.

1. Останати облици на активности на напредните учители сред народот

Покрај досега наведените активности на напредните учители во Вардарска Македонија, меѓу двете светски војни, на полето на нивната работа меѓу народот, тие развивале и други видови на активности, како на пример: борба против штетната дејност на свештенството сред народот, ги организирале селаните на отпор, против самоволијата на поедини претставници на власта и други активности.

Напредните учители не можеле да останат рамнодушни, и мирно да ја посматраат експлоатацијата од страна на свештенството врз народот. Така, во многу случаи овие учители покрај тоа што не им дозволувањето на свештениците да изведуваат настава по веронаука во нивните училишта,[93] сме преземале акции да преку поединечни или групни разговори, преку секојдневните нивни контакти со луѓето , да ја разобличуваат религијата и да ги манифестираат своите атеистички убедувања.[94]

Вакви активности на напредните учители, често пати довеле до појави на отворени судири меѓу учителите и свештениците. Така, за илустрација ќе наведеме еден случај од себавањата на учителот во селото Соколарци (Кочанско) Драгослав [illegible]ќ, кој се случил во 1930 година - Судирот помеѓу него и селскиот поп Игнат Крстиќ, постојано се заострувал, и кога една ноќ насамо го предизвикал за браната, ја спасил ситуацијата во која се нашол и набрзо потоа ја променил парохијата.[95]

./...

Меѓу двете светски војни, скоро сите чиновници во Вардарска Македонија, како на пример: школски началници, полициски писари, општински половоѓи и благајници, жандарми, финансиски и монополски чиновници, професори како и најголемиот дел од учителскиот кадар, биле од немакедонско потекло.[96] а најповеќе од Србија и Црна Гора. Многу од нив, во текот на слу-жбувањето во Вардарска Македонија, користејќи ја својата службена положба, несправедливо се богателе на сметка на народот, или како што забележува еден од напредните учители во своите сеќавања - - "Многу чиновници, кога дошле на служба во Вардарска Македонија, немале ни кај ни пантолони, а донесе имаат двоспратни куќи.[97]

Напредните учители во своите места на учителствување развиле активности во народот, инвестирајќи го истиот да пружи отпор против бездушието и противзаконитата експлоатација од страна на чиновничкиот апарат. Има многу случаи кога овие учители лично ги организирале и воделе тие акции на селанскиот отпор против бесправната експлоатација, раскринкувајќи ги во присуство на народот таквите чиновници и нивните елементи. Најдобар пример за вакви акции на напредните учители во Вардарска Македонија, меѓу двете светски војни, претставува примерот со учителот во село Боговиње (Тетовско) Средоје Урошевиќ, во чии сеќавања за една ваква негова акција пишува:

"Од разговорот со луѓето кои се собираа во училиштето, дознав, дека половината земја голина преку вкучена на селаните, го обработува повеќето и најтешките култури на неговиот имот. Им реков на селаните, дека половината на тоа нема право, и дека тие тоа не мораат да го работат. Јавај успеав да им објасниам и што значи тоа кулук, и во кои случаи и што треба да се работи под кулук. Со блискиот пролетта, а со неа и времето за започнување на пролетните работи по нивите. Се договорив со

./...

селаните да не известат кога ќе им биде јавено да одат на кулук кај деловоѓата, за пред сите да им објаснам, дека не мораат тоа да го работаат, ако не сакаат доброволно. Во полнот ок на полските работи, едно сончево утро, ме известија дека селскиот кмет ги собира пред луѓето пред училиштето за одење на кулук за копање на ложјето на деловоѓата. Го искористив моментот, кога кметот отиде да ги опомене и доведе неколи селани, јас нашироко им објасних на селаните, дека ако не сакаат доброволно, не мораат да одат на кулук, и дека треба деловоѓата да им плати за нивната работа. Собраните селани како тоа одвај на го дочекаа, и се разотидоа дома.[98]

Слично постапил и напредниот учител Саво Сиски во селото Тумановце (Кумановско), организирајќи ги селаните во 1936 година да му кружат отпор на претседателот на општината, кој се однесувал како паша, барајќи од селаните да му припремаат секојдневно со ред, обилни ручеци и вечери.[99]

Вакви и други слични активности на напредните учители, со цел да се заштити народот во Вардарска Македонија од насртаите на власта, има многу.

Б. РАБОТАТА НА НАПРЕДНИТЕ УЧИТЕЛИ ЗА НАЦИОНАЛНОТО БУДЕЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

1. Ширење на вистината за македонското национално прашање

Заземањето на КПЈ во 1934 година односно на IV земска партиска конференција, дефинитивно правилен став по националното прашање во Југославија, вклучувајќи го и македонското кој став се уште поголема и детализирана разработка и аргументираност бил формиран во резолуцијата усвоена на советувањето на

раководниот партиски актив на КПЈ во Москва, во јуни 1936 година
100) заклучил (правилен) став на КПЈ по националното прашање,
одиграл пресудна улога, да во средината на 1936 година во
Македонија се оформи една нова револуционерна струја односно
движење наречено Македонски народен покрет (МАНАПО) , кој пред
себеси си поставил за цел да себори за национална слобода и
рамноправност на македонскиот народ во рамките на Југославија,
(сваја) која би се преобразувала како федеративна државна
заедница. 101) Како резултат на вакви правилни ставови и
активности на КПЈ и МАНАПО , како и на предходните дејности на
ВМРО (обединети) од средината и втората половина на тридесетите
години по однос на Македонското национално прашање , истите
допринеле да наредните во овој период дојде до актуелизирање
односно до оформување на македонското национално прашање сред
македонските народни маси, што не останало без одјек и кај
учителството, посебно кај демократски ориентираните учители и
учителите симпатизери и членови на КПЈ. Овие напредни учители
свесни за денационализаторската суштина на просветниот односно
училишниот систем, зазеле неквосилен правилен став по однос
на македонското национално прашање, што тие го манифестирале
низ разни форми на нивната работа во Македонија, како во процесот
на наставата, така и надвор од училиштето кај народот.

Во училиштето односно во процесот на наставата,
правилниот став по однос на македонското национално прашање го
манифестирале преку повеќе форми, како на пример: поттикнување
на учениците од страна на некои напредни учители да во текот
на наставата се служат, односно одговараат на мајчиниот македонски
јазик и организирање, односно изведување на училишни приредби на
кои се рецитирало стихотворби од македонски автори и на македон-
ски јазик, како и пригодни точки на тие приредби на македонски

јазик. На овој начин, односно преку оваа форма на делување, меѓу учениците нивните родители напредните учители влијаеле кај македонските народни маси да се појави размислување и осознавање на нивниот национален идентитет.[102]

Надвор од училиштето, меѓу народот, напредните учители совојот правилен став по однос на македонското национално прашање, исто така го мани остварале низ новеќе форми на делување. Тоа за нив не било многу тешко, зошто тие биле постојано меѓу народот. Тие ја користеле секоја погодна прилика, да се приближат до народот, како на пример: школските свечености, свадбите, селските игранки, селските верски празници, па дури и при погребувањата. При сите овие масни средувања, овие учители започнувале разговори со народот, за нивниот живот, за нивните секојдневни проблеми и тешкотии, за општествената, социјалната и економската положба, за политичката ситуација кај и во светот, и друго.[103] Интересирајќи се и дискутирајќи за нивните проблеми па и пошироко, напредните учители ја стекнувале нивната доверба - довербата на народот, кој уживал дока се тие познаници даскал Зоки поради ова, учителските станови секојпат биле посетувани од народот. Сите овие можности овие учители ги користеле за да ги шират своите напредни идеи меѓу народот, односно да ја разобличуваат поробувачката политика на големосрпската буржоазија, да ја развиваат политичката свест кај Македонците, да ги всадуваат љубов спрема својот народ, својот јазик и својот кат.[104]

Напредните учители, Срби, Црногорци, и други, јасно му укажувале на македонскиот народ за неговата национална самобитност, со зборовите: Вие не сте познати Срби, јас сум Србин. Вие сте Македонци. Еден ден Македонија ќе стане Република, ќе имате своја македонска азбука, ќе имате училиште на македонски јазик, и т.н.[105] Со овие зборови се обраќале до народот напред-

./...

ните учители Стравко Костиќ, Димитрија Сафалица, Богољуб Јокиќ, Кукајло Кукаљ, и други. Вакviот прогресивен и отворен став на напредните учители во Вардарска Македонија, по македонското национално прашање, се должел пред се на ставот на КПЈ по однос на македонското национално прашање, кој што бил прогресивен и јасен, и како резултат на фактот, што добар дел од напредните учители биле членови или симпатизери на КПЈ, кои пак покрај тоа што биле само демократски настроени ја прифаќале и народнофронтовската платформа, која што партијата ја создала по доаѓањето на Јосип Броз Тито на чело на партијата во 1937 година.

Како една од повеќето погодни форми, преку која напредните учители давале придонес за ширење на националното осознавање на македонскиот народ, биле училишните свечености, како на пример "Светосавските прослави" и други, кои биле скоро секој пат масовноносетувани, имајќи го во предвид фактот дека во многу села тоа биле единствени културни манифестации, не само од родителите на учениците, туку и од младината. На овие свечености, во програмата , покрај напредни учители покрај другото, вметнувале стихотворби од македонски автори и македонски песни. Тоа оставало силен впечаток кај народот и влијаело во разбудувањето на неговата национална свест. [106]

Училишните свечености биле користени од страна на поедини напредни учители во Вардарска Македонија, за вметнување во програмата и на други стихотворби и песни со социјална содржина и од други југословенски автори, преку кои се потенцирала социјалната положба на обесправените широки народни маси, како на пример песните: "Сиротото сончарче" од Васа Абрашевиќ, "Класје" од Алекса Шантиќ, "Ветерот и кабите" од Јован Јовановиќ-Змај, хорската рецитација "Народе имаш ли своја историја" и други. [107] Преку вакviте програми со социјална содржина изнесени на училишни-

те свечености пред народот, напредните учители го поттикнувале социјално и национално обесправениот македонски народ во Вардарска Македонија, на отпор против буржоаската експлоатација.

За македонското национално прашање, напредните учители, покрај тајните дискусии и пред членовите на библиотеките, читалиштата и задругите,[103] отворено ја користеле секоја можна борба и секоја прилика, за да го актуелизираат националното и социјалното прашање на обесправениот македонски народ и народностите во Вардарска Македонија.

Покрај наведените форми на работа, на напредните учители многу македонскиот народ во Вардарска Македонија на полето на неговото национално осознавање, напредните учители во поставувањето на македонското национално прашање ги користеле и предизборните собири, на кои јавно го поставувале прашањето на македонското национално прашање. Така на пример, учителот во село Спанчево - Кочанско, Илија Вукетиќ, на предизборниот митинг во ова село во 1938 година им зборувал на селаните дека се тие Македонци и дека треба да се борат за своите национални права".[104]

Кога станува збор за придонесот на напредното учителство во Вардарска Македонија врз нивото светски војни, на полето на ширењето на вистината на националната самобитност на македонскиот народ, тогаш неспорно се наметнува заклучокот, дека напредните учители во Вардарска Македонија, како од македонско, така и оние од немакедонско потекло (Срби, Црногорци, Хрвати, Босанци и др.) наполно со прогресивните идеи и под влијанието на КПЈ , со голем полет и жар пристапиле кон делата на просветувањето и националното будење на македонскиот народ.

./...

2. Запознавање на народните маси со социјализмот и социјалистичката изградба и решавањето на националното прашање во СССР

Успешното завршување на Големата октомриска социјалистичка револуција во Русија и создавањето на првата земја на социјализмот, било предизвик за широките народни маси, кои што не можеле да одолеат на нивниот интерес за тоа, како живее советскиот народ и какви се неговите слободи и права, како тече социјалистичката изградба, како е решено националното прашање во оваа голема земја во која живеат преку сто народи и друго. Одговор на овие и други прашања, народните маси барале и од напредните учители, кој што биле единствени субјекти од категоријата на државните службеници во Стара Југославија, кои што биле блиски со народот и во кои народот имал доверба. Големиот интерес на народот, за тоа што се случува во СССР, бил уште повеќе поттикнуван со дејувањето на буржоаската пропаганда, односно на непародните режими на Стара Југославија, кои што користеле печатот и сите други можни начини, за насилно да ја прикажат положбата на народите во СССР и да го оцрнат социјалистичкиот систем.[110]

Напредните учители кој биле надоени со прогресивни идеи и запознаени со учењето на научниот социјализам, односно со марксистичкото учење за развитокот на општеството, а во исто време усмерени од КПЈ, биле спремни на народот да му ја објаснат вистината за социјалистичкото општество и социјалистичката планска изградба на СССР,[111] побивајќи ја на тој начин лажната буржоаска пропаганда, создавајќи нови простори за продирање на идеологијата на КПЈ и социјалистичкото учење, меѓу широките

./...

народни маси. За извршување на вакаа своја задача, овие учители користеле повеќе форми:

Така на пример, многу напредни учители го користеле својот радиоапарат, кој што во многу случаи бил единствен во селото каде што учителствувале, да заедно со селаните кои доаѓале во нивните станови слушаат емисии од радио Москва, кој што потоа ги коментирале. За вакаа користена форма од страна на напредните учители, за објаснување на вистината за социјалистичката изградба на СССР и воопшто за предностите на социјалистичкото општество, во едно учителско сеќавање се вели: "Радиото ми беше средство за собирање на селаните од сите возрасти. Скоро секоја вечер, особено во зимско време, кај мене доаѓаа група селани. Слушавме вести, разни емисии, предавања. Посебен интерес имаше за вестите, од СССР. Се разделувавме дури по слушањето на интернационалата."[112]

Податоци дека напредните учители ги користеле средбите со народот, а нарочито присуството на селаните во своите станови за пропагирање на социјалистичките идеи и на социјалистичката изградба во тогаш единствената социјалистичка земја - СССР, среќаваме не само во сеќавањата на напредните учители, туку и во сеќавањата на нивните ученици. Така на пример, Тодор Мишковски, еден од учениците на напредниот учител Здравко Шестиќ, во своите сеќавања забележал: "Во вечерните часови, а особено во зимскиот период, неговиот стан - соба беше претесна да ги собере луѓето од селото кои доаѓаа кај него на разговор. Лампата светеше до доцна во ноќта. Еднаш забележав дека на ѕидот имаше карта на светот и објаснуваше каде се наоѓа Советскиот сојуз, покажувајќи на зелената боја."[113]

Колективизацијата и аграрната реформа што биле спроведени во СССР по победата на Октомвриската револуција, биле

./...

доста актуелни и предмет на интересирање на селаните, како на безземјашите, така и на оние што имале извесни парцели на земја. Селаните барале од напредните учители, да им ја објаснат суштината на колективизацијата, односно што е вистина за социјализмот во СССР, а што лаж и злонамерно пропаганда.[114] Напредните учители вложувле многу труд, за да им објаснат на селаните, кои се предностите на социјалсистичкото земјоделство, односно кои се факторите кои ги стимулираат колхозниците на продуктивност и поголемо производство и полобар живот, како и комунистичкиот принцип во епохата на социјализмот - "Секому според вложениот труд и постигнатите резултати.[115]

Напредните учители го користеле и напредниот учителски печат во ова време, за да пред широката јавност ги раскринкуваат лагите што ги ширел буржоаскиот режим на Стара Југославија за Советскиот социјалистички систем и за социјалистичкото општество.[116]

Некои напредни учители за популаризирање на социјализмот, а посебно социјалистичката изградба во СССР, ги користеле и годишнините од раѓањето или смртта на големите руски писатели или државници на советската држава. Во прилог на објаснување на оваа борба на делување на напредните учители на полето на запознавањето на народните маси со социјалистичката изградба на СССР, ќе наведеме еден пример:

Учителот во Радовиш, Обрад Шишмиш, 1937 година одржал предавање пред членовите на Радовишкото градско читалиште, по повод стогодишнината од смртта на големиот руски писател - - Пушкин. Притоа, учителот Обрад Шишмиш, главниот акцент на своето предавање и го посветил на Октомвриската револуција и социјалистичката изградба во СССР, за што во неговите сеќавања пишува:

"Тоа предавање го искористив, така што повеќе

зборував за големиот руски народ, за неговата снага и творештво, отколку за самиот Ленин. Иегутова присутните сватија дека јас всушност сакам за зборувам за Советскиот сојуз и за Октомвриската социјалистичка револуција, макар што поради познати причини, тие зборови многу не ги споменував."[117])

Со својата работа на полето на запознавањето на широките народни маси, со целите на социјалистичкото општество и социјалистичката изградба во СССР, а особено преку објаснување то како го решила Октомвриската социјалистичка револуција националното прашање во многунационалната Русија, напредните учители давале голем придонес во националното будење на национално обесправените народи во Стара Југославија, во прв ред на македонскиот народ, зошто токму во Вардарска Македонија , националното угнетување било најголемо.

Општо земено, работата на напредните учители на полето на објаснувањето на целите и задачите на социјалистичкото општество, што била и главна задача и целна борбата на работничката класа на чело со КПЈ, била една од важните компоненти на дејноста на напредното учителство во Вардарска Македонија и воопшто во СтараЈугославија во периодот меѓу двете светски војни.

"огатите прогресивни активности на напредните учители во училиштата и среднародот, кој како што најдобро се манифестирале низ повеќе облици на дејствување, ги оформирале напредните учители во очите на народот како вистински напредни народни учители, или како што велел народот, тоа биле "поштенски ласкали", правејќи при тоа споредба со прогресивните учителм. Така , напредните учители се афирмирале како борци за народни права, поради што тие биле сакани, односно со голем авторитет во народот.

А. ДЕЈНОСТА НА НАПРЕДНИТЕ УЧИТЕЛИ – СИМПАТИЗЕРИ И ЧЛЕНОВИ НА КПЈ ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1919 – 1937 година

1. Дејноста на напредните учители во "Обедината" (1919-1920)

Веднаш по создавањето на Кралството СХС, веќе во почетокот на 1919 година во Вардарска Македонија, по иницијатива на социјалистите, започнало обновување на работата на социјалистичките организации, кои биле формирани уште пред Балканските војни. Меѓу првите такви обновени социјалистички организации во Вардарска Македонија, била Скопската социјалистичка организација, која ја обновила работата на 9 февруари 1919 година. 1) Меѓутоа , кога во април 1919 година дошло до обединување на југословенското револуционерно работничко движење во единствена работничка партија. Социјалистичката работничка партија на Југославија (комунисти) СРЈ (к) оттогаш таа се јавува како иницијатор за формирање на партиска организација и во Вардарска Македонија. Така, во текот на 1919 и 1920 година во Вардарска Македонија била формирана широка мрежа на партиски организации на СРЈ (к) , и тоа: покрај во Скопје, уште во Битола, Велес, Неготино, Кавадарци, Штип, Кочани, Куманово, Ѓевгелија, Прилеп, Охрид, Радовиш, Царево Село(денес Делчево), 2) и во други места. Во текот на 1920 година, партиски организации на СРЈ (к) почнале да се формираат и по селата во поедини региони на Македонија, како на пример : во Битолско, Скопско, Велешко и на други места. 3)

Истовремено, во овој период во Вардарска Македонија пристигнуваат на служба голем број на учители од Србија, Црна Гора, Босна , Војводина и од други места на Кралството СХС.

./...

Голем број од нив, му припаѓале на напредното социјалистичко работничко движење во југословенските земји од каде потекнувале. Овие учители веднаш по своето пристигнување во Вардарска Македонија продолжувале со својата прогресивна и револуционерна работа, земјајќи активно учество и развивајќи широки пропагандни активности во разјаснувањето на политичката програма на СРПЈ (к) меѓу широките народни маси, давајќи со таквите свои активности голем придонес во зголемувањето на партиското членство и на партиската мрежа на СРПЈ (к) во Македонија.

Познати се повеќе случаи на учители - партиски активности, односно членови и организатори на СРПЈ (к) во Вардарска Македонија, меѓу кои ќе ги споменеме учителите Ратко Жуниќ во Битолска околија и Новица Петровиќ во Гевгелиска околија.

Така, Ратко Жуниќ одржувал агитациони говори во Битола и неговата околина во кои го разобличувал капиталистичкото општество, укажувајќи на неговата експлоататорска суштина, во кое се запоставени и во кое има неправедност спрема сиромашните слоеви. Ставот на учителот-комунист Ратко Жуниќ, најдобро се гледа од неговиот говор, одржан на митингот во "Јени маало" во Битола на 8.02.1920 година, за кој што во весникот "Социјалистичка зора" бр. 6 од 16.02.1920 година, пишува:

"Четврти говореше другарот Жуниќ, Тој јасно и разбирливо изнесе, зошто е важна бедна положбата нивна (се однесува на населението од "Јени Маало", кое било претежно работничко и земјоделско, односно најсиромашно битолско предградие С.И.) наведувајќи ги виновниците: државата и битолската општина. За оваа последнава, наведуваше вистински споредувања: како општината се грижи за улицата "Краљ Петар" ("Широк сокак") ./...

да биде секоја минута чиста и рече: " ...Е за да не ти намирнат бунтовните на работарските хора, и затоа кај вас по "Јени Живе" и по "Вапро" (што така скромбезен квард на Битола С.П.) има најмногу заразни болести... Сета нечистотија и жижеба вие ја примате наместо чист воздух во вашите бели дробови и ете за готова болест."[4])

Освен во градот Ратко Јунић организирал пропагандни митинги пред првите општински (одржани на 22 август 1920 година) и собранискиот избори(одржани на 22 јануари 1920) во Крајштето ОХО на кои држел говор и во битолските села. Така, во весникот "Социјалистичка Зора" број 74 од 9 септември 1920 година го среќаваме податокот дека зборувал на митингот во село Могила[7] посебно големи активности во пропагирањето на програмата и идеологијата на ОРЈ (к) односно сега (после Зуковарскиот конгрес) и КПЈ, Ратко Јунић ќе продолжи во времето на предизборната кампања пред првите општински и собранискиот избори во Крајштето ОХО , во втората половина на 1920 година, како што беше случај во веќе споменатото село Могила, потоа на 7.09.1920 година во селото Кукуречани,[8]) и на други места.

Денешен осврт на историската перспектива, за влијанието на идеологијата и работата на КПЈ во битолската околија и за најдобриот успех на споменатите први и единствени легални избори, во легалниот период од дејствувањето на КПЈ, кој се одржаа во 1920 година, Ратко Јунић во својата статија "Комунистичкото движење во Битола" , објавена во весникот "Социјалистичка Зора", број 82 од 24 септември 1920 година пишува:

"Како бранителите кои го пречекуваат бегот и уништуваат се пред себе, така и во последно време нашето комунистичко движење во Битола. Хулиганите се дали по нашите први бранители

а/...

нто секој ден ги опколуваат во нашиот црвен табор, водови од нивни главачи, кои се лути и кажани беше ги придобиле...„ Во нашиот дом (С.Д. се мисли на Работничкиот дом во Битола) сега е како во правдалник: преку цел ден, па и до доцна навечер врие, дофаат стари, доѓаат млади, браат селаните не само од Битолска околија, туку дури и оддалечените села на кичевска околија и бараат пријави за упис во Комунистичката организација, чуствуваат жестинтивно, како без дозолна социјалистичка начитаност и просветеност, дека ни е потребен лек за нивното спасување, а тоа е нашата организација."[9]

Во Гевгелиска околија, големи активности на полето на ширењето на идеологијата на КПЈ и формирање на партиски организации, така на пример на 31.X.1920 година, по иницијатива на учителот-комунист Коница Петровиќ во селото Богданци била формирана Месна организација на КПЈ, која броела 54 членови и во која Коница Петровиќ бил избран за секретар.[10]

Во Кавадаречка околија, големи активности на полето на ширењето на идеологијата на КПЈ и формирање на партиски организации, пријавиле учителите-комунисти: Ристо Јовановиќ, Васо Величковиќ, Милорад Јунаќ и Витомир Крушиловиќ.[11]

Учителите членови на КПЈ, меѓу народот ги ширеле социјалистичките идеи, односно идеите на научниот социјализам и Октомвриската социјалистичка револуција. Имајќи во чести дијалози со народот во кои укажувале на ропската положба на народните маси во буржоаското општество, како што било Кралството СХС, се уште од првите денови на новото постоење ги разоверило очекувањата на широките народни маси, кои се надевале дека после војната ќе добијат земја, работа и слобода. Во своите истапувања пред народот, учителите-членови на КПЈ го потенцирале народот на отпор. Така на пример учителот-

/...

- комунистот Велизар Драгуловиќ, на служба во селото Цер - Кичевско, ни зборувал во селските дека се тие робови, дека сите треба да работат, а не едни да уживаат и дека треба да работи и крал Петар и Никола Пашиќ, дека на народот не му е потребна власта, бидејќи колоброј би живеел без неа, потоа дека се непотребни парите и дека пил ќе ги намони небуквеблите разлики на лубето, која кнеја во ова време била актуелизирана во Русија од страна нановата Советска власт, како и во други социјалистичко-марксистички идеи и погледи.[12]

Некои учители - членови на КПЈ отворено повикувале на социјалистичка револуција. Така во еден полициски извештај, меѓу другото стои: "Во Богданци, околија Гевгелиска, учителот Панчо Петревиќ е основач на комунизмот. Во Богданци јавно проповедава социјалистичка револуција."[13]

Јаки активности на учители - комунисти во летаниот период од делувањето на КПЈ (1919 - 1920) на полето на пропагирањето на програмата, односно идеологијата на КПЈ и формирање на партиски организации, имало и во други крајишта на Вардарска Македонија.

Во летаниот период од делувањето на КПЈ (1919-1920) во Вардарска Македонија учителствувале голем број на учители - комунисти.[14]

Така според истражувањата на д-р Марија Јовановиќ во овој период во Вардарска Македонија учителствувале (службувале) следните учители - комунисти дадени по окруси, како што биле и тогашните административни поделби во Вардарска Македонија и тоа:

Скопски округ: Драгољуб Стојановиќ, учител во село Горно Волно-Скопско, Зарит Рами Бајрамовиќ, учител во Скопје, Ѓорѓе Костиќ, учител во село Сушица - Скопско, Велизар Обрадовиќ, учител во село Бујковци - Скопско, Аленса Илиевиќ,

учител во село Влаше – Скопско, Милан Грујиќ, учител во село Кучевиште – Скопско, Душан Јанковиќ, Јасанка Стефановиќ, учителка во село Драчево – Скопско, Петар Јовановиќ, учител во село Јегје – Скопско, Милан Јукелиќ, учител во село Лубеница, Милојко Лубисављевиќ, учител во село Драчево, Сава Пантиќ, учител во село Чашка, Теодор Митиќ, учител во село Калиница, Лубица Игумановиќ, учителка во Варешкото училиште во Скопје, Никола Павловиќ, учител во село Војница, Јован Давидовиќ, учител во село Зелениково и Драгутин Арсенијевиќ, учител во село Сушица .[15]

Битолски округ: Драгомир Јовановиќ, учител во Битола Исмаил Јовевиќ, учител во Битола, Сава Живковиќ, учител во село Гопеш – Кичевско, Светислав Стојановиќ, учител во село Кланец – Кичевско, Милутин Лазаревиќ, учител во село Ивањчиште – Кичевско, Живојин Вујиќ, учител во село Лажец – Битолско, Радомир Весиновиќ, учител во село Бареване, Битол-

ско, Четир Анѓелковиќ, учител во село Гевато, Душан Виторовиќ учител во село Вач, Кичевско, Драгољуб Миловиќ, учител во Битола, Кастиј Николиќ, учител во Битола, Сретен Петровиќ, учител - супнет во Ресенската гимназија, Лазар Боровинца, учител во село Белушино, Битолско, Ратко Куниќ, учител во Бито.а, Ѓорѓе Стоиниќ, учител во Крилан, Драгутин Макензовиќ, учител во село Алетво, Драгомир Вавковиќ, учител во Битола, Велимир Дражулиќ, учител во село Цер - Кичевско.16)

Тиквешки округ: Ѓорѓе Миловиќ, привремен учител во село Баша-Реву, Гевгелија, Живан Ѓоиќ, учител во село Бахуже, Бошко Ристатовиќ, учител во село Рожден, Василије Величковиќ, учител во село Ресава, Љубисав Симиќ, учител во Кавадарци, Драгиша Митровиќ, учител во Кавадарци, Живан Коки учител во Чрумница, Јефтимије Илучевиќ, учител во село Дедели Гевгелиско, Ѓорѓе Јанковиќ, учител во село Баша Реву, Гевгелиско

/...

Тајко Горговиќ, учител во село Рожден – Кавадаречко, Ѓорѓе Цветковиќ, учител во село Скопаре – Струмичко, Ѓуро Тенаш, учител во Кавадарци, Милорад Гајиќ, учител во село Конопиште, Милорад Јуниќ, учител во село Добрите, Витомир Трамбуловиќ, учител во село Дреново, Драгомир Милошковиќ, учител во Кавадарци, Влалан Дачиќ, учител во Неготинска околија, Челомир Алексиќ, учител во Неготинска околија, Новица Живковиќ, учител во село Богородица, Василија Николиќ, учител во село Стојаково, Новица Петровиќ, учител во село Стојаково, и Ристо Миковиќ, учител во Кавадарци.[17]

Брегалнички округ: Драгомир Рајковиќ, учител во село Владимирово – Беровско, Светозар Дебељак, учител во Дерво Село(денес Делчево) Тодор Тапавиќ, студент – учително Радовиш, Тодор Ванозиќ, учител во Радовиш, Хранислав Гвозденовиќ, учител – управник на Кочанското основно училиште, Милан Гекиќ, учител во Кочани, Благоја Ристиќ, учител во село Зрновци, Милорад Филиповиќ, учител во село Облешево, Душан Милиќевиќ, учител во село Таринци, Милан Кацаровиќ, учител во село Цумајлија, Божидар Пешовиќ, учител во Дерво Село, Десанка Милутиновиќ, учителка во Радовиш, Атанас Врсовиќ, учител во Пехчево, Димитрија Ѓорѓевиќ – Чарокијевиќ, учител во Радовиш, Милан Димитријевиќ, учител во Радовиш, Михаило Јовановиќ, учител во село Липци, Драгоја М.Антониќ, учител во Градско, Благоја Христовиќ, учител во Радовиш.[18]

Кумановски округ: Бранислав Антиќ, учител во село Челопек – Кумановско, Светомир Анѓелковиќ, учител во село Старо Нагоричане, Данило Аруновиќ, учител во село Грашките-Жегличевско, Србислав Милошевиќ, учител во Жегличево, Александар Пауновиќ, учител во село Радибуш, Војислоја Златиќ, учител во село Стошинци, Благоја Стефановиќ, учител во село Стајковци,

./...

Милан Рековиќ, учител во село Петрушица, Милан Петровиќ, учител во село Стенчевци.

Тетовски округ: Светислав Стојковиќ, учителво село Долна Лешница - Гостиварско, Билбил Трнковиќ, учител во село Долно Палчиште - Тетовско, Коста Костиќ, учител во село Сърчино - Тетовско, Богдан Дрвениќ, учител во село Речица - Тетовско, Тодосије Поповиќ, учител во село Сметино - Тетовско Јован Недовиќ, учител во село Ростуше - Гевгелиско,[19] и Љубомир Терзиџевиќ, учител во село Дебрце.[20]

Релативно големиот број на учители - комунисти во Вардарска Македонија во летниот период (1919 - 1920) години се должело пред се на големите успеси што КПЈ ги постигнала меѓу народните маси, пред се преку својата социјална програма кои што во тоа време единствен собирен и политичка сила, Како резултат на што "дошло до масовен развој на работничкото движење, кое не се манифестирало само со најавата на партиските и синдикалните организации, туку и со запознавање на босконаучниска борба, што била дел од општата борба на работничката класа на Југославија, против беспрашето, репресалиите и експлоатацијата."[21] Надвор од свој револуционерно време во Вардарска Македонија не можело да остане ниту учителството односно неговиот прогресивен дел како од македонска така и од немакедонско потекло кое што било во текот на секојдневен контакт со народот.

Како резултат на широките агитаторски акции меѓу народот во Вардарска Македонија, што ги довеле членовите на КПЈ на овие први парламентарни избори за избор на Уставотворното собрание, КПЈ остварила големи успеси во Вардарска Македонија, кога биле избрани 15 комунистички пратеници од вкупно 59 пратеници на КПЈ, колку што биле избрани во цела

*/...

Југославија, големи придонес за остварувањето на големиот успех на КПЈ на овие избори во Вардарска Македонија дале со своите неуморни агитации и многубројните учители - комунисти членови на КПЈ во Македонија.

За прилог на изнесените наши констатации, зборуваат многу другите и подетално од следниот документ:

Така, во извештајот на школскиот надзорник за Горно - полошка (денес Источарека) околија, дов.бр. 3 од 22 јануари 1921 година испратен до министерот на Министерството за просвета за Вардарска бановина, во врска со изборните активности на учителот - член на КПЈ, Светислав Стојановиќ, учител во село Долна Бањица - Источарско, пишува: "За време на изборите за народни претставници (Ѕ.Н. се однесува на изборите на претставници во Уставотворното собрание - конституантата во 1920 година) учителот Светислав Стојановиќ ленешо комунистички прогласи по улиците од опустошената судница и јавно го поттикнувал месното население да гласа за претставникот кандидат на Комунистичката партија."[22]

Поколку од учителите - членови на КПЈ од Вардарска Македонија, се најде и многу избрените комунистички претставници во Уставотворното собрание од територијата на Вардарска Македонија, и тоа: Ратко Жунић, учител во Битола; Фериз Бајрамовиќ, учител во Скопје; Петар Јовановиќ, учител во с.село Јаја - Скопско; и Тахсин Јевтиќ учител во Велес.[23]

Плодната активност на многубројните учители - членови на КПЈ во Вардарска Македонија, била прекината како и активноста на сите останати членови на КПЈ со донесувањето на злогласната "Обзнана" која беше 29 и 30 декември 1920 година кога КПЈ била забранета, односно ставена надвор од Законот.

*/...

2. Дејноста на напредните учители во периодот по "Обзнаната" до 1937 година

Иако со донесувањето на "Обзнаната" била забранета секаква комунистичка дејност во кралството СХС, извесен број на учители - комунисти во Вардарска Македонија, продолжиле и понатаму со пропагирање и ширење на комунистичката дејност. Во прилогов понатаму ќе се задржиме на неколку примери кои зборуваат за комунистичката дејност на поедини учители - членови на КПЈ во Вардарска Македонија после 30 декември 1920 година, кои и покрај прогоните од страна на властите, како и дадената изјава дека понатаму нема да се занимаваат со комунистичка дејност, тие и понатаму упорно работеле и да ширеле идеологијата на КПЈ меѓу народните маси, илегално, полуилегално и во некои случаи јавно, односно отворено се декларирале дека и понатаму се комунисти, и дека и припаѓаат на забранетата Комунистичка партија на Југославија.

Така на пример, во строго доверливото писмо на школскиот надзорник во Гевгелија, Вељко Јовиќ од 20.01.1921 година, испратено до Министерството за просвета преку бановинскиот школски инспектор во Скопје, во кое станува збор за комунистичката дејност на Ковиља Петровиќ, учител во село Богданци и после забраната на КПЈ, меѓу другото пишува:

"И покрај тоа што, господинот учител Ковиља Петровиќ е спремен (С.К. се однесува на способен во учителската служба) учител тој како комунист толку многу се експонира, така што и после владината "Обзнана" не престанува и понатаму повеќе отколку да ги шири комунистичките идеи меѓу народот."[24])

*/...

Во Галичката околија, и после "Обзнаната" комунистичките идеи продолжија отворено да ги шири Јован Наловски (Наловиќ) , учител во Ростуше, а кој бил родум од Галичник. Во извештајот на околискот полициски началник за Галичка околија, пишува:

"Јован Наловиќ, учител во Ростуша, а родум од Галичник, повеќе пати селевме на маса во селската кафана, го налеги своето мислење за комунистичките партии, велејќи, дека комунистите ќе кратко ќе успеат со своја намера, како и дека сите учители се комунисти бидејќи тие се за тоа, да се прошири комунизмот." 25)

Во Кумановска околија, продолжиле и понатаму да делуваат на линијата на КПЈ и после донесувањето на "Обзнаната" околните учители - членови на КПЈ: Милорад Јовановиќ, привремен предметен учител во Кумановската гимназија; Вранислав Антиќ, учител во село Челопек; Светозар Живановиќ, учител во село Старо Нагоричане; Србислав Миловановиќ, учител во село Жегљане и Данило Арунович, учител во село Грделите. Овие петмина учители - членови на вабранетата КПЈ, јавно изјавувале по изнесувањето на "Обзнаната" дека се членови на вабранетата КП, и како што стои во извештајот на началникот на кумановскиот округ, тие "столно" работеле и работеат јавно и тајно во организирањето на комунистичката партија, ја критикуваат работата и состојбата во државата (С.П. се однесува на Краљството СХС) секогаш и во секое место и ја надреваат и поттикуваат народните маси на непријателство спрема државата." 26)

Во Скопска околија, продолжиле и понатаму со активности на линијата на КПЈ и по донесувањето на "Обзнаната" учителите - комунисти односно членови на вабранетата КПЈ, Живојко Дубровачки, учител во село Драчево и Драгољуб Стој-

.../...

новиќ, учител во село Горно Водно.

Така, во извештајот на школскиот надзорник за скопска околија М.Јрко Симеоновиќ, Поз.бр. 2 од 14 февруари 1921 година до Одделението за основна настава при Министерството за просвета, пишува дека и покрај тоа што незелените двајца учители - комунисти писмено изјавиле, дека нема повеќе да работат на ширењето на комунистичките идеи, тие и понатаму продолжиле со комунистичката дејност.[27] Нивната понатамошна илегална и полулегална работа на ширењето на комунистичките идеи, пишува во цитираниот документ "Ќе биде спасената и со тоа, што овој народ, како резултат на долговодишното ропство стекнал навика, во нити да не свдочи ни писмено ни усмено. Оттука е создадена и народната поговорка "Ни лук јал ни лук мирисал".[28]

Во Валовишка околија, продолжила со активности на иницијата на КПЈ Јиколиир Јефтиќ учител во Велес и еден од најбраните комунистички претставници во установувачките скупштини од територијата на Вардарска Македонија и Горна А.Попвасиќ, учител во село Сремене. За нив, во извештајот на Скопскиот школски надзорник за валовишка околија, под. бр. 2 од 13 јануари 1921 година, испратен до инспекторот на Министерството за просвета за Вардарска област, меѓу другото пишува, дека "Тие не само што биле активни поборници за ширење на комунизмот во Валовишкиот регион пред донесувањето на Законите "Обзнана", туку и сега делуваат во тој правец (комунистички).[29]

По донесувањето на "Обзнаните", со комунистичка дејност продолжил во Личевската околија, учителот - комунистот Јилутин Лазаровиќ, учител во село Јваничите.

./...

Во наредниот период, по донесувањето на "Обзнаната" па се до уништувањето на монархофашистичката диктатура (1921 - 1931), како резултат на "бесниот буржоазен терор", дојде до големи прогони на комунистите врз основа на низа реакционерни закони, како на пример: "Законот за заштита на државата" од Август 1921 година и други закони, потоа воведувањето на монархофашистичката (шестојануарската) диктатура (1929 - 1931) и друго.

Покрај овие удари на буржоазниот терор, Комунистичката партија на Југославија, која била изградена врз принципите на легална партија и ориентирана на парламентарни облици на борба, не била спремна да ги лочека овие удари на буржоазниот режим. Најзиното раководство не очекувало таков удар, и не се ориентирало на воспоставување на илегален партиски апарат, поради што КПЈ под ударите на "Обзнаната" и Законот за заштита на државата, се распаднала, а најзините членови биле принудени да се повлечат во длабока илегалност.[31]

Токму поради овие причини и учителите - комунисти во Вардарска Македонија, како и во цела Југославија во овој период, а нарочито после донесувањето на "Законот за заштита на државата" од август 1921 година, биле принудени да престанат со секаква легална комунистичка активност, а многумина од нив како сакале и понатаму да останат во државна служба, на барат писмени изјави во власта дека ќе престанат со секаква комунистичка активност.[32] Така, до 1931 година, односно до уништувањето на монархофашистичката диктатура престанува, односно до крајот крајни граници се намалува активноста на учителите - комунисти во Вардарска Македонија, поради тоа што членовите на забранетата КПЈ, како и на најзините симпатизери,

...

и на остатокот демократски настроено учителство. Ова него другото, се должело и на не постоењето на и партиска организација во Вардарска Македонија во овој период , 33) така да немало и кој да ја координира и насочува револуционерната дејност на учителите - комунисти, и на симпатизерите на КПЈ, како и на останатите демократски сили . Во врска заклучок него другото не навеѓаме и фактот, што и во изворната документација од овој период не се сретнавме податоци за некаква комунистичка агитација на учителите во Вардарска Македонија, порадени членови на КПЈ или нејзини симпатизери.

Врвите поствоени и политички разликувања на учители - комунисти и симпатизери на КПЈ, се забележуваат дури во време на изборите за народни претставници во 1954 година, кога диктатурата била ослабена, односно укината.34)

На овие избори, што биле одржани на 8 ноември 1954 година, била истакната само една кандидатска листа, со претседателот на владата Петар Живковиќ како нејзин носител. Гледајќи дека овие избори претставуваат објективна фарс, КПЈ одлучи отиде овие избори да се бојкотираат. Вакви директиви на КПЈ ја прифаќаат и спроведуваат во живот , како учителите-членови и симпатизери на КПЈ , така и останатото напредно-демократски ориентирано учителство во стара Југославија. Тие развиваат широки активности меѓу народот за бојкотирање на овие избори"кои обезбедуваат, дека нема слобода на изборот и договарањето, дека за штампата е воведена јавна и тајна цензура, дека секаков здружување е забрането и ставено вон законот, порадди што нема и немаше дури ни минимум гаранција дека по изборите ќе се почитуваа волјата на народот, а уште помалку изгледи дека на изборите ќе бидат избрани вистинските народни претставници." 35)

→/...

Во духот на новата директива на КПЈ, во овие избори (1931) земаат учество покрај остварената напредно југословенско учителство и повеќе напредни учители во Вардарска Македонија од редовите на демократски ориентираното учителство и учители - членови и симпатизери на КПЈ.

Така на пример, во Штипската околија, во овие избори од 1931 година, земаат учество напредните учители: Петар Татар, учител во село Никоман, Светомир Игњатовиќ, учител во село Радање, и Тодор Ангелковски, учител во село Лепенец. Тие развиле широки активности во своите села, во прилог на бојкотирање на изборите одвраќајќи ги селаните да не одат (гласаат) на изборите.[36]

Слични активности пројавиле и напредните учители во Кочанска околија. Така, во овој правец, дејствале напредните учители: Ѓорѓе Толоровиќ, учител во село Вељи, Кубомир Пашиќ, учител во село Тркање, Миро Буковиќ, учител во село Бањи, Добривоје Миниќ, учител во село Чанчево, Миладин Марковиќ, учител во село Чешиново, Драгослав Ѓуриќ, учител во село Чоколарик и Душанка Поповиќ, учител во село Кидинци.[37]

Исто така, напредните учители во Вардарска Македонија зеле активно учество и во време на парламентарните и општинските избори во 1935 година. Во врска со овие избори, КПЈ од кажо увиде, дека нејавните обиди да излезе на изборите со самостојна работничка листа се неуспешни, направи обиди на истапи на изборите преку блокот на Здружените опозиција. Кажутова, Апапо Кабак, носителот на листата на Здружената опозиција, не ја прифатил соработката со КПЈ, но и покрај ова ЦК на КПЈ им испал директиви на партиските организации да истите ги ориентираат своите приврженици и симпатизери да гласаат за Здружената опозиција.[38] Во духот на таквата партиска директива

../...

напредните учители во Вардарска Македонија развиле активности во прилог на Здружената опозиција. Најкарактеристичен пример за учество на напредните учители во овие избори (во 1935 год.), претставуваат активностите на напредните учители во Скопска околија: Драгослав Урић, учител во селото Блаце; Ђуро Губеринић, учител во село Врзница; Раде Вуковић, учител во село Петровец и други. Нивната заслуга е голема, што во повеќе изборни места во Скопските села било откриено фалсификувањето на изборите од страна на власта и истите биле поништени, на кои победиле кандидатите на Здружената опозиција.[39]

Во уште поголемо раздвижување на напредното учителство во Вардарска Македонија, и до бројчано зголемување на неговите редови, доаѓа после 1937 година, кога на чело на КПЈ доаѓа Јосип Броз Тито и доаѓа до консолидацијата на КПЈ, а истовремено и на партиските организации во Македонија.

Б. КОНСОЛИДАЦИЈАТА НА КПЈ И НАПРЕДНОТО УЧИТЕЛСТВО ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА

Со доаѓањето на Јосип Броз Тито на чело на КПЈ во 1937 година , доаѓа до ликвидирање на фракционерските борби и настанува периодот на консолидација на редовите на КПЈ.[40] што има посебно значење и одраз во Вардарска Македонија. Имено, периодот од 1937 година па напаму, се карактеризира меѓу другото, со забрзување на мерките и усилбите на КПЈ за зацврстување и проширување на редовите на партиската организација во Македонија, и за нејзино оспособување и успешно активирање во целокупниот општествено политички живот. Во овој период, партиската организација во Македонија, со посредништво на Моша Пијаде воспоставува цврсти врски со Централниот комитет на КПЈ, кој што на барање на македонските комунисти во Македонија испраќа делегати и партиски инструктори,[41] кои што ја зајакнуваат и

./...

и реорганизираат партиската организација во Македонија. Во прилог на ваквата констатација, зборува и одржувањето на двете илегални партиски советувања на македонските комунисти, одржани во Велес во почетокот на 1938 година, со присуство на делегати на партиски организации и групи од повеќе градови во Македонија, и тоа: Скопје, Прилеп, Куманово, Велес, Гевгелија, Штип и други места.[42)]

Ова е период, кога КПЈ развива широки политички активности меѓу народните маси, и кога Партијата успеа да ги здружи демократските и антифашистичките сили во цела Југославија, и конечно во 1937 година го создаде Антифашистичкиот народен фронт на Југославија, како единствена политичка организација, за борба против експлоатацијата, националното угнетување и против фашистичката опасност, која се повеќе започна да се шири и да ја загрозува Европа и светот.

Народниот фронт на Југославија што го создаваше КПЈ во ова време, врз една широка платформа, го зацврсти соѕузот помеѓу работниците, селаните, напредното граѓанство, напредната интелигенција во која тогаш припаѓаше и напредното југословенско учителство и други прогресивни елементи, и водеше решителна борба против непријателот на стара Југославија.

Партијата, посебно големи успеси во периодот од 1937 година наваму, во продирањето меѓу редовите на југословенското напредно учителство, постигна на територијата на Вардарска Македонија зошто токму тука во "Југословенскиот Сибир", концентрацијата на напредното југословенско учителство беше најголема. Успесите на КПЈ на ова поле во Вардарска Македонија, се согледуваат низ зголемувањето на партиското членство од редовите на напредните учители, учеството на напредните учители по директива на Партијата, на страната на Здружената опозиција во изборите во 1936 и 1938 година, покренување и соработка во напредни учителски и други весници и списанија, интензивирање на борбата на напредното учителство на полето на зачувување

и проширување на стаклените придобивки и права, правилно толкување на македонското национално прашање, улатување на напредното учителство во работата на синдикалното организирање и друго.

1. Врските и работата на напредните учители во месните партиски организации на КПЈ

Со заслабнувањето на диктатурата што почнало да се осеќа од есента 1931 година, настанало заживување на дејноста на КПЈ, кое што од 1932 година се осетило и во Македонија, кога дошло до обновување и поврзување на повеќе партиски и скојевски организации.[43]

Процесот на организационата поврзување на партиските организации во Македонија , бил нарочито забрзан во средината на 1933 година, кога на ЦК на КПЈ во Македонија, испратило свои партиски инструктори (Никола Ордевчанец), со чија помош бил формиран областни комитет за Македонија со седиште во Скопје. Ново формираниот областен комитет за релативно куса време успеал да воспостави врски со партиските организации и да формира Месни комитети во повеќе градови во Македонија.[44] Засиленото револуционерно делување КПЈ во Македонија ќе се манифестира меѓу другото и на полето на поуспешен продор на Партијата во редовите на демократски настроениот дел од учителството, односно напредното учителство во Македонија. Така во овој период, повеќе напредни учители стануваат не само симпатизери туку и членови на КПЈ. При тоа во Македонија карактеристичен е случајот да меѓу учителите - комунисти повеќе имало Срби, Црногорци отколку Македонци.[45]

Податоците во сеќавањата на напредните учители, како и другите извори зборуваат, дека со доаѓањето на Јосип Броз Тито на чело на КПЈ во 1937 година настанува пресвртница не само во историјата на КПЈ, туку и во целокупното работничко движење во

Југославија,вклучувајќи го тука и напредното учителско движење во Југославија, а посебно во Вардарска Македонија, која се карактеризира со засилено активност на напредното учителство.

Периодот од 1937 до 1939 година, односно до појавата на така наречената "Трета учителска група" на напредните учители, се карактеризира со голем број на поединечни акции на напредните учители - комунисти ,[46] кои имале воспоставено врски и работеле по директива на месните партиски организации на КПЈ, каде биле на служба. Некои од овие учители, членови на Партијата станале уште пред да "по потреба на службата" бидат преместени во Вардарска Македонија, а некои станале членови на Партијата за време на учителстувањето во Македонија. Во овој период (1937 - 1939) , активностите на учителите - комунисти се прошируваат во повеќе места во Вардарска Македонија, како на пример: Кочанска околија, Скопска околија, Гевгелиска околија, Прилепска, Крушевска, Битолска, Кавадаречка, Кумановска, Тетовска, Радовишка и други околии, што зборува за засилена активност на напредните учители - комунисти во овој период во Македонија, за што и на ова место ќе стане збор.

Во овој период во Кочанска околија делуваат голем број на напредни учители, меѓу кои најплодна активност покажувале следните: Драгослав Гурѓиќ, учител во село Соколарци; Томан Марковиќ, учител во село Влатец; Драгослав Толоровиќ, учител во Граѓанската школа во Кочани; Драгољуб Ѓаниќ, учител во село Туркање, Љубомир Ѓиниќ, учител во село Спанчево; Милан Тарамен , учител во село Кипанци; Горги Тодорчески, учител во село Бели; Мирко Вуковиќ, учител во село Ваље; Милајлин Марковиќ, во село Ишпово; Вукашин Поповиќ, учител во село Кипанци и други,[47] кои својата револуционерна работа на линијата на КПЈ ја манифестирале на повеќе полиња , и тоа:

- Формирање на работнички воспитни групи од редовите на монополските работници во Кочани и раководење со нивната работа,

./...

која се состоела од ширење на идеологијата на КПЈ, за да подоцна поголем број на монополски работници опфатен во овие воспитни групи станат членови на Кочанската партиска организација на КПЈ, и зонат активно учество во НОВ и Народната револуција.[48]

- Синдикално организирање на работниците (монополски) во рамките на УРОСИНТ синдикати.[49]

- Учество на парламентарните избори во 1938 година, со широка агитација меѓу народот во прилог на "Здружената опозиција".

- Ширење на востанието за изградба на социјалистичкото општество во СССР и неговите предности над буржоаското и воопшто капиталистичките општества, и други активности.[50]

За големиот револуционерен придонес на напредните учители - симпатизери и членови на КПЈ во Кочанска околија, на полето на ширењето на идеологијата на КПЈ се гледа и од сеќавањата на еден од партиските активисти во ова време Бота Трендова, каде пишува:

"Учителите кои беа во нашата околија за време на стара Југославија беа потполно на линијата на нашата Партија. Тоа беа учителите: Добривоје Мишиќ, учител во село Спанчево, Милан Тороман, учител во село Живовци, Драгољуб Пошкиќ, учител во село Трќање и други. Тие беа тогаш потполно на линијата на Советскиот Сојуз, за слободна Југославија и т.н. Тие ни носеа литература, повеќе марксистичка, иако ние не ја разбиравме тие постојано ни носеа. Потоа ни носеа "Наша Реч" и други разни билтени за проучување... Преку учителите добивавме и "Искра" - органот на Партијата. [51]

Во овој период во Велес и Велешко од позиција на идеологија на КПЈ делувале повеќе напредни учители, како на пример: Мито Пилев , Светозар Ивановиќ, Никола Минчев, Викторија Пилова, Ивеја Јовановиќ, Мира Јовановиќ и други. [52]

Крушевската околија во овој период, во партиски поглед, влегувала во составот на Прилепската партиска организација, односно Околискиот комитет на КПЈ за Прилеп. Во ова време во Крушевска околија

дејствале неколку напредни учители, како: Драгослав Велковиќ, учител во село Бучин; Стево Ковачевиќ, учител во село Острилци; Чобри Димитријевиќ, учител во село Бабино и други,[53] кои се поврзале со Прилепската партиска организација, зошто во тоа време во Крушево не постоела партиска организација. Тие било во постојан контакт и повеќе пати е посетувана од прилепските комунисти Благоја Ристиќ-Бало, Димче Атанасовски и Кузман Јосифоски - Питу. Од нив Драгослав Велковиќ, добивал директиви, односно задачи за политичко дејствување.[54]

Работејќи на ширењето на линијата на КПЈ меѓу народот од Крушевско, напредните учители во овој регион, меѓу кои еден од позитивните бил Драгослав Велковиќ, остварила непосредни контакти и соработка со голем број истакнати комунисти во овој период во Вардарска Македонија, како на пример: со: Панде Чесноски од Прилеп Томо Арнудов од Крушево, Рамо Левков од Прилеп, Пеко Здравковски од Прилеп и пошироко со повеќе комунисти од Скопје и Велес, како: Д-р Тодор Недељковиќ - професор на Филозофскиот факултет во Скопје, Д-р Стојан Јаниќијевиќ, Страшил Гигов, Ацо Петрески, Тодор Зографски, Кочо Рацин, Пеко Брашнарски и други.[55]

Исто така, во овој период и во Прилепска околија дејствале повеќе напредни учители, Еден од нив е Славко Поповиќ, учител во селото Тополчани, успеал по директива на Месниот комитет на Прилепската партиска организација со која одржувал врски преку истакнати прилепски комунисти Кузман Јосифоски - Питу и Борко Залевски, да формира посебна група, составена од : Ристо Спасески, учителство истото село, Ѓетко Поповски, свештеник, Ристо Коруноски, земјоделец, Атанас Спасески, студент, сите од Тополчани.[56]

Меѓу околиите во Вардарска Македонија, каде што имало концентрирано најмногу напредни учители, од кои имаало бој не само симпатизери и кандидати за членови во Партијата, туку и членови на КПЈ, беше Пореченската околија (денес Кавадарски Крај). Меѓу нив, со својата прогресивна работа, како и работа на линија на КПЈ, отсеок-

./...

кувале напредните учители Здравко Лестиќ - учител во село Чреново, Димитрије Бајалица - учител во село Митоше, Богољуб Прокиќ - учител во село Ложани [57] и други. За комунистичката определеност на овие тројца напредни учители знаеле и властите што се гледа и од документот на Околискиот началник на Јужни Брод (денес Македонски Брод) испратен до Банската управа во Скопје, под Пов.бр. 42/40 од 16.I. 1940 година, во кој документ пишува:

" 1. Бајалица В.Димитрије, учител од IX група, во селото Митоше, општина Лебриште. Заради комунизам одамна е отпуштен од државна служба и судски одговарање. И денеска истиот е голем левичар и готов на секакви незаконски дела. Се води под надзор на овдешната власт и на жандармериската станица. Под Пов.бр. 57/39 од 30.XI.1939 година, за него е известена Банската управа. Се води како комунист.

2. Прокиќ Ч.Богољуб, учителски управник во селото Ложани, општина Лебриште, симпатизер на комунизмот. Истиот е почетник и застрашува опасноста дека ќе биде штетен за државните интереси. Наклонет кон комунизам и истиот, каде што може да му се укаже прилика го пропагира. Тој е почетник и над него се води само строг надзор. Не е известувана банката управа, бидејќи е почетник. Сомнителен е комунизам (симпатизер).

3. Лестиќ С.Здравко, учител - приправник во селото Чреново, општина Македонски Брод ... (Патаму следат податоци исти како и за Богољуб Прокиќ). [58]

Тројцата горенаведени учители - комунисти во Лоречката околија развиле интензивна прогресивна и револуционерна дејност на сите полиња, како во училиштето, така и меѓународот, а за чии што активности претходно на повеќе пари остана збор во трудов. Својата прогресивна и револуционерна дејност, учителите комунисти, а преку нив и останатото напредно учителство во тогашната Лоречка околија, ја усмерувало според директивите на Прилепската партиска организација,

/

со која врските ги одржувал Здравко Шестиќ.[59]

Каков бил методот на работа меѓу народот на полето на ширењето на програмата на КПЈ и проширување на кругот на нејзините симпатизери и членови, од страна на учителите - комунисти во тогашната Прилепска околија, најдобро го илустрира следниот резимиран приказ на прогресивната и револуционерната работа на Здравко Шестиќ, во сеќавањата на Богољуб Трокиќ, кале пишува:

"Основно средство на Шестиќевата работа беше пишаниот и усниот збор. Шаѓајќи од гледиштето дека се на повидок големи настани во кои КПЈ ќе има решавачка улога, Шестиќ во кругот на своите селани расправаше за оние прашања кои се во непосредна врска со нивната економска и социјална положба, барајќи секогаш причини на постојаната состојба и укажувајќи на патиштата за излез од неа. [60]

Во Битолска околија, во овој период (1937 - 1939) година дејствувале повеќе напредни учители, меѓу кои со својата активност посебно се истакнувале учителите: Константин Гукиќ, учител во селото Средно Егри инаку член на КПЈ од 1937 година [61], Илија Јанкулоски, учител во битолските села Бач и Јавато, член на КПЈ од 1939 година, [62] Драгољуб Мургански, учител во село Ратино, член на КПЈ уште од 1936 година [63], потоа Тодор Ангелески - Строгов учител во село Лавци, Боро Стрезовски и други.

Посебно, на полето на политичката работа со масите во Битолските села се истакнувал Константин (Коста) Гукиќ, кој во своето село Средно Егри основал набавно - продажна задруга, преку која ги собирал масите провеѓирајќи ја меѓу нив програмата на КПЈ. [64]

Исто така, и останатите учители во Битолско: Илија Јанкулоски, Драгољуб Мургански, Тодор Ангеловски - Строгов и другите развиле широки политички активности меѓу народот и во рамките на Околиското учителско здружение на линијата на КПЈ. Сите тие биле поврзани со Битолската партиска организација и своите политички

./...

активности ги усмерувало според нејзините директиви.[65]

Посебно заслужуваат да се истакнат многу плодни активности, како на културно - просветното поле, така и на политичкото поле, во ширењето на линијата на КПЈ меѓу масите од страна на напредните учители во Преспанскиот крај во овој период. Стар Здравковски - Ленко, учител во селото Грнчари и Подмочани и Ѓорѓи Ивановски учител во селото Подмочани. Како во ова време, во Преспа не постоела партиска организација на КПЈ, овие учители - комунисти се поврзуваат со Битолската партиска организација и работаат според нејзините директиви.[66]

Овие двајца напредни учители, во Преспанскиот крај ке развијат големи активности на полето на формирање на партиски организации во Преспа, кои што активности ќе следат покасно (1939-1941) , и за кои активности ќе стане збор на друго место во трудов.

Исто така, и во Пиквешијата во овој период (1937-1939) делуваат повеќе напредни учители, меѓу кои се своите активност на линијата на КПЈ се истакнуваат учителите - комунисти Лефан Балевановиќ, учител во селото Куманичево, Бранко Бронзиќ, учител во село Рожден, Климе Ангелов - Габерот [67], учител во селото Габените и други. Овие учители биле поврзани со Кавадаречната партиска организација од која добивале инструкции за својата работа. Од страна на Стојан Чипиду , кој во ова време бил студент на Правниот факултет на Белградскиот универзитет, овие учители биле снабдувани со напредна и марксистичка литература, па дури и со илегални партиски материјали. Особено цврста врска со Кавадаречката партиска организација, имал воспоставено Климката - Ангелов - Габерот, кој бил во постојана врска со: Китн Хаџи Василев - Јасник, Ристо Шунов - Ленко, и други Кавадаречки комунисти и со нив учествува во многу акции, како на пример, отварањето и работењето на читалиштето во Кавадарци и друго.[68]

Во Овчеполската околија, во овој период работеле и прогресивно делувале на линијата на КПЈ повеќе напредни учители, од

ки најактивен бил учителот Милан Јевтовиќ-Ора со неговата сопруга Драгица Јевтовиќ, двајцата учители во селото Горобинци. За нивната прогресивна работа во училиштето и меѓу народот, досега повеќе пати стана збор во трудов. Овде уште би истакнале, дека овие учители развиле широки активности и на политичкото поле на линијата на КПЈ во Овчеполието, како на пример, обработка и ширење на илегална партиска литература, како на пример "Пролетер", "Билтени на КПЈ" и друго,[69] која ја добивале по партиска врска од Скопје, потоа работи на формирање на "Партијата на работничкиот народ", чие што формирање во оваа врска го форсираше КПЈ, непосредно пред изборите во 1938 година[70] Покрај овие двајца учители - комунисти, во Овчеполската околија политички делувале на линијата на КПЈ и други учители како на пример: Зоран Адамовиќ, учител во селото Брест, Драган Мучалица, учител во Свети Николе, Митруш Стојановиќ, учител во Свети Никола, Радивој Плавшиќ, учител во селото Поврлешници,[71] и други. Овие напредни учители членови и симпатизери на КПЈ биле во врска и работеле по инструкциите на партиската и Кумановската партиска организација.

Голем број на напредните учители членови и симпатизери на КПЈ во овој период е концентриран во Скопје и Скопско, кале прогресивно и на линијата на КПЈ делувале: Вукајло Кукоњ, Јанко С. Марјановиќ, Чуро Губеринић, Михајло М.Јовановиќ- Брада, Раде Вуковиќ, Стојан Михаиловиќ, Сима Марковиќ, Тодор Трповиќ, Бранко Павловиќ и други.[72] Овие учители - комунисти биле партиски поврзани и добивале инструкции за својата прогресивна и политичка работа од страна на Скопската партиска организација, а некои пути и директно од Покрајинскиот комитет на КПЈ за Македонија. Нивните политички активности на линијата на КПЈ се одвивале, како во рамките на Скопското околиско учителско здружение и Секцијата на Југословенското учителско здружение)ЈУЗ) за Вардарска бановина за одбрана на сталешките права [73] така и во нивната богата активност на полето на работата меѓу народот, како и соработка со прогресивни учителски и други весници,

./...

преку чии статии продирале во јавноста ставовите на КПЈ со многу правања од тогашниот политички кит во стара Југославија.

Во овој период едно егро на напредни учители на линијата на КПЈ дејствувале и во Поломскиот регион, како на пример: Милан Тодоровиќ, учител во село Непроштено, Блаже Ивановиќ, професор во Тетовската гимназија, Сердо Исовски, учител во Гостиварските села [74] и други.

Вакви напредни учители симпатизери и членови на КПЈ дејствувале поединечно и во други краишта на Вардарска Македонија.

2. Соработка на напредните учители со напредните студенти во Вардарска Македонија

Како составен дел од работата на напредните учители меѓу народот во Вардарска Македонија, а посебно на учителите - комунисти, било нивното поврзување и соработка со напредните студенти симпатизери и членови на КПЈ. Со воспоставување на поединечни контакти и соработка на напредните учители со напредни студенти, доаѓало и порано, односно уште од создавањето на стара Југославија, меѓутоа, овие врски станале уште помногубројни, организирани и усмерувани од страна на КПЈ дури иѕ средината на тридесетите години, кога доаѓа до извесно консулидирање на редовите на КПЈ, што ќе се почуствува и во Партиската организација во Вардарска Македонија, каде Партијата ќе воспостави почести поцврсти контакти со напредното учителство, кое што од веќе познатите причини овде било бројно. Вакви контакти на учителите - комунисти со напредните студенти, не само во Вардарска Македонија , туку и во цела Југославија, ќе станат поинтензивни од 1937 година па наваму, кога на чело на КПЈ доаѓа Јосип Броз Тито и започнува нова етапа во историјата на Партијата. Оваа соработка покрај другото многу придонесувала напредните учители со уште поголем

./...

успех да ја остваруваат својата прогресивна и револуционерна мисија во Вардарска Македонија, која се манифестирала низ неколку форми, и тоа: стручно и политичко дообразование на напредните учители, снабдување на напредните учители со марксистичка литература и илегални партиски материјали и весници, размена на искуства во доменот на прогресивната и револуционерна дејност, поврзување на напредните учители - комунисти со месните партиски организации на КПЈ, организирање на заеднички излети и културни манифестации, вклучувајќи ја работничката и селската младина, организирања на заеднички настани на изборите на страна на здружената опозиција, организирање на заеднички воспитни групи и друга заедничка активност на линијата на КПЈ.

Го воспоставување на врски и плодна соработка на напредните учители - комунисти со напредните студенти - симпатизери и членови на КПЈ, дошло до повеќе места на Вардарска Македонија во овој период, како на пример во: Скопје, Прилеп, Македонски Брод, Тетово, Кочани, Битола, Велес, Кавадарци, Ресен и други места.

Во Скопје, тогаш единствениот факултетски и студентски центар во Вардарска Македонија, учителите - комунисти симпатизери на КПЈ воспоставиле тесни контакти и соработка со повеќе напредни студенти и асистенти во Скопскиот филозофски факултет и тоа со студентите: Чедо Поповиќ, Данило Лекиќ, Радован Зоговиќ, Јован Ристиќ и други, како и со асистентите: Д-р Чедо Неделковиќ и Вуко Вазиќевиќ.[75] Преку нив, учителите - комунисти од Скопската околија, како: Вукајло Кусев учител во селото Кучане, Ђуро Губеринић , учител во с.Бресница, Стефан Михаиловиќ, учител во село Матејаново, Радо Вуковиќ, учител во село Островец, Михајло Јовановиќ - Брада, учител во Скопје, Јанко Марјановиќ, учител во Училиштето за дефектни деца во Скопје, потоа учителите во селата на Скопска Црна Гора: Сако Марковиќ, Кубица Павловиќ, Бранко Павловиќ [76] и други, воспоставиле и одржувале врски со Скопската партиска организација, со Студенската партиска организа-

./...

ција на Филозофскиот факултет и со некои членови на Покрајинското раководство (Блажо Орланџиќ) и други, и биле снабдувани со напредна литература, илегална, марксистичка и друга литература (Комунистички манифест и други дела на Маркс, Енгелс и Ленин), и со друг илегален партиски материјал.[77]

Сите овие активности, на полето на соработката меѓу напредните учители - комунисти и напредните студенти - симпатизери и членови на КПЈ во Скопска околија биле организирани, координирани и усмерувани од страна на Месната партиска организација на КПЈ за Скопје и од Покрајинско партиско раководство, за што сведочат и сеќавањата на напредниот учител - комунист Раде Зуковиќ, во кој меѓу другото пишува:

"Состаноците се одржуваа во Партиското раководство на Студентската организација во домот на студентите при Филозофскиот факултет, на кој беа присутни и некои членови на Месниот комитет на КПЈ и на Покрајинскиот комитет, со цел ла бидеме известени за тековните настани во земјата и надвор од неа, како и за акциите во кои што можеме да бидеме вклучени и ние. На еден од тиесостаноци зборуваше, ако сеќавањето не ме издава "Стари", како што на нас ни го претставија тој другар. Веќе тоа ми се чини Блажо Орланџиќ, студент и истакнат партиски работник..."[78]

Веќе и досега беше истакнато дека после Скопскиот регион најголема концентрација на напредно учителство во Вардарска околија, во периодот меѓу двете светски војни имало во Поречката околија (денес Македонски Брод).

Напредните учители - комунисти од Поречка околија, во составот на својата богата прогресивна работа меѓу народот, воспоставиле цврсти контакти и соработка со повеќе напредни студенти - - симпатизери и членови на КПЈ од Прилеп, Така на пример, напредниот учител - комунист Здравко Нестиќ, кој учителствува во селото Преново

./...

соработувал со напредните студенти од Прилеп и тоа: Благој Попов, студент на право и Љупче Ади Митрески,[79] студент на право. Преку овие двајца студенти, веднаш Здравко Пестиќ одржува врски со Прилепската партиска организација и прима директиви за усмерување на својата работа, како и работата на останатото напредно учителство во Пореčка околија.

Вакви контакти од страна на напредните учители - комунисти во Пореčка околија, со напредни студенти - комунисти од Прилеп биле воспоставени и од страна на други напредни учители - комунисти во Пореčката околија. Така на пример Богољуб Грозник, кој учителствувал во село Лакани, имал воспоставено врски и цврска соработка со напредниот студент Љубен Лапе [80] и со други. Исто толкасно и учителот - комунист Митко Илиев, кој од селото Гричари - Зелениково, бил преместен за учител во селото Рамне (пореčка околија) во втората половина на 1930 година, преку Здравко Пестиќ воспоставил врска и соработка со напредните студенти - комунисти во Прилеп Благој Попов и Љупче Ади - Митрески.[81]

Соработката меѓу напредните учители членови и симпатизери на КПЈ од Пореče со студенти - комунисти од Прилеп, се одвивала на повеќе полиња, како на пример: снабдување на напредните учители во Пореče со илегална и полуилегална напредна и марксистичка литература, снабдување со друг илегални партиски материјали, кои потоа биле разработувани од напредните учители. За врска со соработката меѓу напредните учители од Пореče со студентите комунисти од Прилеп сведочат податоци во сеќавањата на Митко Илиев, каде меѓу другото пишува: "Кога при едно минување низ Прилеп се сретнав со Љупче Ади - Митрески, тој во таа прилика ми го даде летокот "Народните учители и учителки". Јас овој елеток потоа му го дадов на учителот во Самоков Ратко Велески, бидејќи тој ми беше најблиску од колегите. Меѓутоа, на крајното на овој елток понатаму не можев да влијаам, бидејќи во првите денови на февруари петата година без

./...

отпуштен од служба и го напушта Рамне ."[32]

Кога станува збор за поврзаноста и соработката на напредните учители со напредните студенти членови и симпатизери на КПЈ од Прилеп, тогаш треба да се спомне и соработката на Прилепските напредни студенти - комунисти со напредните учители - комунисти од Кумановскиот регион. Таква соработка била успоставена меѓу Драгослав Вељковиќ, учител во селото Бучин со напредниот Прилепски студент Јимче Ади - Митески од кого напредниот учител - комунист Драгослав Вељковиќ, добивал илегални партиски материјали: "Комунист", "Пролетер" "Билтен" и разна друга литература, информации и слично, кои материјали понатаму ги разработувал со воспитната група (Партиски акти), што самиот ја имал формирано и раководел.[33] Освен со прилепските напредни студенти, Драгослав Вељковиќ имал воспоставено врска и соработка и со поеи напредни студенти од Филозофскиот факултет во Скопје, како на пример со Душко Поповиќ [34] и со други, а потоа да спомнеме, дека и самиот Драгослав Вељковиќ пред доаѓањето како учител во селото Бучин - Кумановска околија, бил една година студент на Филозофскиот факултет во Скопје.[35]

Заквата соработка меѓу напредни учители - напредни студенти , членови и симпатизери на КПЈ во периодот меѓу двете светски војни, има и во повардарието, во Велешкиот и Кавадаречкиот регион. Така на пример, Митко Илиев, учител во Велешкото село Грничиште, во периодот од 1936 до првата половина на 1939 година, воспоставил врски и плодна соработка со напредните велешки студенти Благој Васков, студент по ветерина на Загребачкиот универзитет и Лазар Стојанов - "Азања" , студент на право на Белградскиот универзитет, од кои добива на читање забранета марксистичка и политичка литература. За овие врски и соработка со напредните велешки студенти, во сеќавањата на Митко Илиев пишува: "Тогаш во Велес обиколуваше една брошура под наслов "Политички положај Македонија", која ја добив на читање од велешанецот Благој Васков, тогаш студент на ветеринарскиот факултет

./...

во Загреб.[36]

Во Кавадарци исто така била воспоставена врска и соработка на напредните учители - комунисти со комунистите од редовите на напредните студенти. Така на пример: Страшо Пинџур , тогаш студент по право на Белградскиот универзитет, воспоставил цврста врска и соработка со напредните учители - комунисти во Кавадаречко, со Димитар Ангелов - Габерот, учител во селото Лабуниште и Бранко Пренџиќ учител во селото Рожден и Лејан Радовановиќ, учител во селото Куманичево,[37] снабдувајќи ги истите со марксистичка и друга напредна литература дури од Белград, а паралелно со тоа давајќи им и директиви за нивната прогресивна и политичка работа на линијата на КПЈ во Кавадаречката околија. За вакната нивна соработка, во сеќавањето на Лејан Радовановиќ пишува: Од Страшо Пинџур (народниот херој) тогаш студент по право во Белград, често пати со книгите добивав и писмена со директиви како да работам...[38]

Напредните учители во преспанскиот крај Петар Здравковски - Ченко и Ѓорѓи Ивановски, учители во селото Подмочани, во овој период остварале успешни контакти и соработка со напредни студенти-комунисти од Битола и Прилеп, како и со студенти од преспанскиот крај. Така биле воспоставени врски, соработка и координација на акциите, со Битолската партиска организација преку нејзиниот член Кирил Миљоски кој покажал активност за време на изборите во 1938 година, кога со група напредни учители и студенти ја обиколувале и агитирале во Преспа по директива на КПЈ, на страната на Здружената опозиција.[39] Контактите со напредните Прилепски студенти, овие напредни учители - комунисти од Преспа ја остварувале преку Ченко Здравковски кој и самиот Прилепчанец. За ова во сеќавањата на Ѓорѓи Ивановски пишува:

"Легалната литература ја пишувавме сами, а некои ретки примероци ги носеше колегата Здравковски од Прилеп."[40]

Паралелно со поврзувањето со напредните студенти-

./...

комунисти од Гумилен, овие двајца напредни учители (Петар Здравковски - Фичо и Горѓи Ивановски) се поврзуваат и соработуваат и со напредните студенти од Преспанскиот крај.[91] Така, меѓу првите преспански студенти со кого остварувале врски и соработка тоа е студентот од Росен Гравги Тозија. Исто така, покасно овие двајца напредни - учители - комунисти воспоставиле врска и развиле плодна соработка со напредниот студент од селото Болно - Росенско, Ките Богоевски.[92]

Во воспоставување на соработка меѓу напредните учители и напредните студенти членови и симпатизери на КПЈ дошло и во Тетовскиот регион. Овде оваа соработка се карактеризира со една интересна специфичност, а тоа е да тетовските студенти-комунисти стапувале во контакт со учителите комунисти уште овие пред да дојдат со служба во Тетовскиот регион. Така карактеристичен случај било со учителката Јолица Петковиќ, која уште при тргнувањето за селото Вакуф - Тетовско добила партиска врска од страна на студентката член на КПЈ од Тетово Славка Јованова, која студирала на Белградскиот универзитет.[93] Во соработка и поединечни врски меѓу напредните учители - комунисти и напредните студенти комунисти членови и симпатизери на КПЈ дошло и во другите краишта на Македонија.

5. Учество на напредните учители на општинските и парламентарните избори (1926 - 1938)

Како составен дел на прогресивната работа на напредните учители во Вардарска Македонија, во периодот меѓу двете светски војни, влегува и нивната агитација и учество на општинските и парламентарните избори, на кои ги одмерувале силите разни буржоаски политички партии (со исклучок на првите избори во 1920 година, кога легално учествувала и Комунистичката партија на Југославија). Воглавно , во најголем број на случаи, за време на изборните борби, напредното учителство било

./...

усмерувано од страна на КПЈ, што посебнодошло до израз од средината на тридесеттите години наваму, кога полека но сигурно настанува период на консолидација на КПЈ и кога во Четвртата земска конференција одржана во декември 1934 година и Сплитскиот пленум одржан во јуни 1935 година настанува пресвртница во работата на Партијата, и кога таа согласно ставовите на Коминтерната настојува да створи широк антифашистички фронт,[94] и во него да ги мобилизира прогресивните маси, не само од работничкото, туку и од селанството и напредната интелигенција. Така, овој период,и во рамките на формирањето на народно-фронтовската платформа, Партијата му обрнува поголемо внимание и прави поголем пробор во редовите на напредното Југословенско учителство, како дел од прогресивната интелигенција.

Како резултат на вакната нова политика и револуционерна стратегија на КПЈ, ке дојде до поголемо акциско активирање на Партијата во време на општинските и парламентарните избори во периодот 1936 - 1938 година, а како резултат на тоа ќе дојде и до широко активирање на напредното учителство, а посебно на напредните учители - сиш натпасари и членови на КПЈ во овие избори, кои по директива на КПЈ ќе се заложат на страната на здружената опозиција. Со цел да се добие поцелосен преглед на учеството на напредните учители - комунисти во изборите во овој период, во еден континуиран приказ ќе го изнесеме учеството на напредното учителство најпрво во општинските, а потоа на парламентарните избори во 1936 односно 1938 година.

а) Учеството на напредните учители во општинските избори 1936 г.

Значајни успеси КПЈ постигна на територијата на цела Југославија за време на кампањата за општинските избори што се одржа во 1936 година. Тогаш поедини покрајински партиски организации создадоа можности да истапат на овие избори, користејќи се со некои легални политички организации, што во меѓувреме успеа да ги формира Партијата

/...

зра платформата на Народниот фронт. Такви организации беа: во Словенија "Селанско-работничкото движење", во Хрватска "Работничко селански форонт", во Србија "Фронтот на народната слобода", и во Македонија "Македонски народен покрет" - МАНАПО. 95)

Посебно значајни беа успесите што КПЈ во овој период ги постигна во Македонија, зошто постигнатата активизација и мобилизација на масите за време на кампањата за општинските избори во 1936 година, д,ле поттик за засилување на дејноста на Партијата и МАНАПО и во наредните години. 96)

Видно учество во општинските избори во 1936 година зеде и напредното учителство во Вардарска Македонија, кое усмарувано од страна на КПЈ агитираше во прилог на здружената опозиција. Напредните учители ја користеа предизборната кампања и на предизборните собири со остри говори ги нападаа владините кандидати и ја разобличуваа пред народот политиката на монархистичките режими, укажувајќи на ропската положба во која живее македонскиот народ, давајќи со тоа голем придонес, да во многу изборни места во Вардарска Македонија победат кандидатите на здружената опозиција. Во многу места во Вардарска Македонија, говорите на напредните учители-комунисти на предизборните митинги биле така остри што не можеше да се воздржи од интервенција и полицијата, која такните говорници од редовите на напредните учители започнувала веднаш да ги прогонува, затвора и да бара од просветните власти истите веднаш да бидат преместени во потешки места на службување.

Така, напредниот учител - комунист Димката Ангелов - Габерот, на предизборниот митинг во Кавадарци на кој зборувал тогашниот министер по финансии Драгиша Цветковиќ, успеал да организира против владини демонстрации и да го онемогући да зборува говорникот (Драгиша Цветковиќ). Поради ова, на истиот предизборен митинг полицијата сакала да го уапси Димката Ангелов - Габерот, но тоа не го дозволил народот.

./...

За, сеќавањата на постарата сестра на Ликката Ангелов, Слободка Нејзовае пишува:

"Се сеќавам дека на плоштадот имаше митинг на кој зборуваше Драгиша Цветковиќ. Откако неговиот говор, на говорницата се искачи мојот брат и со енергичен глас почна да зборува за ропскиот живот на македонскиот народ и против режимот на Милан Стојадиновиќ. Неговите зборови створија забуна кај присутните полицајци и жандарми. Меѓутоа, народот не го дозволи неговото апсење, совладувајќи ги околу него."97)

Големо учество во предизборните кампања на опозиционите избори во 1936 година зеле напредните учители во Кочанска околија, кои развиваат богата активност во прилог на здружените опозиција, не само во Кочани, туку и во Кочанските села: Трнење, Бања, Спанчево, Чешново и други. Меѓу најактивните во оваа предизборна кампања, зад линијата на КПЈ во прилог на здружената опозиција, бил напредниот учител - комунист Драгослав Јоловиќ, учител во Граѓанската школа во Кочани. За неговите активности за време на овие избори, најдобро зборува содржината на писмото на Управното одделение на Крајската банска управа во Скопје. Пов.бр. 1819 од 2 март 1936 година, испратено до Просветното одделение на истата Банска управа, во кој документ, меѓу другото, пишува:

"Кон крајот на април, или во самиот почеток на мај минатата година, преместен е во Кочани за учител - наставник во Мешовитата граѓанска школа во Кочани Драгослав Јоловиќ, кој штo во оваа време пред самите избори земе живо учество и се посвети на агитација во полза на Здружената опозиција..."98)

Со таквата своја агитација, напредниот учител - комунист Драгослав Јоловиќ и другите напредни учители: Драгољуб Костиќ, учител во селото Трнење, Љубомир Лошкиќ, учител во селото Бања, и други, многу допринеле да голем дел од гласовите ги добијат кандида-

*/...

летите на здружената опозиција како летите не постигнале забележи-
телни резултати за време на овие избори. Во тие политички актив-
ности, напредните учители од Кочанскиот регион, ќе се вклучат во
предизборните кампања за време на парламентарните избори во 1938
година. Во полза на здружената опозиција во летото на 1936 година,
широки активности се развиени од страна на Прилепските комунисти,
а меѓу нив и од страна на напредниот учител - комунист Петар Здрав-
ковски - Ленко, учител во селото Подмочани, кој летниот распуст
во најголем дел го користел во родниот крај Прилеп. Во сеќавањата
на напредниот учител - комунист Драгослав Вељковиќ, се среќава
и податокот кој зборува дека Петар Здравковски - Ленко бил вклучен
и во штабот на предизборните кампања во Прилеп, за што пишува:
"Во текот на летото 1936 година, за време на кампањата за општински
те избори (кој што се одржани во септември истата година) Петар
Здравковски - Ленко беше многу активен: тој се наоѓаше во раководни
от штаб за спроведување на изборната кампања на страната на
здружената опозиција (заедно со Григур Гофовски, Рампо Левков,
Кузман Јосифоски - Питу, Матодија Соколовски и Љубен Лапе).[99]
Од летните податоци се гледа дека во време на летниот период 1936
година, напредниот учител Петар Здравковски - Ленко повеќе пати
патувал во селото Подмочани и другите села на Преспа, поттикнувајќи
ја и координирајќи ја предизборната кампања и во овој крај, на
кој појасно ќе и се посвети во септември 1936 година, односно
во почетокот на учебната 1936/37 година.[100] Петар Здравковски-
- Ленко еден од позначајните агитатори - комунисти, што за време
на овие избори во Преспа бил направен обид за самостојно настапување
во на МАНАПО на изборите со "независни листа".[101]

Напредните учители во Гевгелиска околија Обрен Шишкин
и Живко Пауновиќ , исто така се вклучиле во предизборната кампања,
агитирајќи и раскринкувајќи го лиценцентот Чедомир Никитовиќ, кој
бил еден од кандидатите на овие избори, а поранешен припадник на

./...

кон своето работничко движење во Белград, кое сега го напуштил и стекнал негов непомирлив противник. Во својата агитација, напредните учители - комунисти Обрад Цицкил и Живко Пауновиќ многу допринесле да на изборите добар дел од гласачите гласаат за противкандидатот во Радовиш Методија Минчев. 102)

И покрај теророт на полицијата и останатите органи на власта во Струмица и Струмичко дел гласачите, со дел присилно да ги натераат гласачите да гласаат за владините кандидати од партијата на Аџиевиќ, напредните учители од овој крај : Васо Крајовиќ , учител во селото Чурилово, Стојан Лолиќ, учител во селото Просениково, Љубомир Ѓуровиќ , учител во село Зрново, Ѓорѓе Здравковиќ, учител во село Босилово и други, развиле жива кампања во прилог на здружената опозиција, која на овие општински избори остварила видни успеси и победила во некои изборни места во Струмичкиот крај, како на пример во селото Босилово, каде на изборите победил кандидатот на здружената опозиција Изет Палифров. 103) и на други места.

Вакви и слични акции на напредните учители, за време на општинските избори 1936 година, имало пројавено и во други краишта на Вардарска Македонија, како на пример во Струшко, Кичевско Дебарско и на други места.

б) Учеството на напредните учители во парламентарните избори 1938 година

До уште поголемо ангажирање на напредните учители-комунисти , ќе дојде за време на парламентарните избори во 1938 година. Ова е период, кога партиската организација во Македонија со помош на КПЈ е прилично консолидирана. Така од средината на 1938 година биле воспоставени и редовни партиски врски кон поодделни крајови во Македонија, каде биле избрани и реконструирани месните партиски раководства, така прилично зајакнало влијанието, 104) односно

./...

на присуството на Партијата меѓу народните маси.

Ова беше и повод, парламентарните избори во 1938 година во Вардарска Македонија Партијата да настапи поорганизирано од било кого порано. Сето ова влијаело, да и нејзиниот пролор меѓу народното учителство биде успешен, и Партијата успеала да пушти корени како во Секцијата на Југословенското учителско здружение (ЈУЗ) на Вардарска бановина, така и во Школските учителски здруженија ширум Вардарска Македонија. Тоа дошло до израз за време на овие избори, кога во многу места во Вардарска Македонија напредните учители, а посебно учителите - комунисти, биле главни и најгласни агитатори во прилог на здружената опозиција, спроведувајќи ја на тој начин во живот директивата на КПЈ во врска со гласањето на овие избори, иако учеството на изборите од страна на здружената опозиција за напредното учителство било голем ризик и преставувало опасност да бидат преместени во потешки места на службување, па дури и да бидат отстранети од државна служба. Ќе изнесеме некои карактеристични случаи од учеството на напредните учители - комунисти на парламентарните избори од 1938 година во Вардарска Македонија.

Напредниот учител Драгослав Вемковиќ, кој за време на парламентарните избори во 1938 година учителствувал во селото Гарекар, Кривопаланечко, не само што активно бил вклучен во изборната кампања на страната на здружената опозиција, туку одржувал врски и со раководниот штаб на здружената опозиција за Вардарска Македонија во Скопје, во кој биле вклучени Лука Неновиќ, Васил Антевски - Дрен, Стрезкл Гигов и други,[105] во тоа време истакнати комунисти во Вардарска Македонија.

И во Овчеполската околија, за време на овие избори, дошло до остри изборни борби меѓу кандидатите на владејачката ЈРЗ (Југословенска радикална заедница) и кандидатите на здружената опозиција. Во предизборната агитација биле вклучени и напредните

./...

учителя во оваа околија, како на пример: Радовој Лазиќ, учител во селото Повлешници, Милан Јевтовиќ - Ера, учител во село Горобинци Чанина Лазаревиќ, учител во селото Троло, Зора Адамовиќ, учителка во село Превици, Драган Кучевица и Митруш Стојаковиќ, учители во Свети Николе, и други.[106] Овие напредни учители, не само што вели во своите сеќавања напредниот учител - комунист Радивој Лазиќ "по директива(О.Н. мисли од КПЈ) се определиле да агитираат за кандидатите на здружената опозиција," туку учествувајќи на предизборните собири што ги свикувале претставничките кандидати на ЈРЗ со свои дискусии ја разобличувале и раскринкувале профашистичката политика на Милан Стојадиновиќ . Така на пример, на еден таков предизборен собир одржан во селото Повлешници, на кој зборувал кандидатот на ЈРЗ од оваа околија Михаило (Михалче) Костиќ - големо посадник и сопственик на голем број овчи стада во овој крај, напредниот учител - комунист Радивоје Лазиќ ја разобличил пред народот политиката на ЈРЗ и владата на Милан Стојадиновиќ преку поставувале на повеќе прашања на говорникот (Михаило Костиќ), како на пример: "Зошто е разбиена "Малата Антанта", "Зар тоа не ја претставува слабеење на одбрамбената моќ на татковината", "Зар со тоа не ѕе загрозени од ослободителната политика на нацистичка Германија", "Зошто на производителите на тутун и афион им се плаќа мала надоместок за нивната напорна работа", и друго.[107]

Токму поради вакви истапи на напредните учители, пред се на учителите - комунисти, во Свчеполенската околија "Опозицијата доби голем број на гласови пред владините кандидати за време на изборите во 1938 година, што беше резултат на пробудената свест на избирачите" - заклучува во своите сеќавања напредниот учител комунист Милан Јевтовиќ - Ера.[108]

Некои напредни учители - комунисти од македонско потекло , како на пример Димката Ангелов - Габерот, агитирајќи

во и одизборните митинзи за време на парламентарните митинзи во 1938 година, го истакнувале отворено и барањето за решавање на македонското национално прашање, истакнувајќи притоа, единствено правилен став по однос на македонското национално прашање, истакнувајќи притоа, дека имаат само комунисти од КПЈ. Така во врска со ова, во сеќавањата на партискиот активист - комунист Петре Ташевски - Челник од Кавадарци, пишува: "За време на предизборната кампања во 1938 година, Диниата Ангелов - Габерот, истапил на предизборниот митинг во селото Дабиниште, со зборови е да на македонскиот народ во му се потребни проповедачи на празни ветувања, туку народни луѓе - комунисти, кои што ќе ги штитат интересите на народот.[109])

Напредните учители во Кавадаречка околија, Обрад Цицмил и Живко Јауновиќ, ќе земат активно учество на линијата на КПЈ, односно во прилог на Здружената опозиција и на парламентарните избори во 1938 година.[110]) И покрај настојувањето на режимот да ја обезбеди победата на овие избори на својот кандидат и член на ЈРЗ Часлав Никитовиќ, благодарение на ангажирањето на опозиционите сили предводени од КПЈ, во што голем допринос дадоа и овие двајца напредни учители - комунисти, и "да не речам дека се случи чудо, неѓутов сепак се случи, да Часлав Никитовиќ не биде избран за народен претставник",[111]) - вели во своите сеќавања Живко Јауновиќ.

Во Кавадаречката околија, главната борба во изборните кампања за време на парламентарните избори во 1938 година се водеше на релација Душан Поревиќ, претставник на листата на ЈРЗ, и младиот студент од Кавадарци Илија Чулевски, кандидат на Здружената опозиција.[112]) И во овие избори напредните учители од Кавадаречка околија агитирале по директиви на КПЈ во прилог на кандидатот на Здружената опозиција, и покрај притисоците што за време на изборната кампања ги вршеле претставниците на власта врз напредните учители од овој регион, заканувајќи им се дека ќе ги премес-

тат во други места, или пуши и да ги отпуштат од државна служба. Така на пример, претседничкиот кандидат од листата на ЈРЗ (владината листа) Душан Перовиќ, незадоволен од ставот кон него од страна на напредниот учител - комунист Дејан Радовановиќ, учител во селото Кумановчево, како и поради неговата агитација во прилог на "Другата страна" (Здружената опозиција), на предизборниот митинг во соседното село Клиново, заплашувачки протиз напредниот учител Дејан Радовановиќ изјавил: "Ќе му покажам јас на оној комунец кога ќе го предложам за отпуштање од служба. Ќе го отерам во најдалечното село, каде и сашкет господ ренол аборум."[113])

Како резултат на вакната дејност на учителите - комунисти во Кавадречкиот регион, во многу изборни места огромниот број на изборачите на 11 Декември 1938 година (денот на изборите) гласале за кандидатот на Здружената опозиција. Така на пример, во селото Кумановчево, каде учителствувал учителот - комунист Дејан Радовановиќ, од повеќе од стотина изборачи, само десет гласачи гласале за владиниот кандидат на ЈРЗ, додека сите останати гласачи гласале за кандидатот на Здружената опозиција.[114])

Напредниот учител - комунист Митко Клиев, учител во селото Грничките - Беленско, земајќи го тоа така по директиви на Беленската партиска организација активно учество, во предизборните кампањи за парламентарните избори во 1938 година, на страната на Здружената опозиција. Кој со својата предизборна активност, многу допринесол да скоро сите села во областа "Кадра" (крај во околините на Делче, во кој крај се наоѓало и селото Грничките, каде учителствувал Митко Клиев),[115]) гласаат на 11 Декември 1938 година за кандидатот на Здружената опозиција. Напредниот учител - комунист Митко Клиев, бил и во раководниот штаб на Здружената опозиција за Беленскиот регион и на денот на изборите, заедно со приврзениците на Здружената опозиција ги посетувал гласачките места,[116]) охрабрувајќи ги и

а/...

поттикнувајќи ги да ги лепат овите гласачките на кандидатот на Здружената опозиција, поради што и бил уапсен и неколку сати поминал во затвор, во селото Зрмилешки, за да бил ослободен по барање на народот.[117]

И во Преспанскиот крај, напредниот учител Петар Здравковски - Ленко, зел активно учество во изборната кампања за парламентарните избори во 1938 година, кога по директивана Битолската партиска организација настанало големо политичко разиграување во преспанскиот крај, како меѓу народот, така и во редовите на учителството, за што во сеќавањата Петар Здравковски - Ленко, пишува: "Извалитетен број претставува 1938 година во изборите. Во Преспа напредните сили беа добро подготвени, веќе се познаваме. Од друга страна дојдоа доста млади учители кои активно се вклопија во политичкиот живот. Иако некој не беа активно вклучени, имаа една благонаклоност симпатии. Малку имаше што остана на другата страна."[118] Ангажирањето на напредниот учител - комунист Петар Здравковски - Ленко на овие избори, заедно со останатите напредни учители Цветановиќ Жика, Спасое Букалиновиќ и други, многу придонесе да Здружената опозиција постигне извесни резултати во преспанскиот крај.[119]

Ваков ангажирање на напредните учители имало и во Кукушовскиот крај, каде забележителни резултати во предизборните кампања на страната на Здружената опозиција, покажал напредниот учител - комунист Јаво Симиќ, учител во селото Думаџовци,[120] како и во многу други околии на Вардарска Македонија.

Гледајќи го ангажирањето на напредното учителство во Вардарска Македонија на страната на Здружената опозиција, во предизборните кампање за парламентарните избори во 1938 година, властите презеле мерки за да ги изолираат напредните учители од народните маси и да ги спречат нивните во земат учество во изборите, нивните

./...

ги "конфирмираат" (односно ги повлекуваат на работа) во Банската управа - Просветно одделение во Скопје, а по одржувањето на изборите, односно после 11 Декември 1938 година повторно ги враќаат на нивните поранешни места. Така, за време на овие избори, било "конфирмирани" во Банската управа во Скопје, преку 40 напредни учители.

Од сето досега изнесено, за работата на напредните учители - комунисти во спроведувањето на линијата на КПЈ кон народните маси во периодот меѓу двете светски војни, неспорно се намет-нува заклучокот, дека е голем револуционерниот придонес на напред-ните учители за консолидирањето на редовите на партиската организа-ција на КПЈ во Вардарска Македонија и за нејзиното се подлабоко продирање во масите, како и за нивното пошироко опфаќање врз платформата на Народниот фронт.

Во прилог на вакваа констатација зборуваат и горенаведе-ните податоци, од кои се гледа, дека револуционерното делување на напредното југословенско учителство во периодот меѓу двете светски војни а во прв ред на членовите и симпатизерите на КПЈ, е присутно со помали или поголеми осцилации, во зависност од два момента, и тоа:

1. Од стабилизирањето на власта, и зајакнувањето или слабеењето на диктатурата на југословенската буржоазија;

2. Во зависност од компактноста во редовите на КПЈ и условите во кои тоа делувало, како и од најавните политичкиставови по однос на нејзините историски правења на југословенските народи и народности, како на пример националното прашање и друго.

Така на пример во легалниот период од делувањето на КПЈ (1919 - 1920) партијата успеала во своите редови да опфати прилично број од и отсекавното југословенско учителство. Во донесувањето на "обзнаната" и повлекувањето на КПЈ во длабока илегалност (период на "големиот парламентаризам") кога доаѓа и до осипување

./...

на редовите на КПЈ, тогаш и бројот на учителите - комунисти односно членови и симпатизери на КПЈ се намалува. Намалувањето на бројот на учителите - комунисти, како и воопшто на членовите на КПЈ било најголемо во периодот на шестојануарската диктатура (1929 - 1931) Бројот на учителите - членови и симпатизери на КПЈ започнал да се натреснува дури со укинувањето на шестојануарската диктатура по 1931 година , а нарочито во периодот по 1937 година, кога на чело на КПЈ доаѓа Јосип Броз Тито и настапува период на консолидација на КПЈ, која што со посебен интензитет се манифестира во партиската организација во Македонија. Всушност и заради тоа и револуционерното дејствување на напредното учителство а во прв ред на учителите - членови и симпатизери на КПЈ во Вардарска Македонија како и во цела Југославија во периодот иако дваесетте светски војни а нарочито по 1937 година е најсилно, и тоа се манифестира на повеќе полиња: ширење на идеологијата на КПЈ; платформата на Народниот фронт; афирмирање на социјалистичкото општество и посебно социјалистичката изградба во СССР; стручно организирање на учителството и дејствување во рамките на учителското (стручно) здружение заради подобрување на општествено - економската положба на учителството; дејствување меѓу работничката класа на полето на синдикалното организирање, и друго.

1. Политичкото диференцирање и престојување во Југословенската учителска сталешка организација

Четвртата деценија на XX век (1930-1941) се карактеризира со големи политички превирања, тогашна Југославија , кое е присатно и во редовите на југословенското учителство.

Политичкото диференцирање во учителското и сталешко здружение, предизвикало расслојување на учителството во три групации, и тоа: "Прва учителска група" или "Ново учителско движење", "Втора учителска група" или "Сталешка линија" и "Трета учителска група" или како некои напредни учители ја нарекуваат "Комунистичко учителско движење".[1]

"Новото учителско движење, како посебна учителска групација во Југословенското учителско здружение, била формирана по иницијатива на тогаш владеачката партија - Југословенската радикална заедница, пазатеа и "Учителските клубови на "Ново учителско движење" уште ги викало и "Јерезе - клубови".[2] Главната цел на формирањето на "Новото учителско движење" било истото да претставува противтежа на напредното учителство[3] во Југословенската сталешка организација и да служи како инструментит на владеачките режими за неутрализирање на акциите за напредните учителски сили во Учителските здруженија, за денунцирање, односно клеветење на напредните учители пред Министерството за просвета и другите органи на просветните и управните власти,[4] како резултат на кто многу напредни учители биле преместени во помалку пожелни места на службување, било во границите на тогашна Вардарска бановина или надвор од неа. Така на пример, после парламентарните избори во 1938 година, на предлог на учителскиот клуб на "ЈРЗ) (Јерезе) Ново учителско движење во Куманово било предложено за преместување десет напредни учители од Кумановска околија,[5] Овој случај, како и многу други, најдобро ја илустрирал улогата на "Новото учителско

./...

движење", во Југословенското учителско друштво, како демократски тра-бант и продолжена рака на владеачките кругови во вршење притисок и прогонување на напредните учители.

Главен потпирач на "Новото учителско движење" била владеачката политичка партија "Југословенска радикална заедница" (ЈРЗ) [illegible] се на оваа политичка партија и на просветните власти, кој што исто така биле под големо влијание на политиката на оваа партија, припадниците на "Новото учителско движење", особено најзначајните лидери, се служеле со протекционизам, корупција и други нечесни средства, се целеа добијат подобри места, надзорнички места, напредување во повисоки платни разреди и слично.

"Новото учителско движење" било практично снажна групација во Југословенското учителско друштво, во периодот од шестојануарската диктатура па се до 1934 година, кога ја држело и Управата на Југословенското учителско друштво.

Ова е период на таканаречената "Комесарска управа", кога на чело на Југословенското учителско друштво, претседател бил Јањан Рашк.[6]

Главните начетници на "Новото учителско движење" датираат уште од времето на шестојануарската диктатура. Во 1934 година на годишното собрание на ЈУД, одржано во Белград истата година, "Новото учителско движење" било снимато од раководството на ЈУД и преминало во опозиција спрема новата управа, на чело со Иван Шкрбић. Новата управа ја претставувала "Втората учителска група" или "Стеаопитата книга" во Југословенското учителско друштво.

"Новото учителско движење" успеало да проџре и да формира свои клубови и во Јужна Србија, и тоа во Скопје, Куманово, Тетово, но без некои позитивни резултати,[7] како зар што стоело и им давало поддршка и просветното одделение на Зетската бановина во Скопје.[8]

./...

"Новото учителско движење", чија врз главна централа се наоѓала во Белград, со цел да придобие во што поголем број основни учителски здруженија во Вардарска Македонија, направило повеќе потези до основните учителски здруженија во Вардарска Македонија, во кои давало разни ветувања за само учители кои ќе се зачленеле во нивните клубови. Еден таков потез централата на "Новото учителско движење" повлекла до учителските основни здруженија во Вардарска Македонија на 15 септември 1937 година, во кој им ветува повисок платен разред на сите оние учители кои ќе се најдат на чело на нивните клубови.[9]

Од сето ова следува заклучок дека "напредното учителско движење" е најразните реакционерни, антидемократски и антикомунистички групации во учителските редови. Водечкото оборудие на напредниот учител Милисав Марјановиќ, тоа претставува "балкана дамка во историјата на учителското движење и учителската борба."[10]

Втората учителска група или "Сталешка линија" во Југословенското учителско здружение, како што ја викале со друго име, односно во своите редови опфаќала најголем дел од учителството во стара Југославија. Во нејзиниот состав влегувало граѓанско - демократско ориентираното учителство. Исто така, во составот на оваа групација на Југословенското учителско движење, влегувало и напредното учителство кое било собрано, односно соработувало во прогресивно ориентираното учителско списание "Учителска страна",[11] кое излегувало во Крагуевац во периодот од 1935 до 1941 година.[12]

Во 1934 година, на Годишното собрание на Југословенското учителско здружение, одржано во Белград, "Втората учителска група" ја презела управата, односно дошла на чело на Југословенското учителско здружение со Иван Јовиќ, настапувајќи со една програмска платформа наречена "Слога". Оваа програмска платформа "Слога", во тоа време одговарала на барањата на широките учителски маси, бидејќи се декларирала, дека се бори за решавање на тогаш најактуелните

-/...

просветни и стручни прашања, како што биле: сталност на службувањето заштита од политичкото туторство, морално и материјално обезбедување на учителската личност од е насртаите на разните просветни и управни органи на власта, изедначување во правата и привилегиите на мешките учителски надзорници, изедначување во правата и привилегиите на мешките учители со своите брачни другари - учителки, создавање на подобри услови за развитокот на училишното дете и училиштето воопшто и друго.[13]

Се до 1939 година, односно до одржувањето на годишното собрание на Југословенското учителско здружение во Бања Лука (Бањалучки конгрес) напредното учителство ќе дејствува во рамките на "Втората учителска група", односно "Сталешката линија" во Југословенското учителско здружение .

Во југословенското учителско здружение, "Втората учителска група", била и најбројна учителска групација во Вардарска Македонија, до "Бањалучкиот конгрес", кога настанало раскинување на нејзината соработка со напредното учителство, кое се конституирало во "Третата учителска група". Според зборовите на Илија Јанкулоски "Втората учителска група" била единствена сила во Македонија (се мисли на групациите во рамките на Југословенското учителско здружение С.Н.) против кое припадниците на "Третата учителска група" требаше да водат упорна и жилава борба. Како во мнозинство, приврзениците на оваа "Втора учителска група", често капитулираа пред силотеноста на и единството на акциите на нашите борбени јатки од "Третата учителска група".[14]

"Третата учителска група" е групација во Југословенското учителско здружение, која што под ова име се афирмирала и популаризирала за време на Бањалучкото годишно собрание на Југословенското учителско здружение (познато меѓу напредното учителство

./...

како "Бањалучки конгрес")[15] што се одржал во Бања Лука од 10 до 21 август 1930 година.[16]

Оваа групација во Југословенското учителско здружение, го добила името "Трета учителска група" поради тоа што младото учителство, кое било ориентирано демократски, прогресивистички, народно-фронтовски, истапило на Годишното собрание на ЈУЗ во Бања Лука со посебна - трета кандидатска листа, за избор на Главен и Надзорен одбор на Југословенското учителско здружение.[17]

"Третата учителска група" израснала од еден дел на редовите на напредното учителство собрано околу напредното учителско списание "Учителска стража", кој и се еден дел на младото и прогресивно учителство, кое се влијаело и организирало преку своите акции, како во рамките на локалните учителски здруженија, така и пошироко. Во тоа доба на чело на КПЈ стоеше Јосип Броз Тито и кога настанува консолидација на КПЈ, и кога партијата е во состојба неуспешно да продира во редовите на напредното југословенско учителство, еден дел од напредното учителство кое било групирано околу списанието "Учителска стража", а кое е било под силно влијание на партијата, ја напушта учителската група околу "Учителската страна", и заедно со останатото младо и комунистички ориентирано учителство, се диференцира во посебна учителска групација, во рамките на Југословенското учителско здружение, позната како "Трета учителска група".[18] "Третата учителска група" своето "свое борбено крстување" односно својот прв јавен настап на југословенската историска сцена, ќе го доживее на годишното собрание на ЈУЗ во Бања Лука, познато како напредното учителство под името "Бањалучки конгрес".

./...

2. "Бањалучкиот конгрес" на Југословенското учителско здружение - пресвртница во историјата на напредното учителство

Годишното собрание на Југословенското учителско здружение во Бања Лука (19-21.VIII.1939), познато во редовите на напредното учителство како "Бањалучки конгрес", се одржало во услови кога во Стара Југославија, со широк народен бран на антифашистичко расположение, кога работните луѓе, студентската и училишната младина и напредната интелегенција предводени од КПЈ, се спротивставувале на фашизацијата на земјата, на која и се закануваала опасност, да стане плен на апетитите на фашистичките сили во Европа.

Во такните внатрешни политички услови, во првата половина на 1939 година, во Околиските учителски здруженија било извршено избирање на делегати за Годишното собрание на Југословенското учителско здружение во Бања Лука. Меѓу делегатите избрани за ова големо собрание, имало и голем број напредни учители. [19]

Меѓу делегатите на годишното собрание на ЈУЗ во Бања Лука, имало и неколку десетици учители - делегати претставници на Околиските учителски здруженија од Вардарска Македонија, меѓу кои повеќето биле од редовите на напредните учители. Така на пример: Скопското околиско учителско здружение на годишното собрание во Бања Лука испратило четири делегати (Сима Караџиќевиќ, Ђуро Губеринић, Милутин Павиќевиќ и Раде Вуковић) и сите гласале за третата "кандидатска листа." [20]

Како и сите претходни годишни собранија, така и Бањалучкото својата работа ја започнало со поздравни говори, усвојување на дневниот ред, избор на собранциски одбори за работа и друго. Салата на Банската управа на Врбаска бановина, каде се одржувало годишното собрание, била полна заедно со се галеријата до последно место.

./...

Во текот на тридневната работа на ова собрание, на говорницата се искачиле и зборувале многу делегати, а меѓу нив имало и поспеќе напредни учители, кои во своите истапувања остро го критикувале не само "Новото учителско движење", туку и работата на Извршниот и Надзорниот одбор на Југословенското учителско здружение, кои биле составени од претставниците на "Втората учителска група" или "Сталешката линија " на Југословенското учителско здружение.[21] На годишното собрание во Бања Лука, доаѓе до израз очигледните несогласувања и различните погледи меѓу граѓанско - демократски ориентираното учителство од "Втората учителска група" и напредното комунистички ориентирано учителство од друга страна. Расчистувањето на нивните врски и соработка било неминовно. И до тоа дошло во оној момент од работата на Годишното собрание на Југословенското учителско здружение во Бања Лука, кога дошло до избор на нов Извршен и Надзорен одбор. При избирањето на новите раководни органи на Југословенското учителско здружение, претставниците на јазовите на "Втората учителска група" на чело со Иван Димник, настојувале со сите средства да го оневозможат изборот на претставници од напредното учителство во Извршниот и Надзорниот одбор, намерувајќи со тоа да ги изолираат напредните учители и во погоден момент да ги ликвидираат како група во учителското сталешко здружение.[22]

На вакав чекор, Иван Димник и неговата "гарнитура" во "Втората учителска група" се решиле, откако истите со поддршката добиена од напредното учителство, успеале да го поразат и скоро да го ликвидираат реакционерното "Ново учителско движење". Сега, гледајќи ја народнофронтовската и настроеност на напредното учителство, Иван Димник и неговите едномишленици напуштајќи ја народнофронтовската ориентација и додворувајќи му се на режимот и на поедини министри на просветата, и претварајќи се во нивни трабант, барале погоден момент за да се пресметаат со напредното учителство. Како погоден

./...

момент, Иван Цимпик и претседателот на Републичкиот собрание на Југословенската учителска задруга, во Бања Лука.[25]

Претставниците на македонското учителство на големото собрание во Бања Лука, кое што беше под надзор на полицијата, успеа да собранието да напише своја листа кандидатска листа за избор на Народни и Сенатори во Југословенското уставно собрание, настанувајќи по тој начин како трета учителска група во работата на Бањалучкото големо собрание на ЈРЗ.

Откако претседателот соопштил кандидатската листа за избор на големи избор, Главниот избор и во Главниот сталежен суд се појавиле имињата на двајца напредни учители познати на целата учителска група во одделна Македонија,[26] и тоа:

1. За кандидатската листа за чин Главен избор, биле предложени: Јаков Чернопеев, учител во Скопје; Јован Апостоски, учител во село Јавор - Велешко; Тодор Јовиќ, учител во Охрид и Рафо Јуковиќ, учител во село Врутоци - Кичевско.

2. За кандидатската листа за чин Сенатор избор, бил предложен Јурај Рубидиќ, учител во Струмица - Струмичко.

3. За кандидатската листа за чин Главен сталежен избор, биле предложени: Стеван Јаковиќ, учител во село Јасенак - Струмичко и Јурај Рубидиќ (повторно), учител во Струмица - Струмичко.

4. За кандидатската листа за чин Окружен избор, биле предложени : Јованиќ Јованиќ, учител во Струмица и Јованиќ Милисав исто така учител во Струмица.

5. За кандидатската листа за членот Главен сталежен суд, бил предложен Димитрије Бајалица, учител во село Антово - Јужни Брод (денес Македонски Брод)[26].

Како во изборите на тој големо собрание за нов

./...

Избран и Напзорен одбор на Југословенското учителско здружение "Третатаучителска група" добила најмалку гласови, само 41 глас, сепак тоа претставува голем успех на напредното југословенско учителство, кое на Бањалучкото годишно собрание (Бањалучки конгрес") за прв пат јавнично и самостојно истапило пред тогашната југословенска јавност.

Јавајќи историска оценка за значењето на "одишното собрание во Бања Лука ("Бањалучки конгрес") во однос на напредното учителско движење, напредните учители во своите сеќавања објавени во заедничкиот труд "О једној учитељској генерацији" пишуваат: "Бањалучкиот конгрес" преставува пресвртница во историјата на нашата борба(се мисли на борбата на напредното учителство С.П.). Напредните сили истапија тогаш со својата листа и добија 41 глас. Кога ќе се земе во предвид дека во тој момент изостанаа гласовите на напредните учители од Хрватска и Далмација (кои пред гласањето го напуштиле Собранието заедно со учителите - симпатизери на Хрватската селанска странка (ХСС), тогаш нашето истапување во тие услови претставува големи успех."[26])

Настапот на "Третата учителска група", на Годишното собрание на Југословенското учителско здружение во Бања Лука, како преку говорничките истапувања на своите припадници, така и преку поднесувањето на самостојна "Трета кандидатска листа" за избор на раководни органи на ЈУЗ, предизвикува голем интерес, не само во учителската јавност, туку и на целата политичка јавност на стара Југославија, зошто станало повеќе од јасно, дека на југословенската политичка историска сцена се појавила нова политичка прогресивна сила која од страна на реакционерите била идентификувана како "црвена", "Црвендача" и т.н. [27])

По одржувањето на Годишното собрание во Бања Лука се одржуваат собранија во Околиските учителски здруженија и бановинските секции, на кои настапува бран на одобрување од страна на

[illegible] на Главниот комитет, а на другата страна, претставниците на [illegible]
ната граѓанска група, против [illegible] на југословенско-
то уставно уредување, односно [illegible] на федеративна држава со сите суверени
права [illegible]. Оваа, [illegible] група,
почнала е и реализирање на [illegible], настојувајќи да ги [illegible]
и зацврстува своите позиции.

[illegible] на идеите на [illegible]
ното уставно уредување [illegible]. Една група, на истакнатата
идеја за [illegible], како остварување [illegible]
[illegible] барањата [illegible], ја [illegible] таканаречената [illegible] група, а [illegible] југословенско-
то уставно - политичко [illegible], а која [illegible]
така беше [illegible] [illegible] на [illegible].

[illegible] на
[illegible] група, [illegible] на југословенското
уставно уредување [illegible] на [illegible].
Дека [illegible] [illegible] на
југословенските народи, [illegible] [illegible] најавувањата
на [illegible] и [illegible] на [illegible], на [illegible]
та на нова Југославија, [illegible] [illegible] и во [illegible]
организациите на [illegible]. Само [illegible] на оваа
зајакнување и [illegible] на [illegible], [illegible] [illegible]
ло да ги [illegible] и [illegible], [illegible], [illegible]
на [illegible], [illegible] [illegible] на
[illegible], [illegible] [illegible] со [illegible] број
[illegible] [illegible] и [illegible]. Така [illegible]
[illegible] [illegible] и
најсвесниот дел на [illegible], на [illegible] на Југословен-

ско учителство и во посебна "Третата учителска група", која што својата "промоција" ќе ја доживее на Бањалучкиот конгрес" (XIX Собрание на Југословенско учителско здружение), одржано од 19 до 21 август 1939 година во Бања Лука), во период кога се води бурно преиспитување, диференцирање и преструктуирање на редовите на Југословенското учителско здружение, кое ќе биде предмет на излагање во оваа глава. Присуството и влијанието на "Третата учителска група" се чувствуваше и во Вардарска Македонија, каде концентрацијата на напредното учителство беше приличе голема.

3. ПРИДОНЕСОТ НА НАПРЕДНИТЕ УЧИТЕЛИ ОД "ТРЕТАТА УЧИТЕЛСКА ГРУПА" НА КПЈ ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА (1930-1941)

Како резултат на се поизразената консолидација на редовите на КПЈ, кое особено се манифестираше во партиските организации во Вардарска Македонија по 1929 година, наваму, доследните поединечни акции на напредните учители - комунисти и припадници на "Третата учителска група"[20] на полето на ширењето, односно пропагирањето на револуционерните активности што произлегуваше од линијата на КПЈ, беше заменети со подобро организирани акции координирани и од страна на Покрајинскиот комитет на КПЈ за Македонија.

Така во овој период, поодделни напредни учители - - припадници на "Третата учителска група" и членови на КПЈ, во координација со поодделни партиски организации на дури и со ПК на КПЈ за Македонија, ќе продаваат индивидуални иницијативи и ќе превземат директни акции за формирање на партиски активи и келии во селата каде што имало со учителска служба па дури и во околните места. Исто така во овој период со зголемувањето на бројот на учителите - членови на КПЈ ќе бидат создадени услови, за формирање и на една врста раководно

./...

а)

ска околија, Гевгелиска околија, Струмичка околија, Тиквешка околија, Кумановска околија, Кочанска околија и на други места.

Во Гостиварска околија, во периодот 1939-1941 година делуваат неколку напредни учители - комунисти и симпатизери на КПЈ, меѓу кои со својата активност истакнувал Сашо Несоски, учител во Жаврово.[29] Овој учител - комунист, заедно со Сеидо Шапроски и Сашо Трцески во селото Жаврово формираат партиска воспитна група и скоевска група, која подоцна ќе послужи како јадро за формирање на партиска организација во Жавровскиот крај. Овој напредни учител (Сашо Несоски) одржувал врски и работел според упатствата на партиското поверенство во Гостивар, кое потоа било поврзано со Месниот комитет на КПЈ во Тетово,[30] а преку него и со Покрајинскиот комитет на КПЈ за Македонија. Кога во летото 1940 година во Жавровскиот крај дошол членот на ЦК на КПЈ за Македонија Блаже Орданоски, тој кадар упатува за формирање партиско поверенство за Жавровскиот крај,[31] а еден од неговите членови станал и Сашо Несоски.

Сашо Несоски остварил врски и соработувал на линијата на КПЈ и со други напредни учители припадници на "Третата учителска група", како на пример со Зубица Најденова, учителка во село Пантелеево[32] Новак Цуцковиќ, напреден учител во Гостивар,[33] и други.

На Гајничкиот крај, кој во административен поглед во стара Југославија претставува посебна околија, делува напредниот учител - комунистот Јосто Јуковски, учител во селото Гајничани. Преку Гостиварското партиско поверенство Јосто Јуковски бил во врска со членот на Покрајинскиот комитет на КПЈ за Македонија Орце Николов,[34] од кого директно добил задача 1940 година да работи на формирање на партиско јадро и скоевска организација во селото Гајничани.[35] Оваа задача Јосто Јуковски успешно ја извршил.

./...

Паралелно со работата на [illegible] на партиско јадро и скојовска организација, од кои во почетокот на 1939 излегле повеќе партизани, Никола Пуковски, со цел да ја канализира својата работа кон народот односно младинците, Работничко и Спортски клуб, во кој била оформена не само младината од Гапчинци, туку и од соседните села,[36] создавајќи со тоа можности потполно да ја изврши својата прогресивна и револуционерна работа на планот на НОВ.

Кога слободно ќе се дише во периодот 1939-1941 година, напредните учители- комунисти припаѓаат на "Братата учителска група" најголеми успеси и активности во полето на широкото револуционерната дејност на КПЈ, преку вршење на партиски клици, односно организации и проширување на редовите на КПЈ, постигнуваат во преспанскиот крај Петар Здравковски - Гоце и Кирил Развовски, учители во село Гопинчани.

Овие двајца напредни учители, во преспанскиот крај развиваат богата и разновидна дејност, а најважно како форма на делување ја користат кабаско-пролазната дејност што сите тие ја формирале во селото Гопинчани, за која што порано стана збор, преку која се во постојан контакт со масите, и преку која што успешно ја канализирале своја властите својата работа на полето на пропагирање то и ширењето на идеите на КПЈ.[37] Оваа вака интензивна работа, во прво време била координирана од страна на Битолската партиска организација,[38] со која овие двајца напредни учители одржувале директна врска, бидејќи во Преспанскиот крај , до втората половина на 1939 година не постоела ни партиска организација , ниту пак некое партиско тело, кое би ги координирало овие нивни активности.

Во средината на Јануари 1939 година, со цел уште поуспешно да се одвиваат активностите и почне со формирање на партиски клици и организации во Преспанскиот крај, по директива на Битолската

./...

партиска организација, било формирано околиско партиско поверенство, во состав: Петар Здравковски – Пенко, Ѓорѓи Ивановски, Јонче Трпоски и Христе Јанески.[39]

Од сеќавањата на Петар Здравковски – Пенко може да се извлече заклучокот, дека во прво време секретар на ова Околиско партиско поверенство, бил Ѓорѓи Ивановски, а подоцна Петар Здравковски – Пенко бил партиски инструктор.[40]

Од овие сеќавања на Петар Здравковски – Пенко се гледа, дека всушност со работата на Околиското партиско поверенство за Преспа раководат двајца напредни учители – комунисти Петар Здравковски – Пенко и Ѓорѓи Ивановски.

Водејќи по добиените задачи за формирање на партиска организација, Петар Здравковски – Пенко и Ѓорѓи Ивановски, заедно со останатите членови на Околиското партиско поверенство, започнуваат интензивни активности за формирање на првите партиски ќелии, во Преспанскиот крај. Така веќе кон крајот на Јануари 1939 година во селото Подмочани е формирана првата партиска ќелија во Преспанскиот крај, во состав: Мито Кечуловски, Христе Кечуловски, Ванген Јупевски, Коста Лојчиноски и Ѓорѓи Ивановски, кој бил и секретар на партиската организација.[41] Во текот на 1939 година, Петар Здравковски – Пенко и Ѓорѓи Ивановски успеале да формираат уште една партиска организација во Преспанскиот крај и тоа во селото Покрвеник,[42] а за нејзин секретар бил поставен членот на Околиското партиско поверенство Јонче Трпоски.[43]

Во селото Подмочани, покрај формирањето на партиската организација, Петар Здравковски – Пенко и Ѓорѓи Ивановски развиваат и активности во формирањето и работата на Скоевската организација, како во ова село, така и пошироко во Преспанскиот крај. При тоа, би требало да се истакне дека е голем придонесот и работата на

./...

Петар Здравковски - Пенко и по СКОЈ. Така , Петар Здравковски - Пенко не само што дава директиви, туку и присуствува на состаноците на Скојевските организации, усперуваjќи ја нивната работа. По негова директива, Скојевската организација во селото Подмочани формирала хор и дилетантска (драмска) група, коjа пред населението одржувала приредби со напредна содржина, како на пример песните "Македонска крвава свадба", "Печалбари" и други,а кои што активности и самиот Петар Здравковски - Пенко ги потпирува подоцна во своите сеќавања. Исто така, Петар Здравковски - Пенко со Скојевската организација обработува различни илегални партиски материјали и друго.[44)]

За важната дејност на Петар Здравковски - Пенко, во Скојевската организација во село Подмочани, во неговите сеќавања пишува: "Ние во Подмочани почнавме од СКОЈ со оние наши ученици што завршија: Јован Стефановски, Тога Јовески, Милан Јовески, Коста Кусаковски и други. Имавме седум - осум младинци со кои систематски работевме (С.Н. се однесува на проучување на илегални партиски материјали од тематика на СКОЈ и КПЈ). Освен оваа се работевме и на образованието на младинците по математика и друго. Тие младинци се осетија доста поврзани. Ние бевме слеани со таа младина. Ѝм купив ѓудбал и ние почнавме да играме ѓудбал, почнавме да расправаме и спроведе "Печалбари", предвоjничката обука, што тогаш беше заведена ја користевме потполно во други цели. Ја одржувавме таа предвоjничка обука за сосема спротивни цели од она за што беше таа воведена. Јас работев на таа предвоjничка обука. Посебно на оние вечерни собири, по цела ноќ работевме.[45)]

Во овоj период, напредните учители Петар Здравковски - Пенко и Ѓорѓи Ивановски одржувале постоjани контакти со Битолската партиска организација преку членот на Месниот комитет на КПЈ во Битола Јосиф Звончарот, поради што тие често пати и доаѓале по партиски инструкции во Битола, каде се среќаваат и разменуваат

мислења со повеќе битолски комунисти, како на пример со Лазо Чандаро, Цане Светиќ, Гоце Грајаноски и други.[46]

Уште поголеми успеси на полето на проширувањето на редовите на КПЈ во Преспанскиот крај, отаде Здравковски - Ленко и Ѓорѓи Ивановски, заедно со останатите членови на Околиското партиско повереништво и другите комунисти на Преспа, остварувале во наредната 1940 година, за што во сеќавањата на Ѓорѓи Ивановски пишува:

"Во текот на 1940 година нашата активност беше многу поширока што е и разбирливо, бидејќи имавме стекнато и повеќе искуства. Во таа година создадени се осумина партиски организации во селата Брајчино, Сопотско, Златари и Дупени. Освен она, беа направени партиски активи во градот Ресен и во селата Крушје и Лажани и воспоставивме поединечни врски со партиски активисти во селата: Лазарци, Царев Двор, Зубојно, Кранци, Јаничец и Избишта. Исто така и Околиското партиско повереништво прерасна во Околиски комитет на КПЈ за Преспа."[47]

И во составот на новоформираниот Околиски комитет на КПЈ, кој е формиран во средината на 1940 година, влегле напредните учители - комунисти: Петар Здравковски - Ленко и Ѓорѓи Ивановски, покрај нив уште и Јанче Трповски, Христо Јановски и Ристе Богоевски,[48] кој веднаш бил и секретар на новоформираната Партиска организација во селото Болно.[49] Така па и во 1940 година , односно скоро до пропаста на стара Југославија ,најактивни во формирањето и организирањето на дејноста на партиската организација на КПЈ и скојовските организации во Преспанскиот регион го имале напредните учители - комунисти Петар Здравковски - Ленко и Ѓорѓи Ивановски.

Активноста на напредните учители - комунисти, припадници на "Третата учителска група" во Ресенска околија Петар Здравковски - Ленко и Ѓорѓи Ивановски, се проширила и надвор од ова

/

околија. Така тие, според сеќавањата на Илија Јашкулоски, успеале да формираат актив на комунисти во Врбен, а во Струга и Лебар успеале да воспостават поединечни врски со таканаречените напредни учители-комунисти, и на тој начин создале основа за формирање на партиски организации во овие места.[50]

Друг случај, на кого сака големо ангажирање на напредните учители - комунисти, на полето на широње на мрежата на партиски организации и ќелии на КПЈ, има во Тетовска тогаш викана Полно-полошка околија, каде во овој период (1935-1941) дејствале повеќе учители припадници на "Третата учителска група" и учители - комунисти, како на пример: Јелица Петковиќ, Средоје Урошевиќ и други, како и тогашните напредни професори - комунисти во Тетовската гимназија Видосава Ивановиќ и Блажо Ивановиќ. Сите овие биле во директна врска и ангажирани во својата прогресивна работа од страна на Тетовската партиска организација, која со цел уште повеќе да се прошири опфатеноста на напредните учители во редовите на Партијата, како и да се зголеми ефикасноста на напредните учители - комунисти, во Октомври 1940 година, донесува одлука во составот на Тетовската партиска организација да се формира посебна партиска ќелија, составена исклучиво од просветни работници.[51] На изборниот состанок на оваа партиска организација - ќелија, присутен бил и Секретарот на Месниот комитет на КПЈ во Тетово Славка Јованова и членот на Месниот комитет Живко Стојчева.[52] Оваа Партиска ќелија била составена од четири члена и тоа: Јелица Петковиќ, Средоје Урошевиќ, Видосава Ивановиќ и Блажо Ивановиќ.[53] За прв Секретар на оваа Партиска ќелија избран е Блажо Ивановиќ, а неколку месеци покасно, кога Блажо Ивановиќ ќе биде мобилизиран повеќе месеци во воена вежба , Секретар на оваа Партиска ќелија ќе стане Јелица Петковиќ.[54]

-/...

Оваа партиска ќелија, претежно раководена од страна на Гостиварска партиска организација, ќе развие широки активности на полето на ширењето на линијата на КПЈ меѓу напредното учителство, посебно меѓу припадниците на "Третата учителска група", но само во Гостиварскиот регион, туку и пошироко на територијата на Вардарска Македонија и надвор од неа. За ова, во сеќавањата на непродишот учител-комунист и член на оваа партиска ќелија Лепица Јотковиќ, во своите сеќавања пишува: "Често побивавме задачи, да ја нашата партиска ќелија по еден член оди во селата, да врши агитација врска со "Третата учителска група" како и поради проучување на партиски материјали, кои што ги побивавме од Окружниот комитет на КПЈ за Македонија".[29]

Што работела оваа партиска ќелија составена од просветни работници, односно напредни учители, најдобро се гледа од една белешка на веќе цитираната Ќелица Јотковиќ, каде пишува:

"Прво, секој од нас на состаноците поднесуваше извештај што имаше работено до тогаш и што имаше направено, кои се нашите симпатизери меѓу просветните работници кои се сметаат за припадници на "Третата учителска група" збрани околу културно - просветната учителска задруга "Јук Караџиќ", а кои се нашите пораките противници и експоненти на режимот и јотиновци... Покрај како најважна задача ни беше поставувано на работниот во сите села на отварање и работење на учителските куќи, читалиште, библиотеки и работа со селската младина и друго".[30]

Исто така, по иницијатива на оваа партиска ќелија и во координација на Окружниот комитет на КПЈ во Гостивар, членовите на оваа партиска ќелија, организираше два полулегални меѓуселски состаноци со напредното учителство од Гостиварска и Тетовска околија, и тоа: Првиот состанок бил одржан во Декември 1940 година во селото Колино, а додека Вториот состанок бил одржан во Февруари 1941 година во селото Боговиње. На двата состаноци присуствувале по

./...

15-20 напредни учители припадници на "Третата учителска група" од двете околии.[57]

Оваа партиска ќелија, иако била составена само од учители - комунисти, односнопросветни работници, тоа својата напредна и револуционерна дејност не ја ширела само меѓу учителството, туку и меѓу работничките и студентската младина, учествувајќи со нив меѓу другото и на тие излети во местото "Кале"[58] користејќи ги притоа истите за ширење на своите напредни идеи меѓу излетниците.

Во Крушевска околија, напредниот учител - комунист, припадник на "Третата учителска група" Драгослав Вељковиќ, кој бил повраќен и работел по директива на Струмичката партиска организација, добил задача да во селото Бучин и околните села, работи на ширењето на идеите на КПЈ, успеал да формира едно партиско јадро од шест члена од кои што неколку подоцна сите станале членови на КПЈ.[59]

Во Скопска околија, во овој период,дејствуваат повеќе напредни учители - комунисти припадници на "Третата учителска група" кои се на поединечни врски повраќани и дејствуваат по директивите на Скопската партиска организација, а потоа од нив се и во директна поединечна врска со Покрајинскиот комитет на КПЈ за Македонија. Тука спаѓаат напредните - учители - комунисти, припадници на "Третата учителска група" Ѓуро Губеринић, Тихомир Пунај, Сима Караиванович, Љубица Јовановиќ, Стјепан Николиќ, Јанко Марјановиќ, Вранко Јовановиќ и други.[60]

Небитова, некои учители - комунисти , како на пример Лукас Тасковиќ, биле членови на една партиска ќелија , која пот-

15-20 напредни учители припадници на "Третата учителска група" од двете околии.[57]

Оваа партиска ќелија, иако била составена само од учители - комунисти, односнопросветни работници, таа својата напредна и револуционерна дејност не ја ширела само меѓу учителството, туку и меѓу работничката и студентската младина, учествувајќи со нив меѓу другото и на три излети во местоста "Кале"[58] користејќи ги притоа истите за ширење на своите напредни идеи меѓу излетниците.

Во Крушевска околија, напредниот учител - комунист, припадник на "Третата учителска група" Драгослав Вељковиќ, кој бил поврзан и работел по директива на Прилепската партиска организација, добил задача да во селото Бучин и околните села, работи на ширењето на линијата на КПЈ, успеал да формира едно партиско јадро од шест члена од кои што нешто подоцна сите станале членови на КПЈ.[59]

Во Скопска околија, во овој период,делуваат повеќе напредни учители - комунисти припадници на "Третата учителска група" кои се на поединечни врски поврзани и делуваат по директивите на Скопската партиска организација, а некои од нив се и во директна поединечна врска со Покрајинскиот комитет на КПЈ за Македонија. Тука спаѓаат напредните - учители - комунисти, припадници на "Третата учителска група" Ѓуро Губеринић, Зукајло Кукалј, Сима Караџарковиќ, Зубица Поповиќ, Стјепан Михаиловиќ, Јанко Марјановиќ, Бранко Павловиќ и други.[60]

Меѓутоа, некои учители - комунисти , како на пример Лукан Тасковиќ, бивш секретар на една партиска ќелија - која поду-

вала во составот на Скопската партиска организација, во која покрај него членувале Блажо Орланџиќ и Чедомирје Вишиќ,[61] познати комунисти и покрајински партиски раководители во Македонија во тоа време.

Во периодот 1939 - 1941 година исто така делуваат повеќе учители - комунисти припадници на "Третата учителска група" во Битолската околија на полето на формирање на партиски ќелии и организации на КПЈ, кегу кои најкарактеристичен случај претставува работата на Тодор Ангелоски - Стреген и Илија Јанкулоски. Тие успеале во селото Јавато (каде учителствувале) да формираат партиска организација, и во исто време воспоставиле и одржувале поединечни врски со поедини членови на Партијата од селото Цапари, Доленци, Рамне, Стрежево и од други села,[62] и ги исполнувале директивите на Битолската партиска организација.

Исто така, кога станува збор за дејноста на учители комунисти и припадници на "Третата учителска група" на полето на ширење на организациите на КПЈ, заслужува да се спомне и Константин (Коста) Вунић, кој успеал во селото Средно Егри (каде и учителствувал да формира партиски актив кој делувал во составот по директивите на Битолската партиска организација.[63]

Во Прилепска околија, каде во овој период (1939-1941) имало поголем број на напредни учители припадници на "Третата учителска група" (Здравко Шестиќ, Димитрија Бајалица, Богољуб Урошиќ, Аца Радуловиќ и други) самоиницијативно формирале партиски актив и одржувале повеќе илегални партиски состаноци, на кои се

./...

договарало за понатамошните активности. На еден таков илегален партиски состанок, одржан во 1939 година во селото Волче, во станот на напредниот учител - комунист Аца Радуловиќ, со цел работата на напредните учители - комунисти да биде што поорганизирана и поуспешна, донесле одлука да воспостават врска со Прилепската партиска организација, [64] бидејќи во овој период не постоела партиска организација во Пореченската околија. Тие партиски врски во 1939 година со Прилепската партиска организација биле воспоставени.

Слични вакви активности, на полето на формирање на партиски јадра, односно партиски ќелии и организации има пројавено и од страна на напредните учители-комунисти, припадници на "Третата учителска група" и во други краишта на Вардарска Македонија, како на пример во Кумановска околија (Бранко Бронзиќ, Димче Ангелоб- Габеров и други)[65], во Радовишка околија)Обрад Цицмил, Вивко Паунковиќ)[66], во Велешка околија (Митко Илиев),[67] и во други места, што покажува дека се вредни и за почит, придонесите на учителите комунисти припадници на "Третата учителска група" во Вардарска Македонија, за успешното ширење на идеологијата на КПЈ и нејзините партиски организации во Македонија.

б. Формирање на "Учителски партиски актив на КПЈ за Вардарска бановина" и неговата активност

Со цел за подобра координација на активностите на напредните учители припадници на "Третата учителска група" на територијата на целата тогашна Вардарска бановина, по директива на Покрајинскиот комитет на КПЈ за Македонија, било формирано во 1939 година , едно централно раководно тело, составено исклучиво од напредни учители - комунисти, а кое се викало "Учителски партиски актив на КПЈ за Вардарска бановина".[68]

Ова тело, било составено од три членови, учители комунисти припадници на "Третата учителска група" во Вардарска Македонија, и тоа: Анка Обучина, учителка во селото Чапари (Битолско) Петар Здравковски - Пенко, учител во селото Гричари во тоа време (а подоцна е преместен за учител во село Лопушчани - Ресенско) и Милан Јевтовиќ Тра, учител во тоа време во село Оџи-Јетовско.[69])

Да се изврши целосна реконструкција на работата на ова раководно тело, кое ја координирало и усмерувало работата на напредните учители - комунисти од "Третата учителска група" во Вардарска Македонија и пошироко во цела Вардарска бановина и кое што било во директна врска со Покрајинскиот комитет на КПЈ за Македонија, и играло улога на една врста трансмисија на директивите на Покрајинскиот комитет до напредното учителство на теренот, денес е многу тешко и невозможно поради оскудноста на историски извори, односно непостоење на документација за неговото постоење и дејност. Така да, денес единствени извори од кои можеме дедуктивно да ја согледаме работата на "Учителскиот партиски актив на КПЈ за Вардарска бановина", претставуваат сеќавањата за ова тело и неговата работа , на напредните учители - комунисти припадници на "Третата учителска група во Вардарска Македонија Илија Јанкулоски и Петар Здравковски - Пенко, чии што сеќавања и ние ги користиме во трудов.

Кој биле целите и задачите на работа и како била координирана и усмерувана работата на напредните учители - комунисти од страна на "Учителскиот партиски актив на КПЈ за Вардарска бановина", дознаваме од сеќавањата на Илија Јанкулоски, каде пишува:

"Во овој период (С.Л. се однесува на периодот 1939-1941) Партискиот актив за Вардарска бановина, пред своите членови го постави предлогот во следните задачи: будно следење на најважните настани во земјата и надвор од неа и правилно реагирање, односно јасно објаснување на народните маси во согласност со директивите

./...

на КПЈ. За таа цел беа определени и одговорни другари за постојана врска со Месните комитети на КПЈ. Тие по најкус пат требаше да ги доставуваат сите најнови материјали, информации и директиви низ целата територија на Македонија".[70]

Една од најприменуваните форми на дејствување меѓу напредното учителство на "Партискиот актив на КПЈ за Вардарска бановина" било одржување заеднички состаноци на членовите на ова тело со напредните учители - комунисти припадници на "Третата учителска група" на разни места, на кои состаноци присуствувале претставници на напредното учителство од целата територија на Македонија. Во изворите со кои располагаме, срекаваме податоци за одржани пет такви заеднички состаноци на членовите на учителскиот партиски актив на КПЈ за Вардарска бановина со напредното учителство во Вардарска Македонија во текот на 1939 - 1941 година, и тоа во: Битола (1939 година),[71] Средно Село,[72] Неготино, Гевгелија (1940),[73] и во Скопје (1941 година).[74]

Првиот заеднички состанок бил одржан во Битола во 1939 година во соработка, односно координација со Битолската партиска организација. На овој состанок, биле присутни делегати од напредните учители - комунисти, припадници на "Третата учителска група" од околните: Кичевска, Битолска, Преспанска, Леринска и Крушевска околија . На овој состанок биле присутни и двајца членови на Месниот комитет на КПЈ во Битола. Едниот од нив Јосиф Христов-Звончарот зборувал пред напредните учители - комунисти за работата на комунистите од тој период, посебно се осврнал на ставот на КПЈ спрема македонското национално прашање и друго. На овој состанок било определени нивните задачи на напредните учители во тогашните општествено - економски прилики во Вардарска бановина. Посебно било укажано, дека напредното учителство треба бескомпромисно да се бори и дало разобличува големосрпскиот хегемонизам.[75]

./...

За одржаните вакви состаноци во селата Средно Егри, Полмочани и Гавато, од изворите со кои располагаме не може точно да се констатира кога се тие одржани, Во 1939 година или 1940 година Мегу овие сотаноци , според сеќавањата на еден од учесниците, воедно и член на "Учителскиот партиски актив на КПЈ за Вардарска бановина" Петар Здравковски - Пенко, најзначаен бил состанокот одржан во село Средно Егри, кој се одржал во станот на учителот - комунист Константин (Коста) Гунић. И состанокот во селото Средно Егри, како и состанокот во Битола, бил илегален и бил одржан во соработка со Месниот комитет на КПЈ за Битола. Петар Здравковски - Пенко во своите сеќавања дава податоци како за работата на овие состаноци, а што со одненесува за состанокот во селото Средно Егри ги дава и имињата на неговите учесници. Во врска со претходно изнесеното, во неговите сеќавања пишува:

"На нашите зачестени состаноци во Средно Егри, во Полмочани и во Гавато, обработувавме теми за истапување пред учителските здруженија. Најуспешен состанок беше оној одржан во Средно Егри. Тука дојдоа од Брајчино: Здравко Костиќ, Димитрије Бајалица, Јонче Јосифоски , Ице (С.Н. се одненесува на Петар Здравковски - Пенчо и Ѓорги Ивановски), Благој Кондарко, Тодор Ангелоски, Илија Јанкулоски и Коста Гунић, каде што се обработија теми. Тука обработивме реферати кои требаше да ги изнесуваме на состаноците на Околиските учителски здруженија".[76]

Исто така за состанокот во селото Средно Егри , во своите сеќавања зборува и другиот поранешен учесник, од Третата учителска група" Илија Јанкулоски, кој , осврнувајќи се на донесените заклучоци на ова учителска конференција, пишува:

"Донесени се заклучоци за понатамошно онасовување на напредното учителско движење и за собирање на што поголем број учители на имиња на Партијата".[77]

-/...

Преку КПЈ преку напредните учители - комунисти, односно преку "Учителскиот партиски актив на КПЈ за Вардарска бановина" индиректно ја усмерувала активноста на напредните учители - комунисти во рамките на учителските здруженија, и тоа не само во Окружните учителски здруженија, туку и нивната работа во рамките на секцијата на Југословенското учителско здружение за Вардарска бановина, зборува податокот , што во јануари 1941 година, непосредно пред одржувањето на собранието на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина во Скопје, бил одржан илегален состанок на членовите на "Партискиот актив на КПЈ за Вардарска бановина" со напредните учители - комунисти, членови на Извршниот и Надзорниот одбор на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина.

Овој состанок се одржал во станот на напредниот учител Драган Миловановиќ, непосредно пред одржувањето на секцијата собрание на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина. На овој состанок присуствувале: Здравко Шестиќ, Анта Обучина, Милан Јевтовиќ-Ера, Коста Лукиќ, Петар Здравковски - Јапко, Богољуб Грокиќ, Тодор Ангеловски, Благој Кондарко, Јонче Јосифоски, Илија Јанкулоски, Драган Миловановиќ и други. На овој состанок била критикувана работата на Извршниот одбор на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина и Просветното одделение на Вардарска бановина, и биле изземени ставови за чие што животворување требало да се борат напредните учители - членови на Извршниот и Надзорниот одбор на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина.[78] За одржувањето на овој состанок знаше и ПК на КПЈ за Македонија, пишува во сеќавањата на Илија Јанкулоски.[79]

Овие податоци уште еднаш потврдуваат за позитивната и револуционерната улога што "Учителскиот партиски актив на КПЈ за Вардарска бановина" ја одиграл како координативно тело на напредните учители - комунисти во Вардарска Македонија во периодот

./...

1939 - 1941 година.

Од сето ова што досега е изнесено се гледа дека 1939 година претставува почеток на една значајна етапа на напредното учителско движење, во составен дел од напредното работничко движење во стара Југославија. Ова прод се е резултат на консолидацијата на редовите на Партијата, која што започнала во 1937 година, со доаѓањето на Тито на нејзино чело, а најпосебе дошла до израз во последните години пред Априлската војна (1939 - 1941) , кој период се поклопува и со појавата односно издвојувањето на "Третата учителска група" од редовите на Југословенското учителство, како нејзин најреволуционерен дел, кој најуфсто е прегнал идеологијата на КПЈ.

Во вакви услови на илјакната и илолитна КПЈ, Партијата успева на прави поуспешни продори, односно да ги шири своите редови и меѓу југословенското учителство на територијата скоро во цела Југославија, вклучувајќи ја и Вардарска Македонија, каде што исто така во времето од 1939 година па до Априлската војна се чувствува засилена револуционерна радливост, консолидирање и проширување на редовите на Партијата, и формирање на нови партиски организации, кои во своите редови успеало да опфатат и прилично број од учителството во Вардарска Македонија. Така, на, во овој период (1939-1941) работата на напредните учители - комунисти, припадници на "Третата учителска група" во Вардарска Македонија не била случајна ниту стихијна, туку тоа била организирана и раководена односно составен дел на авангардата на работничката класа - Комунистичката партија на Југославија.[30] Ова е период, кога револуционерната дејност на напредното учителство прераснува во еден нов квалитет , кој што по својот обем и тактика на дејствување во ништо не заостанува од останатите комунисти, и прераснува во составен дел на револуционерната дејност, тактика и стратегија на КПЈ, и на напредното работничко движење меѓу двете светски војни во Вардарска

ОСМА ГЛАВА

РИТУАЛИТЕ НА ПРОФАСИСТИЧКИТЕ РЕЖИМИ ВО НАЦИОНАЛНОТО УНИВЕРЗИТЕТСТВО ВО БАЛКАНСКА ПЕРСПЕКТИВА

А. ПРИТИСОК ВРЗ УЧИТЕЛСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА

Кога станува збор за притисок од страна на режимите на стара Југославија врз учителските сталешки здруженија во Вардарска Македонија, тогаш се подразбира притисок врз напредното учителств во овие здруженија, со различни цели.

Една од најраспространетите облици на притисок врз учителските сталешки здруженија во Вардарска Македонија (Околиски учителски здруженија и Секцијата на Југословенското учителско здружение (ЈУЗ) за Вардарска бановина), било настојувањето да се истиснат од Управите на овие здруженија напредните учители, преку со напредните учители - комунисти и симпатизери на КПЈ. Овој облик на притисок на буржоаските режими врз учителските сталешки здруженија, особено зачестила од средината на триесеттите години на минатиот век, кога дошло до консолидација на редовите на КПЈ, вклучувајќи ја и Партиската организација во Вардарска Македонија, која успешно , продира во учителските сталешки здруженија, успевајќи да се наметне во управите во повеќе околиски учителски здруженија, на чие што чело, како претседатели односно секретари и членови на извршните и надзорните одбори биле избрани напредни учители - комунисти и симпатизери на КПЈ.[1] Таков бил случајот со Скопското,[2] Поречкото [3], Тетовското,[4] Кумановското ,[5] Преспанското,[6] Кавадарското околиско учителско здружение [7] и други. Исто така во овој период (од средината на триесеттите години) напредните учители успеале да продрат односно се наметнат во органите на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина. [8]

Најдобар пример за таков однос, односно облик на притисок на режимот врз учителските здруженија, претставува акцијата на Околискиот началник за Поречка околија Ристиќ, изведена во пролет

./...

та 1940 година,[9] со цел да ја смени Управата на Поречкото учителско здружение која била во рацете на напредните учители - комунисти: Митко Илиев, кој бил претседател и Здравко Шестиќ, секретар, и му наметнала на ова Околиско Учителско здружение нова управа, која била во рацете на учителите - режимлии. На тој начин, Околискиот началник Романов сметал дека ќе успее Поречкото околиско учителско здружение да го стави во функција на режимската политика и воедно дека ќе успее да ја онемозможи и разбие активноста на напредната учителска група во Поречка околија, која била меѓу најдобрите и најактивните во Вардарска Македонија. Меѓутоа, сите овие акции на Околискиот началник Романов и на останатите органи на власта во Поречка околија, завршиле неуспешно благодарение на жилавиот и организиран отпор на напредната учителска група во Поречкото околиско учителско здружение. Како тече-ла оваа акција на Околискиот началник Романов и какви други облици на притисок биле преземани против ова Околиско учителско здружение, а слични такви и во други околии во Вардарска Македонија, најдобро ги илустира следниот дел од сеќавањата на Богољуб Проќиќ, учител во селото Лажане, во кои се вели:

"Околискиот началник Романов најпрво се обиде преку своите луѓе - учители - режимлии да внесе семе на раздор во Учителското здружение. Преку поколку свои луѓе, кои патем реченому беа и доставувачи на информации за нашите разговори и работата на нашите состаноци, тој имаше намера да на работата на нашето здружение му даде, односно наметне друга линија. Кога во тоа не успеа, однучи тоа да го постигне во соработка со школскиот надзорник. За погоден момент за преземање акција ја избра пролетта 1940 година, кога Димитрије Бајалиица и уште некои другари (С.П. се мисли на напредниот учител) беа преместени надвор од оваа Околија...

Благодарение на борбеноста на Митко Илиев (претседате Здравко Шестиќ (секретар), Богољуб Проќиќ, С.Крстиќ и К.Јовановски

./...

подмолната намера на началникот беше осуетена... За Здружението настанаа се потешки денови: полицијата стануваше се позаинтересирана и повтресивна, а со приведувањето на неколку другари (најпрво Л.Бајалица, потоа Б. Брокиќ, Б.Кондарко, П.Јовевски, Ј.Поповиќ, Л.Радуловиќ, С.Станишиќ, Т.Николиќ и други) акционото јадро беше проретчено и ослабено." 10).

Буржоаскиот режим на стара Југославија настојувал своите приврженици да ги убрли и во Управата (Извршниот и Надзорниот одбор) на Југословенското учителско здружение, Успех во ваквата своја политика, буржоаскиот режим во стара Југославија остварил во време на монархофашистичката диктатура, кога успеал на чело на Југословенското учителско здружение да ја наметне така наречената "Комесарска управа" на чело со Јамњан Рашиќ. Преку нея режимот настојувал да ја контролира и усмерува работата на ЈУЗ, да се меша во работата не само на Главната управа (Извршниот и Надзорниот одбор), туку и во работата на бановинските секции на ЈУЗ, на луѓе и во работата на Окружните учителски здруженија, вршејќи на тој начин притисок, односно оневозможување на прогресивната работа и прогонување на напредното учителство.

Посебно голем притисок, "Комесарската управа", на чело со Јамњан Рашиќ вршела врз Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, што било и сосема разбирливо, зошто покрај тоа што присуството и активноста на напредното југословенско учителство во Вардарска бановина било најголемо, во споредба со другите краеви на Југославија, овде во Македонија големосрпската буржоазија требало да постигне и други цели од денационализаторски карактер .

За ова во сеќавањата на напредниот учител - комунист и еден од членовите на Управата на Секцијата за Вардарска бановина Раде Вуковиќ во своите сеќавања изнесува:

./...

"Комесарската управа" на чело со Дамьан Рашиќ, постана многу безобзирна во денунцирањето на македонските учители (С.Л. се мисли на напредните учители во Вардарска Македонија.[11])

Во својот притисок врз Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, управните и други власти на стара Југославија оделе до таму, што не дозволувале во извештаите на годишните собранија на Секцијата да се изнесуваат податоци за тешката положба на училиштата и учителството во Вардарска Македонија. Ова најдобро се гледа од забраната на растурањето, односно запленувањето на Годишниот извештај на Секцијата во периодот 1937 - 1938 година, односно меѓу VII - VIII годишно собрание. Овој Годишен извештај, кој под наслов "Извештај за работата поднесен на VIII редовно годишно собрание, одржано на 11 и 1 јули 1938 година, " бил испечатен во вид на брошура во штампаријата "Јужна Србија" во Скопје, со цел да ѝ биде разделен на делегатите на LIII годишно собрание на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина.[12] Овој извештај бил целосно конфискуван, односно било забрането неговото растурање и продавање со решение на Државниот тужител во Скопје К.К. С.бр. 779/38-1 од 9 јули 1938 година, [13] во кое решение Државниот тужител се повикува на член 19 точка 5 и 8 од "Законот за штампа", бидејќи овој извештај за едногодишната работа на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина не дошол до рацете на делегатите.

За што станувало збор во овој Годишен извештај, поради што истиот бил забранет и конфискуван од власта со решението на Бан от IV број 28о56 од 19 јули 1938 година [14] настојува да даде одговор во своите сеќавања напредниот учител - комунист Раде Вуковиќ со следните зборови:

"Во тој извештај, покрај другото, стануваше збор за условите во кои живееја и работеа учителите во Вардарска бановина, за пречките во кои се наоѓаа училиштата во Бановината и за условите во кои работеше сталешката учителска организација. Целиот извештај

. . .

беше пишуван според строго автентични податоци, собрани од Околиските учителски здруженија и од поединци."[15]

Прелоската банска управа за Вардарска бановина, во овој случај не се задоволува само со запленување, односно забрана парастурањето на Годишниот извештај, туку отвара судска постапка, односно ги става под дисциплински суд сите членови на Секциската управа на Учителското здружение, кои што го потпишале овој извештај и го признале за свој и тоа: Марко Цветковиќ, учител во Скопје и претседател на Секцијата на ЈУО за Вардарска бановина; Богдан Чешовиќ, учител во Охрид и втор потпретседател на Секцијата, Младен Милосављевиќ, учител во село Матејче - Кумановско, секретар на Секцијата, и членовите на Управата на Секцијата: Стефан Царевиќ, учител во село Велчани - Струшко околија; Рајко Зучиќ, учител во Прилепска; Љубомир Станишиќ, учител во Прилеп и Блажо Милачиќ, учител во Весел.[16]
На судскиот процес што наскоро потоа бил одржан во Скопје, сите членови на Секциската управа биле ослободени како невини, бидејќи полициските власти не успеале преку судот да е докажат "вината" на членовите на Секцијата на Југословенското учителско здружение за Вардарскабановина.[17]

Една од останатите форми на притисок од страна на власте врз напредното учителство и учителската сталешка организација во Вардарска Македонија, било надзирувањето одржувањето на околиски и неврзоколиски конференции на околиските учителски здруженија.

Така, не било дозволено од страна на Околискиот началник за Прилепска околија, одржувањето на Околиската учителска конференција за Прилепското учителско здружение, закажана за 5 април 1936 година во Прилеп, ол причини "што во еден месец се одржуваат две учителски конференции (собири), поради неблаговремено пријавување на закажаната Учителска конференција, како и поради тоа што овој

./...

учителски собир бил закажан во работен ден".[18] Ова било само изговор на властите за да не го дозволат одржувањето на овој Учителски собир, на кој покрај настаните на напредниот учител - комунист Драгољуб Мургаиќ, требало да се донесе одлука и за учество на учителството од оваа околија на закажаната меѓуоколиска конференција во Велес. И покрај преставката на Прилепското околиско учителско здружение преку Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина до Банската управа во Скопје [19] по повод забраната од страна на Околискиот началник во Прилеп , овој Учителски собир не само што не бил одобрен, туку Банската управа во свој одговор до прилепското околиско учителско здружение ја оправдува постапката на прилепскиот околиски началник.[20]

Исто така, Кралската банска управа не го одобри и одржувањето на меѓуоколиската учителска конференција во Велес, чие што одржување било закажано за 9 и 10 мај 1936 година. На оваа меѓуоколиска конференција било предвидено да присуствуваат учителиделегати од следните околии: Прилепска, Штипска, Струмичка, Гевгелиска, Кочанска, Радовишка и Свети Николска .[21] Одржувањето на овој меѓуоколиски учителски собир не бил одобрен од страна на Кралската банска управа. Една од главните причини за неодобрување на одржувањето на овој собир, бил рефератот на учителот - комунист Драгослав Тодоровиќ, учител во Грегранската школа во Кочани.[22]

Во оние случаи, кога просветните и управните власти не било во можност да најдат доволно убедливи "аргументи" за да го спречат одржувањето на околиските и меѓуоколиските учителски конференции, односно собири, тогаш настојувале преку своите претставници (Околискиот началник или полициското писар) чие што присуство било задолжително на овие собири да да биде одбрено истите да се одржат, да го оневозможат истапувањето на напредните учители, односно а излагањето на нивните прогресивни идеи меѓу учителското членство. Такви интервенции на претставниците на власта, имало на многу око-

./...

лиски конференции на Околиските учителски здруженија, како и на Прилепската и Гостиварската небуколиска конференција.

Од сето досега изнесено се гледа, дека властите вршеле силен и концентриран притисок врз учителските сталешки здруженија во Вардарска Македонија, но без некои поголеми резултати во оневозможувањето на дејноста на напредното учителство, која било резултат меѓу другото и на зајакнувањето на демократското антифашистичко движење како и на зајакнувањето на партиските организации на КПЈ во Македонија,[23] што особено се манифестира со паслабнувањето на буржоаската (шестојануарска) диктатура, односно од 1933-1934 година напред.

Б. ПРИТИСОК ВРЗ НАПРЕДНИТЕ УЧИТЕЛИ

Паралелно со вршење притисок врз учителските сталешки здруженија, режимите на стара Југославија вршел и разни видови на поединечни притисок врз напредните учители. Овој поединечен притисок, односно терор врз напредното учителство бил најсилен во периодот на монархофашистичката (шестојануарска) диктатура, а и подоцна, кога основните училишта и учителскиот кадар биле ставени под надзор на полицијата. Тогаш биле донесени и низа законски одредби кои и давале одвзаки рапе на полицијата да се мева во работата на учителскиот кадар во училиштата, па дури и во нивниот личен живот.

Една од таквите законски одредби, била "Уредбата за дисциплинската одговорност на училишните надзорници и народните учители", која ѝ давала право на околиските началници да ги казнуваат учителите,[24] покрај просветните власти, кои и тогаш го имале тоа право. Како резултат на ова, како и на другите вакви слични законски одредби, зачестиле разните форми на притисок од страна на полициско-управните органи на власта, кој што во одредени случаи се манифести-

./...

рала и во вид на физички тортури над напредните учители.

Така, не бил редок случајот, полициските (жандармериските) патроли да ги посетуваат учителските станови заедно со останатите претставници на власта и ги промаѓувале учителите, само заради тоа што тие не го делеле мислењето со локалните партиски кортеши од владеачката политичка партија или агитирале за опозицијата [25] или пак едноставно не ја поздравиле жандармериската патрола кога ја сретнале по патот.[26] Имало случаи, кога жандармериските патроли, заедно со други претставници на власта, влегувале во училиштата за време на часовите и ги апселе учителите стаѓајќи им лисици на рацете, применувајќи и физичко малтретирање на учителите пред очите на учениците.[27] Во овој период имало и полно случаи кога околиските началници и другите претставници на полицијата им ги диктирале на училишните (школските) надзорници оценките за годишната работа на учителите во училиштето, давајќи им притоа на напредните учители несоодветни годишни оценки негативни и покрај нивната извонредна педагошка и вон училишна работа, за сметка на пропагандистите учители кои и покрај неквалитетната работа во училиштата и надвор (пијанчење, блуд, разни шпекулации) биле оценувани со одлична оценка.[28] Биле применувани и разни други форми на притисок, како на пример : ограничување на слободата на движењето на напредните учители, пренесување на напредните учители во поодделечените и потешки села за службување, односно живеење, како во рамките на истата околија или бановина, така и надвор од неа. Имало полно случаи да поедини учители бидат отпуштени и од служба, па дури и затворени и осудувани на времени казни.[29]

Сите овие форми на притисок биле применувани, односно присутни најповеќе во Вардарска Македонија, и за нив ќе стане збор а понатаму во трудов.

./...

1. Ограничување на слободата на движењето на учителскиот кадар

Една од користените форми на притисок посебно врз напредното учителство во Вардарска Македонија со цел да се оневозможи истото да ги шири своите идеи како меѓу учителството така и меѓу народот, биле разните ограничувања на движењето од местата на службувањето.

На пример, учителот не смеел да го напушта селото каде бил на служба и да оди во градот (околискиот центар), без дозвола на околискиот школски надзорник. Исто така, учителите не смеело ли да одат во посета без одобрение на околискиот школски надзорник, ни кај своите колеги во соседните села. Овие забрани, кои биле санкционирани со разни законски одредби, посебно биле ригорозно применувани врз напредните учители.[30] Во прилог на ваквата констатација сведочат повеќе покарактеристични случаеви на притисок, односно казнување на напредните учители.[31]

Еден друг учител бил казнет поради тоа што саботата попладне и неделата ги поминал престојувајќи в град, каде (живееле членовите на неговото семејство - сопругата и двете деца, кои учеле гимназија.[32]

Имало случаи, кога на учителскиот кадар, посебно на напредните учители, не им се дозволувало да ги напуштаат своите места на службување и кога имало болен член на семејството, па дури ни во случај на смрт. Така на пример, еден учител во Битолско - Мариовската околија, бил казнет поради тоа што ја напуштил работата во училиштето во сабота попладне, и хитно отишол на погребот на својата умрена сестра.[33]

За ваквите ограничувања на движењето на учителскиот кадар, во сеќавањата на напредниот учител Тодор Мијатовиќ, учител во село Еловце (Дебарско) пишува:

./...

"Во тоа време на учителите им беше забрането да било поради каква работа ги напуштаат своите места на службување. Јас неколку пати ја прекршив оваа наредба, бидејќи сакав да се состанам со некои напредни учители, како на пример со: Ѓуро Губеринак, Само Дарик, Владимир Вукмировиќ и други. За секое мое напуштање на селото Елешце, каде што службував, морав да поднесувам писмена изјава на околискиот началник, поради што бев и казнет". [34]

Ограничувањето на слободата на движењето на напредните учители во Вардарска Македонија особено доаѓало до израз во време на парламентарните и општинските избори, кога на овие учители им било строго забрането движењето надвор од своето место (село) на службување, со цел да се оневозможи поврзувањето со останатото напредно учителство во текот на изборната кампања на страната на опозицијата. Во некои случаи, како на пример за време на парламентарните избори во 1938 година, властите за да ги одделат овие учители од народот и на тој начин ја обезглават опозицијата против владината Југословенска радикална заедница(ЈРЗ) на овие избори, ги преместуваат напредните учители за одредено време, додека трае изборите од живите места на службување (селата) и ги носат во градовите, односно во околиските центри или во бановинската управа во Скопје, под изговор дека поради "потреба на службата" ги ангажираат "на работа надвор од местата на службување", [35] каде овие учители биле сместени како во "карантин", и во кои места биле под строг политички надзор и истите не смееле да ги напуштаат.

Така за време на овие избори, во Вардарска бановина биле преместени "по потреба на службата" во други места "на работа надвор од местото на службување" околу 40 напредни учители од кои 28 учители биле преместени (концентрирани) во Банската управа во Скопје, а додека останатите биле преместени во околиските центри. [36]

-/...

Исто така, за време на овој петнаесетдневен престој во "карантин" во банската управа во Скопје, над напредните учители бил вршен секојдневен притисок од страна на банските власти. Така на пример, депортираните учители биле секојдневно поединечно викани на "разговор" кај началникот на Просветното одделение на Банската управа Куба Алексиќ.[37] Веднаш по завршувањето на овие набери конфинираните учители биле вратени во своите поранешни места на службување.

Вакви и слични ограничувања на слободата на движењето на учителскиот кадар, на предлог од страна на напредното учителство, ова прашање било поставено на дневен ред и на Собранието на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, како и на собранијата на Окружните учителски здруженија.

Така на пример, на IX годишно собрание на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, одржано во почетокот на јули 1939 година во Скопје, била донесена и Резолуција, во која било поставени и барањата за укинување на ограничувањето на движењето на учителскиот кадар. Во врска со ова прашање во неа пишува:

" 7. Бараме: да се укине забраната на учителите, истите да го напуштаат местото на службување во празничките денови, како и во деновите кога училиштата не работат, бидејќи тоа претставува ограничување на слободата на движењето на учителскиот кадар.

10. Бараме: да се прекине со праксата на "доделување на учителите на работа надвор од местото на службување".[38]

Колку оделе далеку непародните режими во стара Југославија во ограничувањето на слободата на движењето на учителскиот кадар (а на удар било воглавно напредното учителство), најдобро го илустрираат следните зборови од сеќавањата на напредниот учител Илија Јанкуловски:.

"Учителите и народното училиште беа ставени под надзор

./...

и надлежност на полициската власт. Одделни околиски началници, наредува народниот учител во определено време да се јавуваат пред командирите на жандармериските станици, во спротивно, командирите на жандармериските станици ќе ги огласело дека се во бегство."[39]

Од ова се гледа дека во стара Југославија, особено во периодот на Монархофашистичката (шестојануарска) диктатура, а но неа се учителите (се однесуваа на напредните учители) се постапувело како да се тоа полуслободни луѓе.

Иако во стара Југославија имало и повеќе други категории на државни службеници (така бил третиран учителскиот кадар) само учителскиот кадар бил изложен на политички , правни и други видови на притисок. А зошто било така, одговор наоѓаме во сеќавањата на напредниот учител Богиќ Јукиќ, кадо како одговор на ова прашање пишува:

"Затоа што учителот, по природата и местото на својата работа, бил врзан со народот и запознат со сите народни тешкотии, кои илично ги чувствувал односно преживувал, поради што бил заинтересиран за нивно решавање, се определувал за народот и имал влијание сред народните маси, а сето тоа не им одело во сметка на властодршците , па поради тоа тие вршеле притисок врз учителскиот кадар-правни, политички и економски и други видови на притисок".[40]

2. Преместување на напредните учители

Една од најчесто употребуваните облици на притисок, од страна на режимот врз напредното учителство во Вардарска Македонија, во периодот меѓу двете светски војни, било преместувањето на напредните учители од едно место во друго, од полесно во потешко место за службување во рамките на истата бановина или пак преместување во друга бановина. Вакviте преместувања на напредните учители "по потреба на службата" се вршеле во текот на целата година, односно дури и

./...

во текот на учебната година, не водејќи притоа сметка дека ваквите пр преместувања го прекинуваат наставниот процес и му нанесуваат непроценлива штета на образованието и воспитувањето на училишните деца и на просветната политика воопшто.[41]

Преместувањето, односно менувањето на местото на службувањето(учителствувањето), како облик на притисок врз напредното учителство, било вршено со цел да се оневозможи прогресивната работа на напредното учителство во Јарларска Македонија на полето на ширењето на комунистичката дејност и на другите напредни идеи меѓу низните поранешни ученици и народот, потоа оневозможување на учеството на напредните учители во изборите и предизборните активности по п парламентарните и општинските избори, како и преместување по казна поради учеството на страната на Здружената опозиција во извршувањето на овие избори, како и по други причини. Така на пример, позволно било учителот да не му се свиди на "Народниот пратеник"или на околискиот началник, и истиот да биде преместен од тоа мето или околија па дури и бановина.[42].

а) Преместување поради комунистичка дејност

Трговите односно преместувањата на напредните учители посебно поради комунистичка дејност, што започнале со донесувањето "Обзнаната" (30 Декември 1920) биле присутни за целото останато време од постоењето на стара Југославија.

Така, веднаш по објавувањето на "Обзнаната", учителите биле повикувани да се изјаснат за својот политички став и да дадат своерачно напишана изјава, во која требало да одговараат на две поставени прашања , и тоа:

1. Дали си комунист? и
2. Ако си комунист, дали и понатаму мислиш да останеш

./...

како таков?[43])

Сите оние учители - комунисти, кои ќе најавеле дека не се одкажуваат од комунистичките идеи, биле постојано следени од полицијата и во одреден момент преместувани во најоддалечените и најтешки места за службување и живот. Слично се постапувало и со оние учители - комунисти, кои во време на легалниот период от дејувањето на комунистичката партија на Југославија (1919-1920) пројавиле интензивна активност по ширењето на комунистичката идеологија и покрај тоа што најавиле дека се откажуваат од комунистичките идеи и дека престануваат со секаква комунистичка дејност.

Видејќи во Вардарска Македонија, во периодот меѓу двете светски војни, била прилично голема концентрацијата на напредните учители тоа било причина голем број одовие учители поради пројавената комунистичка друга прогресивна дејност да бидат прогонувани од власта и преместувани како во потешките места за службување на територијата на Вардарска Македонија, така и надвор од границите на Вардарска бановина.

Понатаму во трудов ќе ги изнесеме најкарактеристичните случаи на прогонување, односно преместување на напредни учители во Вардарска Македонија поради комунистичка дејност со цел да се добие претстава како за активностите така и за прогоните, односно преместувањата на напредните учители во Вардарска Македонија, поради комунистичка дејност.

Така, учителот - комунист Србислав Милошевиќ, на работа во селото Лаглане (Кумановско), бил преместен во Беочинска околија, по оптужба на Околискиот началник за Кумановска околија, видејќи "постојано работел и секуте работи јавно и тајно на организирањето на Комунистичката партија, и ја критикува работата и положбата на државата секогаш и на секое место потпикивајќи ги со тоа народните

./...

маси на незадоволство спрема државата."[40]

Дека напредните учители - комунисти во Вардарска Македонија, доста рано, уште од почетокот на триесеттите години во своите комунистички активности го актуелизирале и македонското национално прашање, се гледа и од оптужбата на училишниот околиски инспектор за втиска околија против привремената учителка во Штип Роза Новаклиевиќ, "која се интересирала за поедини актуелни политички прашања, меѓу кои и за таканаречените македонско национално прашање," [41] поради што се барало нејзино итно преместување во "старите граници" на Србија. Со решение на Министерството на просвета, Бов.бр. 43 од 5.03.1923 година, напредната учителка Роза Новаклиевиќ, била преместена во "старите граници" во Јабланичка околија (Крушевски округ).[42]

Увидувајќи дека најголема опасност за владеачката буржоазија претставуваат учителите - комунисти, кои и во илегални услови ги ширеле комунистичките идеи меѓу народот во Вардарска Македонија, и кои како резултат на своите работни способности и авторитетот што го имале меѓу учителството, биле избирани и во управите на повеќе учителски здруженија во Македонија и се осудувале јавно и преку јавните гласила, како на пример преку весникот "Напредна просвета", на ги разобличуваат разните органи на власта, Министерството за внатрешни работи извршило опсежни истраги во текот на 1924 и 1925 година, доаѓајќи притоа до податоци за комунистичката активност на 24 напредни учители во Вардарска Македонија, за што било известено и Министерството за просвета, кое во текот на 1925 година ги преместило поголемиот дел од овие учители надвор од Македонија. Тоа биле следните учители:

"Во Битолска околија : Сава Живковиќ и Благоја Илкоски учители во Битола; Тодор Јурукиќ, учител во село Рашна; Лазар Боровица учител во село Зелушина; Александар Ленански, учител во село Бареница; Блажо Радовиќ, учител во село Кишеполе; Богољуб Трповиќ, учител во село Добрушево; Бранислав Живковиќ, учител во с.Кукуречани.

./...

Во Крушевска околија : Стефан Куфнер и Максим Поповиќ, учители во село Бабино.

Во Прилепска околија: Светислав Петровиќ, учител во Прилеп.

Во Преспанска околија: Тихомир Поповиќ, учител во Ресен; Анџро Јовановиќ, учител во село Горен Дабер; Јездимир Вукашиновиќ, учител во село Крушје; Милорад [illegible]ќ, учител во село Гринчари; Пантелија Марковиќ, учител во село Долно Лупени; Милан Марковиќ, учител во село Јанковец.

Во Скопска околија : [illegible] Шкрупиќ, учител во село Горна Белица.

Во Штипска околија: Милован Ивковиќ, учител во село Чешлии; Љубомир Бошковиќ, учител во село Градец; Јован Бошковиќ, учител во село Марабогданец.

Во Струмичка околија: Радован Самарџиќ, учител во село Нагоричи; Драгољуб Рајковиќ, учител во село Богданци".[43]

И во наредните години прогоните, односно прекинувањата на напредните учители заради комунистичка дејност продолжило. Така во 1926 година, поради комунистичка дејност, бил преместен Машан Пуковиќ, учител во село Владимирово,[44] и други.

Во 1928 година биле преместени поради комунистичка дејност: Светислав Стојановиќ, учител во село Витолишта - Прилепска околија во северните краишта на Србија; Антоние Мусаниќ, учител во Скопје, исто така во северните краишта на Србија;[45] Лотов Велјан Апчевиќ, учител во село Брусник; Михајло Јовановиќ, учител во село Паралии; Симон Трајковиќ, учител во село Грачево,[46] и други.

Со уште поголема жестина прогонувањето, односно преместувањето на напредните учители во Вардарска Македонија, како впрочем и во цела Југославија поради комунистичка дејност продолжило во периодот на Монархофашистичката диктатура и по неа, се до априлската

./...

војна.

Најкарактеристичните случаеви на прогонување, односно преместруваше на напредни учители во Вардарска Македонија поради комунистичка дејност во овој период, се следните:

Јовановиќ Илија, учител по Прилеп, бил премесетен во "старите краишта" во 1930 година под обвинение "дека бил духовен водач на овдешните комунисти (С.П. се мисли на Прилеп) и на младината, бил национално нерасположен спрема државата (С.П.овој учител бил од македонско потекло и имал завршено егзархиско училиште, а така биле обвинувани сите егзархиски учители од македонско потекло) и станно одржувал врски со сомнителни лица."[47]

Истата 1930 година, на барање на Кралската банска управа за Вардарска бановина, Пов. IV, бр. 520 од 30. август 1930 година во Министерството за просвета, кое барање било уважено (С.П. така пишува на маргините на цитираниот документ) биле премесетени поради комунистичка дејност Милорад Жујиќ, учител во село Кривоглав (Ресенско), тогашна Јанковечка општина и Спасоје Цветковиќ, учител во селото Кула (Ресенско). Како причини за преместруваето на учителот Милорад Жујиќ во горниот документ пишува:

"Поради комунистичка дејност Милорад Жујиќ не треба да остане овде повеќе ниту еден ден, па се моли Министерството за просвета да го премести од оваа бановина, во краеви каде вакаата негова деструктивна работа не ќе може да дојде до израз, ниту пак да нанесе толкаа голема штета на државната и националната идеја..."[48]

Подека, пак , за учителот Спасоје Цветковиќ, во истиот документ пишува: "Покрај Милорад Жујиќ, неопходно е потребно да се од селото Кула во Преспанската околија премести и учителот Цветковиќ Спасоје, кој ито како поранешен егзархијски воспитаник е во се не послушлив. Тој уште не го знае книжевниот (Српски) јазик, поради што во контактите не само со селаните, туку и со учениците деца

./...

готово исклучиво се служи со домашниот дијалект... Поради тоа, се потребно да оди во нашите северни краишта каде ќе има прилика да гонаучи добро книжевниот јазик.[49]

Карактеристичен пример на притисок врз напредните учители, за истите да се откажат од прогресивните и комунистички идеи и со цел да се оневозможи нивната прогресивна работа, поради што истите биле преместрувани во подалечни и потешки места за службување, кои биле оддалечени од градските центри, преставува случајот со напредниот учител Милутин Јовановиќ, учител во Струга, кој со решение на Министерството за просвета број 10520 од 11.I.1932 година бил преместен од градот Струга во далечното и беспатно село Јабланица во истата околија.[50]

Неколку напредни учители, преку се учители - комунисти, доживувале и по неколку пати да бидат преместрувани, па дури и отпуштани од служба поради комунистичка дејност. Таков бил случајот и со напредниот учител - комунист Лукајло Вукаљ, учител во село Козле Скопско. Во извештајот на управникот на полицијата во Скопје, во кој се бара овој учител - комунист да биде хитно преместен во Зетска бановина "каде неговото влијание помалку ќе дојде до израз, покрај другото пишува:

"Господине Министре,

Куколь Вукајло, учител во Козле, Околија Скопска, поради наклоност кон комунизмот и работата и работата на ширењето на комунистички идеи, како и поради сталното одржување врски со лица - комунистички настроени, беше по предлог на ова управа отпуштен од државна служба во април месец, меѓутоа таа одлука беше ставена вон сила и именуваниот повторно беше вратен на својата должност.

Видејќи именуваниот и понатаму продолжи со својата разорна работа, како и понатаму одржува врски со познати комунисти во Скопје, и со кои често се состанува, и видејќи именуваниот на ден

20 октомври оваа година цел ден беше во Скопје во друштво со сите комунисти кои што беа на собирот на жените и се обидоа овој собир да го искористат за комунистичка пропаганда, поради што неговото понатамошно службување, не само во околината на Скопје, туку и во целата Вардарска бановина е штетно и опасно. Поради тие причини имам чест да Ве замолам Вас да именованиот житно го преместите од оваа бановина..."[51]

Понатаму од изворната документација се гледа дека Министерот за просвета со одлука број 31142 од 7.12.1935 година го премостува учителот Лукајо Кунов во село Вивце - Лабланичка околија.[52]

Активноста на напредните учители во Вардарска Македонија уште повеќе зајакнува по 1937 година , на заслабнувањето на диктатурата и нарочито по 1939 година , кога доаѓа до зајакнување и консолидирање на редовите на КПЈ и до не силен раст на антифашистичкото движење во Југославија, кое нарочито позитивно се одразило во Вардарска Македонија меѓу другото и врз активноста на напредното учителство во неа. Но најголем степен активноста на напредното учителство во Македонија нараснала во 1939 година со појавата на "Црвената учителска група" во Југословенското учителско здружение, која најбројна и најактивна била токму во Вардарска Македонија. Меѓутоа, наедно со зголемување на комунистичките активности на напредните учители во Вардарска Македонија, се зголемиле и притисоците на режимот и прекинувањето на напредното учителство.

Така на пример, во текот на 1938 година и првата половина на 1939 година, само во Дојранска околија, поради комунистичка дејност биле преместени Димитрија Бајалица и уште неколку напредни учители и тоа: Богољуб Прокиќ, Благој Кондарко, Боро Лекевски, Јован Поповиќ, Александар Радуловиќ, Светозар Станишиќ, Тодор Николиќ и други.[53]

./...

Исто така, во текот на 1940 година властите презеле широки репресивни мерки, против напредното учителство во Битолска околија, кога биле преместени од оваа околија напредните учители: Јодор Ангелоски, учител во село Гавато; Анка Обучкина - Ангелоска, учителка во село Цепари; Драгољуб С.Јурганиќ, учител во село Ратино Илија Јанкулоски, учител во село Гавато.

Вклопувајќи предлогот за преместување на овие напредни учители, даден од страна на претставникот на полицијата во Битола до Кралската банска управа во Скопје, содржи податоци кој што се истоветни или слични со податоците и во другите слични полициски документи, кој се однесуваат на комунистичката дејност на учителите во Македонија , донесуваме дел од овој документ:

Постапувајќи по наредбата Пов.бро.бр. 1647 од 16 декември 1940 година чест ми е да ви го поднесам следниот извештај:

Во Околијата Битолска се наоѓаат на служба учители кои со својата разорна работа делуваат како во својата околина во која служат, така и меѓу своите колеги нарочито помладите, а тоа се:

1. Јодор Ангелковиќ, роден во селото Дервци, околија Битолска, со служба во селото Гавато.

Кој по убедување е комунист, меѓутоа многу вешто тоа го крие. Неговите трудови, кои што ги читаше на учителските собранија обоени се со комунистички дух. Во текот на истрагата која ја водеше оваа претседателство против Јосиф Христиќ, поради комунизам откриено е дека во селото Гавато, каде што снуши Ангелковиќ, постоела комунистичка организација од 12 членови. Меѓутоа, поради упорното молчење на осомничените не можеме да се дознаеме нивните имиња. Меѓутоа оправдано може да се сомнева дека тоа организација ја создал и со неа раководел учителот Јодор Ангелковиќ.

2. Анка Ангелковиќ родена Обучкина, жена на напред именуваниот, родум од Чачак, на служба во село Цепари, како и

најзнаниот сопруг зависна е со комунистички идеи. Тоа најдобро се гледа по најзаните книжевни трудови кои ги има читано на учителските собири.

3. Драгољуб С.Јургинић, родум од Кучкетри, а со служба во село Ротино. Јургинић одамна е обележен меѓу учителите како комунист и редовно се движи во друштво со лице за кои се знае дека се левичарски настроени. Тој се занимава со пишување на литературни состави, кои се обоени со комунистички дух.

4. Илија И. Јанкуловић, роден во Битола, со служба во село Гавато. Тој е млад учител, меѓутоа истиот потполно потпаѓа под штетното влијание на својот постар колега Тодор С.Анѓелковиќ Кога веќе е јасно дека и тој е задоен со комунистичка идеологија.[54]

Премештувањето на напредните учители, поради комунистичка дејност, продолжиле и во наредната 1941 година. Така во почетокот на 1941 година во јануари бил преместен Петар Зиравковски Јенко, учител во село Долночани - Тесенско во Прилеп,[55] со цел да се спречи неговата активност во формирањето на партиски организации, во Тесенска околија.

Покрај премештувањата, голем број учители - комунисти во Вардарска Македонија биле под постојана присмотра на полициските, просветните и другите управни власти, кои бурно го претеле низното движење.

Така на пример, од еден документ на Просветното одделение при Кралската банска управа за Вардарска бановина дознаваме дека Банот на Вардарска бановина издал наредба Пов.IV број 197/40 од 24.04.1940 година до Управникот на Скопската полиција, со која бара да се стават под полициски надзор следните учители обвинети за комунистичка дејност: Зубица Павловиќ, учителка во село Зајчане-Скопско; Лука Јубериниќ, учител во село Брезница - Скопско; Симо

./...

Кареварковиќ, поранешен учител во село Усје - Скопско, преместен во Косовска Митровица; Карло Глазер, учител во село Дреново - Скопско и Радомир Михајловиќ, училишен (школски) надзорник во пензија од Скопје.[56]

Дури и некои напредни учители - комунисти кои биле преместени од други бановини, односно краишта на Југославија во Вардарска Македонија, исто така биле подложени на полициски надзор и во стапка се пратело нивното движење и дејност. Во прилог на ваквата констатација зборува и документот на Министерството за просвета бр.бр. 369 од 19 април 1940 година, испратен до Просветното одделение на Кралската банска управа за Вардарска бановина во Скопје, во кој документ се бара известување за работата на Драгиња С.Савковиќ, учителка во село Лектани (Охридско) и во кој документ, меѓу другото пишува:

"Савковиќ Ј.Драгиња, сега учителка во село Лектани Охридско околија , беше отпуштена од државна служба на 18 април 1938 година како учителка во Брачев Гај, Скопија Белоцрквенска, бановина Дунавска, поради комунистичка пропаганда и акција.

Ве молиме хитно да го известите ова Министерството за тоа како денес се владее именуваната откако е на служба во сегашното место".[57]

Вакви прогони и полициски проследувања на напредните учители, поради комунистичка дејност, продолжиле до Априлската војна односно до последниот ден од постоењето на стара Југославија.

б) Преместување поради учеството на изборите на странката на опозицијата.

Напредното учителство во стара Југославија, делувајќи на линијата на КПЈ и реализирајќи ги во живот нејзините директиви,

секојпат учествувало во парламентарните и општинските избори на страната на опозицијата. Поради ова, во периодот на изборните кампањи, како и непосредно по изборите, напредното учителство било изложувано на жесток притисок од страна на режимот. Овие моменти од животот и револуционерното дејствување на напредното учителство во стара Југославија, најдобро се опишани во сеќавањата на напредниот учител Драгослав Вељковиќ со следните зборови:

"Секои избори претставуваат за народниот учител мобилизација, немир, неизвестност, викенирање. Бегутое и челичење. Политичките кортеши, разните ротекционизми и политиканти се нафрлуваат на се она што е чесно и поштено, што сака да оди исправно, што мисли со својата глава, што ги брани интересите на народот, што е надоврзано со револуционерност и идеализам. Некои учители ги отпуштија, некои ги преместуваа под итно, телеграфски, неки учители ги интернираа. Им бираа тешки и непристапни места, кои често пати не се ни одбележани и географските карти. Така беше и за време на "петомајските из ора" во 1935 година, така беше и за време на општинските избори во 1936 година, како и за време на изборите во 1938 година".[58]

Прогоните односно преместувањата на напредните учители, поради учеството на изборите на страната на опозиционите кандидати, односно на страната на кандидатите што не биле по волјата на властите,[59] започнале уште од времето на првите избори во стара Југославија, одржани во 1920 година.

Така на пример, учителот - комунист Вељко Петровиќ, учител во селото Богданец - Гевгелиско, бил преместен веднаш по изборите во 1924 година, со решение на тогашниот Министер на просвета Светозар Прибиќевиќ, во запрленото плевниско село Баракли,[60] населено со турска народност, поради неговото учество на овие први

./...

избори во стара Југославија на страната на КПЈ.

Знаејќи за влијанието на напредното учителство сред народот, властите пред секои избори, преземале чекори на отворен притисок, со цел "милом или силом" да ги принудат овие учители, во предизборната кампања , како и на самите избори , да се ангажираат и гласаат за владините кандидати.

Најкарактеристичен пример за ваков притисок, претставуваат чекорите на околискиот началник на Кочанска околија Трифуновиќ за време на изборите за народни претставници(парламентарни и општински избори) во 1931 година. За притисокот на околискиот началник Трифуновиќ, врз напредното учителство во Кочанска околија за време на овие избори, во сеќавањата на учителот Григорија Ѓукиќ, учител во селото Чоколарци - Кочанска околија, пишува:

"Околискиот началник Трифуновиќ, како главен носител на власта во околијата, ја искористи приликата кога се собраме на редовното учителско собрание на учителското здружение во Кочани, и тогаш еден по еден не викаше кај себе, зада не "посоветува"околу изборите, а ако тоа не помогне и ќе ни се закани".[61]

Дека за време на изборите и изборните кампањи, органите на власта и "народните претставници" од политичките партии имале одредени цели, за вршење на притисок и преместувања со сите оние кои мислеле поинаку од нив, и не се слагале со нивната партиска идеологија и политичка програма, зборува и еден документ на Министерството за внатрешни работи [62] од кој се гледа дека во предизборната кампања за време на парламентарните и општинските избори во 1935 година, голем број на учители од кои најголемиот број му припаѓаат на напредното учителство, од Вевска, Дрисна, Зетска, Дунавска, Кор ѕека и Вардарска бановина, биле преместувани без никаква друга кривица, освен како што пишува во овој документ "од политички причини, поради нивната работа, односно агитација за овој или

./...

оној кандидат".[63] Како во прилог на овој документ се наоѓаат и списоковите на преместените учители се гледа дека најголеми преместувања имало во Вардарска бановина, што е и сосема разбирливо бидејќи и бројот на напредните учители овде бил најголем.[64]

Напредниот учител Драгослав Гурак, учител во село Влаце Скопско, бил преместен во далечното и беспатно село Кузница во околината околија, поради тоа што "на самиот ден на изборите предложил пред насобраните гласачи, покрај бирачкиот одбор и гласачите, да делегираат неколку свои претставници, кои ќе бидат присутни и ќе ја контролираат правилноста на изборната постапка, односно постапката на гласањето, пребројувањето на гласовите и другите работи околу изборите"[65] а со тоа биле исклучени сите можности за фалсификување на изборите.

И за време на општинските избори во 1936 година, дошло до преместување на голем број напредни учители во Вардатска Македонија. За време на овие избори напредните учители по директива на КПЈ своите активности, како во предизборната кампања, така и на изборите, ги насочиле во прилог на кандидатите од Здружената опозиција.[66] а со цел да биде онеспособен во тоа, тоа било повод врз напредното учителство да се нафрли режимот со разни форми на притисок, меѓу кои како најкористена форма било преместувањето.

Така на пример, за време на овие избори, поради "земање активно учество на страната на здружената опозиција, како и поради придавање на своето политичко убедување кон крајната левица - комунизам"[67], биле преместени по барање на началникот на Прилепска околија следните учители: Владимир Рајчевиќ, Драгомир Јурганиќ, Иван Буневиќ, Никола Мамула, Лазар Митомировиќ, Радомир Јоциќ, Димитрије Балчевиќ, Борисав Гурчиновиќ, Ѓорѓе Ѕртановиќ, Трајко Ѓорѓевиќ и Благоја Стојковиќ,[68] сите од Прилепска околија.

./...

За некои од наведените учители , освен преместување, како втора алтернатива се предлагало отпуштање од државната служба.[69]

За време на парламентарните избори во 1938 година, како резултат на започнатата консолидација на редовите на КПЈ и во Вардарска Македонија, партијата била во можност подобро да ја координира и насочува активноста на напредните учители, како во нивната работа во училиштето и меѓу народот, така и во периодот на парламентарните избори во 1938 година, кога по директива на КПЈ оваа учителство се вклучило во предизборната кампања на страната на здружената опозиција. Паралелно со ова се зголемил и притисокот на властите врз напредното учителство, како резултат на што биле преместени повеќе учители, како во подалечните и потешки места за работа и живот во Вардарска бановина, така и надвор од територијата на Вардарска бановина.

Во прилог на вакватата констатација, зборуваат голем број на случаи на притисоци, терор и премештувања на напредни учители, меѓу кои најкарактеристични се следните случаи за време на овие избори:

Така на пример, по барање на политичките кортеи на владејачката политичка партија на Југословенската радикална заедница (ЈРЗ) од селото Долно Количани - Скопско, бил преместен учителот Милан Радовановиќ со одлука на Министерството за просвета Бов.III бр. 77227 од 18.XI.1938 година во село Черовец - Дримска бановина,[70] по лична интервенција на претседателот на владата д-р Милан Стојадиновиќ, бидејќи "нивното влијае на селаните да на претстојните избори гласаат за здружената опозиција".[71]

Напредниот учител Радивој Јлавиќ, учител во село Главинци - Скопско, во текот на предизборната кампања за

./...

парламентарните избори во 1938 година, бил изложен на жесток при-тисок од властата, бидејќи на предизборниот собир на кој зборувал владиниот кандидат не истиот му поставувал провокаторски прашања со кои ја расчленикал политиката на владеачката партија. Поради тоа наредните денови бил посетен од страна на училишниот надзорник (при-станик на ЈРЗ), кој не само што бил "незадоволен" од работата на овој напреден учител, туку и отворено му запретил дека "ќе биде преместен на лесна кобила" каде што шест месеци нема ни белиот бог да го види".[72] А не само тоа, туку истовремено тие денови бил по-викан на сослушување и кај околискиот начелник во Свети Никола.[73]

Како резултат на сето ова, со решение на Министерството за просвета бов.III.бр. 80137 од 28.11.1938 година, бил преместен во селото Црвен Брег во Белопаланечка околија.[74]

За време на парламентарните избори во 1938 година, во селото Куманичево - Кавадаречко, учителствувал напредниот учител Дејан Радовановиќ, кој реализирајќи ја директивата на КПЈ, развил голема предизборна активност во прилог на Здружената опозиција, и како резултат на вакватата негова работа на овие избори само околу десет од вкупно гласале за кандидатот на ЈРЗ, додека сите останати избирачи од ова село гласале за кандидатот на Здружената опозиција. Поради таквиот исход на изборите, непосредно по нивното одржување, учителот Дејан Радовановиќ, бил преместен во едно западно планин-ско село во истата околија, каде "птиците не пеат".[75]

Поради слични активности во предизборната кампања за парламентарните избори во 1938 година, биле преместени во потешки места на службување и напредните учители Драгиша Јевтовиќ, и Милан Јевтовиќ - Бора, учители во село Горобинци, преместени во село Црни Вр во Јетовска околија, за што во сеќавањата на Драгиша Јевтовиќ пишува:

./...

"Изборите в 1938 година покажаа резултати, кои се должеа на пробудената свест .Тогаш опозицијата му причини голем број на гласови во нашето село Горобинци на владиниот кандидат Димиќ. Власта , луто поради неуспехот, решава да го уништи гнездото од кое се регрутуваа нови борци за народна правда. За да го обезглават движењето , ме преместуваат нас во среа зема под самата Шар Планина".[76])

Исто, така, поради активноста во политичката кампања на страна на Здружената опозиција, бил преместен "привремено" од село Подмочани во едно село во Кумановско околија во Североисточна Србија, напредниот учител Ненко Здравковски.[77])

Би можеле да се набројат и други случаи на прогонување односно преместување на напредни учители во Вардарска Македонија, од кто може да се извлече заклучок, дека преместувањата на напредните учители како форма на притисок во стара Југославија била најпрепознатливо применување во Вардарска Македонија.

3. Отпуштање од државна служба и упатување на други видови притисоци врз напредното учителство

Една од најостриите форми на притисок над учителскиот кадар, што бил применуван во стара Југославија, во периодот меѓу двете светски војни, било отпуштањето од државна служба. Оваа форма на притисок била во голем број на случаи применувана и во Вардарска Македонија над напредните учители - комунисти, и тоа: по донесувањето на "Обзнаната" па до пропаста на стара Југославија.

Така, веднаш по донесувањето на "Обзнаната" кога започнало прогонувањето на комунистите меѓу нив и на учителите комунисти, поради нивно на комунистичката пропаганда и агитација

./...

на првите избори во прилог на КПЈ, бил отпуштен од државна служба со решение на министерството за просвета во Кралството СХС, учителот Јовица Р.етровиќ, учител во Богданци.[78] Неговото отпуштање од државна служба било изведено по барање на Министерството за внатрешни работи, -ов. Ј.Б.бр. 1о4 од 13.о1.1921 година, во кое учителот комунист Јовица .етровиќ се обвинува дека " е основач на комунизмот во Богдањци и дека јавно проведа -оцијалистичка револуција".[79]

Во 1921 година исто така тој отпуштен од државна служба и Јиховир Јевтиќ, учител во Велес и еден од комунистичките пратенички кандидати избрани на првите избори на Кралството на СХСна територијата на Вардарска Македонија. Неговото отпуштање од државна слу ба следува како резултат на наредбата на Министерот на просвета Светозар Прибиќевиќ од Март 1921 година, со која се наредува веднаш да се отпуштат од служба оние просветни работници кои биле пратенички кандидати на КПЈ.[80]

Воведувањето на Монархофашистичката (Шестојануарска) диктатура, значело крај на .угото, и укинување на голем број од дотогаш стекнатите сталешки права на учителството . Така, со воведувањето на диктатурата, околиските началници добиле право да го користат дискреционото право на Министерот за просвета, кое било пренесено и на Банската управа, и во нивно име подготвувале решенија за казнување, преместување ,отпуштање од државна служба на "непослушните"и "заразените со комунистички идеи" учители. Ова "право " го искористиле повеќе околиски началници во свој период во Вардарска Македонија во прогонувањето на наставничкото учителство, користејќи се притоа и со најмалите и незначајни поводи.

Така на пример, околискиот началник на Дебарска околија во есента 1929 година , за да"се ослободи" односно отпушти од државна служба напредниот учител Сава Јариќ, кој бил со служба

-/...

во село Локвице, го искористил моментот, кога учителот Сашо Дерић зависнал неколку минути на своето работно место во училиштето. Тоа било единствен повод да по наредба на околискиот началник учителот Сашо Дерић уште истиот ден ја прададе должноста на училишниот одбор во селото Локвице и да се јави во околиското началство во Дебар каде веднаш (истиот ден) добил одлука за мирување на службата, односно за отпуштање од државна служба.[81]

Во 1932 година, отпуштен од државна служба бил и Душко Дуков, учител во село Ноаја - Горно, поради тоа што во читалиот учителски стан, при вршењето на полициски претрес, биле затекнати три ѓачки слики невработените учители: Ѓуро Губеринић, неговата другарка Дара Губеринић, Драгица Стојановић, Стојанка Јаковљевић и Драгослав Јурић.[82]

Во 1934 година на барање на Министерството за просвета од државна служба бил отпуштен Милорад Ј. екић, учител во село Лисиче - Охридско, селојќи,додека живеел во своето родно место Кошишевец - Дуковска Бановина, постојано бил во друштво со Бошко Јакулиновиќ, учител во Лозјани, односно "со луѓе како него (С.Ј. се мисли на учителот Милорад екић) нема место во државната служба, бидејќи нивното како комунисти нема доволно националноидеолошки квалификации за учење...,"[83]

Учеството на неколкуте учители во изборите , на страната на Здружената опозиција, односно на страната на кандидатите кои не биле по волја на режимот, биле исто така една од причините за отпуштање од државна (учителска) служба на голем број напредни учители. Така на пример, за време на спроведувањето на парламентарните избори во 1935 година во Југословенска Македонија биле отпуштени од служба следните напредни учители: Карло Лилеј, учител во ее село

./...

Р.котенци - Чкопско, отпуштен со одлука на Министерството за просвета Ш.број 25528 од 11.09.1935 година по интервенција на Министерот за внатрешни работи Драгослав Јанковиќ;[84] Кукољ Кукољ, учител во село Осоје - Чкопско, кој од државна (учителска) служба беше отпуштен уште во 1932 година по повторно враќен, а сега со решение на Министерството за просвета Ш.број 25679 од 6.09.1935 годинa повторно беше отпуштен од државна служба, поради учеството во предизборната агитација на страната на кандидатот од Здружените опозиција (по директива на Д.Ј), а по интервенција на Министерот за внатрешни работи Драгослав Јанковиќ.[85]

Чкопскиот началник за основно школство со акт Бр.пов.бр. 76 од 26.09.1936 година бараше од Скопската бановска управа во Скопје да сите отпуштени од државна служба дури нет учители од неговата (Прилепските) околија поради нивната комунистичка дејност и активно учество на изборите на страната на Здружената опозиција".[86] Тоа биле наставниците: Владимир Најчевиќ, Драгомир Крстевиќ, Кирил Тулевиќ, Никола Кочуло и Славе Јаковлевиќ.[87]

Една од формите на притисок , односно изговор за отпуштање од служба на учителите кои не ну биле по волја на режимот, било и неположувањето на државен испит. Така, во врска со изборите од 1935 година, биле отпуштени од државна служба Драгослав Јаковлевиќ, учител во село Славеница - Велешко, со решение на Министерството за просвета, Ш.број 5738 од 7.08.1935 година.[88]

Честите политички и егреси на учителските стопови на непредните учители , биле исто така едно од формите на притисок врз напредното учителство, кое зорме многу биле применувани во Вардарска Македонија. Снабдувањето на напредна литература и други материјали од страна на жандармеријата во учителските стопови, биле исто така едни од поводите за отпуштање на напредните учители од државна (учителска) служба. Најкарактеристичен пример за ова

./...

претставува полицискиот претрес на станот на напредникот учител Здравко Шестиќ, во село [illegible]ново, извршен на 2 ноември 1940 година.[89] Само два дена пред полицискиот претрес, Здравко Шестиќ се вратил од Прилеп, каде од прилепската партиска организација добил партиски летоци, со задача истите да ги растури во егејска околија.[90]

Од обвинение дека при овој претрес е пронајдена поголема количина компромитирачки материјал "со комунистичка содржина" Здравко Шестиќ бил отпуштен во почетокот на февруари 1941 година од државна (учителска) служба.[91]

Слична судбина доживеал и Жикко Јанев, учител во село Гамне. Исто така и во неговиот учителски стан во ноември 1940 година бил извршен полициски претрес, при што бил најден "компромитувачки материјал", кој се состоел од една дописна карта испратена до Жикко Јанев од страна на напредникот учител во Радовишка околија Јанко Чаушовиќ, во која тој пишувал "дека во Радовишка околија останале малку другари, па и ние малку да вредиме". Овој "компромитувачки" текст во потсетникот бил доволен да во првите денови на февруари 1941 година, заедно со Здравко Шестиќ, биде отпуштен од државна служба.[92]

Од досега изнесеното се гледа, дека најголем број на "жртвите" на геслото меѓу учителскиот кадар, кои биле отпуштени од државна служба, биле напредните учители припадници на "Третата учителска група".

Со врзувето притисок врз напредното учителство во Вардарска Македонија, органите на власта не се воздржувале да применуваат и физички терор. Во прилог на оваа констатација сведочат поголем број на случаи на тепање и други форми на терор над напредното учителство, кои по најповеќе биле применувани во времето на бугарофашистичката диктатура, како и после неа, меѓу кои најкарактеристични се следните случаи:

./...

Така на пример, учителот Коровиќ, со служба во Овчеполските села, бил окован и биен од страна на полицајата пред своите ученици, под обвинение "дека бил противник на режимот".[93]

Полицискиот писар во Дебар Клајиќ, во физичката пресметка со учителот во Дебар Радослав Костиќ, употребил железен бокс и револвер (и пиштол), бидејќи учителот Радослав Костиќ го критикувал режимот, односно воведувањето на шестојануарската диктатура.[94]

Школскиот началник во Крива Паланка Јуловиќ, заедно со полицискиот писар Албијаниќ и со претседателот на Општината Петроличка, ноќе влегле во станот на учителот Бранислав Станимировиќ, го одвеле страшарио во зградата на општинската судница, каде го тепале со садистичко уживање.[95]

Во Гевгелиско околија, за време на парламентарните избори 1938 година, во селото Дистрово, учителствувал учителот Сарио Авраамоски, кој поради причината што тој бил единствен учител во оваа околија, кој гласал за Здружената опозиција, бил повикан по телефон веднаш, другиот ден по изборите, од страна на Школскиот началник Чукановиќ и во неговата канцеларија во начелството бил лично шамарен од страна на Букановиќ, кој притоа му ја псувал и мајката македонска.[96] Додека, пак, други напредни учители во истата (Гевгелиска) околија Боривоје Матиќ, учител во село Јанче и Веско Поповиќ, учител во село Белничица, врајќи се пред изборите во своите села од агитација во прилог на Здружената опозиција, биле шубрени од привржениците на владеачката партија, а по наговор на власта.[97]

Физички тортури биле применети и над учителот Митко Јанев, кога бил на сослушување во Школското начелство во родниот Велес, каде го помнувал летниот школски одмор, во која прилика бил повеќе пати шамарен од страна на полицискиот агент кој го испиту-

./...

вал,[98] поради најдената дописница кај него испратена од страна на учителот во Радовиш Живко Паунковиќ.

Биле применувани и други форми на притисок врз напредните учители во Вардарска Македонија, како на пример парични казни,[99] и друго.

Од сето досега изнесено, во врска со разните форми на притисок врз напредното учителство во Вардарска Македонија од страна на режимот, следува заклучокот дека во "Југословенскиот Сибир", како што напредното учителство ја викало Вардарска Македонија, бил применуван силен притисок во рамките на било кое друго место во стара Југославија, што само по себе зборува, дека и револуционерната и воопшто прогресивната дејност на напредното учителство во стара Југославија, била најизразена во Македонија.

Со сите форми на притисок врз напредниот дел од учителството во Вардарска Македонија буржоаскиот режим настојувал да ја неутрализира неговата прогресивна и револуционерна дејност како на полето на рекрикувањето на експлоататорската суштина и коруптираност на режимот така и на полето на ширењето на идеологијата на КПЈ. Зашто токму низ ваквите активности на напредното учителство буржоаскиот големосрпски режим гледал опасност во можноста да ги реализира стратегиските цели на големосрпската политика во Вардарска Македонија.

Од другата страна пак, многубројните облици односно акции на притисок, што ги превземал режимот, за да е оневозможи односно задуши револуционерната дејност на напредното учителство во Вардарска Македонија, зборуваат за големината и значењето на револуционерните активности, кои што напредните учители , особено припадниците на "Третата учителска група" како дел од напредното работничко и комунистичко движење во Вардарска Македонија ги развиле во периодот меѓу двете светски војни.

./...

В. ФОРМИРАЊЕТО И ДЕЛУВАЊЕТО НА "НОВОТО УЧИТЕЛСКО [illegible]" КАКО ФОРМА НА ПРИТИСОК ВРЗ НАПРЕДНОТО УЧИТЕЛСТВО

"Новото учителско движење", претставува најразните реакционерни, антидемократска и антикомунистичка групација во редовите на Југословенското учителско здружение, се дефинира во времето на воведувањето на Шестојануарската диктатура (1929 година). Во периодот 1929-1934 година "Новото учителско движење" се наоѓало на чело, односно во составите врз кои Управата на ЈУЗ, а потоа настапува во опозиција, против новата Управа на ЈУЗ на чело со Иван Чампик. 100)

Главната задача на [illegible] учителско движење била него [illegible], а преку нив и во народот да ја шири политичката програма на владејачката политичка партија - Југословенска радикална заедница (ЈРЗ). Потпирајќи се на оваа политичка партија и [illegible] власт, тие почнале била под влијание на оваа политичка партија, чле- [illegible] на "Новото учителско движење" или уште познати како "Прва [illegible] група" во Југословенското учителско здружение, [illegible] служеле со сиедните методи : протекционизам, [illegible] и [illegible] чести средства, со цел да се елиминираат [illegible] чести, чадоорнички [illegible], напредување на повеќе [illegible] разреди [illegible]. 101)

Според собирањата на [illegible] учител Драгутин Пронин, претставниците на "Новото учителско движење" во борбата против свои- [illegible] истомисленици, во прв ред припадниците на "Третата учителска група" [illegible]. средства служејќи се дури и со: денунцирање, сопничење [illegible] и слично. 102)

Токму поради вакватa улога на оваа групација ("Новото учителско движење") во ЈУЗ, властите со посебна упорност настојувале "Новото учителско движење" да го прошират и во Вардарска Македонија, со цел да го неутрализираат и уништат напредното учителство. Меѓутоа и покрај сите настојувања на режимот "Новото

./...

учителско движење", и покрај тоа што се шири на територијата на Вардарска Македонија, тоа овде не успеало да зафати подлабоки корени, нити да предизвика раздор и да го уништи напредното учителство

Ова, впрочем, во своите сеќавања, го потврдува и Илија Јанкуловски во кои се вели:

"Како противтежа на напредното учителство имаше големи настојувања да се формира "Учителска ЈРЗ", под форма на "Ново учителско движење", но резултатите беа минимални. Освен учителските организации во Струмица, Куманово и Тетово, каде што имаше опфатено поголем број учители, а кои иста беа и столбови на реакционерната власт, во другите околии на оваа такавпречена "Трета учителска група" беше многу слаба. Се разбира дека имаше и такви луѓе во учителските редови, што се китеа со значката "Учителска ЈРЗ", но тие не претставуваа никаква сила, против која би требало да се води некоја поголема борба".[103]

Од сеќавањата на напредниот учител Раде Вуковиќ, се гледа дека претставниците на "Новото учителско движење" се обиделе да формираат свој "Политички клуб на учителска ЈРЗ" и во Скопје.[104]

Иако малубројни , иницијаторите на "Новото учителско движење" во Вардарска Македонија се обиделе во околиските учителски здруженија во Скопје, Куманово, Кочани, Струмица и на други места, да го разбијат учителското единство, да ги преземат управите на учителските здруженија во свои раце, служејќи се притоа со: измами, разни застрашувања со преместувања, санкционирања, отпуштања од државна служба, во прв ред на напредни учители и слично.

За вакво дејствување на припадниците на "Новото учителско движење" во Вардарска Македонија, се среќаваат податоци во повеќе сеќавања на напредни учители во Вардарска Македонија во овој период.

Така на пример, во сеќавањата на напредниот учител Богиќ Ѓукиќ пишува:.

./...

"Преку политичките учителски клубови на ЈРЗ, односно на "Новото учителско движење", требаше да се удри на напредната општествена организација, да ги земат во нивните раце нашите општествени и политички, преку нив, да ја спроведуваат режимската политика меѓу учителството, а понатаму и меѓу народот. Се сеќавам дека партискиот учителски клуб на ЈРЗ во Куманово, кој броеше само 13 членови, после парламентарните избори во 1938 година, предложи за проследување десет напредни учители и сите бевме преместени."[165]

Посебно големи напори правеле припадниците на "Новото учителско движење" во скопска околија, со цел да ја преземат управата во Околиското учителско здружение. Главни организатори на здравите и прогресивни активности на припадниците на "Новото учителско движење" во Скопска околија биле Ѓорѓе Настев, и Мурко Буковиќ, учители во Скопје. Во еден момент во 1939 година на предлог "политичките" почнале да ја преземат управата на Скопското околиско учителско здружение на чие чело, како претседател бил избран член на "Новото учителско движење" Лазар Кирковиќ, учител во Скопје. Сепак, сето тоа било само за кратко време, периот од неколку месеци. Околијата под влијанието на напредните учители управата на "политичките" се распаднала.[166]

Работата на партиските учителски клубови на ЈРЗ, не само во Вардарска Македонија, туку и на територијата на цела Југославија, била координирана од нивната главна централа во Белград. Така на пример, на еден таков тајно писмо на оваа Централа од 15 септември 1937 год. испратено до партиските учителски клубови на ЈРЗ во Вардарска Македонија , е содржана и тактиката по која требало да дејствуваат партиските учителски клубови на ЈРЗ, како во рамките на околиските учителски здруженија, така и во Секцијата на ЈРЗ за Вардарска Македонија, а која се состоела од следното: "секој член на овие клубови при избирањето на нова управа во своето околиско учителско здруже-

./...

ние, да гласа за оние членови на управата, кои што биле одлучни проти
ници на Извршниот одбор на ЈУЗ".[107]

Целта на ваквата тактика била да се продлабочат кризи во раководствата на околиските учителски здруженија за да дојде до паѓање на околиските управи и избор на нови, каде припадниците на "Новото учителско движење" гледале извесни шанси за да влезат во составот на новите управи и евентуално да дојдат и на чело на околиските учителски здруженија, па дури и на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина.

За постигнување на своите цели, на припадниците на "Новото учителско движење" не им пречело во одредени моменти да се приклучуваат во заеднички акции со "Братата учителска група", иако им се вркстувале идејните патишта, само за да ги постигнат саканите горенаведени цели.[108] Таков бил случајот во врска со акцијата на напредното Југословенско учителство во периодот од 1931 до 1933 година за соборување на "Комесарската управа" на Југословенското учителско здружение на чие чело се Љубен Рашиќ. Ваквиот "маневар" на припадниците на "Новото учителско движење" бил направен со цел да по соборувањето на "Комесарската управа" раководството во Југословенското учителско здружение на го преземат припадниците на "Новото учителско движење".[109]

Разните клевети и денунцирање , пред Министерството за просвета и кај милициските и други органи на власта, била секојдневна практика на припадниците на "Новото учителско движење". Така на пример, во сеќавањата на напредниот учител Раде Вуковиќ, пишува дека "членовите на "Новото учителско движење" беа неуморни во клеветењето на Радомир Михајловиќ, напреден учител и училишен надзорник за Скопска околија, и секако со тоа значително придонесоа да тој биде со телеграма сменет од положајот на училишен надзорник.[110]

Во времето од 1934 па се до 1939 година, кога на IX годи-

ино собрание на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, претрпеле конечен пораз, припадниците на "Новото учителско движење" настојувале што повеќе да бидат присутни, и по можност во погоден момент да ја преземат во свои раце и сексиската управа на ЈУЗ за Вардарска бановина. Така на пример ,на ен секциските избори во 1938 година за секреатар на Извршниот одбор на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, бил избран Мирко Вуковиќ, учител во Скопје и еден од најзагрижените и најзагреани борци за "Новото учителско движење",[1-1] додека секцискиите избори во 1938 година за потпретседател на Извршниот одбор на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, бил избран Крсман Бошкиќ кој порано му припаѓал на [illegible] учителство.[1-2]

Така што пред самиот почеток на IV годишно собрание на Секцијата на ЈУЗ за Вардарска бановина, одржано во Скопје на 4. до 5 јули 1939 година, "Новото учителско движење" доживеало пораз и веќе извесност започнала неговата ликвидација во Вардарска бановина.

На ова годишно собрание, полеќе напредни [illegible] во текот на извештајот на Собранието, најостро ја критикувале, односно разобличиле работата на "Новото учителско движење".[1o2]

Од сеќавањата на Тимја Јанкулоски, [illegible] гледа, дека на ова Годишно собрание големо [illegible] на "Новото учителско движење", предизвикало истапувањата на делегатите на "Новото учителско движење", посебно на "Црвен Крст", за кого неколку учители делегати дале предлог за неговото исклучување од редовите на учителството [illegible].[1o3]

Со цел да го привлечат учителството во редовите на "политичките клубови на ЈРЗ", односно во "Новото учителско движење", властите (како преставници на владеачката политичка партија ЈРЗ) им нудувале на учителите кои ќе станат членови на "Политичките клубови на учителската ЈРЗ) разни бенифиции, како на пример: поголем платен разред, подобри места на службување и друго.[1o4]

./...

Меѓутоа, овие и слични привилегии, не можеле да ги поколебаат напредните учители во Вардарска Македонија, б кои што повеле одлучна борба против припадниците на "Новото учителско движење" не дозволувајќи истото да зафати подлабоки корења, и да му нанесе некои посериозни удари на напредното учителство во овој крај на Југославија.

Наместо наш заклучок, за формирањето и делувањето на "Новото учителско движење" во периодот меѓу двете светски војни, ке ги наведеме зборовите од сеќавањето на учителот Милисав Миљушковиќ, каде се вели:"Новото учителско движење" претставува валкана дамка во историјата на учителското движење и учителската борба".[105]

Г Л А В А Д Е В Е Т А

УЧИТЕЛСКАТА ШКОЛА ВО СКОПЈЕ – ЦЕНТАР КАДЕ СЕ ШКОЛУВАЛ НАПРЕДЕН УЧИТЕЛСКИ КАДАР ВО ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

1. Оформирање (обновување) и "задача" на Скопската учителска школа

Учителската школа во Скопје наскоро по завршувањето на Првата светска војна во 1919 година ја обновила својата работа и се до 1923 година, кога била отворена Учителската школа во Прилеп, била единствена Учителска школа на територијата на Вардарска Македонија. Бидејќи отворената Учителска школа во Прилеп била со краток век, постоела само во периодот од 1923 до 1929 година (до воведувањето на Шестојануарската диктатура) кога била укината, Учителската школа во Скопје била единствена средна школа од овој тип што постоела, односно работела во Вардарска Македонија за цело време од постоењето на стара Југославија.

Се разбира, дека работењето, односно дејноста на Учителската школа во Скопје, била во функција на постигнувањето на денационализаторските цели на големосрпската буржоазија во Вардарска Македонија, односно во "новоослободените краеви". Со други зборови речено, учителските кадри што ги образувала оваа Учителска школа, според замислите на големосрпската буржоазија требало да го помогне србизирањето на македонскиот народ.

Учителската школа во Скопје, била организирана и работела според интернатски тип на школи во која на учениците "учителци" им било строго ограничено и контролирано движењето надвор од училиштето. За целта што властите сакале да ја постигнат со ваквата организација и режим во Скопската учителска школа, во сеќавањата на напредната учителка која се школувала во оваа школа Јелица Кетковиќ пишува: "Намерата на тогашните власти била, преку интернатски начин на живот и настава во школото, да создаде таков кадар на просветни работници, кои што пред се ќе му бидат привржани на тогашниот режим.[1]

./...

Меѓутоа, и покрај ваквата организација и наметната улога, во Скопската учителска школа за цело време меѓу двете светски војни, се чуствува струење на прогресивните и комунистички идеи, а како резултат на ова во Скопската учителска школа се појавува и делува напредно движење, кое што е инспирирано и координирано од страна на КПЈ, што ќе овозможи во Скопската учителска школа, да се школуваат и напредни учителски кадри, кои што ќе ги "мобилизира" во своите редови напредното учителско движење и КПЈ, и кои ќе земат активно учество во НОВ, а покасно и во изградбата на социјализмот во нашата земја, и како што вели некогашната напредна ученичка во оваа Школа Јелица Ќетковиќ "една читава плеада на просветни работници во Македонија, ги учеше првите слова на револуционерната азбука токму во оваа Учителска школа".[2)]

Понатаму во трудов,затоа и му посветуваме внимание на овој школски (учителски) центар каде што се школува напреден учителски кадар во Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни.

2. Влијанието на напредните наставници меѓу ученицие

Присуството на неколку напредни наставници - комунисти, како и други прогресивни наставници во Учителската школа во Скопје, било од непроценлива важност за правилната, односно напредната ориентација на учениците - идни учители, што било од пресудно влијание за да истите понатаму во живата практика се определат на страната на напредното учителство. Напредните наставници со својата прогресивна работа меѓу учениците, дале непроценлив револуционерен допринос, да Скопската учителска школа се претвори во центар каде се школувал напреден учителски кадар во стара Југославија.

./...

Напредните наставници, меѓу учениците своите прогресивни идеи ги ширеле преку различни форми наделување, како на пример групно работење - еден вид на воспитни групи, поединечно работење со напредните ученици - преку посочување и давање на напредна литература, дискутирање за поедини актуелни општествени прашања во духот и линијата на КПЈ, подржување на учениците преку наставничките совети во нивните барања и заштитата на учениците од прогоните на управата на Учителската школа и од поедини прорежимски настроени наставници, поттикнување на учениците да учествуваат во работата на литературните секции и во училишното културно - уметничко друштво "Српско коло", и во тие средини одлучно да се борат против прорежимски настроените ученици и нивните активности на планот на идеолошката пропаганда.

Инаку присуство на напредни наставници во Учителската школа во Скопје, се забележува скоро во целиот период меѓу двете светски војни.

Така на пример, во годините по создавањето на стара Југославија во Учителската школа во Скопје како наставници работеле и ширеле напредни и социјалистички односно комунистички идеи меѓу учениците Душан Ивановиќ, професор во историја и Никола Крстиќ, професор по математика,[3] како и воспитачката Бориславa Тасиќ, сестра на Душан Иванович.[4]

За прогресивната работа на спомнатите наставници во Учителската школа, зборуваат во своите сеќавања нивните ученици, а исто така и документите на Управата на Учителската школа и Министерството за просвета, во кои се укажува на нивната комунистичка определеност и нивната работа на полето на ширењето на напредните идеи меѓу учениците.

./...

Така во сеќавањата на еден од учениците на првата повоена генерација (се мисли на Првата светска војна) на Учителската школа во Скопје, за напредната активност на наставниците Душан Ивановиќ и Никола Крстиќ, пишува:

"Овде во Скопје, со социјалистички идеи најповеќе нас учениците не запознаваат: професорот по историја Душан Ивановиќ и професорот по математика Никола (не се сеќавам на презимето). Кај професорот Ивановиќ се состанувавме во групи и читавме напреден печат, дискутиравме за напредни идеи, за борбата на работничката класа и за Октомвриската социјалистичка револуција во Русија. Со професорот по математика, за време на прошетките дискутиравме за сите општествени и политички појави кои што нас не интересираа".[5]

Вакви активности на овие напредни учители во Скопската учителска школа, не останале без реакција на власта, па и на самиот управник на оваа школа Вук Ивановиќ, кој се обратил со барање до Министерството за просвета (пов.бр. 12 од 26.07.1921 година), за наставниците во Учителската школа Душан Ивановиќ и Никола Крстиќ да бидат пренесени од ова училиште "негде во старите граници"[6], бидејќи управителот Вук Ивановиќ "сиета дека е грев да се трпат во училиштата оние наставници кои било на каков начин ги застапуваат и шират разорните комунистички идеи. Нарочно на таквите наставници не им било местото во учителските школи. Да се трпат такви наставници во новите краеви, како на пример во Јужна Србија, тоа е за осуда".[7]

Особено засилено влијание на напредните наставници во Учителската школа во Скопје меѓу учениците се осеќа од 1934 година, кога во оваа школа како наставник доаѓа напредниот професор по психологија Милутин Тодоровиќ [8] со неговата сопруга Драгиња Тодоровиќ, исто така напреден професор во Учителската школа.

Напредниот професор Милутин Тодоровиќ, воспоставува

./...

многу тесна врска со напредните ученици во Учителската школа во која спагале: Боро Чушкар, Аца Марковиќ, Владимир Аксиќ и други, кои што биле чести гости во станот на професорите Драгиња и Милутин Тодоровиќ. За ова во сеќавањето на ученицката - покасно напредна учителка Јелица Петковиќ, пишува:

"Еден број на напредни ученици и ученички од Учителската школа одеше повремено во нивниот стан. Така , околу професорите Милутин и Драгиња се собираше едно многу напредно езгро. Мислам дека тогаш со нив главната врска ја одржуваше ученикот Боро Чушкар. Ние од подолните разреди се осеќавме како да имаме добиено крила, кога дознавме дека овие двајца професори се од нас. Ни се причинуваше дека сме толку јаки да никој повеќе никого не ни може".[9]

Осврнувајќи се понатаму во своите сеќавања за значењето на прогресивната дејност на Милутин Тодоровиќ и неговата другарка по однос наразвојот на напредното движење на учениците во Скопската учителска школа, како и за неговиот пристап на револуционерно делување, Јелица Петковиќ понатаму во своите сеќавања пишува:

"Нивното доаѓање во Учителската школа во Скопје значеше многу за развојот на напредното движење. Милутин беше со многу благ нарав, изврстен професор и примерен педагог, така што многу брзо успеваше да се спријатели со учениците. Моето поблиско познанство со него, датира од пролетта некаде во 1934 година, после еден состанок на литературната дружина, на кој покрај другите и јас читав еден свој расказ под наслов "За корка леб". Тоа беше доста невешто составен текст, во кој пишуваше за еден сиромав, кој со мака го заработува својот леб кај некој богаташ. Содржината на расказот всушност ја нагласуваше социјалната нееднаквост која беше присутна на секој чекор во тогашното општество. Веднаш поради тоа, почна да се дискутира во салата каде се одржуваше состанокот на литературната секција и Милутин веќе утредента ми дојде неприметно и ме советуваше дека

./...

работите треба повеќе да се изнесуваат, а не така многу отворено."[1]

Професорот Милутин Тодоровиќ, исто така на напредните ученици им ја ставил на располагање и својата богата домашна библиотека, која располагала не само со стручна литература од областа на психологијата, туку и со напредна литература која во тоа време била забранета. За ова сведочат сеќавањата на тогашниот напреден ученик во Скопската учителска школа, во кои пишува:

"Аца Марковиќ, Владимир Аксиќ и јас почнавме почесто да навраќаме во станот на професорот Тодоровиќ од кого ги добивме на читање книгите: "Главна улица", "Синјунот Кент", "Железна пета", "Мајка",[11]

Покрај професорот Милутин Тодоровиќ посетата на нивниот стан од страна на напредните ученици на Скопската учителска школа го користела и неговата сопруга - професорката Драгиња Тодоровиќ, за да ги шири своите напредни идеи меѓу учениците, водејќи со нив дискусии по многу актуелни политички прашања, не само во Учителската школа, туку и пошироко во тогашна Југославија, па дури и за актуелни светски политички прашања.

Вакви активности на напредната професорка Драгиња Тодоровиќ, најдобро ги илустрираат следните зборови во сеќавањата на Боро Чушкар:

"Отворени политички разговори водевме со неговата сопруга (С.Н. се мисли на Милутин Тодоровиќ) професорката Драгиња Тодоровиќ, Таа пред професорот ни зборуваше: "Вие морате цврсто да се организирате. Зарем не гледате како фашизмот расцвета во светот Неодложно ќе дојде до судир на овие два света... Стално вие тројца се движите стално заедно, а подобро би било, да секој од васи во разредот има барем по уште три - четири другари, со кои ќе развивате другарство и ќе ги држите околу себе. Така ќе успеете да спречите, останатите ученици да бидат опфатени од страна на реакционер-

ите во школото, кои што и те пако ги има..."[12]

Кога во Март 1935 година, професорката Драгиња Тодоровиќ била на екскурзија со учениците низ Југославија, при посетата на Бока Которска, одржала историски час пред учениците за бунтот на морнарите од Австроунгарската флота во Бока Которска од 1 февруари 1918 година,[13] почнувајќи го со зборовите:

"Јас не сум историчар и не знам многу, меѓутоа кога сме овде треба да ви кажам дека, морнарите а на Бока Которска, во неодамнешното наше минато, кој знае може токму во овие места, кои ние сега ги посематраме, подигнаа бунт против моќната Австро - Унгарска монаршија. Истакнувајќи ги своите знамиња на бродовите, почнале да ги бијат од топовите Австро - унгарските утврдувања..."[14]

За она предавање на Драгиња Тодоровиќ, и за нејзината намера, да го истакне социјалистичкиот карактер на бунтот во Бока Которска, Боро Чушкар во своите сеќавања, покрај претходно цитираното уште пишува:

"Кога го напуштавме Котор, во еден момент професорката Драгиња се приближи до мене и до Ацо Марковиќ и ни шепна: "Оние знамиња, кои што побунетите морнари ги истакнале на своите бродови, биле црвени. Она што е за Русија Октомвриската револуција, на нас во Југославија се одиграло овде во Котор. Кога ќе се вратиме, потсетете ме да поразговараме повеќе за тој настан..."[15]

Исто така, професорката Драгиња Тодоровиќ, била заедно со неколку наставници во учителската школа еден од иницијаторите, да учениците организирано во 1935 година, ги гледаат двата советски филма "Пастир Костја" и "Чат во животот", преку кои филмови учениците добиле сознание за социјалистичката изградба во СССР.[16]

Покрај овие двајца напредни наставници Драгиња и Милутин Тодоровиќ, во овој период (четириесетите години) во Учителската школа во Скопје работеле и делувале уште и следните напредни

./...

наставници: Милан Јовановиќ, професор по историја; Стеван Мијачки, професор по музика; Бориќ, професор по хемија; Света Марковиќ , професор по математика, како и професорите: Мирисав Марјановиќ, Сретен Новеноиќ, Јован Пауновиќ, Д-р Хаим Абраванел, Добрила Илиевиќ, потоа воспитачот и професор Милан Јакуповиќ и други. [17]

Кога во Октомври 1934 година, во Марсеј бил извршен атентатот на кралот Александар Караѓорѓевиќ, била прекината редовната настава, и на учениците им било наредено да одат на демонстрации, пред учениците излегол професорот по историја Милан Јовановиќ им се обратил со следните зборови:

"Не ми предавај јас по историја вака... Да ме слушавте добро за време на часовите, вие сега би знаеле да примените нешто од историјата во денешните моменти... Историјата од памтивек па се до денеска, на никого не му останала должна... Му се одложила таа на секого според неговите заслуги и дела... Застанете и размислете. Размислувајте за историјата и денешните настани. Никогаш немојте да заборавате, дека народот кој со векови се борел против Турските зулуми, никогаш повеќе нема да трпи зулуми, без разлика од кои наши и везири доаѓа зулумот, па макар тие биле и негови домашни... Дали е јасно?". [18]

После вака одржаниот говор на професорот по историја Милан Јовановиќ, кој очигледно алудирал на кралот - апсолутиста и диктатор Александар Караѓорѓевиќ, учениците се вратиле во школскиот интернат, учествувајќи во манифестациите по повод смртта на кралот.

Напредните наставници во учителската школа во Скопје, исто така ги штителе прогресивните ученици. Така на пример, кога поради прогресивна дејност, на два дена пред завршетокот на учебната 1935/36 година од школата бил исклучен ученикот Боро Чушкар, на наставничкиот совет наставниците Милутин Тодоровиќ и Милан

./...

Јовановиќ енергично протестирале против исклучувањето на овој ученик.[19]

Од сето досега изнесено се гледа дека е непроценливо голем придонесот на напредните наставници во Скопската учителска школа меѓу двете светски војни, на полето на формирање на идни одрани учителски кадри кои по напуштањето на ученичките клупи се приклучувале во редовите на напредното учителство.

3. Формирање на напредни и скојевски ученички групи и нивната дејност

Присуството и активноста на релативно голем број на напредни наставници во Скопската учителска школа, била еден од причините да меѓу учениците во оваа школа скоро во цело време меѓу двете светски војни, постои и делува напредно ученичко движење. Од друга страна, за формирањето на напредни ученички и скојевски групи влијаеле и напредните студенти на Скопскиот филозофски факултет како и скопската партиска организација на КПЈ, кои што во одредени периоди одржувале потесни или пошироки врски со напредните ученици - учителци на Скопската учителска школа.

По голем полет на напредното ученичко движење во Скопската учителска школа доаѓа во периодот по "укинувањето" на Шестојануарската диктатура (1932 - 1941),[20] кога Диктатурата во извесен степен заслабнува, а истовремено во овој период и присуството на напредните наставници во оваа школа е поголемо (Милутин Тодоровиќ, Драгиња Тодоровиќ, Милан Јовановиќ, Милан Јањушевиќ и други).[21] Секако, дека и консолидацијата на Партиската организација во Вардарска Македонија имала свој одглас во развојот на прогресивното ученичко движење и ширењето на идеологијата на КПЈ меѓу учениците.

./...

Делувањето на прогресивното ученичко движење во Скопската учителска школа се остварувало ниа повеќе видови активности односно форми. Една од најконкретните форми за легално ширење на своите идеи, прогресивните ученици во Скопската учителска школа ја користеле школската ученичка литературна дружина "Српско коло".[22]

За делувањето на напредните односно прогресивните ученици преку "Српско коло" во сеќавањата на тогашната ученичка во Скопската учителска школа Јелица Кетковиќ", пишува:

"Во периодот од 1932 - 1941 година токму културното друштво "Српско коло" постана место каде се собираа напредните ученици од учителската школа кои што преку работата во разни негови секции се бореа за што поголемо влијание меѓу младите луѓе, за ширењето и влијанието на партијата. Во ова предначение литературната дружина на ова друштво... Иако ова друштво носеше име "Српско коло" и имаше задача да биде егзо на големосрпството, тоа постана едно од местата преку кое КПЈ го шреше своето влијание меѓу најнапредниот дел на учителскиот подмладок во Македонија".[23]

Во дружината "Српско коло" меѓу најактивните напредни ученици во периодот 1933 - 1936 година спаѓале: Боро Чушкар, Благо; Кондарко, Владо Анси́ќ, Чедо Пагулиќ, Петко Вукиќевиќ, Нато Леки́ќ, Борка Малдини, Раде Јирик, Милосава Рајчевиќ, Аца Моравич,[24] Јелица Кетковиќ, Петар Јиновски, Борис Бојаџиски, Боро Спасоски, Александар Спасиќ, Сапорта Витал, Михајло Милојевиќ, Велимир Малуцковиќ, Светозар Димитријевиќ, Владан Поповиќ, Светозар Здравковиќ, Р домир Павиќ, Добривоје Диниќ, Радмила Икрик, Зорка Вучевиќ и други.[25]

Исто така, според сеќавањата на тогашниот напреден ученик во оваа школа Боро Чушкар, била формирана и делувала Скоевската група, за што во неговите сеќавања пишува:

./...

"Така веќе во 1935 година беше формирана и Скоевска група во која беа: Јелица Петковиќ, Радмила Кириќ, Милосава Ранчевиќ Зорка Вучевиќ и уште неколку за чии што имиња не се сеќавам."[26]

Покрај друштвото "Српско коло", во рамките на Скопската учителска школа делувале и други ученички здруженија, како на пример: "Јадранска стража", "Црвен крст", и други, во кои исто така членувале и делувале напредните ученици, преку преземање на раководствата на овие ученички здруженија, читање на реферати со напредна содржина и друго.[27]

Како резултат на консолидирањето на редовите на КПЈ, во Југославија, а посебно во Вардарска Македонија, до кое дојде по1937 година, Партиската организација во Македонија ќе биде во можност да се прошири како меѓу напредното учителство, така и меѓу напредните ученици во тогашните малубројни средни училишта во Вардарска Македонија, вклучувајќи ја и Скопската учителска школа.

Во овој период, под влијание на повеќе напредни студенти, комунисти од Скопскиот филозофски факултет: Душан Тасковиќ, Добривоје Видиќ, Лоса Милјовска, Блажо Орланџиќ, Мијат Булетиќ и други,[28] не само што се шири кругот на учениците - симпатизери на комунистичкото движење, туку во III и IV клас на Учителската школа се формираат нови Скоевски активи, чија што активност е координирана од страна на горе споменатите комунисти, од кои што некои биле и членови на Покрајинскиот комитет на КПЈ за Македонија и на ПК СКОЈ (како што беше Добривоје Видиќ и Блажо Орланџиќ) , што само посебе зборува колку многу големо значење на напредното ученичко движење во Скопската учителска школа - како центар каде се школувал идниот учителски подмладок во Македонија.

Биле формирани повеќе кружоци на напредни ученици "учителци", со кои раководеле, поедини напредни студенти, а која работа се состоела во теоретско образование преку читање и обработка

./...

на лотоци, прогласи на КПЈ и читање марксистичка и друга напредна литература, водење на заеднички дискусии по поединии идејни и политички прашања, [29] преку кои илните учители се надојувале со напредни марксистички, односно комунистички идеи, така што по завршувањето на Учителската школа и вклучувајќи се понатаму во животот, сите, тие му припаѓале на напредното учителско движење, станувајќи симпатизери а потоа и припадници на "Третата учителска група" , и членови на КПЈ . А бројот на напредните ученици - "учителци" и Скоевци во Учителската школа во Скопје во овој период (1937-1941) односно во годините пред априлската војна не бил мал.

Напредните ученици "учителци" организирале и еднодневни излети во блискина на Скопје, кои биле користени за обработка на разни илегални партиски материјали и напредна литература, која ја добивале од напредните студенти на Скопскиот филозофски факултет. Така на пример, еднодневниот излет до манастирот Матка, изведен во пролетта 1935 година , напредниот ученик Душан Басевиќ пред учениците истапил со читање на статии од "учителски покрет". [30]

Во учебната 1936/37 година, напредните ученици во Скопската учителска школа организирале и двоцневен штрајк со глад, поради неклучени ученици, односот на воспитачите, слабата исхрана, изгрозување на основните ученикови слободи. [31]

Во периодот (1937 - 1941) во напредни ученици у учителци - скоевци спаѓале следните "учителци": Слободан Луковиќ, Душан Басевиќ, Јелица Петковиќ, Милош Чубровиќ, Бора Руменов, Ристо Кантарџиев, Вера Герасимова, Милена Ристиќ, Драгица Ѓорѓевиќ, Љубица Пуцкова, Милица Милутиновиќ, Љубица Јојсова, Босилка Дублевиќ, Љубица Максимовиќ, Нада Михаилова, Станимирка - Стана Радомановиќ, Милица Илиќ, [32] Вонслав Н.Кушевски, Димитрија Николовски-Таки, Бранко Петровски, Милош Вакиќ, Стојан Петровиќ, Стоилко Ивановски-Шанински, Никола Младеновски, Стојан Петровиќ, Ристо Ефимов,

./...

Илија Богоевски, Зафир Аговски, Ристо Каркалашев, Јордан Димевски, Никола Поповски, Атанасије Станковиќ, Димитар Поповски,[33] Александар Ристоски, Здравко Цупоски, Вера Герасимоска, Надежда Михајлоска, Душан Антоски,[34] Јаночко Димковиќ, Јаков Салечиќ, Секула Синадиновски, Љубомир Натран, Трајан Атанасовски , Јосиф Јанкулоски, Ангелка Вукадиновиќ, Сима Илиќ, Катерина Лахтова, Вера Мешкова, Роза Михајловиќ, Божанка Илиќ, Богоје Ангелковиќ, Михаило Вудојевски, Лазар Виларевиќ, Драгољуб Кузмиќ, Иван Несторовиќ, Александар Пауновиќ, Спасоје Радиновиќ, Петар Димитровиќ, Јордан Синиќ, Михаило Басевиќ, Владимир Михајловиќ, Александар Новевиќ, Томислав Петровиќ, Панта Поповиќ, Славолуб Рашковиќ, Велко Ристиќ, Драголуб Симиќ, Владимир Симловиќ, Душан Сташиќ, Вујадин Цимбаловиќ, Божидар Милосављевиќ, Александар Томашовиќ, Фанија Димитријевска, Николинка Јановиќ, Злата Казаковиќ, Нада Чалијевиќ, Зонна Вукатиќ, Душан Антиќ, Милош Банкиќ, Илија Богојевски, Никола Јовановски, Никола Димитријевски, Риста Елиновиќ, Зафир Зафировски, Стојилко Јовановиќ, Риста Каркалашевиќ, Стојан Петровски, Димитрије Поповиќ, Атанасие Станковиќ, Милош Чубровиќ, Огњан Гавриловиќ, Јордан Дишиќ, Милисав Бајрактаревиќ Филип Негровиќ, Александар Ристиќ, Здравко Чупиќ, Милка Пратиќ[35] и други .

Мегу набројените напредни ученици - "учителци" во Учителската школа во Скопје, во периодот 1937 - 1941 година се забележуваат и голем број на напредни ученици и скоевци Македонци, кое се должело на "правилниот став на КПЈ по однос на македонското национално прашање. Токму тоа сознание, пишува Воислав Куновски, беше присутно кај нив за афирмирањето на нивниот национален идентитет, а посебно што со ббрбата за социјално ослободување се ренава и македонското национално прашање како нејзин составен дел"[36].

Покрај врските со напредните студенти - комунисти од филозофскиот факултет во Скопје, напредните ученици - "учителци"

./...

од Скопската учителска школа одржувало врски и со напредните ученици од други средни училишта во Скопје, како и со средни училишта во други градови. За врските и соработката на напредните ученици - "учителси" од Учителската школа во Скопје со студентите од Филозофскиот факултет во Скопје и со другите средни училишта, најдобро ја илустрира следниот дел од сеќавањата на Лепица Петковиќ

"Учебната 1937/38 година беше исполнета со многу немири. Редовно ги посетувавме студентските предавања, а врските со Скопскиот факултет беа стални. Ние одевме често кај нив, бидејќи кај нас во интернатот и во школото тешко можеше некој од страна да дојде.

Со нашата работа раководеа студентите Душан Пасковиќ, Блажо Орланџиќ, Добривоје Вилиќ, Јеса Миљовска и други. Врските со Големата медреса, уште повеќе се зајакнаа. Организиравме некој вид на заеднички средби, како на пример состаноци на литературни друштва, разни спортски и други манифестации, а сето тоа веднаш го организира Партијата на СКОЈ. Нашето културно - уметничко и спортско друштво даваше придобивки не само во Скопје, туку и надвор од него. Така, дури се поврзавме и со Богословијата во Призрен, со кои организиравме и меѓусебни посети во пролетта 1937 година, во времето кога се одржуваше една фискултурна академија во Призрен."[37]

Исто така, напредните ученици од Учителската школа во Скопје, одржувало врски и соработка и со Гимназијата на Трговската академија во Скопје.[38]

Од досега изнесеното се гледа, дека Учителската школа во Скопје, во периодот кога двете спомнати појави, била претворена во важен пункт на дејствување на КПЈ и СКОЈ во Вардарска Македонија преку која тие врвеле успешенпродор меѓу идниот учителски подмладок давајќи со тоа и непроценлив револуционерне придонес, за проширувањето на редовите на напредното учителство и на учителите - кому-

./...

писти припадници на "Третата учителска група" во Македонија и пошироко.

Во прилог на ваквата наша констатација и сведоци и фактот што скоро сите свршени ученици ("учители") од Скопската учителска школа , по завршувањето на школувањето и вклучувањето во наставниот процес, се приклучоле кон "Третата учителска група", односно напредното работничко и комунистичко движење. Тоа е уште еден доказ, дека Учителската школа во Скопје, во периодот меѓу двете светски војни претставувала центар каде се школувал напреден учителски кадар и истурен пункт на Партијата на СКОЈ.

4. Примери на напредни учителски личности школувани во Скопската учителска школа меѓу двете светски војни

а) Напредните "учители" од Скопската учителска школа во првите редови на НОБ и Народната револуција

Голем број од напредните ученици - "учители" во Скопската учителска школа во периодот меѓу двете светски војни, а по завршувањето на Учителската школа и напредни учители - комунисти, по априлската војна и пропаста на стара Југославија, на повик на Партијата веднаш се приклучуваат во подготовките за востание. Кога во јули 1941 година, пламнува востанието во Југославија против окупаторот, раководена од страна на КПЈ на чело со Јосип Броз Тито, голем број на напредни учители - комунисти, меѓу кои и поранешни "учители" на Скопската учителска школа, со пушка во рака одат во првите борбени редови, постанувајќи борци на првите партизански одреди ширум Југославија, во кои спаѓаат: Александар - Ацо Марковиќ, народен херој на Југославија, Димитар Николоски - Чаки, Даскалот, Душан Басески Владимир Аксиќ, Слободан Јуковиќ, Стојан Петровиќ, Драгољуб Кургановиќ[39].

./...

Јелица Петковиќ ,[40] Благој Конјарко,[41] Милан Чубровиќ,[42] Милан Вакиќ,[43] Стоилко Ивановски - Планински,[44] Боро Чушкар,[45] и други.

Многумина од нив, како на пример: Аџо Мароиќ, Душан Басеиќ, Димитар Николоски - Гаки Паскалот, Слободан Луковиќ, Стојан Петровиќ, Секула Синадиновски, Драголуб Куиќ, Иван Нестороиќ, Михаило Басеиќ, Владимир Михаиловиќ, Душан Стоиќ, Вујадин Шимбалеиќ, Александар Томашевиќ, и други, ги дадоа и своите животи, во редовите на Народноослободителната војска и партизанските одреди, борејќи се за остварување на своите идеали, со кој биле надоени уште како напредни ученици - "учители" во Учителската школа во Скопје.

б) Напредни "учители" народни херои и првобориди загинати во НОВ и Народната револуција

1. Александар Мароиќ - Аџо (1918 - 1943)

Напредниот учител и народен херој на Југославија Александар Мароиќ-Аџо, роден е во 1918 година во селото Радојќиќа (Оглинска околија). Иако бил роден во Лика, поголемиот дел од детството го поминува на Косово, бидејќи неговото семејство, заедно со други колонисти во 1921 година, се доселува во селото Гламазатик (во близина на Приштина). Основното училиште го завршува во Гламазатик, а мала матура во Приштина.[46] Потоа се запишува во Учителската школа во Скопје во учебната 1932/33 година. За време на учењето во Скопската учителска школа, иу припаѓал на напредното ученичко движење и како ученик во III година станал и Скоевец. Како напреден ученик - "учителец", учествувал во сите позначајни акции што ги преземало напредното ученичко движење во Скопската учителена школа во соработка со напредните студенти - комунисти од Зиловодскиот

./...

факултет во Скопје и други средни училишта во Скопје (Гимназијата, Трговската академија) и Призрен (Богословското училиште).[47]

Како припадник на напредното ученичко и скоевско движење во Учителската школа, Александар Маровиќ - Аџо е исклучен од сите училиште заедно со напредните ученици: Боро Чушкар, Боро Бојаџиски, Бора Стрезовски и други.[48] По исклучувањето од Скопската учителска школа, Александар Маровиќ - Аџо по кратка пауза се пребрилил - запиш ал се во Учителската школа во Шабац, која ја завршува во 1938 година.[49]

По завршувањето на Учителската школа, Александар Маровиќ - Аџо , го добива првото место на службување во Александровац (Шумадија), каде веднаш му се приклучува на напредното учителско движење, и каде во 1939 година е примен за член на КПЈ. Набрзо, неговата припадност кон напредното учителско и комунистичко движење е откриено, и тој по "потреба на службата" непосредно пред Априлската војна 1941 година е преместен во Лаплово село на Косово. И овде во новата средина на Косово, Александар Маровиќ, се поврзува со партиската организација на Косово, и многу придонесува да се ликвидираат фракционерските борби и да се зацврстат редовите на Приштинската партиска организација.[50]

По априлската војна, го напушта Лаплово село и се враќа во селото Јаџинци, каде му живеело семејството. Поради непријателскиот притисок, принуден е со семејството да го напушти Јаџинци и се преселува во Приштина. Во неговиот стан во Приштина во Октомври 1941 година, одржан е партиски состанок на кој е формиран Околиски комитет на КПЈ за Грачаничак околија, а Александар Маровиќ е избран за негов член, а во средината на 1942 година и за Секретар на овој Околиски комитет. Поради своите организациони и други револуционерни способности, Александар Маровиќ - Аџо есента во 1942 година е избран за член на Пленумот на Обласниот комитет на КПЈ за Косово и Метохија.[51]

./...

Во посебно тешките услови за револуционерно делување на Косово, Александар Маровиќ - Адо успешно организирал широка револуционерна дејност, која се состоела од : формирање на нови партиски организации, формирање на Скоевски организации, формирање Народно-ослободителни одбори, одбори на УСАОЈ, одбори на АФЖ, организирал и раководел со акции за ликвидирање на шпикуни и четници, организирал состаноци во претпријатијата кои работеле за окупаторот, ги придобива на страната на Народно - ослободителното движење напредните припадници на албанската народност и врши други револуционерни задачи.[52)]

Неговата богата револуционерна активност во НОВ, е прекината на 14 јануари 1943 година, кога на превад е заробен од еден фашистички "летачки вод" во селото Суви Дол, одведен е во караби нерската станица во Липлан и стрелан на 16 јануари 1943 година. За народен херој е прогласен на 27 ноември 1953 година.[53)]

2. Душан Басекиќ (1917 - 1941)

Душан Басекиќ е напреден учител - комунист и неустрашив борец - бомбаш, припадник на напредното учителско движење во Учителската школа во Скопје и нејзин "учителец" во периодот од 1932 до 1938 година. Роден е во 1917 година во Бијело Поље, каде завршил основно образование и мала матура и во учебната 1932/33 година се запишува во Учителската школа во Скопје.[54)]

Како ученик во II година на Учителската школа, Душан Басекиќ му прибѓа на напредното ученичко движење, во чии редови останува до 1937 година, односно до крајот на школувањето. Неговите активности во напредното ученичко движење, посебно доаѓале до израз преку неговата работа во ученичкото културно - просветно друштво "Српско коло", особено преку литературната секција на ова друштво.

На работните состаноци на оваа секција, Душан Васекиќ не само што во своите излагања даваше висока оценка за литературните и јазичните состави со социјална содржина, туку и самиот пишуваше и пред членовите на литературната секција читаше такви состави со социјална тематика, за што сведочат и сеќавањата на неговата соученичка Јелица Ветковиќ, кога пишува: "По неколку месеци, Душан и самиот напиша еден убав расказ, кој го читаше на состанокот на литературната дружина. Во него тој убаво и топло го имаше опишано животот на еден работник на кој му умреле болното дете, поради тоа што истиот немал пари за на време да собере за лекарска помош, така што кога го однел на лекар болното дете, веќе било доцна."[55]

Во учебната 1935/36 година Душан Васекиќ станал член на Скојевскиот актив на учителската школа во Скопје и бил главна врска меѓу напредните студенти - комунисти од Скопскиот филозофски факултет и напредното ученичко движење во Учителската школа.[56]

По завршувањето на Учителската школа, Душан Васекиќ се вратил во Бијело Поље. Но неговата напредна дејност уште како "учителец", на Скопската учителска школа, дознале дури и просветните власти во Бијело Поље, така да Душан Васекиќ не можел да добие учителско место се до есента 1940 година. Дури тогаш бил назначен за учител во заб'рленото и тешко пристапно село во Бијелопољската околија Шишково. За време на учителствувањето во ова најоддалечено селово Бијелопољската околија, Душан Васекиќ делува како вистински напреден учител. По негова иницијатива една стара и запуштена селска куќа, била апартирана за училиште, по негова иницијатива била отворена и ученичка кујна, која со намирници делумно била снабдувана со доброволен прилог на планинските селани, а делумно од скромната плата на самиот учител Душан Васекиќ. Уште во првите денови од својот престој во селото Шишково, напредниот учител Душан Васекиќ, како вистински народен учител се спријателил со народот,

./. ..

влдгувал во секоја куќа, го запознал секое домаќинство, ја организирал работата на селската младина, формирал училишна и селска библиотека, во дискусиите со селаните за актуелните политички прашања истите ги објаснувал од линијата односно гледиштето на КПЈ.[57]

Исто така, во овој период Душан Басеќиќ се поврзува со партиската организација, односно со Месниот комитет во Бијело Поље, од кои редовно прима летоци, прогласи и други илегални партиски материјали и марксистичка литература и истата ја обработува со селската младина организирана во неколку напредни кружоци.[58]

Кога започнало востанието против окупаторот во 1941 година Душан Басеќиќ уште од првите денови се наоѓа на првите борбени редови на Првата Пљеваљска чета - јадро на идниот Пљеваљски партизански одред, во улога на борец - бомбаш. Херојски загинува на 1 декември 1941 година, во легендарната Пљеваљска битка.[59]

Душан Басеќиќ, една третина од својот краток живот (храбро загинува на 24 години), го поминува во борба за остварување на идеите на КПЈ и за слободата на својот народ, која борба ја започнува од својата 16-та година како ученик во Учителската школа во Скопје, а ја продолжува како напреден учител, завршувајќи ја како храбар бомбаш.

3. Димитар Николоски - Таки Ласкалот (1921 - 1942)

Димитар Николоски - Таки Ласкалот е напреден ученик на Скопската учителска школа во периодот меѓу двете светски војни, а во периодот на НОВ и Народната револуција неустрашив борец и политички комесар на Битолскиот партизански одред "Пелистер".

Роден е на 17.XI.1921 година во Битола, каде завршил Основно четиригодишно училиште и мала матура. Во учебната 1936 - 1937 година, Димитар Николоски, познат подоцна во народот под

./...

името Јаки Јаскалот. Се запишал во Учителската школа во Скопје каде учел I, II и III клас за ја потоа бил исклучен и принуден своето образование да го продолжи во Учителската школа во Цетиње, каде завршил IV клас, а V-ти клас го завршил во Учителската школа во Алексинац, каде како ученик во оваа школа го затекнува и Априлската војна и капитулацијата на стара Југославија.[60]

За време на школувањето во Учителската школа во Скопје, [61] Димитар Николоски, им припаѓал на напредните ученици во оваа школа и како резултат на неговиот бунтовен темперамент секој пат дрогирал и се борел против неправдите што секојдневно биле присутни. За ваквиот бунтовен став и напредна свест на Димитар Николоски, за време на неговото школување во скопската учителска школа, во сеќавањата на неговиот соученик Војислав Јунзовски, меѓу другото пишува:

"Неговата немирна и бунтовна природа се изразуваше во отпорот, спротивставувањето и непочитувањето со определени состојби во училиштето, интернатот, а и во часовите, што секако имаше и определен идејно- политички белег. Јаки се чувствуваше и беше чувствуван од неговите блиски другари како Македонец. Но без оглед на карактерот на судруваењето, бунтовникот Јаки, заедно со речиси целата група напредни младинци од класот Македонци, не само што на одреден начин ја отбележуваше својата македонска национална припадност, туку беше јасно дека релативно рано е ориентиран кон оваа политичка организација во земјата, која што со својата политичка програмска платформа и практика беше блиска и по стремежите на неговиот македонски народ, а тоа беше Комунистичката партија на Југославија."[62]

Априлската војна 1941 година Димитар Николоски, кој во тоа време е ученик во Алексиначката учителска школа, го затекнува родната Битола, каде активно се вклучува во револуционерните

./...

активности во својот роден град. Наскоро по бугарската окупација на Македонија, Димитар Николоски доаѓа во судир со бугарскиот фашистички окупатор. Во летото 1941 година Димитар Николоски станува член на КПЈ.[63] Веќе во август 1941 година тој станува член на Месниот комитет на КПЈ за Битола и секретар на една партиска ќелија, во составот на Битолската партиска организација. Тој е еден од активните учесници во Илинденските демонстрации во Битола, изведени на 2 август 1941 година поради што набргу доаѓа во судир со бугарската окупаторска полиција и е принуден на премине во илегалство.[64]

Во овој период Димитар Николоски е во секојдневен контакт со познатите битолски комунисти: Стиф Наумов, Вангел Нечоски Елпида Караманди и други организатори на востанието во Битола и Битолско. Извршува различни револуционерни задачи, посебно во организирањето на населението од битолскиот крај за вооружена борба.[65]

Кога во почетокот на април 1942 година Градскиот комитет на КПЈ за Битола донесе одлука да се формира Првиот битолски партизански одред, Димитар Николоски спаѓа меѓу првите тројца илегалци кои што ја напуштаат Битола, и преку "Лавчанскиот" илегален партиски канал се упатуваат на планината Пелистер како прво партизанско јадро, околу кое во наредните денови ќе се собарат 21 борец.[66] Така на 16 април 1942 година во шумата над селото Лавци, на планината Пелистер бил формиран Првиот битолски партизански одред "Пелистер". Во штабот на Одредот биле избрани: Ѓорги Наумов (брат на Стив Наумов), за командант, и Димитар Николоски - Таки Даскалот, за политички комесар на Одредот.[67]

Меѓутоа, овој Одред бил со краток век. Така, на 3 мај 1942 година Одредот е опколен во шумата над селото Сресно и принуден да прифати нерамна борба со неколку пати побројниот непријател - до заби вооружени бугарски војници и полицајци. Во овој судир

./...

со бугарските окупаторски сили, Партизанскиот одред "Пелистер" бил разбиен и притоа загинале шест негови борци, меѓу кои и политичкиот комесар на Одредот Димитар Николоски - Таки Џаскалот.[68] Според соопштенијата на Киро Кртески - Платник, во оваа нерамна борба Димитар Николоски прво бил тешко ранет, а потоа на зверски начин дотепан со кундаци,[69] од страна на разбеснетите бугарски фашистички војници и полицајци.

Така херојски го положи својот млад живот еден од напредните ученици - "учители" на Скопската учителска школа Димитар Николоски - Таки Џаскалот, претворувајќи се во легенда која и денес живее меѓу народот од Битолскиот крај, како и кај неговите соученици и другари.

Покрај наведените тројца поистакнати напредни ученици на Скопската учителска школа загинати во НОВ, за кои погоре стана збор, во НОВ ги дале своите животи и за денешнаата слобода, и други напредни ученици на Скопската учителска школа, во периодот меѓу двете светски војни, како на пример: Слободан Луковиќ, кој што во август 1941 година, е стрелан во Краљево од страна на германските окупатори, како припадник на Народно - ослободителното движење.[70] Владимир Аксиќ е заробен во Априлската војна како припадник на Југословенската војска и одведен во заробеништво во Норвешка, од каде што три пати се обидувал неуспешно да побегне. По повод третиот неуспешен обид, бил стрелан.[71] Стојан Петровиќ, станува борец во партизанските одреди во Власотиначкиот регион уште летото 1941 година. Заробен е како партизан од страна на четниците во 1941 година, и стрелан во логорот "Бубањ" кај Ниш во почетокот на 1944 година, [72] како и други загинати напредни ученици - "учители", што не наведува на заклучокот, дека напредното ученичко движење во Скопската учителска школа, во периодот меѓу двете светски војни со учеството на неговите членови во редовите на НОВи Народната револуција, достојно му се одолжи на својот народ.

З А К Л У Ч О К

Дејноста на напредното учителство во Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни, претставува дел од нашето народно, демократско и револуционерно наследство, што напредното учителство го создавало во услови кога македонскиот народ е национално и социјално поробен и угнетуван кога немал право да развива своја култура и просвета и кога ненародните режими пред војната се обидувале и ги преземале сите мерки образованието да го стават во своја служба, за остварувањето на својата денационализаторска и експлоататорска политика.

Од нашите досегашни излагања се гледа, дека напредното учителство во Вардарска Македонија, во периодот меѓу двете светски војни, со својата дејност на полето на ширењето на прогресивните и револуционерните идеи, израснало во значаен општествен фактор кој играл видна улога во историските настани и општественото развој во Македонија меѓу двете светски војни.

Напредното учителство и неговата прогресивно - револуционерна активност претставуваа составен и нераскинлив дел од прогресивните сили и работничкото движење во Вардарска Македонија и пошироко во Југославија во овој период, кои што користејќи ги легалните и илегалните форми на дејствување се борат против денационализаторско - експлоататорскиот систем, воспоставен од страна на големосрпската буржоазија. Тие со својата прогресивна и револуционерна дејност многу придонесуваат, за да во заеднички фронт со останатите сили од работничкото движење, раководени од КПЈ, успешно се развива револуционерното движење, поттикнувајќи ги и организирајќи ги широките народни маси во Македонија на отпор, против националното и социјалното угнетување, создавајќи ги на тој начин сите претпоставки за успешно мобилизирање на народните маси во редиците на платформа

./...

та на Народниот фронт и за несметано и успешно мобилизирање на масите врз идеологијата на КПЈ.

Еден од главните простори за прогресивно - револуционерните активности на учителството во Вардарска Македонија, во периодот меѓу двете светски војни, бил денационализаторскиот школски систем, воведен од страна на големо српската буржоазија. Неговата (на школскиот систем) "национална" задача била истиот да одигра улога на основно средство кое ќе ја овозможи денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ, поправо неговото национално - културно отуѓување, односно посрбување. Тоа била всушност основната и најзначајната специфична улога на училиштата, односно училишниот систем во Вардарска Македонија.

Во составот на вакviот денационализаторски училишен систем, специфична била и улогата на учителскиот кадар, бидејќи поради тоа, посебно се обрнувало внимание при изборот на учителскиот кадар, кој што бил ангажиран во училиштата во Македонија, кој што својата денационализаторска улога требало да ја врши "без никакви предрасуди, и кој што ќе му биде верен на кралот и државата2.

Улогата на наставниот, односно учителскиот кадар во Вардарска Македонија, не се исцрпувала само со работата меѓу учениците во училиштето, туку неговата денационализаторска мисија требало да дојде до израз и преку неговата вонучилишна дејност: одржување на "популарни" предавања за народот, издавање на "популарни" книги обоени со големо - српски национализам и буржоаска идеологија и нивно ширење меѓу народот, формирање на културно - просветни, соколски друштва и друго.

Од другастрана, општествено - економската положба на народот во Вардарска Македонија, меѓу двете светски војни, била потешка од било кој друг крај на Југославија. Бидејќи пор ди ова

./...

во Вардарска Македонија каде животните и работните услови биле најтешки, бил испратен да службува оној дел од југословенското учителство, кој бил во опозиција спрема режимите и поради тоа по казна ("по потреба на службата") било преместувано во најоддалечените села со најтешки животни и работни услови. Тоа биле несумнозност демократски ориентирани и напредните учители - комунисти, и симпатизери на КПЈ.

Така, во периодот меѓу двете светски војни, Вардарска Македонија била претворена во собиралиште на напредното учителство југословенско, односно во еден вид "Југословенски Сибир", кој служел за прогон на напредните учители и други политички "грешници".

Делувањето на југословенското учителство се одвивало во рамките на учителските стелешки здруженија, кои биле обединети во 1919 година во Југословенско учителско здружение (Југословенско учитељско удружење - "ЈУУ").

Во рамките на учителските стелешки здруженија во Вардарска Македонија, напредното учителство развило интензивна и богата прогресивна дејност, која што се манифестирала на полето на застапеноста, односно покренувањето на голем број прашања од областа на стручно - педагошката практика (одржување на огледни предавања, формирање на библиотеки, како и организирање на учителството на отпор против насрнувањата на разни претставници на режимот (школски надзорници, делегати, банската управа), дури и против поедини реакционерни управи на Југословенското учителско здружение ("комесарската управа") бранејќи ја притоа упорно слободата и стелешките права на учителството и борејќи се доследно против узурпирањето на некои од тие права (сталност на местото на службување, учителска ставарина, платни разреди и друго) и воедно борејќи се за проширување на стелешките права, како и подобрување на социјално - правната положба на учителството.

Во Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светск

војни, биле одржани неколку меѓуоколиски учителски конференции, кои што биле користени од страна на напредното учителство како форма за поврзување и соработка со напредните учителски сили на еден поширок простор, односно како на полето за меѓусебното поврзување и соработка на овие учители во борбата за сталешки права, така и за размена на педагошките искуства.

Овие учителски конференции биле користени од страна на ова учителство и за раскринкување на реакцијата во учителските редови , која била прорежимски настроена, и која всушност била " продолжена рака" на непародниот режим на стара Југославија во учителската сталешка организација. Исто така овие учителски конференции биле користени и како еден вид трибини, на кои напредното учителство имало ретка можност, да пред еден поширок аудиториум на учители и ол поширок регион (повеќе околии) ги манифестираат своите прогресивни односно револуционерни идеи, и со тоа да влијаат за зголемувањето на редовите на напредните учители во Вардарска Македонија и пошироко.

На Десеттото годишно собрание на Југословенското учителско здружение одржано во Белград на 22 август 1930 година, биле донесени нови правила, со кои била извршена реорганизација на организационото устројство на ЈУЗ. Согласно било решено да се формираат девет бановински секции, додека во градовите Белград, Панчево и Земун била формирана Десетта Белградска секција на Југословенското учителско здружение. Ваквата реорганизација на ЈУЗ , била наметната во сенката на воведената шестојануарска диктатура на Кралот Александар Карађорђевиќ , со која владејачките врхови се надевале дека ќе обезбедат поголема контрола и над југословенското учителство, и дека ќе успеат да ја неутрализираат па и целосно да ја задушат, работата на напредното учителство, која се чувствувала на целата територија на Кралството Југославија. Во прилог на ваквата констата-

./...

ција, сведочи и полетокот, кто оваа реорганизација на ЈУЗ била изведена под строга контрола на претседателот на "Комесарската управа" (Извршниот одбор) на ЈУЗ (Љубан Рашиќ), кој на чело на Југословенското учителско здружение дошол сововедувањето на шестојануарската диктатура, како експонент на монархофашистичкиот режим на генералот Петар Живковиќ. Така во духот на оваа реорганизација на Југословенското учителско здружение, на одржаното Основачко собрание на 26 јули 1931 година во Скопје, кога била формирана Секцијата на ЈУЗ за Вардарска Македонија, со седиште во Скопје.

Во рамките на Секцијата на Југословенското учителско здружение за Вардарска бановина, напредното учителство во Вардарска Македонија развива богата прогресивна и револуционерна активност, која што ќе биде поттикнувана и помагана и од страна на партиската организација во Македонија. Таа активност ќе се манифестира на повеќе полиња, како на полето на одбраната на дотогаш стекнатите стручни права на учителството, така и на проширувањето на овие права, потоа на полето на стручно- педагошкото и идејното издигнување на учителството. Напредното учителство ќе поведе борба за смонување на реакционерните управи на Југословенското учителско здружение, кои биле реализатори на политиката на монархофашистичката диктатура во стручната организација на југословенското учителство. Во тој борба напредното учителство во Вардарска Македонија постигнало извонредни успеси, претворајќи се истото на некој начин во предводник на борбата на Југословенското напредно учителство ("вардарци") против режимските притисоци, и режимската денационализаторска политика на теренот во Вардарска Македонија.

На напредното учителство во Вардарска Македонија единствено му припаѓа и заслугата, што учителскиот кадар во овој дел на Југославија не се претворил во орудие на денационализаторско - угнетувачката политика (освен со извесни исклучоци) на југословенската буржоазија, која што на учителскиот кадар му

./...

изметнувала "национална " мисија во "новоослободените краишта".

Една меѓу правите користени облици на делување на напредните учители во Вардарска Македонија, претставува нивното учество со дописи во дневниот печат, и во учителските и други весници и списанија, кои во периодот меѓу двете светски војни излегувале не само во Вардарска Македонија, туку и во цела Југославија. Неедни весници, како на пример весникот, "Социјалистичка Зора", напредните учители а потоа учителите - комунисти го претвориле во една врека борбена трибина , за ширење на комунистичките идеи не само меѓу учителството туку и пошироко.

Преку своите дописи во печатот, напредните учители од Вардарска Македонија и придонесувале, тогашната југословенска јавност да биде запознаата за тешката општествено - економска положба во Вардарска Македонија, разобличувајќи и на тој начин ненародната и експлоататорската политика на тогашните управувачи во Македонија. Значајна улога во тој правец одиграло списанието "Учителски покрет", кое на иницијатива на група напредни учители излегувало во Скопје, во текот на 1933 и 1934 година.

Напредните учители во Вардарска Македонија дале голем придонес и во популаризирањето на изданијата на марксистичко-педагошката библиотека "Будућност", која била уредувана и издавана од страна на напредниот учител Милош В.Јанковиќ. Популаризирањето на изданијата на оваа напредна библиотека претставува уште едно сведоштво за борбеноста, организираноста и високото интелектуелно рамниште и зрелост на напредното учителство, како во Вардарска Македонија така и пошироко во Југославија. Присуството на изданијата на библиотеката "Будућност" меѓу учителството во Вардарска Македонија многу придонесло да се промират марксистичките идеи и учење меѓу широк круг на учителски кадар, што било и една од причините за нивното се поголемо приклучување во редовите на напредното учителство.

Кога во 1937 година, по доаѓањето на Јосип Броз Тито

на нејзиниот чело партијата успешно ги средува своите редови и надвор од границите на нејзиното делување не останало ни Југословенското учителско здружение. Така кон крајот на 1937 година, по иницијатива на повеќе напредни учители - комунисти, меѓу кои имало и тројца од Вардарска Македонија, била формирана Учителската културно-просветна задруга "Вук Караџиќ", која што веднаш по своето формирање разви интензивна прогресивна дејност, која што со посебно голем интензитет се манифестирала на територијата на Вардарска Македонија, што се согледува ниа повеќе форми на делување, како на пример: организирање на групни летувања на напредните учители (Струмица, Асамати, Сијеринска Бања), потоа "педагошки недели" и друго.

Особено значајна форма на делување на оваа учителско културно - просветна задруга, биле групните летувања, кои биле организирани во директна соработка со КПЈ, и истите биле користени покрај за стручно - педагошко и за идеолошко - политичко изградување на напредното учителство на линијата на нашата Партија. За постигнување на вакватa цел, во текот на овие групни летувања на напредното учителство биле организирани партиски курсеви, предавања, како и други форми на идеолошко - политичко образование.

Работата на напредните учители во училиштата и сред народот во Вардарска Македонија, претставува најважен, односно најплоден дел од нивната прогресивна и револуционерна работа. Така, работата на напредните учители во училиштата може да се согледа ниа повеќе активности во правец на поближувањето на училиштето до народот, со големи залагања да училиштето биде претворено во база за културно - просветно опфаќање на широките народни маси и разбивање на разни заблуди од религиозен и друг карактер.

Паралелно со својата работа во училиштето, напредните учители во Вардарска Македонија развиле и широки активности во кругот на напредните идеи меѓу народот, кои што во добар дел биле

./...

усмерувани од страна на КПЈ, и истите имале за цел: - заштитата односно организирање и оспособување на широките народни маси, истите да се заштитат од разните форми на експлоатација; ширење на народно - фронтовското антифашистичко движење и револуционерната доктрина односно идеологија на КПЈ ; популаризирање на учењето на научниот социјализам и раскринкување на буржоаските "демократија и правда" како и ширење на вистината, за социјалистичката изградба во СССР и за социјалистичкото општество како визија на човештвото и друго.

Притоа треба да се има во предвид фактот дека најголем дел од напредното учителство "по потреба на службата", односно по казна службувало во најзафрлените и во економски - социјален смисол најзагрозени села во Вардарска Македонија, од што произлегувал заклучокот дека и овие богати и револуционарни активности на напредното учителство се одвивале во овие средини, кои што поради тешката положба биле воедно и најпогодни , каде можеле најшироко да бидат прифатени прогресивните и револуционерните идеи во Вардарска Македонија. И ова придонесувало кон зголемување на револуционерната улога на овој дел од интелегенцијата во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни.

Дејноста на напредното учителство во рамките на партиската организација на КПЈ во Вардарска Македонија претставува посебно и значајно поглавје во историјата на работничкото движење во Вардарска Македонија. Револуционерната дејност на напредното учителство рамките на КПЈ е присутно со различен интензитет скоро за цело време меѓу двете светски војни. Сепак можат да се одделат поедини периоди, кога дејноста на напредното учителство во Вардарска Македонија во рамките на КПЈ, како и влијанието на Партијата меѓу ~~нив~~ напредното учителство било најуспешно. Во тоа смисла

./...

треба да се истакне легалниот период од дејувањето на КПЈ (1919 - 1920), а посебно времето од 1937 - 1941 година, кога на чело на КПЈ доѓа Јосип Броз Тито, и кога настапува период на консолидација на КПЈ во цела Југославија, вклучувајќи ја и партиската организација во Вардарска Македонија. Тогаш засилено влијание на КПЈ во редовите на напредното учителство во овие години се манифестира како преку зголемувањето на бројот на напредните учители - симпатизери и членови на КПЈ, скоро на целата територија на Југославија, така и преку засилена револуционерна активност на напредното учителство, кое , покрај другото, се согледува и во се поголемото придржување и извршување од страна на демократски настроеното учителство на директивите и конкретните задачи на КПЈ, како на пример во врска со изборите и друго.Под влијанието на консолидираната КПЈ, на Бањалучкото годишно собрание (19 - 21 август 1939 година) кое било познато меѓу напредното учителство како"Бањалучки конгрес", доѓа до диференцирањето од редовите на вкупното југословенско учителство на "Третата учителска група", како посебна групација, Тогаш доѓа до позасилена активност на напредното учителство, односно на "Третата учителска група", и во Вардарска Македонија, кога истата пројавува широки активности, координирани од страна на партиската организација на КПЈ во Вардарска Македонија, кои што се согледуваат , како на полето на зголемувањето бројот на учителите - комунисти и формирањето на партиски келии, составени исклучиво од учители - комунисти, како и во формирање на едно координационо тело "Учителски партиски актив на КПЈ за Вардарска бановина", кое имало задача да ја координира, работата на учителите - комунисти од "Третата учителска група", да ги одржува врските на "Третата учителска група" со Покрајинскиот комитет на КПЈ за Вардарска Македонија и ред други активности.

Разните видови на притисоци и прогонувања на напредните учители во Вардарска Македонија, поради нивната прогресивна

./...

